К II 529

УНИВЕРЗИТЕТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Филозофско-историски факултет
С К О П Ј Е

"Односот на Младотурската партија 'Единство и напредок' спрема македонското национално-ослободително движење во развојните фази на Младотурската револуција"

(докторска дисертација)

Ментор:
проф.д-р Александар Апостолов

Кандидат:
м-р Јусуф Хамза

Скопје, јуни 1989 година

СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА

В О В Е Д

При истражувањето, битни материјали за мојава докторска теза сретнував најразлични приоди и ставови за Младотурската револуција и нејзиниот однос спрема општествените јавленија и економските процеси на времето во овој регион од светот. Во таа хетерогена идеолошка свера тешко ќе можев да се снајдам, ако не се ползував од анализите на овие категории и појави што ги правеле научници раководени од материјалистичкиот свет во дадениот период. Без таква призма на наблудување на настаните, "голата" регистрација на појавите, чинителите и промените во тој бурен процес ќе беа неанимирани и необликувани, а како такви и неприфатливи за науката што ќе вреднував.

Уште на самиот почеток наоѓам за потребно да подвлечам дека определбата за научно истражување на тема "Односот на Младотурската партија 'Единство и напредок' спрема македонското националноослободително движење во развојните фази на Младотурската револуција" претставуваше голема смелост и решителност. Ова затоа што споменатата политичка организација дејствувала на четири континенти, што претставуваше особено тежок проблем за ревелирање и ползување на објавени и необјавени архивски материјали и документи, литература и периодика за нејзиното дејствување во развојните фази на Младотурската револуција, особено во периодот од нејзиното формирање до избувнувањето на спомнатата револу-

ција во летото 1908 г. Кон изработувањето на оваа тема, на почетокот пристапив со извесна доза на страв и песимизам. Меѓутоа, со текот на времето, како што ги откривав потребните материјали за нејзино изработување, така песимизмот се заменуваше со љубов за научно истражување, компонирање, изработување и конечно дообликување на трудот.

При изработувањето на оваа докторска дисертација, дојдов до констатација дека Младотурската револуција поминала низ три развојни фази, од кои првата и третата имале и свои подфази. Првата фаза го опфаќала периодот од формирањето на МП "Единство и напредок" до избувнувањето на Младотурската револуција, втората фаза го опфаќала периодот на избувнувањето, текот и победата на Младотурската револуција, а третата фаза периодот од победата на Револуцијата до избувнувањето на I Балканска војна. Таа, до избувнувањето и победата на Военото востание во април 1909 г., се карактеризирала со буржоаски револуционизам, а по задушувањето на споменатото востание - со ревидирање на дадените ветувања за обезбедување на слобода, рамноправност, правда и братски живот меѓу народите на Османската империја, без разлика на нивната етничка и конфесионална припадност.

Додека третата фаза на спомнатата револуција е истражувана и обработувана од македонските историчари: академикот д-р Манол Пандевски, д-р Данчо Зографски, д-р Глигор Тодоровски и др., првата и втората фаза се истражувани и проучувани парцијално и некомплетно. Од тие причини, необјавените архивски материјали што ги ревелирав во архивите на Владата и Министерството за надворешни работи на Турција, претставуваат моќни значајни извори од прва рака кои

ми овозможија да дојдам до некои нови сознанија за политичкото дејствување на МП "Единство и напредок" во Османската империја и во светот, и за нејзиниот однос спрема македонското националноослободително движење и МРО во периодот од нејзиното формирање до избувнувањето и победата на Младотурската револуција.

Како мошне значаен извор од прва рака за споменатиот период претставува и кореспонденцијата, односно откриените тајни преписки, меѓу лидерите на центрите на МП "Единство и напредок". Се претпоставува дека постојат околу 1 ооо такви преписки кои се собрани во т.н. копирани тетратки од кои досега се откриени, но, сè уште необјавени само три тетратки. Од тие преписки околу 5ø се објавени од современикот и свидетелот на тие настани - А.Б.Куран, а јас во трудот поместив делови од преписките бр. 55, 57, 349, 361, 386 и 396 од I-та тетратка и делови од преписките бр. 5о-53, 1о5-1о8, 238-242,442-445 и 495 од II-та тетратка што се во врска со оваа моја докторска дисертација.

Од преписките поместени во I-та и II-та тетратка не може скоро ништо поконкретно да се види за улогата на Парискиот, Солунскиот и Битолскиот центар на МП "Единство и напредок" во подготовките за организирање на Младотурската револуција, ниту пак за нивниот однос и врските со месните комитети на МРО. Тие односи ќе бидат расветлени најверојатно со објавувањето на III-та тетратка од страна на д-р Тулај Дуран од Истанбул.

Откриените необјавени архивски материјали за периодот од формирањето на МП "Единство и напредок" до избувнувањето на Младотурската револуција, ќе дополнив со спомените на

идеолозите, основачите и политичките лидери на спомнатата партија, со објавени архивски материјали и документи, со литература и материјали од тогашната периодика.

Спомените на основачите и лидерите на спомнатата партија претставуваат еден вид фактографски материјал. При проучување на истите, со употреба на компаративната метода , настојував да дојдам до историски вистини и до што пореални научни констатации и заклучоци.

За избувнувањето, текот и победата на Младотурската револуција како мошне значајна архивска граѓа ми послужија некои необјавени тајни извештаи на дипломатските застапници на Кралството Србија од Битола, Скопје, Солун, Софија и Истанбул што ги открив во Архивот на Србија и Дипломатскиот архив на Државниот секретаријат за надворешни работи во Белград.

За изработување на дисертацијата ползував и објавени архивски материјали и документи при што од посебна корист ми беа австриските документи за историјата на македонскиот народ (1907-1908).Т.II; документите за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава Том први; документите објавени од турските историчар И.Х.Узунчарш'ли и Али Џевад-бej; англиските документи за историјата на Турција и др.

Меѓутоа, за јулските настани од 1908 г. се уште како "најверодостојни" материјали претставуваат спомените на "херојот на Младотурската револуција" - Нијази-бej, потоа спомените на учесниците во тие настани: А.Муниф-бej, М.Ќ.Ататурк, Ѓ.н.Дуру, Ќ.Карабеќир, Х.Ментеше, Талат-паша, Т.Узер,А.Џевад-бej, А.Митрев, А,Мартулков, А.Динев, Т.Влахов и др.

Младотурската револуција била настан кој извршил големи

измени во односите на големите европски сили на Балканскиот Полуостров и Блискиот Исток. Таа ги пореметила нивните завојувачки планови како и тие на соседните балкански државички. Револуцијата била една од "успешните" буржоаско-демократски револуции во Европа по таа во Русија од 1905-1907 г. Младотурската револуција имала претензии да биде вистинска демократска револуција; да воведе вистински уставен систем; апсолутистичката монархија ја трансформирала во конституциона монархија; вовела многупартиски систем; настојувала да ги развие капиталистичките односи во османското општество; да ја измени социјалната и класната структура на тоа општество во полза на турската национална буржоазија. Според младотурците последното претставувало императив за економско зајакнување, а со текот на времето обезбедување на целосна економско-политичка доминација на турската буржоазија во Османската империја. Сето тоа се правело со единствена цел - зачувување на територијалната целост и националната независност на Османската империја, односно продолжување на нејзиниот живот.

Со своите карактеристики и крајни цели, Младотурската револуција и периодот до избувнувањето на I Балканска војна биле во центарот на интересирањето на домашните и на светските научници-историчари. Таа револуција била политички настан во Европа од извонредно значење за што зборува и фактот дека за време на нејзиното траење и веднаш по нејзината победа биле објавени многубројни написи и книги во Османската империја и светот. За Младотурската револуција е пишувано многу и по I Балканска војна. Така во изминатите осум децении таа била можеби една од "најмногу" истражуваните и пишуваните теми во турската и светската историска наука. Таа дури и денес е предмет на интересирање за многу научници-историчари во светот.

Имајќи го предвид горното, јас со особено внимание ги проучив објавените трудови на турските, македонските, англиските, американските, француските, германските, италијанските, советските, бугарските и др. историографии. Проучените трудови ги дополнив и со материјали од досегашната периодика.

За изработување на темата ползував и некои необјавени извештаи на воените застапници на Министерството за надворешни работи на Франција во Османската империја.

Не претендирам на максимална научноистражувачка задлабоченост и исцрпност на оваа моја дисертација од причина што постојат уште многу неоткриени архивски материјали, особено во архивите на Турција кои од неодамна се достапни и за истражувачите од Југославија. Поради тоа, проблемот за научно истражување и откривање на нови архивски материјали ќе бара дополнителни напори.

При изработувањето на дисертацијата настојував до максимум да ги искористам необјавените и објавените архивски материјали и документи, литературата и материјалите од периодиката во периодот 1889-1989 година.

За полесно да се снајдам и правилно да се ориентирам во овој комплекс од настани и проблеми искрена и сестрана поддршка и помош ми укажа мојот ментор проф.д-р Александар Апостолов. Со своите забелешки, сугестии и интервенции, проф. Апостолов ми помогна во компонирањето и конечното дообликување на оваа моја докторска дисертација. За таа негова несебична и искрена помош ја искажувам мојата топла благодарност.

При изработувањето на овој научно-истражувачки труд, наидов на сестрана и несебична поддршка и помош кај персоналот на домашните архиви и архивите на Турција, потоа кај персоналот на домашните, турските, советските, бугарските и др.

библиотеки и др. институции.

Овде ја искажувам својата посебна благодарност на вработените во Библиотеката и ОДБ при ИНИ во Скопје, на НУБ "Климент Охридски", Скопје, која ми обезбеди објавени архивски материјали, документи и микрофилмувани статии од библиотеките на Советскиот сојуз и од многу универзитетски, градски и народни библиотеки во Југославија; на Архивот на Србија и Дипломатскиот архив на Сојузниот секретаријат за надворешни работи во Белград; на Архивот на Владата на Турција во Истанбул, на Архивот на Министерството за надворешни работи на Турција во Анкара, на Библиотеките "Бајезит" и "Ататурк" во Истанбул и др.

Овде ја искажувам својата благодарност и на проф.д-р Шукри Ханиоглу од Факултетот за политички науки при Истанбулскиот универзитет, на проф. д-р Џевдет Кучук од катедрата за историја при спомнатиот Универзитет, на доц.д-р Ихсан Гунеш од катедрата за историја при Факултетот за книжевност на Универзитетот во Ескишехир, потоа на д-р Тулај Дуран и на многу други кои ми укажаа несебична поддршка и помош во обезбедувањето на материјали, документи, литература и периодика за изработување на оваа моја докторска дисертација.

Скопје, јуни 1989 г. м-р Јусуф Хамза

П Р В Д Е Л

Османската империја на крајот на XIX и почетокот на XX век-економско-политичка положба

Поради своето голема геостратегиска значење, Балканскиот Полуостров отсекогаш бил во центарот на интересирањето на големите европски сили чиишто економско-политички и др. интереси се судрувале на тој простор. Од тие причини тие се стремеле да го стават Балканскиот Полуостров под своја целосна економска, финансиска, трговска, политичка и воена контрола. Балканскиот Полуостров бил мошне значаен фактор за одржување на сите видови врски меѓу Европа и Блискиот Исток и пошироко со Азија, односно излезот на Средоземно Море и протоците-Босфорот и Дарданелите, како и неговите огромни природни ресурси. Меѓусебната борба на големите европски сили за доминација над Балканскиот Полуостров, протоците, Средоземното Море и пробивот кон Блискиот Исток и Азија ги зголемувала и противречностите меѓу тие сили и ја изложувале Османската империја на нивните економски, политички и воени притисоци преку кои тие всушност и се замешувале во нејзините внатрешни работи и чекале поволен миг за завојување на нејзини територии кои влегувале во нивните интересни подрачја.

Поволен миг за реализирање на споменатите стремежи во Османската империја била Големата источна криза од 1875-1878 г. Како резултат на таа криза бил одржан Берлинскиот конгрес и бил потпишан Берлинскиот мировен договор,[1] според кој договор Русија, Англија и Австрија ја ограбиле Турција[2] односно, тој договор, исто како и Сан-Стефанскиот, носел империјалистички

карактер...[3] и бил "договор на немир".[4]

Со потпишувањето на Берлинскиот договор била завршена Големата источна криза, но противречностите меѓу големите европски сили во Османската империја, особено во нејзините европски територии уште повеќе се заоштриле. По завршувањето на споменатата криза како нов квалитет на Балканот се појавиле независни и автономни држави чиишто интереси се судрувале во Македонија и др. делови на Румелија за кои територии тие искажувале дури и отворени завојувачки стремежи. Османската империја пак, по Големата источна криза, била доведена во една мошне тешка економско-политичка криза и станала "обична играчка" во рацете на големите европски сили.[5]

Најдобра квалификација за империјалистичкиот однос на големите европски сили спрема Османската империја, а особено спрема нејзиниот европски дел-Македонија, дал Димо Хаџидимов кој во врска со тоа пишува: "Прашањето се однесува на Европска Турција. Од страна на буржоаски свет е решено оваа земја да исчезне од самостојна политичка држава во Европа и да им даде нов широк полет на природните инстинкти на силно организираните владејачки класи",[6] а во врска со одржувањето на статус квото на состојбите во Османската империја тој пишува: "И одамна би свршиле со тој несреќник, ако нивните кобни ножеви не се вкрстуваат помеѓу себе пред да се забијат во неговиот труп..."[7]

По воениот пораз од Прусија во 1866 г., Австро-Унгарија не била во состојба својата империјалистичка политика да ја насочи кон освојување на прекуокеански земји, поради што, безрезервно поттикнувана и поддржувана од Германија, таа се ориентирала само на Балканскиот Полуостров стремејќи се да го стави под целосна своја економска и политичка контрола.

Иако се вклучила подоцна во поделбата на светот Германија се стремела да создаде голема колонијална империја насочувајќи ја својата експанзија за "Drang Nach Osten" превенствено спрема англиските колонии во Азија и Африка.[8] Добивајќи иногубројни концесии за градење на железници во Анадолија, Германија се доближила до највиталните англиски интересни сфери-Суецкиот канал и Индија. Во својот "пробив кон исток" таа успеала Османската империја да ја стави под своја економска, финансиска и воено-политичка контрола и од неа да ги "истисне" Англија, Франција и др. европски земји. Со тоа Османската империја всушност била претворена во економско-политички и воен плацдарм на Германија, а според В.И.Ленин,Германија во тоа време ја претворила Турција во свој "финансиски и воен вазал".[9] За целосно придобивање на султанот Абдул Хамид II, германскиот цар Вилхелм II во 1898 г. во Дамаск изјавил дека "Султанот и 300 милиони муслимани во светот треба да знаат дека германскиот император секогаш ќе биде нивен пријател".[10]

Улогата на претходничка во реализирањето на германската експанзија "за пробив кон исток" ѝ била доделена на Австро-Унгарија која во тоа време се стремела да ја оствари својата доминација над мошне важната Вардарско-Моравската долина и излезот на Солун. Од тие причини, таа и Германија се залагале за сочување на статус квото и за продолжување на животот на Османската империја. Споменатите две земји ѝ давале голема економска и воена помош на Османската империја.

Неуспехот на Италија во војната за завојување на Етиопија кон крајот на XIX в. значело и почеток на нејзината експанзија на Балканот, а особено кон Македонија и Албанија каде дошла во конфликт со својата сојузница Австро-Унгарија. Во тој судир Италија се обидувала да го спречи австроунгарското

пробивање кон Македонија и Албанија.

Франција, која имала силно економско, политичко и идејно влијание во Османската империја, а особено во Сирија и Либан, исто така била заинтересирана за Балканот каде таа имала пласирано огромен капитал, особено во Бугарија, Србија и Грција. Таа имала пласирано огромен капитал и во Османската империја поради што била принудена да води сметка и за својот должник и да се појави како заштитничка на статус квото на Османската империја и на Балканскиот Полуостров.

И Англија имала вложено огромни средства во стопанството на Османската империја. Освен споменатото, плашејќи се од влијанието на Османската империја над муслиманите во своите азиски и афрички колонии, таа, во периодот до Првата балканска војна, се залагала за запазување на статус квото на Балканот, од Русија ги бранела протоците и Истанбул, и во почетокот на XX век ги поддржила напорите на балканските земји за создавање на балканскиот сојуз, кој, според неа требало да претставува штит против германско-австроунгарскиот „пробив кон исток."

Царска Русија имала најслабо економско и др. влијание во Османската империја, но таа сепак била мошне заинтересирана за Балканот, протоците и Истанбул. Руските цареви отсекогаш се стремеле да ги освојат Истанбул и протоците и да излезат на Средоземно Море. За реализирање на таа цел, таа честопати и војувала со Османската империја. Тие војни ги спречувале спроведувањето на реформите во Османската империја со што Русија го спречувала и консолидирањето на општите состојби во Османската империја. Таа била можеби една од причините за пропаѓањето на Османската империја.[11)]

Од споменатото се гледа дека, неможејќи да се спогодат околу поделбата на наследството на Османската империја, големите европски сили се определиле за сочување на нејзиното и

статус квото на Балканот поради што многу акутни прашања од времето биле пролонгирани за решавање според нив во поповолни услови т.е. во услови кои што ќе им овозможувале на споменатите сили да ги реализираат своите далекусежни империјалистички замисли на тој простор.

Последиците од војната против Русија во 1877/78 г., големиот број преселници и воените репарации на Русија во износ од 34 ооо ооо зл.т.л. ја довеле Османската империја во особено тешка економска и политичка положба. Тоа не било само резултат на поразот во војната, туку ~~тоа~~ било наследено од Танзиматот со кој почнал и економско-политичкиот притисок на големите европски сили особено на Англија и Франција уште по Кримската војна, а подоцна и на Германија врз Османската империја. Со тоа Османската империја ја изгубила својата економска независност. Таа станала заедничка полуколонија на големите европски сили. Нејзиниот полуколонијален статус бил забележлив веднаш по завршувањето на Големата источна криза кога европските империјалистички држави воспоставиле над неа целосен економско-финансиски надзор.[12)]

По завршувањето на Големата источна криза, Османската империја и големите европски сили се соочиле со едно мошне тешко, комплицирано и долготрајно актуелно прашање - "македонското прашање". Во периодот од 1878 г. до 1912 г. османските и европските дипломати најмногу ги мачело "македонското прашање", а особено во периодот на и по Илинденското востание кога како нов квалитет се појавиле оружените пропаганди на соседните балкански држави. Споменатите пропаганди се појавиле како резултат на неуспехот на црквено-просветните пропаганди на споменатите балкански држави во Македонија. Од тие причини споменатите балкански државички почнале со уфрлување на оружени чети во Македонија под изговор за наводно заштитување

на своите сонародници во неа. Борејќи се меѓусебно и против властите, тие чети создале општа несигурност на животот и имотот на населението во Македонија.

Империјалистичките кругови на соседните балкански држави Бугарија, Србија и Грција се повикувале на своите стари "добри" времиња.

Според грчките завојувачки кругови, гледано од историски, географски и национален аспект, Македонија била "грчка земја", а "нејзините христијански жители биле потомци на Филип Македонски и на Византиската империја...Македонија ќе станувала почва за создавање на Грчката империја".[13] За реализирање на спомнатата цел, според грчкиот крал Ѓеорги I, "Грција требало да работи за добивање на Македонија...и со сите државни и национални сили таа требало да се бори за воспоставување на грцизмот во Македонија".[14]

По поразот во војната со Османската империја во 1897 г. за да го поврати изгубениот авторитет во таа војна, Грција со сите можни средства, се нафрлила врз османската територија-Македонија во која веќе почнале интензивно да работат пропагандите на другите балкански држави.[15] Во врска со тоа, англискиот дипломат Милбејнк во својот извештај од 15.II 1898 г. пишувал дека "караниците меѓу Бугарите, Грците и Србите на Балканот можеле да бидат причина за избувнување на криза во Македонија..."[16]

По окупацијата на Босна и Херцеговина од Австро-Унгарија во 1878 г., Србија била принудена да се откаже од своите завојувачки планови за "обединување на целото српство",[17] односно од планот "Босна не може да дојде спрема нас, туку ние мораме да одиме кон неа"[18] и да се сврти кон југ, кон завојување на османски територии мислејќи најмногу на Македонија и Албанија преку кои можеле да излезе на Егејско односно Јад-

ранско Море. Споменатите планови на српските завојувачки кругови јасно дошле до израз и во една изјава на Никола Пашиќ: "Ова на југ, рекол Пашиќ, треба да го приклучиме така повеќе да не може да се издвои, бидејќи од памтивек се знае дека оној кој ја имал Македонија секогаш бил прв на Балканот".[19] Решеноста за решавање на "македонското прашање" во своја полза најдобро може да се види и од изјавата на претседателот на српската влада Милован Миловановиќ: "...Ние сме готови рекол тој, на сè и ќе влеземе во секаква комбинација, со бога или со ѓаволот, ако притреба, да го спречиме решавањето на македонското прашање на штета на нашите животни интереси, без чие задоволување...за Србија навистина не може да има живот".[20] На чело на српската четничка организација стоеле професори, офицери, банкари и др.[21] Меѓутоа, српската пропаганда во Македонија сепак била најслаба бидејќи таа немала некоја моќна конфесионална институција како што имале нејзините ривали Бугарија и Грција.

Повикувајќи се на Сан-Стефанска Бугарија од 1878 г. Бугарија, по завршувањето на Големата источна криза, се стремела кон откинувањето на Македонија од Османската империја и нејзино приклучување кон себе по примерот на Источна Румелија во 1885 г. Според една програма од 1885 г. бугарските завојувачки кругови целата своја иднина ја гледале во Македонија, без која бугарската држава не ќе имала никаква важност или сила, поради тоа, ако Македонија не станувала бугарска, Бугарија не ќе можела да се конституира.[22] За реализирање на споменатата програма, бугарските империјалистичките кругови преку многубројни егзархиски училишта во Македонија ја задушувале македонската национална мисла и ги бугаризирале македонските народни маси, наметнувајќи го бугарскиот јазик во училиштата и црквите

и замаскувајќи ги со бугарски, сите македонски народни традиции.[23] Од тие причини Д.Хаџидимов во 1901 г. неслучајно подвлекол дека бугарските завојувачки кругови биле убедени дека "интересите на Бугарија изискувале присоединување на Македонија кон Бугарија".[24]

За Османската империја пак, според турскиот историчар Енвер Картекин, Македонија имала значење: 1) поради живеењето во неа на неколку стотини илјади Турци; 2) поради тоа што Македонија претставувала значаен извор на даноци и 3) поради тоа што Македонија претставувала тампон зона меѓу Османската империја и Грција која имала територијални претензии спрема Османската империја за создавање на Голема Грција.[25]

Големите европски сили пак се интересирале за Македонија и македонското прашање најмногу поради Вардарско-Моравската Долина, Солун и излезот на Егејско односно Средоземно Море и поради нејзината близина на протоците и Истанбул.

Пропагандите на соседните балкански државички му носеле големи неволји на македонското населени, а и раздор и противречности и меѓу самите балкански држави. Поради тоа, "успехот на пропагандите во Македонија вели Александар Апостолов зависел од привилегиите што во моментот ги имала оваа или онаа држава на територијата на Турција".[26]

Илинденското востание од 1903 г. ги растревожило и официјалните власти и соседните балкански држави и големите европски сили од кои особено Австро-Унгарија и Русија кои со договор од 1897 г. се залагале за сочување на статус квото на Османската империја, а останатите големи сили - Англија, Франција и Италија пак се залагале за сочување на "хармонијата" меѓу големите европски сили.[27] Во такви околности бил

прифатен предлогот на Англија и на 2.х 1903 г. биле воведени т.н.Мирцштегски реформи изготвени од Австро-Унгарија и Русија. Во спроведувањето на споменатите реформи учествувале и останатите големи европски сили.

МРО својот однос кон споменатите реформи го изразила во специјалното решение на Рилскиот конгрес во 1905 г. во кое било речено дека Мирцштегските реформи не ги задоволувале барањата на МРО, туку тие претставувале обид за зајакнување на османската власт во Македонија,[28] во што верувал и Хусеин Хилми-паша.[29] Меѓутоа, според Ангел Динев, реформите веќе кон крајот на 1904 г. биле во полн застој.[30]

Периодот по Илинденското востание се карактеризира со консолидацијата на МРО[31] и со зголемувањето на бројот на уфрлените чети на пропагандите на соседните балкански држави. Тие чети вршеле невидени злосторства врз населението во Македонија. Според Ристо Поплазаров, поддржувани и од највисоките официјални личности и институции на Османската империја,[32] грчките андарти вршеле невидени колежи на македонското население кои колежи во повеќе случаи претставувале геноцид или имале карактер на геноцид.[33]

Заострувањето на "македонското прашање" кон крајот на 1907 г. и почетокот на 1908 г. довело и до изготвување од големите европски сили предлог-реформи за подобрување на општите состојби во Македонија. Во тие рамки биле дадени и новите предлози на Англија од 3.III 1908 г. и на Русија од 26.III 1908 г., а Ревалската средба на англискиот крал и рускиот цар во јуни 1908 г. предвидувала и "тивко распарчување" на Османската империја поради што спомнатата средба и ја растревожила Османската империја и ги "принудила" нејзи-

ните прогресивни сили предводени од Младотурската партија "Единство и напредок" во јули истата година да извршат воен превратиидаповедатуставно-парламентарен систем во земјата. Новиот режим прокламирал пароли за слобода, рамноправност, правда и братство за сите народи во Османската империја без разлика на нивната етничка и конфесионална припадност. Младотурскиот режим на почетокот покренал иницијативи за воведување промени во општествено-политичкиот живот на Османската империја и за создавање услови за послободен развиток на селското стопанство, трговијата, сообраќајот, занаетите, за навлегување на капиталистичките односи во општеството и за развојот на индустријата со што во меѓународносната борба за доминација во Македонија економската компонента станала позначајна од конфесионално-просветната и култураната. Победник во таа борба станувал подобриот организатор на трговијата, занаетчиството и кредитната политика.[34] Треба да се подвлече и фактот дека младотурците во наследство ја примиле Османската империја со една мошне тешка економско-политичка положба. Младотурскиот режим не дошол во судир само со домашните проблеми, туку тој ја наследил Османската империја како арена во која се судрувале интересите и противречностите на европските и балканските држави. Тие состојби го довеле во прашање и опстанокот на Османската империја во која секој внатрешен судир можел да предизвика судир од многу пошироки размери.

Отстапувањето на младотурците од ветувањата дадени за време на Младотурската револуција влијаело за влошување на економско-политичките состојби во Османската империја. Освен тоа, младотурците не ги разрешиле ниту националното,

ниту пак толку значајното аграрно прашање. Воведените реформи биле мошне површни. Поради тоа, К.Герсин неслучајно подвлекол дека "во Турција била исклучена секоја реформа и автономија...секоја евентуална автономија наскоро би била претворена во взаемна анатомија in vivo".[35)]

Атентатите, диверзиите и др. оружени акции на уфрлените чети на пропагандите на соседните балкански држави, особено тие на врховистичките чети во 1911 и 1912 г. повторно го актуелизирале "македонското прашање" што послужило како повод за обединување на дотогаш непријателски настроените едни против други балкански држави Бугарија, Србија, Грција и Црна Гора и есента 1912 г. да поведат војна против Османската империја за завојување и меѓусебно распарчување на Македонија, Тракија и др. османски територии на Балканскиот Полуостров и да стават крај на османското владеење во споменатите територии "кое владеење според Д.Димески во последните тридесет години успеал да се одржи, благодарејќи, пред сè на благословот и интересите на европскиот капитал во Османската империја..."[36)]

1. Формирање на МП "Единство и напредок" и нејзиниот развој во периодот 1889-1902 г.

Стремежите за извлекување на Османската империја од тогашната тешка економска и политичка ситуација, за спасување на нејзината територијална целост и национална независност, за спречување на странското мешање во нејзините внатрешни работи и за воведување уставна демократија како услов за нејзино спасување од пропаѓање и распарчување од големите европски сили "кои ги забиле своите канџи во нејзиното рането тело и љубоморно режејќи и гледајќи една на друга, го чекале погоднит миг кога секоја од нив ќе исече поголем залог од неа"[37] биле главните причини уставно-демократските сили во земјата да создаваат една "јака и здружена опозиција" против султанот Абдул Хамид II и неговиот режим.

Со намера да воспостави една буџетска рамнотежа султанот Абдул Хамид II во 1880 г. отпуштил голем број воени и граѓански службеници. Таа султанска одлука придонела за оживување на воената и граѓанската интелигенција со уставно-демократски идејно-политички погледи. Според многу историчари споменатата одлука на султанот Абдул Хамид II била основната причина во периодот 1888-1890 г. Каз'м Нами-Дуру и неговите сомисленици да ја формираат и првата младотурска група во Военото-медицинско училиште во Истанбул[38] со име "İttihat ve Terakki Cemiyeti".[39] Меѓутоа, таа група постоела мошне кратко време. Во тоа време, учениците и студентите на истанбулските училишта и факултети почнале да формираат многубројни тајни младотурски групи и друштва.

Прва револуционерна организација во Османската империја која имала за цел да го собори султанот Абдул Хамид II и да воведе конституционен режим била формирана на 21 мај 1889 г.

во Военото-медицинско училиште во Истанбул[40] со име "İttihadı Osmani".[41] Според некои автори Друштвото било формирано по повод 1оо-годишнината од Големата француска револуција.[42] Основачи на Друштвото биле ученици на Военото медицинско училиште Ибрахим Темо (Струга), Абдула Џевдет (Харпурт), Мехмед Решад (Кавказ), Исхак Сукути (Дијарбакир),[43] а според турските историчари Е.З.Карал и А.Б.Куран петтиот член на Друштвото бил Хусеинзаде Али (Баку).[44] Од ова се гледа дека освен Турци, меѓу основачи на Друштвото имало и Курди, Черкези, Арапи и др. кои се појавиле како заштитници на интересите на турската национална буржоазија, а по социјално потекло тие биле повеќе поврзани со големопоседничка класа и воените и бирократските кругови одошто со турската буржоазија.[45] Формирањето на Друштворо наишло на добар одглас и кај другите ученици на споменатото училиште, а подоцна и кај учениците на др. училишта на Истанбул.

При своето формирање, Друштвото "Османско единство" за пример ја зело организационата структура и поставеност на италијанските карбонари[46] и на масонските ложи. Меѓутоа, општо е познато дека најсилно влијание врз ова и др. младотурски друштва извршила Големата француска револуција од 1789 г. и мошне добрата материјална положба на високоразвиените европски земји особено на Англија, Франција и Германија, а подоцна и на Јапонија и САД. Влијание врз развојот на младотурското движење воопшто извршила и Руската револуција од 19о5-19о7 г.

На првиот состанок на Друштвото одржан во јуни-јули 1889 г. се расправало за политичката програма и за критериумите за зачленување во него.[47] Набрзо бил одржан и вториот состанок на кој била донесена одлука за начинот на формирањето на секции на Друштвото. По споменатиот состанок, Друштвото ус-

успеало да формира свои секции скоро во сите средни и високи училишта во Истанбул и надвор од него.[48] Освен споменатите училишта, свои секции Друштвото отворило и во медреси[49] и теки,[50] а според еден противник на султанот Абдул Хамид кој во Европа издавал разни весници една секција со име " La İlâhe İllâllah" била формирана и во самиот сарај на султанот Абдул Хамид II.[51] Со текот на времето Друштвото "Османско единство" успеало да ја дооформи својата организациона поставеност и структура, да донесе свој статут[52] и една своја кратка идејно-политичка програма и во почетокот на 90-те г. на XIX-та да се конституира во една добро организирана политичка организација во Османската империја. Меѓутоа, по првата провала во 1892 година биле затворени и иследувани многу ученици, доктори и офицери.[53] По споменатата провала бил зголемен притисокот над уставно-демократските сили во земјата, а особено во седиштето на Друштвото-Истанбул. За време на заоструваљето на мерките против членовите на Друштвото, на 28.IX 1895 г. во Истанбул востанале Ерменците, кои на 30 истиот месец ја нападнале дури и зградата на Високата порта.[54] Ерменсите настани го привлекле вниманието на европската јавност која застанала на страната на Ерменците.

Ерменските настани во Истанбул дале повод членовите на Друштвото "Османско единство" првпат преку еден манифест да ги објават целите на својата борба против режимот на султанот Абдул Хамид II. Со цел да и стават до знаење на домашната и светската јавност дека од режимот на султанот Абдул Хамид II страдале сите народи во Османската империја без разлика на нивната етничка и конфесионална припадност вклучувајќи ги и самите Турци, И.Темо, И.Сукути, Исмаил Ибрахим и Бецет-ефенди нокта на 30.IX 1895 г. го изготвиле и литографски умножиле

околу 1 ооо примероци од Манифестот[55] и на 1.л 1895 г. рано наутро ги залепиле по улиците на Истанбул и ги растуриле во целиот град вклучувајќи го и султанскиот сарај.[56]

Од Манифестот се гледа дека ерменските настани го поттикнале "Османското друштво за единство и напредок" на акција.[57] Тоа ги повикувало сите народи да се обединат во борбата за ликвидирање на центрите на апсолутизмот-султанскиот сарај, Високата порта и Шејхулисламската верска институција.

По објавување на споменатиот манифест, со цел да им го скрене вниманието на големите европски сили, Друштвото испратило на француски јазик едно Отворено писмо до големите европски сили и сарајот,[58] а во октомври-ноември 1895 г. објавило и втор манифест во кој, покрај другото, со бројчани показатели укажувало на тешката економска и политичка положба на земјата и на народот кој едноставно речено пропаѓал.[59]

Изразени преку споменатите манифести и Отвореното писмо, зголемените активности на Друштвото "Иттихад ве Теракки" и на некои др. друштва и партии,[60] кои го пробудувале и го поттикнувале народот на отпор против султанскиот режим, го ~~пр~~предизвикале султанот Абдул Хамид II да организира рации и прогонувања на членовите на Друштвото. Во тие акции на полицијата биле затворени голем број членови на Друштвото и граѓани со демократско убедување.[61] Некои основачи и лидери на Друштвото ги избегнале репресалиите и успеале да емигрираат во странство. Меѓу нив се наоѓале и И.Темо,[62] Низанци Мурад-бej,[63] Тунали Хилми, Рефик Невзад-бej, Акил Мухтар-бej и др. Од основачите, во Истанбул останал само затвореният И.Сукути. Со емигрирањето на основачите и лидерите на Друштвото "Единство и напредок" центарот на младотурското движење од Истанбул бил пренесен во др. поголеми градови на Османската империја,[64]

меѓу кои и во Битола[65] и Солун.[66] Друштвото свои секции отворило и надвор од Османската империја: во Романија,[67] Бугарија,[68] Бухара и Кавказ,[69] Белград,[70] Напули,[71] Каиро,[72] Атина,[73] Тунис, Алжир и Мароко,[74] и во големите европски политички и културни центри: Париз, Берлин, Женева, Лондон, Брисел, Фолкестон и др.[75] По извршените рации и прогонувања и емигрирањето на лидерите на Друштвото, останатите негови членови според Ј. А.Петросјан и А.Б.Куран го формирале и неговиот прв Централен комитет во Истанбул.[76]

Додека во периодот до 1895 г. Друштвото "Итихад ве Тераки" се наоѓало меѓу границите на своето постоење, времето од 1895 до 1897 г. претставувало еден мошне бурен период во неговиот развој. Во споменатиот период биле воспоставени тесни врски меѓу ЦК во Истанбул и неговите секции во Европа, Египет и на Балканот. Во споменатото време се уште било забележливо дека ЦК на "Иттихад ве Теракки" во Истанбул бил централниот орган на Друштвото и на неговите секции во Османската империја и надвор од неа, што може да се види и од неговиот прв објавен Статут.[77] Се уште е спорна датата на објавувањето на споменатиот статут.[78] Според многубројни документи и искажувања на некои од основачите, лидерите и изготвувачите на Статутот, него го објавил ЦК на Друштвото во Истанбул. Тоа може да се види и од чл.6 на Статутот според кој ЦК има претседател и четворица членови, а седиштето на Друштвото останувало во Истанбул.[79] Според ова може да се заклучи дека ЦК на Друштвото во Истанбул во тоа време го имал главниот збор во младотурското движење. Меѓутоа, вистинската положба била поинаква. Според активностите на секциите на Друштвото во Европа, Египет и на Балканот и според тајните преписки меѓу ЦК и споменатите секции испаѓа дека вистинскиот центар на Друштвото се наоѓал во Европа, во Париз и Женева.

Од одредбите на Статутот може да се види дека освен тоа што тој бил еден правен документ, изразувајќи ги идејно-политичките стремежи на "Единство и напредок" како претставник на османско-турската буржоазија и воено-граѓанската интелигенција, истовремено бил и една идејно-политичка програма за работата и дејствувањето на Друштвото"Единство и напредок"[80]

Ерменските настани од септември 1895 г. извршиле силно влијание и врз најактивната секција на МП"Единство и напредок" во Европа, Парискатa секција. По препорака на ЦК на Партијата, претседател на споменатата секција станал Ахмед Р'за-бej,[81] кој од 1.XII 1895 г. заедно со д-р Наз'м-бej,Албер Фуа (Евреин од Солун),[82]Аристиди-паша (Грк), Халил Ганем (Марунит од Либан) како официјален орган на Парискатa секција на Партијата на османско-турски јазик почнал да го издава в. "Mechveret",[83] а од 3.XII 1895 г. в. "Мешверет" добил и свое дополнение на француски јазик.[84]

Издавањето на в."Мешверет" на француски и османско-турски јазик во Париз и Женева извршило силно влијание врз европската јавност во афирмирањето на идејата за соборување на султанхамидовскиот режим и за воведување на уставно-парламентарен режим во Османската империја.

МП "Единство и напредок" своја секција основала и во Каиро на чиешто чело застанал Мурад-бej или повеќе познат како Мизанци Мурад-бej,[85] кој во Каиро почнал да го преиздава в. "Мизан" преку кој весник ја бранел идејата за воведување уставна демократија во Османската империја, а според некои автори пропагирал и револуционерни идеи и го напаѓал султанот А.Хамид поради што бил осуден и на смртна казна со бесење.[86] Според Мурад-бej уставната демократија во Османската империја можела да биде воведена само со помошта на интервенцијата на големите европски сили.

Изборот на различните методи и средства за соборување на султанот А.Хамид и неговиот режим во 1896 г. довел до раздор во редовите на Парискатa секција на Партијата. Во партискиот живот повеќе кон централизам ориентираните А.Р'за-бej, д-р Наз'м-бej и др. нивни истомисленици биле отстранети од секцијата на чиешто чело застанал М.Мурад-бej. Со тоа почнал периодот на фракционерската борба во редовите на МП "Единство и напредок" во Европа. Прифаќајќи го позитивизмот на Огист Конт, А.Р'за-бej станал поборник на определбата " Ordre et Progrès "[87] а противник за присилно соборување на сул.А.Хамид II по пат на атентати и др. оружени акции. Другата гупа пак била убедена дека сул.А.Хамид II немал никогаш да воведе доброволно уставно-парламентарен режим во Османската империја. Според оваа група, таков режим можело да се воведе единствено со сила и со присилно соборување или физичко ликвидирање на сул.А.Хамид II.

Додека траеле расправите во Парискатa секција за начинот на соборувањето на режимот на сул.А. Хамид II, на 21.XII 1896 г. во Женева, Т.Хилми, Шефик-бej, д-р Хасан-бej и некои др. младотурци ја основале "Osmanlı İhtilâl Partisi "[88] која имала за цел со атентати да го ликвидира султанот А.Хамид II. Подоцна оваа партија на ним се приклучиле и д-р И.Темо, д-р И.Сукути и др. Со тоа кон крајот на 1896 г. во Париз и Женева биле собрани скоро сите основачи, идеолози и лидери на МП "Единство и напредок".[89] Европските секции на МП "Единство и напредок" во тоа време воспоставиле тесни врски со европскоит печат, преку кој честопати објавувале статии, соопштенија и повици до народите на Османската империја и европската јавност во кои ги изложувале целите на политичката и др. борба на МП "Единство и напредок" за соборување на султанскиот и воведување на уставен режим во Османската империја.[90] Евидентно зголе-

мените активности на младотурците во Европа го заплашиле и го растревожиле сул.А.Хамид II кој во истата година се обидел преку Е.Тефик и Јусуф Зија-паша да ги убеди нив за откажување од своите политички активности против него ветувајќи им при тоа големи награди и привилегии.

Разгневен од добиениот негативен одговор од европските младотурци, а охрабрен од воената победа над Грција во војната во 1897 г., сул.А.Хамид II оценил дека настапил поволниот миг за него за целосно ликвидирање на МП "Единство и напредок" во Османската империја и Европа, а особено на нејзините секции во Париз и Женева кои вршеле силно влијание врз европската демократска јавност и наишле на нејзината целосна поддршка. Користејќи ги правата од чл. 113 од суспендираниот Устав од 1876 година, тој забранил внесување на младотурски весници и списанија во земјата.[91] Во јуни 1897 г. извршил масовни затворања на офицери, војници и питомци на воените училишта и академии во Истанбул и за нивното судење создал преки судови.[92]

По "ликвидирање" на МП "Единство и напредок" во земјата, А.Хамид II, со цел да ги неутрализира, уништи или поткупи, се нафрлил врз младотурските секции во Европа, за која цел тој во Женева отворил и конзулат.[93] По неуспехот на споменатиот обид, сул.А.Хамид II со големи парични средства и др. привилегии се обидел преку Ахмед Целаледин-паша да ги поткупи лидерите на младотурските секции во Европа.[94] Тој потег на А.Хамид вродил резултати. Голем број младотурски лидери ја прифатиле неговата понуда за примирје,[95] а некои од нив како што биле например А.Р'за-бej, д-р Наз'м-бej, Халил Ганем, Шерафедин Магмуми останале во Европа и ја продолжиле својата политичка борба против сул.А.Хамид II.[96]

Споменатото султанско-младотурско примирје претставувало

тежок удар врз Партијата која во периодот 1897-1899 г. односно до одржувањето на Првиот нејзин конгрес во 1902 г. без разлика на некои преземени активности не успеала да ги консолидира своите редови,[97] а според Е.Е.Рамсаур "тоа примирје скоро до темели ја разрушила Организацијата во земјата и го уназадило младотурското движење за неколку години односно таа не успеала повторно да се формира до 1906 г."[98]

Во развојот на МП "Единство и напредок" 1899 г. претставувала една мошне значајна година. Во таа година повторно почнале да се формираат, односно да се реактивираат секциите на споменатата партија во Европа и Египет. Од сите, најактивна била Парискатa секција која ги зголемила своите активности за афирмирање на идеите и целите на борбата против султанскиот режим. Нејзиниот лидер А.Р'за-бej учествувал на меѓународни конференции и конгреси[99] каде ги изложувал целите на политичката борба на Парискатa младотурска секција. На тој начин МП "Единство и напредок" почнала да излегува и на меѓународна сцена каде ја добивала и подршката на меѓународната демократска јавност. Во истата година Т.Хилми и некои др. младотурци ја реактивирале Каирската секција на Партијата. Споменатите раздвижувања на младотурските секции повторно го растревожиле султанот А.Хамид II.

Со приклучувањето кон МП "Единство и напредок" на проанглиски ориентираниот Дамад Махмуд-паша со своите два сина-принцовите Мехмед Сабахаддин-бej и Ахмед Лутфула-бej на 14.XII 1899 г. споменатата партија добила мошне значајна политичка и материјална подршка и афирмација сред европската јавност во борбата за воведување на конституционен систем во Османската империја.[100] Меѓутоа, со неговото приклучување кон споменатата партија, почнале се повеќе да доаѓаат до израз веќе тогаш-

присутните идејно-политички разлики меѓу секциите на Партијата особено меѓу европските,[1о1] со што почнала една остра фракционерска борба во редовите на споменатата партија за доминација со истата. "Од тие причини вели Ј.А.Петросјан, во периодот 1898-19оо г. активностите на младотурците се сведувале само на издавање на неколку весници и пропагандни брошури. Не постоеле организациони врски меѓу различните младотурски групи. Таа разединетост меѓу споменатите групи станала главна сопирачка за зајакнувањето на борбата против феудалниот апсолутистички режим во наредниот период..."[1о2]

Како резултат на зголемените активности на младотурските секции во Европа, во споменатиот период била покрената и иницијативата за одржување на еден конгрес на Партијата. Конгресот требало да се одржи во италијанскиот град Бриндизи.Меѓутоа, поради низа причини тој бил одржан дури во февруари 19о2 г.

Во контекстот на зголемените политички активности на младотурските секции во Европа и Египет било и издавањето на многубројни нивни весници, списанија, брошури како и објавувањето на неколку декларации и повици до сите народи на Османската империја за соборување на султанскиот и воведување на уставен режим во неа.[1о3] Во споменатиот период биле зголемени активностите и на Балканската младотурска организација на чие чело застанал д-р И.Темо и активностите на ЦК на Партијата во Истанбул.[1о4]

2. Идејните погледи и политичките програми на МП "Единство и напредок" во периодот од нејзиното формирање (1889) до I Младотурски конгрес(1902)

Причините за создавањето на опозицијата против режимот на султанот Абдул Хамид II треба да се бараат во "општествено-политичкиот систем на Турција кој уште одамна преживувал криза која сè повеќе се продлабочувала"[105] и во новата улога и влијание на науката врз мислењето на човекот на османското општество. Во рамките на дообликувањето на втората причина младотурците целосно ги прифатиле природните закони и нивното модерно толкување во барањето патишта за разрешување на актуелните општествени проблеми. Преку споменатиот мисловен систем, а ослонувајќи се на дотогашното научно и долгогодишно политичко искуство успеало да се создаде една политичка опозиција која успеала да актуелизира само еден дел од многубројните нерешени општествено-политички проблеми. Уште на самиот почеток, евидентно било дека младотурците се соочиле со прашањето на непостоење на една револуционерна практика во Партијата и Движењето воопшто, поради што честопати доаѓало и до големи несогласувања за начинот на решавањето на актуелните проблеми. Тоа нè упатува до заклучокот дека, причините за создавање на младотурската опозиција во прво време треба да се бараат во идејните, а не во политичките погледи и определби на младотурците кои во тоа време сè уште немале свои дефинирани политички цели. Со политички содржини објавените написи во тоа време претставувале жалби од режимот или написи кои се однесувале за влијанието на Големата француска револуција врз прогресот на човечкото општество воопшто, или ги изразувале желбите на младотурците за воведување на реформи во османското општество.

Во наведениот период, Младотурската партија "Единство и напредок" се оформила како добро организирана политичка организација која извршила силно влијание врз општествената мисла на некои народи на Османската империја. Нејзе ја сочинувале многубројни друштва, групи и секции распространети во Османската империја, Европа, Азија и Северна Африка кои своите политички програми и идеи ги афирмирале и ги пропагирале преку своите весници,[106] списанија, брошури,[107] манифести и отворени и протестни писма и телеграми.

При своето формирање во 1889 г.,Младотурското друштво "Османско единство" немало некоја детерминирана идејно-политичка програма. Необјавениот прв статут од 21 членови,донесен во втората половина на 1891 г. во Истанбул, може да се смета како негова прва политичка програма.[108] Идејно-политичките определби на Младотурската партија "Единство и напредок" по поопределено дошле до израз во упатениот прв манифест[109] до Турците и муслиманите во Османската империја по избувнувањето на ерменските немири во септември 1895 година во Истанбул и во некои градови во Анадолија.[110]

На крајот на октомври или почетокот на ноември 1895 г. покрај сите преземени строги мерки, Младотурската партија "Единство и напредок" до граѓаните на Истанбул го објавила и својот втор манифест.[111]

Во споредба со првиот, овој манифест за тогашни услови бил порадикален и пореволуционерен. Во него се укажувало и на тешката социјална положба на селаните и на народот, за нивната економска експлоатација, за политичкото обесправување, за понижувањето и за мизерниот живот на широките народни маси. Иако во својата историја никогаш вистински не се определила за револуција, декларативни повик на револуција во овој манифест претставувал нов момент и квалитет во односот на младотурците спрема народот. За подобрувањето

на општите состојби во Империјата, младотурците барале дословно спроведување на шеријатот кој не бил прифатлив за христијанските народи, и на Уставот од 1876 г. кој во нови и изменети услови не можел да наоѓа решенија за акутните општествено-политички проблеми, пред сè решение за националното прашање. Во борбата за рушење на султанот Абдулхамидовиот и за воведување на уставно-парламентарен режим, тие упатиле повик за обединување до сите народи на Империјата под името "Османлии". Оваа определба, во еволуирана форма и со извесни модификации, претставувала основна и крајна цел на младотурците во стремежите за спасување на државата од распаѓање. Додека пак повикот за слобода не бил докрај дефиниран. Не се знаело за каква слобода се стремело. Дали за економска, социјална, национална или политичка.

Не може со сигурност да се тврди дека младотурците најмногу се залагале за "слобода". Нивната најголема желба била да го продолжат животот на османската династија која се поистоветувала со стремежот за продолжување на животот и на самата Османска империја. Осудувајќи ја борбата за продолжување на животот на Османската империја Мустафа Кемал-Ататурк во 1902 г. рекол: "Борбата за продолжување на животот на османската династија и држава значи најголемо зло за турскиот и другите народи во Османската империја, бидејќи таа слобода и независност нема да бидат вистински и безбедни ако во земјата и натаму останува султанското владеење...Поради тоа, ние треба да го подготвиме целиот народ и војска да востанат против Високата порта, султанот и халифот на муслиманите".[112] Поимот "слобода" кај младотурците доаѓал само по желбата за спречување на распаѓањето на Османската империја. Тие индиректно биле заинтересирани за слободата. Бидејќи, според нив, само во еден слободен и демократски општествен систем би бил намален бројот на оние народи кои ќе сакале да се откинат од Империјата.

Во периодот по ерменските настани од 1895 г. младотурската партија "Единство и напредок" објавила уште неколку манифести,[113] и протестни писма,[114] а некои видни османски државници и протестни телеграми,[115] преку кои биле критикувани султанхамидовиот апсолутизам, лошите економско-политички состојби во Османската империја ; се повикувал султанот Абдул Хамид II да ја предаде својата власт на некој друг од истата династија ; се барало султанот да воведе уставно-парламентарен режим ; се повикувал народот на револуција ; се барало слобода, рамноправност и правда пред законите за сите народи во земјата без разлика на нивната етничка и конфесионална припадност.

Од сите младотурски друштва, партии, групи и секции, "најрадикална" и "најреволуционерна" била Османската револуционерна партија од Женева на чие чело стоеле Т.Хилми и некои други младотурци. Од 1896 г. Т.Хилми упатил 11 повици до селаните, војниците,[116] офицерите и воените команданти, до учениците и клерикалните луѓе, преку кои повици ги повикувал да востанат против режимот на султанот А.Хамид II.[117] Оваа партија сакала со сила да го собори султанот А.Хамид II, и да воведе уставно-собранискиот режим во земјата. Нејзините водачи Т.Хилми, И.Сукути, И.Темо, Али Р'за-бej, Ерменецот Зарифјан-ефенди планирале да организираат и некои атентати во Истанбул. Меѓутоа, нивните акции на крајот завршиле само со објавување на еден манифест во кој ги повикувале Османлиите со оружј да го убијат султанот Абдул Хамид II.[118]

Во периодот до 1902 г. се водела една остра идејно-политичка борба меѓу секциите на Младотурската партија "Единство и напредок" во Европа. Причините за борба биле разликите во изборот на методите и средствата на борбата против султанхамидовиот режим и на стремежите за воведување на уставна демократија во земјата. Споменатите секции објавувале и свои политички програми и други докумен

Во периодот до 1897 г. најголеми разлики меѓу младотурските секци
во Европа доаѓало во однос на приодот спрема разрешувањето на нек
општествени проблеми. Разликите биле евидентни меѓу Парискаta сек
ја на "Единство и напредок" на чие чело стоел Ахмед Р'за-бej и гр
пата на Кизанци Мурад-бej, а од 1899 г. меѓу А.Р'за-бej и групата
на принцот Сабахадин-бej.

Политичките идеи на Парискаta секција на "Единство и напре-
док" биле систематизирани и објавени во в."Mechveret" во Париз
на 3.XII 1895 г. под наслов "Нашата програма".[119] Програмата г
содржувала следните поставки:

1. соборување на султанот Абдул Хамид II и по еволутивен па
обезбедување на "Ordre et Progrès"[120] во општеството;
2. воведување реформи во сите делови и за сите народи во Ос
манската империја без разлика на нивното етничко и конфе
сионално потекло;
3. преку зајакнување на османскиот елемент, издигнување во
сите сфери на економскиот и општествено-политичкиот жи-
вот во земјата;
4. врз основа на научните достигања на западната цивилизаци
ја, издигнување на источната цивилизација;
5. обезбедување на политичка слобода за сите народи во Импе
ријата и
6. спречување на интервенцијата на европските сили во внат-
решните работи на Османската империја.

Оваа Програма претставувала синтеза на личните идејно-поли-
тички погледи на А.Р'за-бej оформени под влијанието на позитивист
Огист Конт. Овие погледи на Р'за-бej произлегувале од политичките
стремежи на "сè уште слабата национална буржоазија која не можела
решително да организира револуција за соборување на султанот Абду
Хамид II и за менување на старите феудални односи, бидејќи нејзе ја
сочинувале големи земјопоседници, воени и други службеници кои по-
веќе биле заинтересирани да ги сочуваат и ги зацврстуваат своите
позиции во економскиот и политичкиот живот на османското општеств[121]

Вториот идеен водач на Париската, а потоа и на Женевската секција на Партијата "Единство и напредок" - Мехмед Мурад-бej во 1895 г. во Париз објавил една брошура која всушност била негова политичка програма. Систематизирана во неколку точки таа изгледала вака:[122]

1. обезбедување на вистинска рамноправност на поданиците на Империјата пред граѓанските и воените судови;
2. формирање на едно тело со име "Assemblée délibérante"[123] кое ќе изврши контрола на функционирањето на "системот на законите" и ќе ја спречи Високата порта да се меша во работата на правосудните органи";
3. обезбедување законска заштита на слободата на печатот;
4. давање општа политичка амнестија на сите поданици на Империјата;
5. ограничување, односно стеснување, на прерогативите на сарајот и големиот везир во формирањето на владата и во дообликувањето на управниот систем. Пратениците да бидат одговорни пред собранието, а не пред големиот везир, односно само везирот да биде одговорен пред султанот;
6. прилагодување на монархистичкото владеење спрема европските уставно-монархистички режими.

Оваа Програма на Мурад-бej е прагматична, носи карактеристики на бирократска мисла, не содржи елементи за воведување на вистински уставно-собранискиси систем во Османската империја. Според Мурад-бej, спроведувањето на оваа програма требало да биде следено од дипломатските претставници на големите европски сили во Истанбул кои претставници ќе имале право дури и на вето.[124] Според Мурад-бej воведувањето на реформи под заштитата на Европа значело и сочување на територијалната целост на Османската империја. Неговата програма содржи и елементи од програмата на А.Р'забej. Во неговата програма ново е тоа што тој наместо Генерално собрание предвидено со Уставот од 1876 г. предлага да се формира Советодавно собрание кое ќе има една "државна персонална комисија",[125] а Собранието ќе имало 25 членови избрани од редовите на "Corps Constitue".[126] Од членовите на ова тело тој предлагал да

се формира и Државниот совет и другите институции. Според него, Уставотворното тело требало да биде под контролата на Високиот шеријатски совет, кој бил составен од претставници на исламските земји од Азија и Африка. Со тоа, тој се залагал всушност да создаде една Исламска империја во која во сила ќе бил шеријатот.[127]

Париската секција на Младотурската партија "Единство и напредок" на 15.VIII 1897 г. во в."Мешверет" во Париз објавила нова и поопширна програма која ги содржувала следните поставки:[128]

1. со својот систем на закони османската држава може да ги регулира "Séparation des pouvoirs"[129] и "Décentralisation administrative"[130] и да ги обезбедува правата на месното население, потоа слободата на совеста и независноста на правосудните органи;

2. Младотурската партија "Единство и напредок" бара да останат во сила законите на Танзиматот и Хатихумајунот како и Вилаетските и другите закони содржани во Законикот на османската држава и обезбедените права во тие закони;

3. бидејќи овие закони не се почитуваат, ние ќе се бориме за нивното спроведување во живот;

4. бараме повторно да се стави во сила Уставот од 1876 г.;

5. споменатиот Устав ќе обезбедува на земјата, односно на народот да учествува во изготвувањето на законите, обезбедува слобода на печатот, лична слобода и слобода на совеста, на пратениците им дава можност да ги слушаат министрите и да учествуваат во расправата за буџетот;

6. овој Устав може уште да се усовршн, да се измени и дополни, но дотогаш тој треба да остане во сила;

7. нашата парола е "Ordre et Progrès". Ние сме противници на употребата на сила;

8. ние не бараме реформи за оваа или онаа провинција, туку за целата земја. Не бараме реформи само за еден народ, туку за сите народи на земјата;

9. во основата на нашите барања лежи зачувувањето на територијалната целост на нашата држава. Тие кои сакаат да откинат делови од нашата земја се сепаратисти и непријатели на татковината;

10. Сакаме да одиме по патот на прогресот;

11. ќе ги сочуваме сите одлики на нашата источна култура, а од Европа ќе ги земеме само општите научни сознанија и резултати. Само овие елементи можат да бидат прифатени

бидејќи се потребни да ну го осветлат патот на еден народ кој само во слободен развој може да просперира;

12. резимето на нашата програма е да се обезбеди единство меѓу сите народи на Империјата, да се сочува интегритетот на Империјата, да остане на власт османската династија, да се обезбеди рамноправност на сите луѓе пред законите, да се обезбеди независност на правосудството, слобода на совеста, учество на народните пратеници во изготвувањето и донесувањето на законите и особено во расправата при донесувањето на буџетот. Усвојувањето на на оваа програма има големо значење за доброто на Империјата, за општиот мир и за спречувањето на интервенцијата на странските држави во внатрешните работи на нашата земја.[131]

Во споредба со програмата од 1895 г. оваа програма е поопширна, но нема некои поевидентни и порадикални новини. Во неа нема определба за оружена револуција. Преку неа, А.Р'за-бej и неговите истомисленици се залагаат за доследно спроведување на законите донесени во периодот од 1839-1876 г. и Уставот од 1876 г. Во неа е дефиниран односот на младотурците спрема националноослободителните движења на христијанските и нетурските муслимански народи кои движења се сметале за сепаратистички и националистички. Со извесни модификации оваа програма претставувала појдовна основа на младотурците во периодот до и по победата на Младотурската револуција. Од оваа програма младотурците во наведениот период многу и не отстапиле, а оние кои се обиделе да отстапат од неа зе биле третирани како непријатели на младотурците, кои во периодот до 1908 година за свој непријател го сметале принцот Сабахадин-бej, а по победата на Револуцијата и Мустафа Кемал-Ататурк.

На Меѓународните конференции за мир во Лахеј, Холандија и Христијансфелд, Данска, во 1899 од А.Р'за-бej презентираната програма на "Единство и напредок" ги добила симпатиите, а и поддршката на учесниците на Конференциите, и пошироко, на европската демократска јавност, со што партијата "Единство и напредок" добила и една мошне значајна меѓународна афирмација.[132]

Во 1899 г. големи активности спровел и Централниот комитет

на "Единство и напредок" во Истанбул што може да се види дури и од германскиот весник "Vossische Zeitung"(Berlin).[133]

Во периодот до одржувањето на првиот младотурски конгрес, во рамките на настојувањата за усовршување, изменување и дополнување на своите политички програми, партијата "Единство и напредок," во април 1900 г., објавила уште една програма од 21 точка.[134] Покрај дотогаш познатите определби и барања, со споменатата програма, партијата од Високата порта барала да се поттикне развојот на селското стопанство и трговијата (чл.17), оданочување на народот според неговите материјални можности (чл.20) и преземање мерки за економско зајакнување на сите Османлии(чл.21).[135]

Стравот од интервенцијата на големите европски сили во внатрешните работи на Османската империја влијаел и врз изградувањето на односот на партијата "Единство и напредок" спрема воведувањето реформи во Османската империја. Поради тоа, таа се залагала за зачувување на статус квото на состојбите во Империјата, што може да се види и од написот на А.Р'за-бej во в."Мешверет" од 15.VII 1900 г.: "Ние, пишува Р'за-бej, навистина сакаме да ги сочуваме нашите закони и институции. Поради тоа сме против реформи што ќе ја потресат социјалната положба на земјата...Ние сме против набрзина менување на состојбите во земјата и се залагаме за доследно спроведување на законите..."[136] Од ова се гледа дека младотурците не се залагале за воведување на радикални, а уште помалку за револуционерни реформи во османското општество. Според нив, со повторното воведување на Уставот од 1876 г., ќе биле задоволени сите барања и потреби од реформи и ќе се зајакнувал државниот владејачки систем, а тоа значело подржување на дотогашниот централистички начин на управување со земјата и спротивставување на управувањето врз принципот на месната самоуправа.

Во централистичкиот начин на управување младотурците ја гле-

дале и шансата за обединување на сите народи или секој поединец без разлика на етничка и конфесионална припадност околу идеалот "заедничка татковина" и развивање на чувства за братство и зачувување на заедничките интереси. Од ова обединување, со тек на времето, не било создадено и едно "културно единство" во што младотурците ја гледале и перспективата на Османската империја.

Во своите објавени манифести, политички програми, брошури и други документи, младотурците укажувале на особено тешката економско-политичка положба на народот. Со тоа тие оставале впечаток дека сакале да соработуваат со народот, се солидаризирале и се бореле за подобрување на неговата положба, а младотурците околу в. " Osmanlı " во Женева дури директно се обраќале до него и го повикувале на оружена револуција.[137] Меѓутоа, тие не биле искрени во својот однос спрема народот. Набрзо се откажале од определбата за "народовластие" наследена од младоосманците. Според Мурад-бej, поради својата заостанатост, народот не можел да ѝ се вклучи на младотурската политичка опозиција,[138] бидејќи тој не барал воведување темелни социјални и политички реформи, не барал воведување на уставен режим, република или право на организирање на штрајк, туку барал само воведување на еден поправеден режим во кој немало да постојат произволности на државните службеници.[139] Мнозинството од младотурците сметале дека народот не бил способен активно да се вклучи во реализацијата на нивната теорија и политичка програма. Меѓутоа, треба да се има предвид фактот дека во османското општество не постоел еден народ, како каков се сретнувал во теориите на европските филозофи. Во османското општество, од едната страна стоела една феудално-клерикална класа која се наоѓала на власт и од другата страна стоеле широките народни маси кои биле економски и социјално експлоатирани и политички обесправени. Поради ова младотурците се откажале од соработка со народот. "Неможејќи"

да организира револуција, со тек на времето народот во очите на младотурците станал елемент на недоверба.[140] Младотурците подоцна почнале дури и да се гнасат од зборот "народ". Тие се плашеле од една вистинска народна револуција.

Наместо соработка со народот, младотурците настојувале да создадат една политичка елита која ќе ја изведува револуцијата. Во едно општество во кое луѓето биле поделени на владетели и потчинети, нормално било да се појави и стремежот за создавање на една општествена категорија на луѓе од воено-граѓанската интелигенција, како елита-повикана за организирање на замислената револуција. Ова сваќање се појавило како резултат на фактот што во периодот до одржувањето на Првиот младотурски конгрес во Европа не избувнала ниедна народна револуција, што било доволно младотурците да се откажат од идејата за соработка со народот и од убедувањето дека народот може да организира револуција.

Итихадџиите покажале интерес и за националното прашање. Нивната основна определба била "единство" и "напредок". Под "единство" се подразбирало создавање на "османско единство", а под напредок"-културно-образовно издигнување на народите. Првата замисла можела да се реализира со обединувањето на народите на Османската империја, а втората со ликвидирањето на причините за заостанатоста и со промената на политичкиот режим, и со оживувањето на економскиот живот во општеството. Реализирањето на овие идеи биле обусловени со непостоење на движења за национални автономии или ослободување, односно, со откинување од Османската империја, и со обезбедување на меѓународни гаранции за интегритетот и суверенитетот на османската држава и со регулирањето на односите меѓу државата и конфесијата на нов и поинаков начин. За реализацијата на последниот услов, според младотурците, народите не требало да останат како интегрални политички групи, туку само како интегрални

културни единици кои ќе останале независни од конфесијата и црквата, односно од државата и конфесијата.

Младотурската партија "Единство и напредок" била паносмански ориентирана политичка организација. Поради тоа, таа во својата програма, обединувањето на народите во Османската империја била принудена да го актуелизира како "национално прашање" кое можело да се разреши само во еден уставно-собранискиси систем и систем во кој ќе постоеле легални политички партии. Меѓутоа, при употребата на зборот "обединување на народите и создавање на една единствена османска нација" младотурците не биле јасни и децидни докрај. Поради тоа се поставувале неколку прашања: 1) Кои биле карактеристиките на нациите? 2) Каква ќе била положбата на нациите во новосоздадената османска нација? 3) Какви односи ќе владееле меѓу нациите во османското единство? 4) Какви спогодби ќе биле обезбедени меѓу нив и државата? 5) Како ќе било реализирано интегрирањето меѓу самите нации и меѓу нив и државата? Сите овие прашања биле отворени и барале јасни и децидни одговори.

Бранејќи ја идејата за "османство" лидерот на Османската револуционерна партија во Женева-Т.Хилми,во една своја објавена брошура, пишува: "Османството не значи исто што и турцизмот. Османството не му прави штета на никого, ниту пак ја засегнува некоја нација. Поради тоа, има ли некој што не сака да биде Османлија".[141] Еден од организаторите на младотурската секција во градот Русе, Бугарија-Ахмед Зеки-бej во в."Islah " пишувал: "...ние не сме ни младотурци ни стари Турци. Ние сме Османлии. Ние бараме нашата држава и татковина да ја спасиме од распаѓање и од европското туторство...".[142] Според Т.Хилми,на народите во Османската империја им прилегало само името Османлија.[143] Тој им порачувал на тие народи да ги заборават меѓусебните етнички и конфесионални разлики, да се сплотат и во еден уставно-парламентарен систем да живеат заеднички. Со тоа според него османството ќе

станало една творевина која ќе се ослонувала на османската династија, на османската татковина и на заедничките интереси на Османлиите. Прифаќајќи ги свесно овие принципи народот ќе ја конституирал османската нација. Најсветата вредност, односно придобивка на новосоздадената османска нација ќе била "заедничката османска татковина" а не османската династија.[144]

Во однос на создавањето на"единствена османска нација" во редовите на младотурците биле создадени разни идејни струи. Според една струја, создавањето на "османската нација" претставувало политичка идеја која можела и требало да се реализира без притисок. Според поборниците на оваа струја, меѓунационалното зближување на народите во Османската империја ќе придонесувало да се ослабнат или наполно уништат националноослободителните движења на христијанските и нетурските муслимански народи кои потоа ќе можеле да ја прифатат идејата за "османство" како единствена и најправилна политичка определба за заеднички живот во османското општество. Според овие младотурци, обезбедувањето на слободи и политички права на народите во Империјата ќе значело еден чекор поблизу до создавањето на замислената и саканата "османска нација". Стремежите на младотурците за создавање на единствена"османска нација" во Османската империја придонеле вели Е.Е.Ремсаур "да се удираат основите на османскиот, а подоцна и на турскиот национализам и верски империјализам".[145]

Меѓутоа, иако од младотурците "османството" било прифатено како нација, со текот на времето кај некои од нив се појавиле некои дилеми и искушенија. Еден од големите идеолози на турскиот национализам-Јусуф Акчура, на пример, сметал дека "османството не била некоја вредност која можела да ги обедини и да ги одржи во живот народите на Османската империја кои имале различни расни и конфесионални потекла".[146]

Поради тоа, подоцна кај некои младотурски лидери се појавила идејата за трансформирање на стремежот за "османство" во стремежот за конституирање на турската нација или повеќе познат како "турцизам". Т.Хилми на пример, порекнувајќи се самиот себе си, во наведената брошура, подолу пишува: "Вистинските Османлии се всушност Турците...Турскиот јазик е османски јазик...Водачи на револуцијата треба да бидат Турците".[147] Овие идеи на Т.Хилми се земаат и како почетни настојувања за формирањето на турската национална свест.[148] Од ова се гледа дека младотурците, иако во своите политички програми не ја вградиле идејата за "турскиот национализам", тие сепак таа идеја и не ја запоставиле. Таа идеја можеби не била прифатена колку и идејата за создавање на единствена "османска нација", но тие никогаш не се откажале од неа, а по победата на револуцијата во 1908 г. отворено ја пропагирале и се бореле за нејзината победа.

Третиот идеен лидер на Младотурското движење бил принцот Сабахадин-бej. Тој, по емигрирање во Париз во 1899 г., воспоставил тесни врски со Едмонд Демоленс - еден од главните претставници на училиштето на Ле Плеј.[149] Сабахадин-бej ги прифатил неговите идејно-политички и филозофски погледи за структурата на општеството под името "Science Socciale"[150] и се обидел истите да ги прилагоди за модернизирање на османското општество. Неговата политичка програма била многу поинаква од оние на А.Р'за-бej, Мурат-бej, на Т.Хилми, И.Сукути, И.Темо и на другите младотурски лидери. Спротивно на политичките програми на споменатите младотурски лидери, принцот Сабахадин-бej за неспроведување на реформи во османското општество не ги обвинувал Китхад-паша, ниту пак султанот Абдул Хамид II. Според него, неуспехот на реформите лежел во структурата на османското општество. Тој сметал дека целата борба не треба да се состои во соборувањето на султансот Абдул Хамид, туку во

трансформирањето на османското општество од источен во западен тип. Поради тоа пишува принцот Сабахадин-бej "ние, погледите треба да ги ориентираме и да ги прилагодиме спрема економските, идејните и политичките погледи на Европа, да го прилагодиме индивидуалистичкиот механизам на нивната структура и да настојуваме да ја поправиме и да ја менуваме социјалната средина". 151)

Принцот Сабахадин-бej се залагал за прифаќање на европскиот тип на општество и неговата економија во чии основи лежеле индивидуализмот, либерализмот, личната иницијатива, парламентаризмот и капитализмот. Во едно такво општество, според него, режимот ги определувал интересите на економските класи, меѓу кои владееле личната иницијатива и конкуренцијата. Додека пак во азискиот тип на општеество, деспотскиот владетел, бирократијата и милитаризмот биле најголеми сили, немало класи, а народот бил третиран како стадо. Споменатите сили, со создадениот механизам, му ги стеснувале на поединецот слободата и личната иницијатива. Во едно такво општество сите државни институции функционирале според тој механизам. Поради тоа, принцот Сабахадин-бej сметал дека еден таков централистички државен систем, во тогашни услови, не можел да владее со една голема империја како што била Османската и со нејзината економија. Во едно такво општество ако човекот не се ослонувал на државата не можел да опстане. 152)

Според принцот Сабахадин-бej најпрво требало да се формира нова влада и да се создаде еден нов образовен систем. Првата област во која требало да се извршат радикални промени велел тој "е создавање на децентралистички систем на управување т.е создавање на систем на месна самоуправа или повеќе познат како систем на "Adem-i Merkeziyet ve Teşebbüs-ü Şahsi". 153) Правото на месното самоуправување, велел тој, треба да се прошири дури до селата. Сите области во Империјата треба да имаат право да организираат свои

општини и правосудни органи. Истото да се направи и во областа на образованието и урбанизмот.[154]

Од горното се гледа дека меѓу младотурските лидери постоеле големи идејни и политички разлики. Меѓутоа, не треба да се испушти од предвид фактот дека сите младотурски лидери биле соочени и со еден ист проблем: на кои општествено-политички сили да се ослонат при реализирањето на своите политички програми?

Ахмед Р'за-бej, уште на самиот почеток, се изјаснил дека народот не претставувал сила која можела да изврши некакви промени во османското општество, бидејќи тој бил необразовен и не знаел што бара, ниту пак ги знаел своите политички права.

Мурат-бej бил убеден дека без да се допре халифот со еден шеријатски акт можело да се воведат реформи и да се создаде една муслиманска империја, а принцот Сабахадин-бej, определувајќи се за принципот на личната самоиницијатива и месната самоуправа, во Париз воспоставил врски со некои националистички и сепаратистички организации какви што биле на пример ермeнската, арапската, курдската и други организации во кои тој ја гледал силата за реализирање на својата политичка програма.

Во рамките на активностите за афирмирање на своите политички идеи принцовите Сабахадин-бej и Лутфуќа-бej во март-април 1901 година објавиле Општ повик до народите на Османската империја познат како "Umum Osmanlı Vatandaşlarımıza (Beyannâme)".[155] Иако овој Повик немал значење на политичка програма, сепак тој бил еден мошне прогресивен документ кој поопределено ги изразувал политичките погледи на младотурците собрани околу принцот Сабахадин-бej.

Во периодот до одржувањето на Првиот младотурски конгрес не успеало да се создаде едно политичко единство меѓу многубројните секции на Младотурската партија "Единство и напредок" во Османската империја и во светот. Неjзините активности се спроведувал

мошне некоординирано и несистематски, поради што не биле реализирани и целите на борбата на оваа партија. Меѓу идеолозите и лидерите на секциите на Партијата се појавиле видни разлики. Нивните погледи и определби биле различни и во употребата на методите и средствата на борбата за рушење на султанот Абдул Хамид и за воведување на уставна демократија во Османската империја.

Голем недостаток на Партијата бил тоа што, таа не успеала да создаде една револуционерна пракса надвор од стремежите за соборување на султанот А.Хамид, а некои младотурски весници дури отворено ја критикувале револуционерноста воопшто.

Младотурската партија "Единство и напредок" не успеала да го постави и го разреши националното прашање. Османството како традиционален политички идеал, наследен од младоосманлиите, претставувало една чиста утопија. Преку османството Партијата безуспешно се обидувала да го сочува единството на многунационалната Османска империја. Меѓутоа, за сочување на замисленото и многу саканото османско единство Партијата не се обидела да изнајде некоја друга вредност која вистински ќе ги обединувала народите на Османската империја.

Со текот на времето младотурците почнале да даваат сè поголемо значење на будењето на турскиот национализам и за доминацијата на турскиот елемент во општеството. Оваа идеја била зајакната и прифатена од сите младотурци во Османската империја и во светот.[156] Таа била афирмирана и пропагирана преку објавените весници, списанија, брошури, повици и други документи.[157] Пробудениот турски национализам, својата борба првенствено ја насочила против странската интервенција, против Советот на државните долгови и против империјалистичките стремежи на големите европски сили.

Во наведениот период, младотурците станале чисти копиранти

на европскиот уставно-парламентарен и многупартиски систем.[158] Нивните политички идеи не биле радикални, тие биле вистински и јавни заштитиници на тогашниот османски општествено-политички систем.[159] Кај сите младотурци била присутна идејата и стремежот за соборување на султанот Абдул Хамид II и на негово место доведување на друг султан од истата династија. Со тоа мислеле дека ќе бидат разрешени сите општествено-политички проблеми на османското општество. Биле убедени дека под нивниот притисок за реформи султанот Абдул Хамид II порано или подоцна ќе биде принуден да попушти и да се повлече од султанскиот трон.[160] Меѓутоа, мора да се подвлече фактот дека активностите на Младотурската организација "Единство и напредок" во наведениот период носеле само заговорнички и тесно секташки карактер[161] поради што таа не успеала да ги постигне и воспоставените цели со своте политички програми и други документи.

3. Односот на Младотурската партија "Единство и напредок" спрема македонското националноослободително движење во периодот до одржувањето на I.Младотурски конгрес (1902 г.)

Во периодот до одржувањето на I.Младотурски конгрес, односот на Младотурската партија "Единство и напредок" спрема македонското националноослободително движење не може да се издвои од односот на оваа партија спрема христијанските и нетурските муслимански народи во Османската империја. Нејзиниот однос спрема споменатите народи бил манифестиран преку објавените манифести, политички програми, брошури, протестни писма и телеграми, статути и други документи. Многубројните секции на Партијата во Османската империја, на Балканот, во Европа и Египет се стремеле за обединување на сите народи во Османската империја "под идеалот за општата љубов спрема османската татковина, под доминацијата на турската нација".[162] Во тоа обединување тие всушност ја гледале единствената и последната шанса за создавање на еден опозиционен сојуз во борбата за соборување на султанот Абдул Хамид II и воведување на уставна демократија во земјата како императив за спасување на нејзината независност и територијална целост. Стремежот за создавање на "единствена османска нација" под името "Османлии"[163] од народи со различни етнички и конфесионални потекла претставувала определба која според И.Темо била прифатена уште при самото формирање на Младотурската партија "Единство и напредок" во 1889 г., а истата била вградена во сите подоцна објавени политички документи на Партијата. Според Статутот од 1891 год. во Партијата можеле да се зачленуваат сите луѓе без разлика на нивната народносна и верска припадност, но под услов добро да работат, со работата да стекнат доверба и да станат примерни пода-

ници...[164] Оваа определба била потврдена и во објавените мани-
фести во 1895 г. и подоцна,[165] во политичките програми,[166] бро-
шури, повици и статути. Во пусовршена, но неизменета форма оваа
определба била вградена и во Статутот објавен во 1895/96 г. од
ЦК на Партијата во Истанбул. Според чл. 1 од овој Статут "Осман-
ската партија 'Единство и напредок' ја сочинувале сите Османлии
-сотатковници муслимани и христијани, жени и машки поданици кои
се бореле за правда, рамноправност и слобода на сите народи, се
бореле за сменување на Владата која го спречувала прогресот на
сите Османлии и ја предала татковината на странците".[167] Според
чл.2 "целта на Партијата била да ги заштитува интересите на сите
поданици на Империјата без разлика на нивната национална, племен-
ска, полова и конфесионална припадност. Членот на Партијата бил
слободен и независен во своето гласање, бил должен да ги заштити-
тува само општите интереси на сите поданици во државата".[168]
Според чл.3 од овој Статут, Партијата се борела "за соборување
на Владата и за воведување на уставно-парламентарен режим кој ќе
претставувал извор и заштита на правата на човекот, ќе обезбеду-
вал културно-образовен прогрес, ќе ги врател и ќе ги заштитувал
добриот морал и воспитание и ќе придонесувал за општиот напредок
на човештвото и цивилизацијата".[169] Откога Османската влада ќе
била трансформирана во една влада која ќе обезбедувала независ-
ност, напредок и рамноправност, тогаш Партијата за своја света
должност ќе ја сметала поддршката и помошта на новосоздадената
Влада во зачувувањето на територијалната целост и независност,
во подобрувањето на образованието, во возвишувањето на моралот,
во зголемувањето на богатството, во проширувањето на трговијата
и во подобрувањето на комуналните работи за сите Османлии(чл.5).[170]
Според чл.25, член на Партијата можел да биде секој поданик кој

прво станувал Османлија...и кој ќе бил готов да се бори за целите на Партијата, откажувајќи се од своите чувства и потреби...",[171] а оној кој не ќе се придржувал спрема одредбите на Статутот ќе бил третиран како "непријател на татковината"(чл.32).[172]

Мнозинството од секциите на Партијата "Единство и напредок" во наведениот период имале однос на недоверба спрема христијанските народи во Османската империја поради што тие биле и против зачленувањето на христијаните во Партијата. Ова мошне добро може да се види од еден Извештај испратен од групата на некој си Хоџа Мухидин-водач на улемата на Каирската секција - до ЦК на Партијата во Истанбул во кој пишувал: "...за жал не може да се верува дека немуслиманските народи под името 'османство' заедно со муслиманските сотатковници ќе работат за интересите на државата и халифатот, бидејќи секој народ во својата глава има некоја желба или цел. Грците работат за интересите на Грција, а "Бугарите" за интересите на Бугарија. Ерменците пак се стремат за создавање на Ерменија...Поради тоа, знаејќи ги нивните стремежи, ако во сегашни услови им веруваме на Грците, Ерменците и "Бугарите" дека искрено ќе работат за општите интереси на татковината, тогаш Европа ќе не смета за безумни..."[173] Овој однос на младотурската група на Хоџа Мухидин бил резултат на убедувањето дека "од муслиманите Европа повеќе ги заштитувала христијаните кои по влегување во Партијата ќе се стремеле неа да ја претворат во христијанска и во борбата за реализирање на своите национални стремежи ќе настојувале да ја уништат истата..."[174]

Воениот аѓутант на султанот Абдул Хамид II-Шериф-паша во своето испратено писмо до султанот на 25.VIII 1895 г. пишувал: "Турците, Арапите, Черкезите, Албанците, Курдите и другите муслимански народи нема да ги жртвуваат своите национални интереси за

интересите на христијанските народи. Бидејќи, Грците дури и "Св. Софија" би ја претвориле повторно во црква, а Ерменците би ја распарчиле Империјата. Според тоа, дали од овие луѓе може да се создаде едно Народно собрание? Дали од овие луѓе може да се очекува да мислат за интересите на земјата?" 175)

Поддржувајќи го овој однос на Шериф-паша спрема христијанските народи Хусеин Џахид-Јалч'н - еден од најголемите заштитници на политиката на Младотурската партија "Единство и напредок" и нејзин пратеник во Османскиот парламент, многу години подоцна, поточно во 1935 г. пишува: "Што се однесува до уставно-парламентарниот режим, ние со години верувавме дека татковината ќе може да се спаси со обединување на христијанските и нетурските муслимански народи со турскиот народ во борбата за воведување на таков режим. Меѓутоа, подоцна увидовме дека најголемата опасност за одржувањето на тој режим во Османската империја доаѓаше од христијанските и нетурските муслимански народи. За одбраната на уставно-парламентарниот режим искрено се бореа само Турците. Само за Турците земјата беше - татковина...За Бугаринот татковина значеше-Македонија, но откината и припоена кон Софија, па дури и повеќе од тоа, Бугаринот сакаше дури и Истанбул да ѝ се даде на Софија. За Гркот - татковина значеше Истанбул и откинување на делови на Анадолија и нивно приклучување кон Истанбул.

Ерменецот мислеше да ја распарчи Анадолија и таму да создаде ерменска држава.

Арапите и Албанците беа верско сврзани со Истанбул. Меѓутоа, кој можеше да им верува на овие дека нема да им се приклучат на оние кои ќе им дадат повеќе пари и ќе им обезбедат поголеми привилегии?

Според тоа, судбината на земјата остануваше само во рацете

на Турците...Еве, стремежите за воведување на уставно-парламентарен режим се сретнаа со вакви деликатни проблеми, а Партијата "Единство и напредок" не беше способна да ги разреши овие проблеми..." 176)

По Србите, Грците и Бугарите, на крајот на XIX в. борба за својата независност и национално самоопределување почнале да водат и другите народи на Османската империја. На крајот на XIX и почетокот на XX век, освен Младотурската партија "Единство и напредок" во Османската империја како опозициони организации биле формирани и ерменски, 177) еврејски, арапски, албански, курдски и други комитети, а во октомври 1893 г. и Македонската револуционерна организација (МРО). Овие комитети според А.Т.Арутунов "имале единствена цел - по пат на зачестени востанија и демонстрации да го предизвикат замешувањето на европските држави во работите на Турција..." 178) Активностите на овие националноослободителни организации "предизвикале кризи на декаденција во Османската империја која не можела да остане настрана од настаните на времето". 179) Според Д.Е.Еремеев, "во овој период младотурците ги подржувале тајните буржоаско-националистички организации на Ерменците, Евреите и Арапите". 180)

Македонската револуционерна организација за кратко време по своето формирање се изградила, омасовила и се зајакнала. Таа својата борба ја насочила против тогашниот владејачки систем и против туѓонационалните пропаганди. "Нејзината борба вели Х.Н. Брајлсфорд, претставуваше нешто повеќе, отколку еден протест против економската мизерија..." 181)

"Борбата за создавање на автономна македонска држава вели А.Христов, МРО ја постави како заедничка цел на македонскиот народ и на народностите во Македонија кои по остварувањето на истата ќе

добиваа полна рамноправност и полна национална, политичка, економска и конфесионална слобода".[182]

Во услови на зајакната идејно-политичка и оружена борба, поради некои субјективни слабости и низа случајности доаѓало до провали во работата на МРО. Дреновската провала во 1895 г., Доневата во 1896, Виничката во ноември 1897, Валандовската и Новоселската во 1899, Битолската во 1900, Големата солунска, Иванчовата и аферата на мис Елен Стон во 1901 г., Ракитничката во јуни 1902 г, потоа провалата во Смрдеш во мај 1903 г. и многу други афери и акции[183] "ја извлекле МРО вели Д.Димески од анонимност и ја покажале нејзината разгранетост, масовност и сила".[184]

Провалите во работата на МРО придонеле за нејзиното постоење да дознаваат османската власт[185] и европската јавност која почнала да покажува поголем интерес за МРО и за "македонското прашање".

Виничката провала од ноември 1897 г.[186] и другите провали по неа, само го потврдиле фактот дека МРО станала една мошне добро организирана и силна револуционерна организација на која морале да сметаат и османската власт, и големите европски сили, и соседните балкански држави-претенденти врз Македонија и Младотурската партија "Единство и напредок".

Односот на Младотурската партија "Единство и напредок" спрема македонското националноослободително движење и спрема МРО во периодот по Виничката провала треба да се анализира во рамките на политиката на оваа партија спрема националноослободителните движења на нетурските народи во Османската империја. Идејните и политичките водачи на оваа партија сметале дека дотогаш изградените слаби меѓунационални врски меѓу народите во Османската империја биле причина за создавање на поволна почва за појавува-

њето на национализмот, а подоцна и на националноослободителните движења на овие народи кои со текот на времето ги придобиле широките народни маси од своите нации и станале сепаратистички движења.

Во периодот до одржувањето на I.Младотурски конгрес, а и по него, Младотурската партија "Единство и напредок" кокетирала со нетурските народи во османската држава.[187] Таа формално ги повикувала сите "Османлии" - Турците и сите христијански и нетурски муслимански народи во Османската империја да се обединат во борбата за враќање на изгубените права и слободи[188] и да се спасат од уништување.[189] Свесна дека од ударите на националноослободителните движења на христијанските и нетурските муслимански народи-Арапи, Ерменци и народите на Балканот распаѓала Османската империја,[190] таа усно ги признавала правото на самостојна егзистенција на овие народи во рамките на Османската империја. Не правејќи никакви етнички и конфесионални разлики, таа во своите објавени повици во периодот пред и по Младотурската револуција - христијанските, нетурските муслимански народи и Евреите ги именувала како браќа,[191] а Ахмед Р'за-бej во упатениот меморандум до учесниците на Меѓународниот конгрес за мир во Лахеј,Холандија, овие народи ги именувал дури и како "деца на заедничката татковина".[192] Останувајќи под влијанието на Огист Конт и неговата позитивистичка филозофија А.Р'за-бej се залагал за создавање на "ред и поредок, единство и еднообразност за османските сотатковници".[193] Одгласувајќи се на овие повици "на Младотурската партија 'Единство и напредок' вели турскиот историчар Енвер Шаполјо и пристапиле и претставници од буржоазиите на христијанските народи - Грци, Ерменци, Арапи-христијани, а потоа и Евреи и нетурски муслимански народи-Арапи, Албанци, Курди, Черкези, Друзи и други".[194]

Критикувајќи го односот на султанот Абдул Хамид II спрема нетурските народи во Османската империја, младотурците честопати изјавувале: "Ние сметаме дека излезот на Турција е во создавање на автономни народи...".[195] Меѓутоа, при употребата на зборот "федерација на автономни народи" младотурците не мислеле навистина да создаваат автономни области во Османската империја. Тие напротив, најмногу се плашеле од употребата на зборот "автономија". Според нив, создавањето на автономни области на Балканот алудирајќи најмногу на Македонија, всушност значело одење еден чекор напред во реализирањето на целите на балканските христијански и нетурски муслимански народи за добивање на целосна независност. Покрај ова, според нив во овие автономни области полесно можело да се оствари и руската интервенција и заштита. Според нив, по автономистички принцип од Османската империја се откинале Црна Гора, Србија, Источна Румелија, Тунис, Египет и други области.

Во периодот на апсолутистичкото владеење на султанот Абдул Хамид II биле стеснети можностите и условите за реализирање на идејата за создавање на автономни области во Османската империја. На Балканот само Македонија била една османска словенска и христијанса област. Според тоа, примената на принципот за создавање на автономни области, според Младотурската партија "Единство и напредок" значело и дефинитивно распарчување на исламското единство. Воведувањето на една месна самоуправа во Македонија, во една "муслиманска Албанија" или во муслимански арапски области значело и нивно откинување од Османската империја во што според нив голем придонес би имале големите европски сили. За спречување на ова, Младотурската партија "Единство и напредок" се определила за централистичко управување со Империјата, но во услови на воведен уставно-парламентарен механизам[196] и

намалување на влијанието и прерогативите на моќните штетната и високобирократската Османскат влада.[197] Обвинувајќи ја таа влада за лошо управување со земјата во една статија објавена во в."Мизан" во 1897 г. Мурад-бej пишува: "Ако владата на Османската империја се прибере себе си и го избере патот на спасот и напредокот заедно со другите проблеми дури и 'македонското прашање',.. ќе биде дефинитивно разрешено и ликвидирано и истото ќе исчезне од сини и црвени книги".[198]

Со текот на времето Младотурската партија "Единство и напредок" сé појасно го искажувала својот однос спрема движењата на нетурските народи. Во својата политичка програма од 1897 г. (т.9), таа децидно го манифестирала својот однос спрема тие движења со следните зборови: "...Тие кои сакаат да откинат делови од нашата земја се сепаратисти и непријатели на татковината",[199] а ЦК на Партијата во Истанбул објавил: "Сите тие што го креваат знамето на сепаратизмот се наши злобни непријатели".[200] Партијата "Единство и напредок" четите на МРО ги поистоветувала со четите на српската, бугарската, грчката и другите пропаганди. Според неа, "сите тие комитски организации се бореле за уништување на Османската империја, а само таа самата се борела за продолжување на нејзиниот живот и сочување на нејзината територијална целост и независност".[201]

Младотурската партија "Единство и напредок" се залагала за воведување реформи во сите делови и за сите народи на Османската империја, но, под услов реформите да не им дадат можност на некои провинции да се откинат од Османската империја. Надвор од тоа, зборот "реформа" за А.Р'за-бej имал сепаратистичко значење.[202] Давањето автономија на Крит, според

Младотурската партија "Единство и напредок" било резултат на голема слабост и претставувала голема грешка, а давање автономија евентуално и на Македонија би била уште поголема грешка и би ги принудила муслиманите - поборници за реформи во неа да кренат востание.[203] Партијата "Единство и напредок" ја отфрлила можноста за организирање на оружена револуција. Според А.Р'за-бej, "една оружена и крвава револуција не би била корисна за Османската империја, туку само за големите европски сили кои по избувнувањето на револуцијата веднаш би интервенирале во Османската империја.[204]

Во в."Мешверет" не може да се сретне на напис од кој може да се види за постоењето на некоја директна врска меѓу Младотурската партија "Единство и напредок" и МРО. Задржувајќи се на односите меѓу споменатите организации, А.Ф. Милер пишува: "Во тоа време уште не била воспоставена никаква соработка меѓу турските и нетурските национални организации во Македонија. Дури и најпрогресивните и највисоките претставници на турското општество, македонските револуционери не ги сметале како свои сојузници во борбата со режимот на султанот Абдул Хамид II, туку ги сметале како свои национални непријатели кои се стремеле да ја распарчат целоста на Османската империја. Во тој однос младотурците не се измениле до самиот почеток на Младотурската револуција во јули 1908 г. Тие дотогаш ја продолжиле линијата на своите претходници - Новите османлии..."[205] Меѓутоа, спротивно на оваа констатација на Милер, од некои извори надвор од в. "Мешверет" се гледа дека А.Р'за-бej вложувал големи напори за спогодување со Ерменците,[206] на кои во 1900 година дури упатил директен повик за обединување во политичката борба против султанот Абдул Хамид II.[207]

Во периодот до одржувањето на Првиот младотурски конгрес во 1902 г. во Париз со своето дејствување МРО го скренала вниманието на европската јавност и на некои кругови, односно секции на Младотурската партија "Единство и напредок" во Европа и на Балканскиот Полуостров, кои почнале организационо да се изградуваат угледувајќи се на неа и да ги употребуваат нејзините методи и средства за соборување на режимот на султанот Абдул Хамид II и за воведување на уставо-парламентарен режим во Османската империја. Таа го скренала вниманието и на Османската револуционерна партија во Женева предводена од младотурците Тунали Хилми, Исхак Сукути, д-р Ибрахим Темо, д-р Абдулах Цевдет, Акил Мухтар, Нури Ахмед и др.[208]

Се претпоставува дека Османската револуционерна партија соработувала со Македонскиот таен револуционерен комитет (МТРК) кого во 1898 година го основале некои студенти студенти во Швајцарија и се наоѓале под влијание на анархистичките идеи.[209] Под влијание на МТРК[210] една група млади луѓе-свршени гимназијалци, во април 1903 г. извршиле атентати врз главни објекти во Солун-Отоманската банка, поштата, францускиот брод "Гвадалкивир", фабриката за гас и други значајни објекти на големите европски сили во Османската империја.[211] Задржувајќи се на акциите на солунските атентатори, Т.Хилми во в."Османли" пишува дека такви акции требало да се организираат и во другите делови на Османската империја. Определбите на Османската револуционерна партија за организирање на револуција траеле само до 1900 г. Се претпоставува дека споменатите определби биле земени од МТРК.[213] Се претпоставува исто така дека Османската рево-

луционерна партија својата парола "правда или смрт" ја зела од паролата "слобода или смрт" на МРО.[214]

Дејствувајќи во еден ист период и скоро во исти економски, политички и други услови, Младотурската партија "Единство и напредок" и МРО вршеле влијание една врз друга и се развивале во едни за себе специфични услови. Поради тоа, нормално било првите директни контакти меѓу спомематите организации да бидат воспоставени во Македонија односно на Балканскиот Полуостров каде била мошне активна Балканската организација на "Единство и напредок". Освен тоа, воспоставената економско-трговска соработка меѓу турското и македонското население во Македонија и надвор од неа довела и до политичка соработка и меѓусебна заштита и поддршка во определени ситуации.

Најеклатантен пример на една таква соработка може да се земе случајот во Пловдив во 1898 г. кога поради ставање на сликата на еден од лидерите на младоосманлиското движење Али Суави во една кафана дошло до голем судир меѓу младотурците и луѓето на султанот Абдул Хамид II [215] по кој судир на авторот на сликата на Али Суави-Јунус Беќир-бej и други младотурци засолниште и заштита им дал Македонскиот комитет во градот.[216]

До соработка меѓу младотурците и Македонскиот комитет во 1898 г. дошло и во бугарскиот град Русе.[217] Во таа година младотурчинот Ахмед Беки-бej заедно со делегатот на Македонскиот комитет од Русе-адвокатот Дочков учествувале на организираниот антисултански митинг во Софија на кој митинг тие ги изложиле целите на политичката борба на Младотурска-

та партија "Единство и напредок" против режимот на султанот Абдул Хамид II.[218]

Претставникот на Македонскиот комитет во Русе, д-р Истанифон на организираниот антисултански митинг во Русе, повторно ги подржал стремежите на младотурците за соборување на режимот на султанот Абдул Хамид II и за воведување на уставна демократија поради што тој потоа бил избран за претседател на Младотурскиот комитет во Русе.[219]

На крајот на XIX и почетокот на XX в. се пробудил и турскиот национализам кој својата идејна и политичка борба ја насочила првенствено против интервенцијата, економската експлоатација и империјалистичките стремежи на големи европски сили. Поради тоа ЦК на МП "Единство и напредок" во Истанбул пробудил интерес за национализмот на христијанските и нетурските муслимански народи во Османската империја. Во тие рамки треба да се сфати и неговото интересирање за испеаните патриотски песни на некои затворенници од Македонија на островот Хиос на Егејско Море.[220]

Од објавените политички програми и други документи на МП "Единство и напредок" јасно може да се види дека таа уште од самиот почеток била против воведување на реформи само во некои области и за некои народи на Османската империја за што се залагале големите европски сили. Тие реформи, според таа партија, можеле да доведат до создавање на автономни области кои подоцна би барале да се откинат од османската држава.

Споменатите ставови на Партијата "Единство и напредок" најдобро можат да се видат во написот на А.Р'за-бej во в."Мешверет" под наслов "Македонското прашање". Во тој

напис Р'за-бej мошне отворено го изложил ставот на споменатата партија спрема големите европски сили и спрема македонското прашање и другите прашања во Османската империја. Во споменатата статија тој меѓудругото пишува: "Скоро во сите делови на Империјата се случуваат некои настани... Нив ги посакуваат, и султанот и големите европско сили. Меѓутоа, забележливо е дека тие не дозволуваат истовремено да се случуваат повеќе настани, бидејќи, тие би го забрзале распаѓањето на Империјата...По разрешувањето на "Критското" се појави "македонското прашање"...Ние со македонските комитети не можеме да се разбереме од принципиелни причини. Автономијата што ја бараат тие комитети значи и распарчување на османската држава. Ние таквата автономија не ја прифаќаме. Поради исти работи не можеме да се разбереме ниту со ерменските комитети. Реформите што ги бараат македонските и ерменските комитети само за некои области, ние ги бараме за цела Турција...Ах тие Ерменци, Критјани, Арапи, Албанци, Турци, Османлиски Грци - кога би ги обединиле своите акции против султанскиот режим, ние одамна ќе бевме ослободени од него..."[221]

Односот на Младотурската партија "Единство и напредок" спрема движењата на нетурските народи во Османската империја бил искажан и во бошурата на Али Фахри објавена во 1909 г. во Женева. Освен предлогот за свикување на младотурски конгрес, тој во споменатата брошура "за среќата на сите Османлии" ги повикувал сите народи во Османската империја да се обединат во општата и заедничката борба против режимот на султанот Абдул Хамид II.[222] Тој ги повикувал револуционерните групи и комитети на христијански-

те и нетурските муслимански народи да не се борат за своите национални интереси, туку да се сплотат со младотурците во една општа борба против режимот на султанот Абдул Хамид II,[223] да ја соборат тогашната влада и да донесат слобода и рамноправност за сите сотатковници на Империјата.[224] Фахри Али натаму во споменатата брошура подвлекува дека требало да се работи под притисокот на времето, бидејќи, тоа не работело за младотурците. Нереагирањето на таа ситуација, според него било рамно на злосторство.. бидејќи, голем број невини луѓе лежеле во затвори за кои плачеле мајќите, сестрите, браќата и жените.[225]

Во објавениот "Општ повик" до сите сотатковници на Османската империја од принцовите Сабахаддин-бej и Лутфула-бej во пролетта 1901 г., дошол до израз односот на "Лигата за месната самоуправа и личната иницијатива" спрема револуционерните движења на нетурските народи во Османската империја. Главниот акцент во споменатиот Повик бил даден на обединувањето на народите во политичката борба за рушење на режимот на султанот Абдул Хамид II од кој страдале сите народи на Османската империја и кој режим претставувал главна сопирачка за воведување уставна демократија во земјата. Покрај другото во Повикот се велело и следното: "Нашата основна цел е да ги обединиме нашите сотатковници Турците, Арапите, Албанците, Ерменците, населението од Македонија, Грците, Курдите, Евреите и другите народи, да му ставиме крај на овој лош режим и да ги поставиме основите на утрешниот поправеден владејачки систем"[226]

Од Повикот се гледа дека и принцовите Сабахаддин-бej и Лутфула-бej се залагале за создавање на заминеното

"османско единство". Според нив, за да се заземе место меѓу слободните и културните нации во светот, "новосоздадената османска нација" требало да го зајакне својот социјален живот т.е. без разлика на етничко и конфесионално потекло, под името "Османлии" на сите народи, на машки и женски сотатковници требало да им се обезбедат исти материјални и морални можности. Таа цел според нив можежело да се реализира единствено со унапредувањето на воспитанието и образованието...[227)]

Односот на принцот Сабахаддин-бej спрема христијанските народи најдобро може да се види од следното негово мислење: "На христијанските народи вели тој, привилегиите не ги даваме како права, туку како подарок или милост.Ние од нив сме живееле одвоено и друго сме миелеле. Не сме се обиделе да ги придобиеме нивните срца, поради тоа и ја изгубивме половината од татковината. Во Османската империја освен Турците, другите народи мислат дека ако се издвојат од државата ќе ги обезбедат и ќе ги заштитат своите национални интереси. Поради тоа, на тие народи не им се допаѓа султанското владеење. Покрај ова, тие не гледаат никакви гаранции и перспективи за своите иднини во програмите на тие кои се борат против султанскиот режим".[228)]

Со цел да им се даде надеж на нетурските народи кои се стремеле да се откинат од Османската империја,принцот Сабахаддин-бej на местото на тогашниот централистички систем, се залагал да се воведе уставно-парламентарен систем организиран на принципот на месната самоуправа односно административна децентрализација. Според него, не требало да се дозволи доминацијата на една нација над другите,

туку да се зголеми учеството на христијанските народи во управниот систем на земјата. Таа била и главната мотивација поради што вели Ј.А.Петросјан "ерменските, грчките, и бугарските емигрантско-буржоаско-револуционерните комитети воспоставиле контакти со лидерите на младотурското движење".[229] Според Е.Ф.Најт пак младотурците се обидувале да ги убедат лидерите на споменатите комитети во искреноста на своите намери подвлекувајќи дека "на преден план во нивната политичка програма било обезбедувањето на целосна рамноправност пред законите за сите народи во Турција без разлика на нивното племенско и верско потекло".[230]

Односот на принцот Сабахаддин-бej спрема нетурските народи во Османската империја придонесол ерменското, албанското, арапското, курдското и другите национални движења од А.Р'за-бej повеќе да му бидат склони нему, не поради неговите идеали, туку поради националните интерси на своите народи. Во такви услови сосема нормално било некои припадници од споменатите народи да станат и активни членови на "Лигата за лична иницијатива и административна децентрализација" на принцот Сабахаддин-бej, на МП "Единство и напредок" на А.Р'за-бej и на други младотурски партии, друштва и групи.

Во периодот до одржувањето на Првиот младотурски конгрес, Балканската организација на Младотурската партија "Единство и напредок" во Македонија отворила само две секции и тоа само во Битола и Солун.[231] Поради слабата активност на споменатите секции во Македонија, не можело да се очекува тие да одиграт и некоја позначајна улога во револуционизирањето на широките маси на турскиот и другите

народи во Македонија. Во тие рамки треба да се разгледуваат слабите и неконтинуираните врски меѓу младотурската партија "Единство и напредок" и МРО во наведениот период. Меѓутоа, во тој период честопати инцидентно доаѓало до некои контакти меѓу истакнати лидери на споменатите организации во Македонија. Така во есента 1901 г. дошло до средба меѓу кајмакамот[232] на Разлошка аколија - Тасим-бej[233] и Ј.Сандански,[234] а во годините пред Илинденското востание до средба меѓу младотурчинот Сулејман-бej и лидерот на МРО-Г. Делчев.[235]

4. I.Младотурски конгрес. Раздорот во младотурското движење и формирањето на нови младотурски организации

Во март 1901 г. Дамад Махмуд-паша од Каиро покренал иницијатива за свикување на еден општ младотурски конгрес. За таа цел, тој преку некои светски телеграфски агенции упатил повик до ЦК на Младотурската партија "Единство и напредок" во Истанбул за преземање на иницијативата за свикување на конгресот. Според Д.Махмуд-паша на конгресот требало да учествуваат незадоволните младотурци, Ерменци и други .[236] Ова прашање го актуелизирале и неговите синови - принцовите Сабахадин-бej и Лутфулла-бej во нивниот "Општ повик до сите османски сотатковници" упатен во март-април 1901 г.[237] ЦК на "Единство и напредок" со задоволство ги прифатил споменатите иницијативи и повици од причина што според него конгресот ќе можел да одигра значајна улога во создавањето и сочувањето на моштне потребното единство на Партијата. Спрема споменатите повици Парискатa секција на "Единство и напредок" предводена од А.Р'за-бej прво реагирала воздржано и неутрално, а ги прифатила истите дури кога забележила дека самата можела да биде причина за раскинување со сите младотурски секции.[238] Иницијативите за свикување на младотурскиот конгрес ги подржале и Балканската организација и секциите на "Единство и напредок" во Османската империја.

Одржувањето на младотурскиот конгрес ќе имало големо значење и за ерменските, арапските, албанските и другите комитети, а секако и за МРО до колку таа учествувала на него. Споменатите организации преку овој конгрес добивале можност за воспоставување на директни контакти со младотурските организации и можност за јавна афирмација и излегување од анонимност. Меѓутоа, поради стремежите на овие организации не можело да се

очекува изнаоѓање на некој компромис за создавање на едно единство меѓу споменатите организации и Партијата "Единство и напредок" која нив ги третирала како сепаратистички и непријателски организации па дури и не се согласувала тие да учествуваат на конгресот.[239] Единствено заедничката определба за соборување на султанхамидовиот режим давала минимални шанси за нивно спогодување во таа борба. Во такви услови од 4-9.II 1902 година во Париз бил одржан I.Младотурски конгрес.

Покрај претставниците на младотурските групи, друштва и партии од Египет, Кипар, Бугарија, Романија и европските земји,[240] на Конгресот учествувале и претставници од националноослободителните движења на христијанските и нетурските муслимански народи - Ерменците, Грците, Арапите, Албанците, Курдите, Черкезите и Евреите.[241] На конгресот не била претставена само МРО.

Конгресот го отворил и со него раководел принцот Сабахадин-бој. Обвинувајќи го султанот Абдул Хамид II за тешката ситуација на Османската империја тој се обидел да ги помири и обедини сите групи и партии - учеснички на Конгресот. Принцот Сабахадин-бој се залагал за обезбедување на полна рамноправност меѓу сите народи во Империјата без разлика на нивната етничка и конфесионална припадност, што може да се види и од неговиот одржан говор на отворањето на Конгресот. "...Ние, рекол тој, се бориме за воведување на реформи кои нема да бидат на штета на ниеден народ на нашата земја, или на штета на некоја конфесија или секта. Ние се бориме за воведување на реформи за сите Османлии".[242]

На Конгресот расправата се водела по овие тези:[243]

1. Покрај пропагандата преку печатот и публикациите која не била доволна, за подготвувањето на победата на револуцијата треба да се употребат револуционерни методи и да се вклучат

оружените сили на земјата;

2. обезбедување на странска интервенција при самото избувнување на револуцијата поради тоа што во Османската империја не постоеле услови за нејзино организирање од страна на Турците или Османлиите.

Првата теза била предложена од Ерменците кои настојувале да ги убедат учесниците на конгресот дека без странската интервенција не можеле да бидат воведени реформи во Османската империја. Тие најмногу инсистирале за спроведување на чл.61 од Берлинскиот договор и спроведување на Англиско-француско-руската спогодба од 11 мај 1895 г. за воведување на реформи во некои делови на Источна Анадолија.[244]

Споменатите тези ги прифатил и принцот Сабахадин-бej, а по негово инсистирање, и мнозинството од учесниците на конгресот. Кон овие тези се приклучиле и претставниците на грчките, ерменските и албанските комитети кои настојувале и за усвојување на нивниот предлог за воведување на реформите предвидени со Парискиот договор од 1856 и Берлинскиот договор од 1878 г. На нивниот предлог се спротивставил А.Р'за-бej кој сметал дека неговото прифаќање значело упатување на отворен повик на Европа за наводна "добронамерна интервенција" во внатрешните работи на Османската империја.

Евидентно било дека во периодот до одржувањето на I.Младотурски конгрес, а и на самиот конгрес, претставниците на комитетите на нетурските народи, особено Ерменците, Грците и Албанците искрено не ги подржувале стремежите на Младотурската партија "Единство и напредок" за воведување на уставно-парламентарен режим и вистински реформи кои би ја зајакнале Османската империја. Тоа се правело од причина што националноослобо-

дителните движења на нетурските народи се бореле за стекнување на полна независност од Османската империја. Таа независност можела да се стекне само во една слаба османска држава. Поради овие противречни ставови, Конгресот не успеал да создаде единство во Младотурското движење. Наместо да се сплотат во борбата за рушење на султанхамидовиот режим, младотурците и претставниците на националноослободителните движења на нетурските народи се поделиле на две групи со што во младотурското движење биле создадени две независни политички организации. Групата на А.Р'за-бej на местото на старата Младотурска партија "Единство и напредок" создала нова партија со име "Osmanlı Terakki ve İttihad Cemiyeti",[245] а групата на принцот Сабахадин-бej ја основала партијата "Ligue de décentralisation administrative et d'initiative privée".[246]

а. Идејните погледи и политичките програми на Младотурската партија "Напредок и единство" во периодот по I.Младотурски конгрес

Партијата "Напредок и единство" била формирана од младотурци-поборници на зајакнувањето на централистичкиот начин на управување со земјата и противници на добронамерната странска интервенција во време на избувнувањето на револуцијата.[247] Поради тоа, тие биле именувани како "централисти" и "противници" на странската интервенција што може да се види и од издаденото соопштение на оваа Партија на крајот на конгресот.[248]

По Парискиот младотурски конгрес Партијата "Напредок и единство" раководена од А.Р'за-бej настојувала да ги зајакне своите активности и во самата Османска империја за што сведочат тајните преписки меѓу секциите на Партијата во Османската империја со центарот во Париз.[249]

По претрпениот пораз на Парискиот конгрес, А.Р'за-бej и неговите истомисленици биле принудени да се ориентираат и кон активирање на издавачката дејност на Партијата. Како резултат на ова, Партијата "Напредок и единство" продолжила со издавањето на в."Мешверет" на фр.јаз., а од 1о април 19о2 г. и со издавањето на в."Şura-i Ümmet" во Каиро односно од 19о6 г. во Париз. Во овој весник најмногу се пишувало за продолжувањето на животот на Османската империја, за неправилностите на Османската влада, за апсолутизмот на султанот Абдул Хамид II, за спречувањето на странското мешање во внатрешните работи на Османската империја, за повторното воведување на укинатиот Устав од 1876 г. и за друго. Преку овој весник на 1о април 19о2 г. од Каиро бил упатен повик до сите народи на Османската империја[250] и била објавена Првата програма на Партијата "Напредок и единство". Програмата ги содржувала следните поставки:[251]

1. сочување на политичката независност и територијалната целост на османската држава и спречување на странската интервенција во нејзините внатрешни работи;

2. соборување на апсолутизмот на султанот Абдул Хамид II, воведување на уставно-парламентарен режим и почитување на одредбите од укинатиот Устав;

3. обезбедување на единство меѓу сите Османлии во земјата;

4. барање од Османската влада да ги задоволи потребите на времето и напредокот;

5. афирмирање и пропагирање на идејата за реформи меѓу сите народи на Османската империја и докажување пред светот дека Османлиите не заслужувале да бидат лишени од местото кое им припаѓало според нивните способности и вредности;

6. зајакнување на Османската династија и институциите на Халифатот, но под услов тие да бидат полезни за османската татковина и нација.

Поставките на оваа програма произлегувале од програмите на Младотурската партија "Единство и напредок" од 1895 и 1897 г. односно претставувале нивно повторување и потврдување. Со сосе-

ма мали измени оваа програма останала во употреба до 1906 г. кога младотурците своите идејно-политички погледи од буржоаски реформизам ги трансформирале во буржоаски револуционерирам. Тие до II.Младотурски конгрес биле противници на оруженото востание. Во наведениот период нивната борба се состоела само од политичка пропаганда спроведена преку печатот и некои други публикации. За оружено востание тие се определиле дури на II.Младотурски конгрес одржан во 1907 г.[252]

Во фундаментот на идејно-политичкиот систем на Младотурската партија "Напредок и единство" во периодот по I.Младотурски конгрес повторно лежела доктрината на паносманизмот. Во овој период идејата за создавање на единствена османска нација била дури и понагласена. Поради тоа А.Ф.Милер со право вели дека "идеологијата на младотурците се ослонувала на османизмот".[253]

Огромното мнозинство од младотурците биле за создавање на еден централистички паносманизам под доминацијата на турската нација. Тие на ова прашање особено значење му придале во периодот пред одржувањето на II.Младотурски конгрес, подвлекувајќи при тоа дека во границите на османската татковина требало да се создаде и едно идејно единство. Во своите тајни преписки младотурците честопати подвлекувале дека "Османската империја не била татковина само на Турците, Бугарите или Арапите, туку земја која била сопственост и богатство на секој поединец кој се сметал и се чувствувал како Османлија".[254] Во споменатите писма тие подвлекувале дека целта на нивната борба била обезбедување на рамноправност меѓу Турците, Курдите, "Бугарите", Арапите, Ерменците и другите народи...и заедничко учество во доброто и лошото...[255]

Во 1907 г. Партијата "Напредок и единство" го донела и својот статут кој имал 41 член кои биле распоредени во 10 дела.[256]

б. Идејните погледи и политичките програми на "Лигата за лична иницијатива и месна самоуправа" во периодот по I. младотурски конгрес

На крајот на I. Младотурски конгрес била донесена и една одлука која повеќе имала карактер на еден политички протест против режимот на султанот Абдул Хамид II[257] и биле усвоени четири резолуции кои всушност ги изразувале идејно-политичките погледи на принцот Сабахадин-бej и неговите истомисленици за реформирање на османското општество и Империја. Во резолуциите сабахадинистите подвлекувале:[258]

1. објавуваме дека не постојат никакви врски меѓу народите на нашата земја и денешниот режим кој веќе 25 г. ги држи народите под јарем и притисок, кој е одговорен за сите неправилности во земјата и за кој се срамиме пред човештвото;

2. целта ни е, врз основа на одредбите од Хатихумајунот и меѓународните спогодби да обезбедиме спогодба меѓу разнонационалните и разноконфесионалните народи во Империјата која спогодба на овие народи ќе им обезбеди исти права и рамноправност. Со тоа, преку месната самоуправа ќе се реализираат оправданите барања на сите сотатковници, ќе им се признаваат исти права и должности, а за сочување на ова единство ќе се бориме за појавувањето на чувствата за "османското единство" и за верност спрема единствената сила во земјата - османската династија;

3. освен ова ќе се бориме и

   а. за сочување на интегритетот и суверенитетот на Османската империја;
   б. за повторно воведување на Уставот од 1876 г. кој Устав ќе биде единствен заштитник на правата, слободата и општите реформи на османските народи;
   в. за сочување на внатрешниот и надворешниот мир со што ќе обезбедиме и општ прогрес во општеството.

4. ќе се бориме за почитување на меѓународните договори, а особено на Берлинскиот договор и нивното спроведување во сите провинции на Турција.[259]

Во рамките на последната резолуција сабахадинистите барале обезбедување на морална и "добронамерна интервенција" на државите потписнички на Парискиот договор од 1856 и Берлинскиот договор од 1878 г..[260] За таа цел бил формиран и еден "постојанен комитет" за соработка со потписничките на споменатите договори. Со тоа всушност ~~отворено~~ била легализирана странската

интервенција која според сабахадинистите ќе гарантирала воведување на месна самоуправа, а во некои делови на Османската империја дури и автономна управа. Ова било и основната причина за раздорот и дефинитивната поделба на младотурските организации на споменатиот конгрес.[261]

По своето конституирање "Лигата за лична иницијатива и месна самоуправа" политичките активности ги насочила кон формирање на свои секции и во Османската империја. Таа секции отворила во Измир, Ерзурум, Кастамону, Трабзон, Дамаск, Каиро, на Родос и Митилена, а според Пол Фешдури и во центарот на Анадолија.[262]

Од 1906 г. Лигата почнала и со издавањето на весникот " Terakki "[263] во Париз и Каиро. Овој весник одиграл мошне значајна улога во афирмирањето и пропагирањето на идеите и политичките цели на Лигата.

Лигата за лична иницијатива и месна самоуправа дури во јули 1906 г. ја објавила и својата прва програма.[264] Меѓутоа, идеите од програмата биле афирмирани, пропагирани, бранети и прифатени и пред 1906 г. Во споредба со програмата на Партијата "Напредок и единство" оваа програма била по револуционерна. Во нејзините поставки се подвлекувало:[265]

1. Воведување на политички реформи за сите класи и поданици на земјата. Организирање на вилаетските управи според принципот на месната самоуправа и проширување на правата. Овој принцип ќе се реализирал според чл.108 од укинатиот Устав од 1876 г.[266] ...

2. Со избори формираните општини, нахиските([267]) и општинските собранија ќе можат да учествуваат во решавањето на работите на нахиите и вилаетите. Вилаетското собрание ќе се избира со тајно гласање, а бројот на неговите постојани пратеници нема да биде поголем од 1/5 од вкупниот број на пратениците на Собранието. Според законските одредби ова собрание ќе има полна слобода во одлучувањето по прашањата за финансиските закони и системи. Работата на ова тело ќе биде јавна. По прашањето за оданочување на поданиците и собирање на даноците Вилаетското собрание ќе има

право и да гласа. Со спогодба меѓу вилаетската и централната влада, за потребите на Вилаетот ќе бидат отстапени дел од средствата собрани од даноците;

3. од пратениците на Вилаетските собранија формирање на едно Централно собрание во Истанбул кое собрание од една страна ќе ги регулира односите меѓу самите вилаети, а од друга страна пак ќе ги регулира односите меѓу Вилаетите и Високата порта;

4. ликвидирање на споровите кои ги одделуваат народите еден од друг и формирање на Вилаетско собрание во кое со свои пратеници пропорционално ќе бидат застапени сите националности во Вилаетот;

5. без разлика на националното потекло, сите Османлии ќе имаат исти права и должности. Сите училишта вклучувајќи ги и воените ќе бидат отворени за сите поданици;

6. валиите, мутасарифите(268), дефтердарите(269), финансиските мудури, претседателите на основните и апелационите судови и обвинителите ќе бидат назначени од страна на Високата порта, а запазувајќи го националниот сооднос и избирајќи ги по пат на непосредни избори од народот - назначување на другите службеници од страна на валиите на вилаетите;

7. запазување на националниот сооднос на месното население при формирањето на вилаетските жандармериски сили. Во создавањето на овие сили привремено ќе бидат ангажирани странски наставници и офицери;

8. останување на полицијата под командата на службениците на административна власт;

9. разумно собирање на даноците, изменување на законите со кои ќе се обезбеди сигурност на имотите на поданиците. Одземање на имотот на султанот кој незаконски е стекнат во последните 30 г., а потоа определување на една граница за негово поседување на имот;

10. почитување на сите потпишани меѓународни договори.

Од програмата може да се види дека нејзината суштина ја сочинуваат членовите 2, 3 и 4.[270]

Според чл.2 од Програмата, Вилаетското собрание добивало статус на Народно собрание кое имало право и слобода за одлучување и по финансиски работи. Со тоа, Вилаетското собрание стекнувало право да решава за сите проблеми на Вилаетот, освен за надворешната, воената и царинската политика на државата.Оваа Програма имала амбиции Османската империја да ја претвори во

една конфедерација, а вилаетите во нејзини единици.

Чл.3 од Програмата уште појасно ја илустрира оваа ситуација. Според овој член, народот не можел директно да избира пратеници за Централното собрание во Истанбул, туку пратениците ги избирале вилаетските собранија од редовите на своите пратеници. Со тоа, пратениците на Централното собрание во Истанбул не го претставувале директно народот, туку вилаетските собранија, поради што тие морале да им бидат верни на вилаетските собранија и да се однесуваат според нивните инструкции. Општо земено, од народот непосредно избраниот пратеник имал поголема слобода во своето однесување и одлучување, но имал и морална и друга одговорност пред него. Меѓутоа, од Вилаетското собрание делегираниот пратеник во Централното собрание се наоѓал под поголема контрола на централната власт со што тој од еден пратеник повеќе станувал еден обичен ополномоштен претставник на Вилаетското собрание. Ваквиот начин на формирање на Централното народно собрание ѝ давало можност на Османската влада преку пратениците на Централното собрание да ги држи под своја контрола вилаетските собранија.

Во Програмата не било децидирано и местото на валијата пред Вилаетското собрание и што требало да се преземе во случај на избувнување на некој спор во собранието. Според логиката на утврдениот систем, вилаетското собрание можело да го смени валијата односно поради недостиг на средства да го принуди на оставка по укинувањето на неговата функција.

Неутврдувањето на начинот на распределбата на приходите стекнати од даноците било уште еден голем недостаток на оваа програма. Според утврдениот систем, ако пратениците на Централното собрание се залагале за реализирање на барањата на вилаетските собранија чиишто биле и обични ополномоштеници

тогаш со тек на времето постоела можност за намалување на функцијата на Централното собрание, а зголемување на улогите на вилаетските собранија што ќе значело чекор напред кон децентрализација на управниот систем на османската држава.

Според чл. 4, при спроведување на изборите секогаш и на секаде ќе имало толку изборни кутии колку што ќе имало и народи во изборните места. Според овој член сите народи-Турците, Арапите, Курдите, Албанците, Черкезите, Језуидите, Лазите, Грузијците, Грците, Ерменците, Евреите и другите народи ќе избирале свои претставници во Вилаетското собрание.[271]

На крајот треба да се подвлече и фактот дека прифаќањето и реализирањето на оваа програма од страна на Турците кои се бореле за своја економско-политичка и друга доминација во османското општество било мошне тешко па дури и невозможно. Поради тоа, оваа Програма на "Лигата за лична иницијатива и административна децентрализација" покрај сите свои позитивни страни, покажала дека наместо да ги намали противречностите меѓу народите во многунационалната и многуконфесионалната Османска империја, таа ги зголемила и ги продлабочила истите.

Оваа програма имала амбиции, државната власт да ја ослободи од монополот на главниот град-Истанбул и добар дел од власта да ја пренесе на областите управи односно Вилаетските собранија и влади. Ако бил создаден еден ваков систем, тогаш вилаетите немале потреба да се стават во служба на централната власт, туку спротивно, централната во служба на областа власт. Оваа програма претставувала всушност чисто копие на тогашниот англо-американски општествено-политички систем. Бидејќи според принцот Сабахадин-бој единствено еден таков децентралистички систем можел да ја спаси Османската империја од распаѓање. Тој во тој систем ја гледал единствената шанса за спасот на Османската империја.

Неговата замисла за личната иницијатива пак се засновувала на либерални економски погледи. Тој честопати подвлекувал: "Богатството на еден народ треба да се мери со иницијативите, напорите и трудот на секој поединец на општеството. Поради тоа, со работа треба да се почне уште во училиштето каде на децата и младинците на научна основа треба да им се даде воспитание и образование за труд и производство. Треба да се создаваат такви генерации кои преку трудот и личната иницијатива ќе развиваат "љубов спрема трудот" и ќе го спасат народот од бедотија и мизерен живот. Наместо теоретско, образованието треба да содржи елементи преку кои ќе дојдат до израз способноста и личната иницијатива на човекот. Со тоа, основата на социјалната револуција ќе добие научно воспитание и образование. Личната иницијатива е неминовна за обезбедување на средства за личната егзистенција на секој поединец. Ако не се оди по овој пат, слободата не ќе има никакво значење...Од апсолутистичкиот режим на Абдул Хамид не можат да нè спасат законите или режимот, туку само личната иницијатива и личниот труд.

Поради системот на воспитанието и образованието, нашиот човек не знае да се ослони на себе, туку се ослонува на своето семејство и на владата...Никој нема сигурна точка за ослонување. Народот, партиите, владата...живеат без никаква основа. Поради тоа, од ден на ден нашиот живот станува сè помизерен кој е резултат на гнилиот систем на воспитанието и на образованието...".[272]

Поради определбите содржани во споменатата програма, принцот Сабахадин-бej бил изложен на мошне остри критики, особено од лидерите иа Партијата "Напредок и единство". Тој бил обвинет дека на нетурските народи им давал автономии со што ја распарчувал Империјата. Одговорајќи на упатените критики

тој при една прилика рекол: "Некои наши сотатковници месната самоуправа ја поистоветуваат со автономија. Тоа треба да се исправи, бидејќи, месната самоуправа има две правци: политички и управен ~~правец~~. Месната самоуправа не отвора можности за создавање на автономни области, туку таа значи само проширување на самоуправните права на вилаетите управувани од еден центар".[273]

Не треба да се испушти предвид и фактот дека при употребата на зборовите "месна самоуправа" и "месна влада" принцот Сабахадин-бej не бил јасен и дециден докрај. Врз кои принципи ќе биле создадени самоуправните единици во Империјата. Дали на принципот на економско-политичката, територијалната, или на принципот на етничко-конфесионалната припадност? Неговите идеи за рушење на султанскиот ~~режим~~ и воведување на уставно-парламентарен режим претставувале само една полемика и борба за приграбување на власта по победата на револуцијата. Тие идеи дошле до полн израз веднаш по победата на Младотурската револуција во 1908 односно по избувнувањето на Военото востание во 1909 г. во која бил замешан и принцот Сабахадин-бej. Поради тоа, неговите идеи за создавање на"месни самоуправи" биле само илузии и неискрени.[274] Во такви околности, христијанските и нетурските муслимански народи во Османската империја биле свесни дека не можеле да добиваат некои полуавтономии, а подоцна и автономии и независност од Османската империја. Програмата на принцот Сабахадин-бej всушност ги заштитувала интересите на високата владејачка феудално-клерикална и многунационалната компрадорска класа која обезбедувала тесни врски со странскиот капитал. Тој се борел и за сочување на авторитетот, интегритетот и суверенитетот на Османската империја и на султанот врз сите народи во Османската империја.

Во историјата на младотурското движење значајно место зазема и конфликтот меѓу Младотурската партија "Единство и напредок" и принцот Сабахадин-бej, кој конфликт траел од 1899 до 1909 г. Конфликтот бил резултат од разликите на идејно-политичките погледи на лидерите на овие две младотурски организации. Покрај сите наброени разлики, меѓу овие организации постоеле видни разлики и во односот спрема создавањето на "османското единство". Додека ова единство за А.Р'за-бej значело обезбедување на рамноправност и исти права на сите народи во една централистичка Османска империја, тоа за принцот Сабахадин-бej значело средство за федеративно односно конфедеративно обединување на народите на Османската империја. На идејата за создавање на "единствена османска нација" принцот Сабахадин-бej се обидел да ѝ даде нови димензии и да ѝ отвори нови хоризонти. Неговата основна цел која се совпаѓала со таа на Партијата "Напредок и единство" била спасување на Османската империја од распаѓање. Бранејќи го "османското единство" тој дошол во остар судир со идејата и поборниците за создавање на "исламско" и "турско единство". Како и сите муслимани, и принцот Сабахадин-бej, интересите на нетурските народи ги гледал во создавањето на една моќна османска држава. Бидејќи, според него, нетурските народи: Арапите, Албанците, Ерменците, Евреите, Грците и другите народи не биле способни да формираат независни држави. Поради тоа, тој преку воведувањето на "Месната самоуправа и личната иницијатива" мислел дека споменатите народи ќе здивнеле, а поединци од нив ќе се обогателе и изграделе со што државата ќе се зајакнала и ќе сочувала својот интегритет и суверенитет.[275)]

Принцот Сабахадин-бej сметал дека на Османската империја требало да ѝ се даде една модерна физиономија и да се

воведат радикални т.е револуционерни реформи во социјалната структура на османското општество. Според него централистичкиот начин на управување требало да се трансформира во децентралистички начин. Во реализирањето на овие цели тој се обидел да организира дури и атентати врз султанот, државни удари и заговори за соборување на Османската влада и за воведување на уставно-парламентарен режим.[276] Додека пак Партијата "Напредок и единство" се борела за рушење на владејачкиот систем на султанот Абдул Хамид II и евентуално негово сменување која била и нејзината крајна цел. Лидерите на оваа оваа партија не успеале да ја забележат опасноста со која била соочена Османската империја. Тие определувајќи се наизменично еднаш за "паносманизам", друг пат за "панисламизам",а трет пат за "пантурцизам и пантуранизам" мислеле да заземат некое значајно место во светската политика.

И во периодот до одржувањето на II.Младотурски конгрес во 1907 г. активностите на споменатите младотурски организации претставувале само еден политички протест против режимот на султанот Абдул Хамид II, кој се манифестирал исклучиво преку печатот. Споменатите младотурски организации не воспоставиле никакви врски со широките народни маси, а имале можноста тоа да го направат за време на избувнувањето на востанието во Анадолија во 1906 г. Тие се залагале за воведување на реформи во сите делови и за сите народи на Османската империја. Меѓутоа, бараните реформи не се однесувале за подобрување на економско-социјалната положба на широките народни маси кои живееле во голема бедотија, туку нивната единствена цел била да ја сочуваат политичката независност и територијалната целост на Османската империја. Овие организации во овој период ги сочинувала османско-турската воена и граѓанска интели-

генција која станала заштитничка на интересите на турската национална буржоазија и либерално настроените големопоседници и се борела за економско-политичка и друга доминација во османското општество. Младотурските организации по својот карактер биле уставно-демократски настроени политички организации, кои имале мошне големи организациони слабости, подвоености, разновидност на социјалниот состав, идејни несогласувања и идејно-политичко неединство. Тие организации биле откинати од народните маси поради што не се бореле и не ги поддржувале народните револуции.

Во наведениот период еден добар дел од воениот кадар-особено младите офицери на оружените сили на Османската империја се појавил како главен организатор на подготовките за изведување на револуцијата. Тоа особено забележливо било во единиците на III.Армија стационирана во Битола. Против силите на организирање на револуцијата настапувале феудално-клерикалните сили и компрадорската буржоазија предводени од самиот султан Абдул Хамид II.

в. Појавувањето на други младотурски рганизации во периодот по I.Младотурски конгрес

Во периодот по одржувањето на I.Младотурски конгрес, покрај младотурската партија "Напредок и единство" и "Лигата за лична иницијатива и месна самоуправа" биле формирани и други младотурски друштва односно партии кои се бореле за воведување на поактивни методи во борбата против режимот на Абдул Хамид II.

Во март 1904 г. во Женева била формирана Младотурската партија "Osmanlı İttihad ve İhtilâl Cemiyeti "[277] која го објавила и својот статут во својот орган в."Османли".[278] Во чл.1 на Статутот пишува: "Организацијата е формирана со цел за соборување на апсолутистичкиот режим и за воведување на уставно-парламентарен режим во Турција".[279] Во чл. 11 од Статутот пишува: "Во организацијата можат да се зачленуваат сите османски сотатковници без разлика на нивната етничка и конфесионална припадност кои се чесни и горди луѓе и кои своите пари не ги заработиле на нечесен начин и луѓе кои ќе ја помагаат организацијата со парични средства и личен придонес во нејзината работа".[280]

Во овој период, од членовите на поранешна Каирска секција на Партијата "Единство и напредок" во Каиро била формирано Друштвото " Osmanlı Uzlaşma Cemiyeti ".[281] Ова Друштво објавило едно соопштение во кое ги повикувало сите народи на Османската империја да се обединат во борбата против апсолутизмот на султанот Абдул Хамид II. Во споменатото соопштение покрај другото пишува: "Не е доволно на народите да им се обезбедат само правата од укинатиот Устав од 1876 г., туку со новиот устав треба да се прошируваат и правата на вилаетите".[282] Програмските поставки на ова Друштво се совпаѓаат со тие од програмата на принцот Сабахадин-бej.

Во септември 1904 г. во едно средно училиште во Истанбул била формирана младотурската организација "Cemiyet-i İnkılâbiye "[283] која имала повеќе од 100(0) членови и работела по системот на "петорки". Целта на оваа организација била соборување на султанхамидовиот режим и воведување на уставна демократија во земјата. Членовите на оваа организација воспоставиле врски со учениците од воените, меди-

цинските и правните училишта, а подоцна една нејзина клетка била создадена и во Политичкото училиште. Со тек на времето, оваа организација развила широки пропагандни активности. Таа го издавала списанието " İnkılâp "[284] кое се печатело во неколку стотини примероци. Организацијата објавила неколку соопштенија кои биле растурени и залепени по ѕидовите на Истанбул. Таа одржувала врски и со младотурските организации во Европа. Се сметала како една од секциите на "Лигата за лична иницијатива и административна децентрализација" на принцот Сабахадин-бej.[285]

Во Истанбул бил формиран и еден комитет со име "Selâmet-i Umumiye Komitesi "[286] кој се борел за ставање вон законот султанот Абдул Хамид II, шејхулисламот и тајната полиција, да се прогласи општа амнестија за сите политички затвореници, да се преземаат мерки против реакционерните сили, да се повикуваат сите народи на Османската империја за воведување на уставно-парламентарен режим, да се формираат револуционерни судови, да се ликвидираат зулумите и привилегиите во земјата...[287]

Во 1904 г. во Дамаск биле формирани две слободарски младотурски организации со име " Vatan "[288] и " Vatan ve Hürriyet ".[289] Основач на втората организација бил Мустафа Кемал-Ататурк, кој формирал клетки на оваа организација и во другите градови на Сирија, потоа во Либан и Палестина. Меѓутоа, оваа организација во овие области не станала влијателна поради што Мустафа Кемал се вратил во Солун каде во 1906 со некои месни офицери-младотурци ја создал Младотурската организација "Osmanlı Hürriyet Cemiyeti".[290]

5. Формирањето на "Османското друштво за слобода" (Солун, септември 1906 г.)

Руската револуција од 1905-1907 г. придонела да се шири духот на отпорот и револуцијата и во целата Османска империја.[291] По неуспехот на востанието во Источна Анадолија, центарот на отпорот против режимот на султанот Абдул Хамид II и подготовките за револуција бил пренесен во балканските провинции на Османската империја, од кои најмногу во Македонија - во нејзините два вилаети - Солунскиот и Битолскиот вилает. Битолскиот вилает одсекогаш се сметал за запалив и бунтовен крај каде постојано чадело и секој миг можело да избувне револуционерен пламен. Македонија и нејзините градови Солун, Битола, Серез, Драма и др. неслучајно станале центар на револуционерното движење на Османската империја. Прво поради тоа што Солун бил индустриски најразвиениот град на Румелија.[292] Второ поради тоа што македонското прашање во периодот од завршувањето на Големата источна криза па до крајот на Првата светска војна било мошне актуелно прашање во Османската империја и Европа во чие "решавање" учествувале сите големи веропски сили и малите балкански држави-Бугарија, Србија и Грција и трето поради тоа што Македонија била близу Европа и во неа се испретплетувале економско-политичките интереси и на големите европски сили и на соседните балкански држави кои во споменатиот период сè поотворено ги искажувале и своите територијални аспирации кон Македонија и др. европски делоби на Османската империја.

Македонија била област во која се судрувале интересите на големите европски сили и на соседните балкански монархии. Таа во поилинденскиот период станала арена на крвави пресметки меѓу четите на МРО од една и четите на оружените пропаганди на соседните држави Бугарија, Србија и Грција од друга страна. Во неа со години се водела една "необјавена граѓанска" војна. Додека МРО се борела за целосната независност на Македонија од Османската империја, организациите на оружените пропаганди се бореле за нејзино откинување од Османската империја и припојување кон некоја соседна балканска држава. Жртва на споменатите пресметки станало недолжното македонско население кое било изложено на дотогаш невиден притисок на четите на оружените пропаганди, особено на грчките андарти кои честопати вршеле невидени колежи над тоа население.

Сите овие состојби влијаеле на револуционизирањето на прогресивните османски кругови, особено на младите офицери на османската војска. На нивното револуционизирање силно влијание извршило и Илинденското востание од 1903 г. во Македонија. Тоа го потврдуваат турските автори И.Текели и С.Илкин. "Илинденското востание велат тие, за турските офицери претставувало преломна точка",[293] а Мустафа Раг'п пак вели: "Следејќи ги македонските чети, младите турски офицери ги научиле револуционерноста и комитството. Барајќи го патот за рушење на владата, тие млади луѓе, се увериле дека во земјата можеле да организираат револуција само ако ги употребувале методите на македонските комити кои се бореле за реализирање на своите национални стремежи".[294] Борбата на македонските комити големо влијание извршила и на познатиот турски писател на раскази Омер Сејфедин кој во тие години како млад турски офицер

ги следел нив во Македонија.[295] Додека македонските комити се бореле за создавање на своја независна држава, офицерите на османскат војска се бореле за султанот Абдул Хамид. Ситуацијата во која се наоѓале тие офицери ги принудувала нив од една страна да се борат против македонските комити и четите на оружените пропаганди, а од друга страна да се вклучат во едно свое национално движење кое исто како и другите револуционерни движења во Османската империја се борело против режимот на султанот Абдул хамид II. Со тоа, тие офицери всушност станале природни сојузници на МРО и на другите движења во борбата против султанскиот режим, но, не за создавање на своја национална независна турска држава, туку само за воведување на уставно-парламентарен режим во Османската империја. На тој начин, освен големите европски сили и завојувачките балкански државички Бугарија, Србија и Грција, и тие млади офицери изградиле свој однос спрема "македонското прашање" и на свој начин сакале да го разрешат тоа прашање.

По претрпениот удар во Илинденското востание, Македонската револуционерна организација во периодот по спомнатото востание била принудена да ја ревидира својата програма и да се потпира само на сопствените сили во борбата за реализирање на своите крајни цели. Меѓутоа, за борба против своите противници, особено против четите на оружените пропаганди уфрлени во Македонија, недоволно било нејзиното потпирање само на сопствените сили кои во споредба со тие против кои се бореле биле бројно помали и послабо наоружани. Од тие причини Македонската револуционерна организација решила да бара сојузници во својата борба против заедничките противници во Македонија.

МРО можела да воспостави соработка единствено со младотурското движење кое во ова време мошне активно ги пропагирало идеите за рамноправност, слобода, братство и правда за сите народи во Османската империја без разлика на нивната етничка и конфесионална припадност.

На зголемувањето на незадоволството кај офицерите на османската војска влијаело и присуството и мошне добриот статус на офицерите на меѓународните жандармериски сили во Македонија стационирани по донесувањето на Мирцштегската реформна програма во октомври 1903 г. Додека офицерите на споменатите сили биле редовно и многу добро платени, офицерите на османската војска биле нередовно и мизерно платени.

Наведените причини придонеле кај младите турски офицери да се појави и да расте турскиот национализам. Како резултат на тоа, кај тие офицери се појавил и интересот за создавање на едно свое национално движење кое ќе се бори против султан-хамидовиот режим и странското мешање во внатрешните работи на Османската империја и за воведување на уставно-парламентарен режим кој ќе обезбедува рамноправност, слобода и правда за сите народи во Империјата. Тие офицери биле убедени дека само на тој начин ќе можеле да ја спасат Османската империја од распаѓање. Ова придонело во 1906 г. во Македонија да се создаде една поволна почва за создавање на една младотурска организација која покрај прогресивните Турци во своите редови ќе ги вклучила и прогресивните нетурски елементи во Македонија и пошироко во целата Османска империја.

Во периодот до август 1906 г., во Солун и во Македонија, не била формирана некоја секција на Младотурската партија "Напредок и единство".[296] Меѓутоа, сепак во Македонија постоеле

повеќе младотурски групи и друштва кои дејствувале одвоено една од друга. Изгледа дека Парискатa секција на Партијата "Напредок и единство" не знаела за формирањето на Солунското "Османско друштво за слобода". Таа во Македонија постојано внесувала извесен број младотурски весници и списанија. Изградувајќи се организационо, споменатите младотурски групи и друштва во Македонија се обединиле во единствена младотурска организација. Едно од тие друштва било и Друштвото "Татковина и слобода" на Мустафа Кемал-Ататурк,[297] формирано во Дамск, а подоцна пренесено во Солун.

Младотурската организација под чие име се обединиле сите младотурски групи и друштва во Македонија се викала "Osmanlı Hürriyet Cemiyeti "[298] Таа организација била формирана во Солун, во септември 1906 г. Нејзините основачи Бурсали Тахир-бej, Наки-бej, Едип Сервет-бej, Ќаз'м Нами Дуру-бej, Омер Наџи-бej, Исмаил Џанбилат-бej, Хаки Баха-бej, Мехмед Талат-бej(паша),[299] Рахми-бej и Митхад Шукри-бej при формирањето на Организацијата биле инспирирани од работата и идеите на младиот Мустафа Кемал, а уште од самиот почеток со споменатите десетмина тесни врски одржувале и полковникот Џемал-бej(паша)[300] и Фетхи-бej(Окјар). Од основачите 7 биле офицери на османската војска.[301] По формирањето на Организацијата веднаш бил формиран и првиот ЦК во кој влегле Талат-бej, Рахми-бej и И.Џанболат-бej. Имињата на членовите на Организацијата се држеле во тајност. Организацијата многу брзо се ширела. Таа за мошне кратко време се проширила на цела Македонија и европскиот дел на Османската империја. Со текот на времето една по друга секции на Организацијата биле отворени во Битола-која по својата важност станала втор центар на Организацијата, потоа во Ресен, Охрид, Скопје, Гевгелија, Серез, Драма, Едирне и др.градови со што таа станала

една мошне влијателна политичка сила на Балканот во борбата за рушење на султанхамидовиот режим.[302] Во неа се зачленувале воени и граѓански лица, особено претставници од солунската турска и еврејска буржоазија која се борела за доминација над грчко-ерменската трговска буржоазија во Солун, Македонија и во цела Османска империја. Во неа потоа се зачленувале и претставници од средна и ситна трговија, занаетчии и големопоседници скоро од цела Македонија и Румелија, од кои попознати биле тие од Серез.[303] Угледувајќи се во прво време на италијанските "Карбонари", а подоцна исклучиво на МРО,[304] Солунското "Османско друштво за слобода" формирало свои клетки скоро во сите градови на Македонија. Брзото ширење на тоа Друштво се должело на формирањето на негови клетки во три социјални институции во Македонија. Првата социјална институција била масонските ложи во Солун и Македонија.[305] Во развојот на Друштвото најголема улога одиграле масонските ложи "Македонија Рисорта" и "Веритас" од Солун.[306] Според некои историчари, масонските ложи одиграле активна улога во развојот на Друштвото само во периодот до победата на Младотурската револуција од 1908 г. Еден од активните членови на Друштвото - Мустафа Кемал(Ататурк) пак во своите спомени воопшто не ги споменува масонските ложи. Тој во спомените меѓудругото наведува: "Во годините пред избувнувањето на Младотурската револуција, ние во Солун работевме илегално, односно се занимававме со комитство. Се состанувавме во нашата куќа...Расправавме, се договаравме, кроевме планови, изготвувавме програми, собиравме пари за потребите на Друштвото, донесувавме одлуки...за спасување на земјата од несправедливости,жестокости, свирепости, насилници, потисници и апсолутисти...Во Солун се состанувавме во салите на хотелите "Олимпос Палас" , "Кристал" и"Јунју" кои се наоѓаа околу плоштадот "Слобода".[307]

Втората социјална институција која придонела за брзото зголемување на бројот на клетките на Друштвото била војската. Во создадените тајни клетки на Друштвото во единиците на III. Армија во прво време се зачленувале само млади офицери, а со текот на времето се зголемувал и бројот на офицерите со повисоки чинови. Тоа придонело такви клетки да се формираат и меѓу офицерите на II.Армија стационирана во Едирне. Со тоа, Друштвото се проширило на целата територија на Румелија. Клетки биле создадени дури во Бугарија каде од порано постоеле секции на Младотурската партија "Напредок и единство" од Париз. Со цел да ги држи под своја контрола, Парискатa секција на "Напредок и единство", секциите во Бугарија сакала да ги обедини во една внатрешна политичка партија на Бугарија за што, таа на 27 јануари 1908 г. со едно писмо се обратила до претседателството на централната секција во Шумен.[308]

Како трета институција која истотака одиграла важна улога во формирањето на клетките на Друштвото била верската Мелами секта. Таа муслиманса секта имала свои приврзаници особено на територијата на Битолскиот вилает.[309]

Според Е.Ф.Книгт, со помошта на споменатите три социјални институции, за неполни две години во Солунското "Османско друштво за слобода" се зачленеле околу 15 ооо војници,офицери и граѓани.[310] Тие институции одиграле различна улога во развојот на "Османското друштво за слобода". Додека во Солун, во создавањето и развојот на Друштвото значајна улога одиграле масонските ложи, истата улога во формирањето на Битолската секција на Друштвото одиграла спомената муслиманска верска секта.[311]

Солунското "Османско друштво за слобода" еден извесен период по своето формирање немало скоро никакви контакти ни

со Парискатa секција на Партијата "Напредок и единство", ниту пак со секциите на старата Партија "Единство и напредок" формирана во 1889 г. во Истанбул.[312] Тоа било од причина што Парискатa секција на "Напредок и единство" и нејзиниот лидер А. Р'за-бej ја отфрлувале можноста за употреба на сила во рушењето на султанхамидовиот режим т.е организирање на оружена револуција за што се определиле и се залагале солунските младотурци.[313] Иако париските младотурци останале пасивни наблудувачи на формирањето и развојот на "Османското друштво за слобода" во Солун, тие сепак биле заинтересирани за воспоставување на некакви контакти со солунските младотурци. До првите контакти дошло во 19о7 г. По долги преговори меѓу претставниците на овие младотурски организации, А.Р'за-бej ги прифатил определбите на солунските младотурци за оружена револуција. Како резултат на тоа, споменатите организации со еден документ од 7 членови на 27.IX 19о7 г. се обединиле во единствена организација,[314] а под влијание на д-р Наз'м-бej[315] кој од Париз допатувал во Солун, Солунското "Османско друштво за слобода" го променило своето име во "Османско друштво за напредок и единство" односно Младотурска партија "Напредок и единство".[316] Со извршеното обединување била создадена една конфедеративна младотурска партија со два центри-надворешен во Париз и внатрешен во Солун; со два ЦК, со два статути и со две финансиски служби. По ова обединување Солунскиот центар не дозволил да се претвори во секција на Парискиот центар, туку тој во 19о8г. го донесол и својот прв статут[317] со што успеал да ја сочува својата полна независност од Парискиот центар на Партијата и да ги добие сите одлики на една добро организирана политичка партија во Македонија и Османската империја. Според српскиот конзул во Скопје - Живојин Балугџиќ, младотурското движење во

Македонија се појавило независно од идеите што ги ширеле младотурските весници од Европа и се создало под влијанието на локалните проблеми.[318] Кон ова донекаде правилна констатација на конзулот Балугџиќ треба да се додаде и фактот дека-иако никогаш не била воспоставена вистинска соработка меѓу Парискиот и Солунскиот центар на Партијата, сепак активностите на Солунскиот центар се планирале во Париз каде се објавувале голем број весници, списанија и брошури и истите се внесувале во Македонија и Османската империја, а организационо тие активности се реализирале на Балканот, во Македонија, во Солун, Битола, Скопје, Велес, Серез, Драма и други градови на Македонија . Солунската Младотурска партија "Напредок и единство" за неполни две години се изградила и се омасовила. Таа покрај своите органи и тела создала и свои оружени единици т. н. федаии.[319] Таа создала и своја контра-известителна служба која станала пандан на султанската тајна полиција. Покрај сите споменати активности некои младотурски лидери не биле задоволни од работата на Партијата, меѓу кои бил и Мустафа Кемал кој критикувајќи ги водачите на Партијата подвлекувал: "Вистинските водачи на Партијата се кријат позади масонските ложи и создаваат низа хиерархии на различни степени и звања, и со многу тајанствени обреди со што Партијата ја претворија во дилетантска и недорасната организација за поставените задачи. Водачите на Партијата употребуваат премногу празни зборови,а постигнуваат многу малку..."[320]

Солунската партија "Напредок и единство" свои секции создала и во другите делови на Османската империја. Секцијата во Измир на пример ја создале д-р Наз'м-бej и Бурсали Тахир-бej.

Во рамките на определбите за создавање на единствен опозиционен сојуз против режимот на султанот Абдул Хамид II, Солунскиот центар на Младотурската партија "Напредок и единство" воспоставила контакти и со МРО и ги ползувала нејзините искуства во борбата за рушење на стариот и воведување на уставно-парламентарен режим кој ќе им обезбедил на сите народи на Османската империја слободи, исти права и должности, и рамноправност без разлика на нивната народносна и верска припадност. Таа определба била единствениот предуслов за сочување на територијалната целост и политичката независност на Османската империја.[321]

6. II.Младотурски конгрес и македонското националноослободително движење

Во периодот од 19о2 односно 19о5-19о8 г. се зголемиле активностите на Младотурската партија "Напредок и единство" и националноослободителните движења на нетурските народи, особено на МРО и еременските и арапските организации против режимот на султанот Абдул Хамид II. Востанијата во Анадолија и Јемен во 19о5 г. и зацврстувањето на странската власт во Македонија по донесувањето на Мирцштегската реформна програма ја принудиле Партијата "Напредок и единство" да преземе поконкретни и поодлучни чекори во борбата за соборување на режимот на Абдул Хамид и за воведување на уставна демократија во Османската империја. По обединувањето на нејзината Париска секција со Солунското "Османско друштво за слобода" во септември 19о7 г., новосоздадената Партија "Напредок и единство" во таа година станала една масовна идејно-политичка организација, се проширила

и ја зафатила целата територија на Османската империја, а нејзиниот Солунски центар станал еден мошне силен фактор и одиграл решавачка улога во организирањето и победата на Младотурската револуција во 1908 г.[322] Веднаш по обединувањето на споменатите младотурски организации, била покрената иницијатива за обединување на сите младотурски и нетурски револуционерни организации во Османската империја и во светот во единствен опозиционен сојуз против султанот Абдул Хамид II. За таа цел по иницијатива на Ерменската организација "Дашнакцутијон"[323] во 1907 година во Париз бил закажан конгрес на разни револуционерни организации кои имале свои секции во Османската империја, односно според А.Т.Арутунов и задгранични организации во Европа, односно во Светот.[324] Во фазата на подготовки за конгрес биле водени долготрајни преговори меѓу заинтересираните организации за учествување на конгрес. Била формирана една Комисија за усогласување на ставовите на револуционерните организации кои ќе учетвувале на конгрес.[325] На конгрес биле поканети еременски, грчки,[326] еврејски, арапски, албански, курдски, влашки[327] и други револуционерни организации. Меѓутоа, на него учествувале само следните организации:

1. Младотурската партија "Напредок и единство" и претставници од редакциите на в."Шураји Умет" и "Мешверет";
2. Федерацијата на еременските организации (Дашнакцутијон) и претставници од редакцијата на в."Друшак";
3. Еврејското друштво од Египет и претставници од в."Лавара";
4. претставници од редакцијата на в."Хилафет" кој се издавал на турско-арапски јазик во Лондон;
5. претставници на в."Арменија"(Марсеј);
6. претставници од в."Размик"(за земјите на Балк.Полуостров);
7. претставници од в."Хајреник"(Америка);
8. претставници од Друштвото "Османска заклетва"(Египет);

9. "Лигата за лична иницијатива и административна децентрализација" и претставници од нејзиниот официјален орган в."Тераки". 328)

На конгресот не учетвувале грчките,[329] албанските и некои ерменски организации меѓу кои со своите три секции се наоѓала и Организацијата "Х'нчак".[330] На него не била претставена и МРО, односно ни нејзината "Левица" ниту пак нејзиното врховизираното крило предводено од Христо Матов и други врховисти.

Во досега ревелираната младотурска архивска документација, кореспонденција, во весниците од тоа време, во спомените на учесниците на конгресот и во турската историографска литература никаде не е наведено дека и МРО била поканета или учетвувала на II.Младотурски конгрес во 1907 г. во Париз. Меѓутоа, македонската , руската и бугарската историографска литература, како и бугарските архивски материјали[331] го тврдат спротивното. Манол Пандевски вели дека "одбила да учествува во работата на конгресот само ВМОРО предводена од Христо Матов, иако и тој бил поканет од конгресните организатори во Париз. Христо Матов,продолжува Пандевски со тоа уште во зачеток ја пресекол иницијативата за воспоставување врски и координација со младотурското движење изјаснувајќи се за противник на реформирањето на Турција, како и на секаков заеднички опстанок на македонската и турската група во Македонија".[332]

На конгресот на "левицата" на Серскиот револуционерен округ од септември 1907 г. покрај другото било одлучено "за воспоставување на контакти и непосредна соработка со револуционерните организации на другите национални малцинства во Турција".[333] Меѓутоа, "подоцна во услови на разгорување на револуционерната борба против абдулхамидовиот режим вели В.И.Шпилкова,"левицата" одлучила да ја координира својата борба со младотурците, кои ветувале дека на сите народи на Османската империја без разлика на нивната конфесионална и етничка припадност ќе им обезбедил

слобода, рамноправност и братство. "Левицата" се надевала дека во случај на победа на револуцијата ќе биле создадени услови за народите на Македонија за демократско разрешување на националното и социјалното прашање. Како резултат на тоа, продолжува Шпилкова, на крајот како се сеќавал подоцна еден раководител на "левицата" на Струмичкиот округ, во 1907 г. на младотурците во Париз од името на одринчаните и струмичаните им било испратено писмо со предлог за водење заедничка борба против режимот на А. Хамид II."[334] Младотурците се одзвале на тој предлог и ја поканиле ВМОРО да учествува на II.Младотурски конгрес во Париз во декември 1907 г.".[335] "Младотурскиот комитет вели Д.Ќосев се обратил со предлог за општа борба и кон македонските револуционери, но тој предлог паднал во рацете на Христо Матов кој одбил да учествува на конгресот,[336] односно поканата на младотурскиот комитет за општата борба била разгледана на Ќустендилскиот "конгрес" на "десницата", којшто ја оставил поканата без одговор".[337] Зошто Хр. Матов и врховизираното крило на МРО биле против соработката со Младотурската партија "Напредок и единство" најдобро може да се види од следните зборови на Хр. Матов: "Ние - рекол тој - сакаме автономија и немаме интерес да се присоединиме со тие кои ја сакаат преродбата на Турција. Едно наше присуство таму (мисли на конгресот) би ја расипувала тенденцијата за раширување на реформната акција до нејзиниот логичен крај. Поради тоа, и старотурците и младотурците, и европејците ќе го искористат тоа против нас..."[338]

На Парискиот младотурски конгрес требало да учествува Борис Сарафов,[339] меѓутоа, пред одржувањето на конгресот, поточно на 27.XI 1907 г. тој и Иван Гарванов биле убиени[340] и организаторите на конгресот сакале дури и да го одложат одржувањето на конгресот сè до испраќањето на нов претставник од

ВМОРО. Меѓутоа, Хр. Матов го одбил и тој предлог.[341]

Во наведениот период "Левицата" на МРО составена од револуционерите на Серскиот револуционерен округ, предводена од својот моќне авторитетен лидер - Јане Сандански, имала позитивен однос спреме младотурското движење и спрема општата борба за преобразување на Турција врз демократски основи.[342] Поради тоа, кога раководителите на "левицата" дознале за испратената покана од париските младотурци за учествување на Парискиот конгрес во 1907 г., на својот одржан конгрес во почетокот на 1908 г. на Пирин се изјасниле за приклучување кон одлуките на II.Младотурски конгрес и за создавање на сојуз со Партијата "Напредок и единство", но, под услов тој сојуз да биде создаден на широки демократски основи.[343]

Во периодот на подготовки за конгрес, Младотурската партија "Напредок и единство" своите барања за разгледување и усвојување на конгресот ги систематизирала во следните неколку точки:[344]

1. прифаќање на сите партии-муслимански и немуслимански-сочувањето на територијалната целост на Османската империја;
2. задржување на дотогашниот начин на назначување на султан;
3. определување на основната и главната цел на конгресот (соборување на султанхамидовиот режим и повторно собирање на суспендираното Народно собрание);[345]
4. Непоканување на конгрес на комитети кои немаат свои организации во Османската империја;
5. при одлучувањето, земање предвид и гласот на внатрешната секција на Партијата;
6. држење во тајност конгресните одлуки, а преку печатот објавување само на тие одлуки за кои ќе одлучи конгресот;
7. ако конгресот заврши со успех, со тајно гласање формирање на еден "Таен и постојанен извршен комитет" кој ќе работи до одржувањето на наредниот конгрес;

8. применување на законски и револуционерни средства за реализирање на целта.346)

На крајот од своите барања Партијата "Напредок и единство" инсистирала да се прифатат и реализираат и следните нејзини ставови:

1. преку манифести и весници објавување дека опозицијата не го сакала абдулхамидовиот режим и дека тој режим треба да се уништи;
2. објавување дека со цел да го ликвидираат сегашниот режим и да го соберат Народното собрание, се обединија различни револуционерни комитети;
3. со една нота, на сите држави да им се стави до знаење дека одлучно се одбива странската интервенција;
4. објавување дека опозицијата се откажува од "тероризмот" кој ја претвори земјата во пламен, страв и ужас и претставува опасност за странска интервенција;
5. објавување дека се определува една "sphère d'action" 347) за одделно реализирање и следење на востанието...

Ако внимателно се анализираат предконгресните барања и ставови на Младотурската партија "Напредок и единство" лесно ќе може да се констатира дека таа најмногу стравувала од странската интервенција и тероризмот поради што таа и немала доверба во револуционерните организации на христијанските и нетурските муслимански народи.

По постигнувањето на спогодба за обединување со групата на принцот Сабахадин-бej и еременските комитети, Парискиот центар на "Напредок и единство" со извештајот од 8.XII 1907 г. го известил Солунскиот центар за споменатата спогодба и подвлекувал: "Од овој сојуз нема да изгубиме ништо, дури можеме да имаме и голема полза. Прво да го соборime денешниот режим, да го собираме Народното собрание, а потоа лесно ќе биде да се расправаме со тие што сакаат да создаваат автономни управи..." 348)

Од ова произлегува дека за младотурците било ирелевантно за што ќе се спогодат со револуционерните организации на

нетурските народи, бидејќи, тие биле убедени дека Младотур.партија "Напредок и единство" била единствена и најсилна турска револуционерна организација која имала свои секции во Османската империја, и дека со помошта на другите револуционерни организации по соборувањето на султанскиот режим, целата власт ќе поминала во нивните раце и ослонувајќи се исклучиво на турскиот народ лесно ќе било да се расправа и да им се спротивстави на нетурските револуционерни организации.

По долги водени преговори, на крајот, меѓу споменатите револуционерни организации била постигната спогодба за создавање на една "минимална програма",[349] според која "националистичките организации вели А.Т.Арутунов се откажале од своите сепаратистички стремежи; Партијата "Единство и напредок" давала гаранции за слободата и слободниот културен развиток на нациите; ерменската федерација барала буџетско финансирање на народното образование, а групата на принцот Сабахадин-бej се откажала од создавањето на автономни области, од децентрализацијата на административна власт, од одговорноста на службениците и од формирањето на вилаетски собранија..."[350] Според Г.З.Алиев, младотурците се согласиле на малцинствата да им даваат дури и автономии, а претставниците на националните малцинства од своја страна им ветиле на младотурците дека ќе ги подржат во нивните стремежи за соборување на султанот Абдул Хамид II.[351] Меѓутоа, мора да се подвлече фактот дека откажувањата на споменатите сојузени револуционерни организации носеле само временски и тактички карактер. Постигнатиот компромис бил само еден маневар на именуваните партии, бидејќи, ниедна од нив никогаш вистински не се откажала од своите идејни определби и политички стремежи. Впрочем, тоа било докажано во поконгресниот период

кога дошло до несогласување меѓу Ерменците и групата на принцот Сабахадин-бej. Со тоа било докажано дека обединувањето на младотурските фракции и револуционерните движења на нетурските народи било само еден сон. Поради тоа, тие организации и не одиграле и не можеле да одиграат никаква улога во организирањето и победата на Младотурската револуција во 1908 г.[352]

Загрижени за судбината на Османската империја, целата вина за територијалното намалување на Османската империја по Берлинскиот конгрес од 1878 г. младотурците ја префрлувале на султанот Абдул Хамид II и неговата влада кои според нив не биле способни да ги сочуваат интегритетот и суверенитетот на османската држава поради што требало веднаш да се ликвидираат. Критикувајќи го султанскиот режим младотурците честопати подвлекувале: "Ако султанскиот режим уште малку продолжува тогаш од нашите раце ќе излезат и Албанија, Македонија, Арабија и Ерменија, или тие територијално ќе се прошират и материјално ќе се зајакнат и ќе бараат да ги заштитуваат своите трговски и други интереси или ќе паднат под влијание на владите на некои земји..."[353]

По прифаќањето на споменатата "минимална програма", од обединетите револуционерни организации, за работата на конгресот биле прифатени следните одлуки·

1. економско и политичко ослободување на османската држава;
2. менување на абдулхамидовиот владејачки систем;
3. прифаќање на принципите за демократска расправа и воведување на конституционен режим (собирање на парламентот).

Обединувањето на младотурските фракции со револуционерните организации на нетурските народи во единствен сојуз против режимот на султанот Абдул Хамид II, било поздравено и од француската демократска јавност. Францускиот пратеник Франсис де

Презансе на пример во тие денови споменатото обединување го поздравил со следните зборови: "Ова единство отвори една нова страница во историјата на цивилизацијата".[354]

Конгресот бил одржан од 27-29.XII 1907 г. На него одржале говори и по еден ден претседавале А.Р'за-бej, принцот Сабахадин-бej и Малумијан-ефенди. А.Р'за-бej во својот говор[355] го потенцирал обединувањето на партиите кои имале свои задгранични секции во Европа,односно светот. Тој во својот говор не ја спомнал само МРО. Тој упатил повик до сите политички организации кои останале надвор од новосоздадениот политички антисултански сојуз, да му се приклучат на него. Тој не ја повикал само МРО која за него и натаму останала сепаратистичка и непријателска организација која се стремела да ја распарчи османската држава.

На конгресот Младотурската партија "Напредок и единство" ги утврдила методите и средствата за реализирање на своите идејни и политички цели. Тие методи и средства биле систематизирани во нејзиниот извештај испратен до Солунскиот центар на Партијата на 8.XII 1907 г. кој во својот одговор од средината на декември 1907 г. ги известил париските младотурци дека целосно ги подржувале нивните ставови за одржувањето и работата на конгресот.[356] Методите и средствата во извештајот се дадени на француски и турски јазик поради што тие се презентираат како што се во извештајот:[357]

1. организирање на "Résistances armées au non armées"
2. влијаење на народот за непочитување на незаконските постапки на Високата порта;
3. неплаќање на даноци;
4. формирање чети;
5. неодење во војска;
6. организирање на "Insurrection générale"[358]
7. организирање на "Grève générale"[359]

8. организирање штрајкови на полициските, поштенските, железничките и др. службеници; организирање на општи и поединечни терористички акции...

Под поимот "формирање на чети" младотурците не биле докрај јасни на какви чети мислеле. Додека пак "одбивање одење во војска" не било прифатено само од итихадциите бидејќи според нив во тој случај се доведувало во прашање и одбраната на земјата од надворешна или внатрешна интервенција. Поимот "тероризам" бил условно прифатен и тоа, употребување на терористички акции само против султанот и неговите блиски соработници, а никако во средини каде имало многу луѓе, ниту пак за рушење на мостови, железнички пруги и други објекти.

На конгресот бил формиран еден "Comité permanant d'exécution".[360] Мандатот на Комитетот ќе траел до одржувањето на наредниот конгрес, а во него биле делегирани по еден претставник од секоја организација. Комитетот имал задача да ги контролира реализирањето на конгресните одлуки.[361]

Како резултат на направени взаемни отстапки на учесниците на конгресот, на 29.XII 1907 г. конгресот објавил и една Декларација која претставувала всушност синтеза на предложените ставови на Партијата "Напредок и единство". Декларацијата гласела:[362]

1. против владата ќе употребуваме оружени средства;
2. ќе поттикнуваме економски и политички штрајкови; ќе ги поттикнеме на штрајк полициските и др. државни службеници;
3. ќе ги поттикнеме поданиците да не даваат даноци;
4. со цел војниците да не им се спротивстават на востаниците, ќе вршиме пропаганда и во војската;
5. ќе организираме сеопшто востание;
6. според развојот на настаните ќе преземеме и други потребни мерки.

На крајот конгресот ги прифатил и следните смерници:[363]

1. испраќање на поздравна телеграма до Иранското собрание;

2. формирање на еден "Таен извршен комитет";
3. испраќање повик до четите во Македонија за прекратување на меѓусебната оружена борба и свртување на оружјето против владата;364)
4. упатување поздрави до политичките затвореници;
5. казнување на секој младотурчин кој ќе работи против делото;
6. издавање на револуционерни брошури на турски, арапски, курдски, албански, ермснски, грчки, "бугарски" и на други јазици. Брошурите да се поделат на сите луѓе од сите класи и степени;
7. свикување на наредениот конгрес на крајот на 1908 г.

Според одлуката на конгресот револуцијата требала да избувне по повод прославата на 33-годишнина од доаѓањето на престол на султанот Абдул Хамид II, поточно на крајот на август 1908 г.365)

Од Декларацијата се гледа дека конгресот се обраќал до сите луѓе кои живееле под притисокот на режимот на султанот Абдул Хамид II. Декларацијата се однесувала за сите луѓе кои плаќале високи даноци, до економски експлоатираните селани, земјоделци, трговци, до војниците и другите обесправени луѓе на општеството. Издавањето на брошурите на сите јазици имало за цел да ги пробудат селаните, службениците, војниците и офицерите, улемата, жените, претставниците на феудално-клерикалната класа и др. Тоа ќе се постигнувало и со објавување на манифести и написи во разни весници и списанија.

Во споредба со неуспешниот конгрес од 1902 г., на конгресот во 1907 г. не било поставено прашањето за странска интервенција. Тоа било доказ дека принцот Сабахадин-бej и Ерменците одлучиле да попуштат и да најдат компромис со Младотурската партија "Напредок и единство".

Значајно било тоа што, на овој конгрес Младотурската партија "Напредок и единство" ја прифатила определбата за организирање на оружено востание, меѓутоа, не народно, туку

воено востание, односно на воен државен удар. Надвор од оваа определба, Партијата "Напредок и единство" не мислела ништо друго од причина што според нея во тој случај можело да дојде до странска интервенција која ќе била причина за распарчувањето и дефинитивното нестанување на Османската империја од географската карта.

На крајот треба да се подвлече и фактот дека без разлика на сите свои "револуционерни доследности", II.Младотурски конгрес од 1907 г. одиграл една "важна" улога во подготовките за Младотурската револуција. На него се сплотиле младотурските и револуционерните организации на нетурските народи. На него се сплотиле скоро сите политички сили во борбата против апсолутистичкиот режим на султанот Абдул Хамид II. Одлуките на конгресот за присилно соборување на абдулхамидовиот автократски режим и повторно воведување на уставна демократија во земјата, придонеле борбата на револуционерните организации на Османската империја да се издигне на еден повисок степен, а сплотувањето на "сите" опозиционерски политички сили во голема мера ги "забрзало" подготовките, избувнувањето и победата на Младотурската револуција во 1908 г. во Македонија.

7. Заострувањето на македонското прашање (1907-1908 г.) и одржувањето на Ревалската средба меѓу англискиот крал Едвард VII и рускиот цар Николај II (9 и 10 јуни 1908 г.)

Мирцштегската програма за реформи во Македонија од 2.X 1903 г. била донесена за "ублажување" на тешката економска и политичка ситуација во Македонија, односно според Д.Хаџидимов "...таа се родила од нуждата за една 'благонаклонетост', за финансиско контролирање на Македонија...за подржување на статус квото...и за сочување на целоста на Турската империја..."[366] Со стационирањето на меѓународните жандармериски сили според А.А.Алимов "исчезнала перспективата за скорото ослободување на немуслиманското население во Турција".[367] Доаѓањето на ~~спо~~споменатите сили во Македонија претставувало тежок терет за нејзиното население, бидејќи за нивното издржување годишно биле потребни вели А.Ф.Милер по 250 000 т.л.[368] Според А.А. Алимов со стационирањето на меѓународните жандармериски сили всушност се обезбедувала странската интервенција во Османската империја, се зацврстувал и се зајакнувал режимот на султанот абдул Хамид во земјата.[369] Освен актуелизирањето на македонското прашање, мирцштегските реформи, не вовеле никакви други промени, туку напротив, претпеле тежок неуспех поради што според А.Изволски "и припаѓале на историјата".[370] Со тоа пропаднал уште еден обид на големите европски сили "за средување" на состојбите во Македонија. Тоа бил доказ вели К.Мисирков "оти ни Турција сакала, сакат и ќе сакат реформи во Македонија, ни држаите сет наклонени да ја принудат Турција, за да ни дајит некаков па и нај мали реформи. Држаите...само играат дипломатична игра со реформи..."[371]

Во периодот по задушувањето на Илинденското востание, според П.Пенчев МРО ги консолидирала своите редови и ги зајакнала своите оружени акции[372] кои според турскиот историчар Ш.С.Ајдемир првенствено биле насочени против месните големопоседници, аги, бегови и војската.[373]

Во споменатиот период се зголемиле и завојувачките стремежи на соседните балкански држави кон европските територии на Османската империја, особено кон Македонија и Тракија. Со текот на времето растел и бројот на уфрлените оружени чети од тие земји во Македонија.[374] Од ден на ден се зголемувал бројот на судирите меѓу четите на МРО и оружените пропаганди и војската,[375] и имало значителен број судири меѓу непријателските чети.[376] Турскиот историчат и современик на тие настани А.Б.Куран наведува дека "во тоа време во Македонија се судрувале меѓусебно бугарските, српските и грчките чети. Во тие судири се случувало повремено турските офицери донекаде да ги земаат под своја заштита грчките чети и нив да ги подржуваат против бугарските чети".[377] Четита на грчката пропаганда пак според И.Катарциев најжестоко го терорирале македонското население.[378] Последно споменатата пропаганда според Р.Поплазаров била поддржувана дури и од генералниот инспектор Хусеин хилми-паша.[379] Подржувајќи ги акциите на грчките, а во многу случаи и на српските чети, султанот А. Хамид II мошне успешно ја водел политиката "обессилувај па владеј". Со таква тактика, султанот Абдул Хамид II ги принудувал четите на пропагандите и на МРО во меѓусебни оружени пресметки да ги истрошат своите сили и да не можат да се обединат против војската и жандармеријата.[380] Во таква ситуација четите на МРО се бореле честопати против грчко-српскиот сојуз заштитуван и од некои претставници на властите.[381] Во на-

веденият период Македонија станала арена на крвави пресметувања. Секојден гинеле по стотини луѓе.[382] Се палеле села, се вршеле невидени колежи и други злосторства врз населението, особено врз македонското во што најкрвави биле тие извршени од грчките андарти. Под притисокот на четите на пропагандите "честопати вели Вилијам Слоун се случувало селаните на едно село еден ден да се декларираат како Грци, друг ден како Бугари, а трет ден како припадници на некоја друга нација. Ова "менување" на народносната припадност, продолжува В.Слоун, се вршело со невидени методи на притисок и насилства..."[383] Сите тие пропаганди биле насочени против македонското население кое било осамено во својата борба против тие пропаганди, но тоа население вели Ш. С.Аџдемир докажало дека "во периодот до избувнувањето и победата на Младотурската револуција било најборбениот елемент во Македонија".[384] Осудувајќи ги пропагандите на соседните балкански држави, К.Мисирков вели: "Само со енергична борба со тија три држаи ќе избаит од погубуење нашата таткоина...шчо не дозволуат на таткоината сама со свои очи да гледат своите интереси, ами.. и ѝ придаат бугарцка, србцка и грцка боја...".[385]

Тргнувајќи секоја од своите економско-политички интереси и завојувачки планови во Македонија, големите европски сили имале различен однос спрема оружените пропаганди во Македонија. Австро-Унгарија на пример "настојувала да ги задржи Бугарија и Србија на позиции на скарани држави...стремежите за спогодбено решавање на македонското прашање со создавање на автономна Македонија ги сметала не само за неостварливи, туку и штетни".[386] Вакви̇те и сличните настојувања на некои големи европски сили придонесувале во Македонија уште повеќе да се разгорат непријателствата меѓу четите на пропагандите.

Зголемувањето на оружените судири меѓу четите на пропагандите во Македонија[387] и Мирцштегските реформи од 1903 г. отвориле простор за интервенција на големите европски сили во Османската империја односно во Македонија. Во периодот од 1903 - 1908 г. посебни привилегии во Османската империја добиле Австро-Унгарија и Русија.[388] Интервенцијата на балканските и европските држави во Македонија била причина "македонското прашање" постојано да биде актуелно и да биде предмет на преговори и договарања меѓу големите европски сили.

Иако 1906г. поминала релативно мирно, во 1907 г. македонското прашање повторно станало актуелно. Со цел да го поврати своето влијание во овој дел на Балканот, заедно со Австро-Унгарија, Русија на 15.IX 1907 г. изготвила еден предлог-програма за реформи во Македонија,[389] кој предлог бил одбиен од Високата порта.[390]

Кон крајот на 1907 г. дошло до заострување на македонското прашање поради што на 18.XII 1907 г. со еден циркулар Англија ги известила големите европски сили и истовремено предлагала странските офицери во Македонија да ја преземат командата над жандармериските сили, да се зголеми бројот на тие сили, да се формира една оперативна жандармериска единица и да се намали бројот на османските војници.[391] Целта на споменатата англиска иницијатива била вршење притисок врз Високата порта за добивање привилегии слични на германските. Такви притисоци врз Високата порта вршела и Австро-Унгарија.[392]

Во 1908 г. Англија поактивно се вклучила во "решавањето" на македонското прашање. Нејзиниот крал на 29.I 1908 г. во парламентот изјавил дека "прашањето за воведување на реформи во Македонија требало повторно да се актуелизира".[393] Во рамките

на тие настојувања, на 3.III 1908 г. Англија изготвила предлог-програма од четири точки за реформи во Македонија,[394] а како одговор на англискиот предлог, на 26.III 1908 г. и Русија изготвила своја програма од седум точки за реформи во судството и во другите области во Македонија.[395] Рускиот предлог наместо назначување на еден генерален валија за сите македонски вилаети, предвидувал и натаму да остане генералниот инспектор, но под услов да биде самостоен во донесувањето на буџетите на вилаетите.[396] Овој руски предлог на 4.I 1908 г. го прифатила и Англија, а подоцна и другите големи европски сили.[397] Со тоа се отишло чекор напред во правец на давање на автономија на трите вилаети во Македонија.[398] Меѓутоа, споменатите иницијативи на големите европски сили влијаеле на зголемувањето на стремежите на Младотурската партија "Напредок и единство" за задржување на Македонија во Османската империја.

Предлогот на Англија од 3.III 1908 г. за воведување на реформи во Македонија[399] бил обелоденет во Париз, за што Парискиот центар на Партијата "Напредок и единство" со извештајот од 16.III 1908 г. го запознал Солунскиот центар на Партијата. Реализирањето на споменатите англиски предлози за реформи според младотурците значело давање независност на Македонија, губење на Албанија, преместување на границата до вратите на Истанбул, преместување на главниот град на Османската империја во нејзиниот азиски дел и на крај тој план ќе ја довел Османската империја во една обична азиска држава од втор па дури и трет степен односно во иста положба со Иран.[400] Растревожени од овој англиски предлог, парискиte младотурци во наведениот извештај им дале неколку препораки на солунските

за спречување на реализирањето на тој план.[401] Се знае дека споменатите препораки биле прифатени од Солунскиот центар, а првите четири и реализирани. Додека пак за последната препорака сè уште не се знае ниту како била прифатена, ниту пак дали била реализирана, бидејќи во таа фаза од борбата на МРО против режимот на султанот Абдул Хамид II и оружените пропаганди, некои османски офицери по примерот на Нијази-бej престанале да се борат против четите на МРО и оружените пропаганди, и нив ги повикувале да се сплотат во заедничката борба против султанскиот режим. Поради сè уште неревелираната кореспонденција за периодот по 28.III 1908 г., ние бевме принудени развојот на настаните да ги следиме од самите настани.

Од наведениот извештај на Парискиот центар се гледа дека македонското прашање било разгледано и во парламентот на Франција и дека се препорачувало во револуционерните работи од селаните повеќе да се вклучат работниците, сезонските тутунски работници, особено тие од Родопите.[402] Меѓутоа, во извештајот на париските младотурци не е ништо наведено за преземање на конкретни мерки за рушење на султанот Абдул Хамид и неговата влада.

Извештајот на Парискиот центар на Партијата "Напредок и единство" за иницијативите на големите европски сили за воведување на реформи во Македонија ги зголемил сомневањата и загриженоста на Солунскиот и Битолскиот центар, кој од крајот на мај 1908 г. одиграл решавачка улога во организирањето и победата на Младотурската револуција. Во рамките на своите активности за спречување на странското мешање во Македонија, Битолскиот центар, кон крајот на мај 1908 г., преку дипломатските претставници во Битола, упатил меморандум до големите

европски сили со исклучок на Русија,[403] која според него била највиновна за лошите состојби во Македонија. Преку меморандумот[404] Битолскиот центар на Младотурската партија "Напредок и единство" официјално ги изложил своите ставови по македонското прашање, за негативните последици од интервенцијата на големите европски сили и соседните балкански држави во Македонија и за апсолутистичкиот режим на султанот Абдул Хамид.[405] Меѓутоа, Битолскиот центар не добил одговор од владите на големите европски сили кои на своите дипломатски претставници во Османската империја им дале упатства "да ја сочуваат големата внимателност спрема младотурското движење", а некои европски весници ја објавиле и кратката содржина на меморандумот, но, без никакви коментари.[406]

Во сите верзии на меморандумот, содржината е иста или слична.[407] Без разлика што споменатиот меморандум[408] бил добронамерен, тој сепак бил и мошне наивен. Бидејќи, според неговите автори, Османската империја можела да биде спасена единствено со воведување на уставно-парламентарен режим во земјата. Освен тоа, битолските и др. младотурци мислеле дека нетурските народи - Македонците, Ерменците, Грците, Арапите, Албанците и др. кои се бореле за целосна национална и друга независност од Османската империја, ќе биле задоволни само со воведувањето на конституцијата. Иако ги знаеле стремежите на споменатите народи, младотурците се надевале дека по воведувањето на Уставот од 1876 г. тие народи "би се откажале" од своите национални стремежи и "ќе се сплотеле" во замислената османска нација. Меѓутоа, тие надежи на младотурците претставувале чиста утопија.

Борбата меѓу големите европски сили за економска, фи-

нансиска, трговска и воено-политичка доминација на Балканот, Блискиот Исток и другите делови на светот во почетокот на XX век, се заострила до своите крајни граници.

Добивајќи ги концесиите за градење на багдатската и анадолските железници и економскиот, трговскио и финансискиот пазар на Османската империја, во наведениот период, Германија успеала да ја обезбеди и својата целосна воена и политичка доминација врз Османската империја, заради што таа станала и официјална заштитничка на османската територијална целост и ја добила довербата на султанот Абдул Хамид II, кој благодарејќи на Германија вели П.Имберт "успеала да ја задржи во свои раце и Македонија која била единствена христијанска провинција во Османската империја".[409]

Наспроти тоа, Англија се обидувала со сите можни средства да го спречи германскиот продор кон Исток. Според "доктрината 'Монро' за Персискиот Залив"[410] таа настојувала Месопотамија, Арабија, Оман и Бахреинските острови да ги претвори во свои полуколонии, да ги разниша позициите на Османската империја во Кувајт[411] и Црвеното Море да го стави под своја контрола односно да го претвори во англиско-турско "езеро".[412] Османската империја била готова да ги прифати барањата на Англија во Црвеното море, само под услов таа да се откаже од своите иницијативи за реформи во Македонија.[413]

На 27.I 1908 г. било обелоденето, а на 31.I 1908 г.со султански декрет и потврдено дека Австро-Унгарија ги добила концесиите за градење на железницата од австроунгарската граница низ Новопазарскиот санџак спрема Солун,[414] со што Австро-Унгарија се вклучила во "војната за железници" меѓу големите европски сили. Со градењето на "солунската железница"

Австро-Унгарија била на пат да ја стави под своја контрола и стратегиски мошне важната Вардарско-Моравската Долина и да го отвори патот за својот излез на Егејско Море. Реализирањето на споменатиот план според А.П.Изволски "ќе довело до германизација на Македонија",[415] а според В.И.Шпилкова "и до губење на последниот дел на Турција и воспоставување таму на целосно австриско господство".[416]

Уплашен од заострувањето на македонското прашање и од опасноста за откинување на Македонија од Османската империја, султанот Абдул Хамид II, опстанокот на својот апсолутистички режим го барал во германско-австроунгарска воена и политичка заштита. Во рамките на тие определби, тој ѝ понудил на Австро-Унгарија склучување на воена спогодба која на 7.VI 1908 г.била потпишана, а на 6.VII 1908 г. и ратификувана.[417] Воената спогодба ѝ обезбедувала на Австро-Унгарија посебни привилегии во Солунскиот и Скопскиот вилает, и ѝ давала "монополно право за господство на Балканот...".[418]

Германско-австроунгарската експанзија на Балканот и Бл. Исток и нивното зближување со султанот Абдул Хамид биле причина за заострувањето на англиско-германските противречности во тој дел на светот. Заради тоа, Англија се ориентирала кон подобрување на своите односи со Русија, која постепено се оддалечувала од Австро-Унгарија за да на крај ја поништи и Мирцштегската програма за реформи во Македонија од 1903 г. Со цел да ги зајакне своите изгубени позиции во Османската империја, во пролетта на 1908 г. Англија нашироко го ползувала прашањето за воведување реформи во Македонија.

Последната фаза од македонското прашање од периодот пред победата на Младотурската револуција во 1908 г. завршила

со одржувањето на Ревалската средба меѓу англискиот крал Едвард VII и рускиот цар Николај II на 9 и 1о јуни 19о8 г. Основната цел на Ревалската средба била преземање на мерки за спречување на општата германско-австроунгарска експанзија во Европа, на Бл.Исток и др. делови на светот, која експанзија претставувала најголема опасност за Европа, односно нејзината цел била обединето настапување на англиско-руската коалиција против коалицијата на Германија и Австро-Унгарија,[419] на која подоцна се вклучила и Италија. Германско-австроунгарската експанзија ги принудила Англија и Русија да се зближат и да ги усогласат своите ставови за актуелните прашања во Европа и другите делови на светот. Покрај наброените причини, било објавено дека со својата актуелност македонското прашање станало како надворешна причина за одржувањето на Ревалската средба. Меѓутоа, германската коалиција ги знаела вистинските причини на средбата и ги забрзала своите подготовки за претстојната војна.

Според англискиот министер за надворешни работи Едвард Грej, на Ревалската средба биле разгледани и прашањето за положбата на европските вилаети на Османската империја и критското прашање.[420] Биле разгледани и економско-политичките последици од започнатата војна за железници меѓу големите европски сили. Големи усилби за прифаќањето на англискиот предлог за реформи во Македонија вложил помошникот на државниот секретар за надворешни работи на Англија-Чарл Хардинг, кој се обидел дури и да го наговори рускиот министер за надворешни работи-А.П.Изволски да го поддржи споменатиот предлог за реформи во Македонија.[421] Во заедничкото соопштение објавено на крајот на средбата било нагласено дека помеѓу Англија и

Русија била постигната целосна согласност по сите меѓународни прашања.[422] Биле подготвени англиски проект за "општи реформи" и руски проект за "дополнување на постојните реформни програми",[423] а на крајот на преговорите била постигната "скоро целосна спогодба" за реформи во Македонија,[424] според која Македонија добивала автономија.[425] Меѓутоа, со англиско-рускиот предлог не се согласиле Германија и Австро-Унгарија.[426]

Англискиот предлог за реформи предвидувал назначување на еден самостоен губернатор за трите македонски вилаети кој ќе бил под контролата на Европската финансиска комисија и ќе бил должен приходите од Македонија да ги употреби за потребите на Македонија,[427] со што опасноста од дефинитивното откинување на Македонија од Османската империја во јуни 1908 год. станала едно вистинско политичко прашање.[428] На Ревалската средба била постигната и спогодба за формирање на оперативни жандармериски одреди во Македонија; за вклучување на странските офицери во реформирањето на османската жандармерија и за нивното право за раководење со акциите на воените и жандармериските единици во следењето на четите во Македонија.[429] Наместо да се изготви некој конкретен предлог, на средбата била постигната само една спогодба за примена на нова реформска програма во македонските вилаети за што Руската влада била задолжена да изготви една шема за реформи и истата да им достави на разгледување на големите европски сили, а конечниот текст на шемата требало да биде готов до крајот на јули 1908 г.[430]

Ревалската спогодба за нови "реформи" во Македонија значело "зајакнување на странската т.е. англиско-руската контрола во Македонија",[431] односно притисок врз Османската импе-

рија за воведување реформи во Македонија што "неминовно ќе довело до откинување на нови територии од Европска Турција".[432] В.И.Ленин во врска со Ревалската средба рекол: "Во 1908 г. (ревалска средба) веќе се собраа да ја поделат Турција(Русија+Англија+Франција), но,попречи револуцијата во Турција",[433] а Солунскиот центар на Младотурската партија "Напредок и единство" во својот коментар меѓудругото подвлекол: "Во Ревал е решено распарчувањето на Турција".[434] Меѓутоа, некои турски историчари тврдат дека младотурската пропаганда за Ревалската одлука за поделбата на Османската империја претставувала измислена работа со која младотурците сакале да ги оправдуваат своите активности за соборување на режимот на султанот Абдул Хамид и за воведување на уставна демократија во Империјата. Во врска со Ревалската средба Мустафа Муфтуоглу на пример вели: "... на младотурските лаги треба да се одговори со фактот дека во објавените записници од Ревалската средба никаде не е спомната поделбата на Турција".[435]

Ревалската средба на англискиот крал и рускиот цар ги растревожила султанот Абдул Хамид II и неговата влада, и Младотурската партија "Напредок и единство" особено нејзините центри во Солун и Битола. Колку младотурците сериозно и драматично ги сфатиле одлуките на Ревалската средба најдобро може да се види од следната изјава на Ахмед Нијази-бej:"По дознавањето на веста за одржувањето на Ревалската средба вели Нијази-бej - три дена и три ноќи не спиев[436] и на крајот решив да се одметнам во планина и да го отворам знамето на востанието".[437] Според тоа, Ревалската средба[438] ги забрзала работите[439] и го отворила патот за соборување на султанот Абдул Хамид и дала нови димензии на македонското прашање.[440]

8. Односот и соработката на Младотурска партија "Напредок и единство" со МРО во периодот од I.Младотурски конгрес до избувнувањето на Младотурската револуција (19о2-19о8)

а. Односот на Младотурската партија "Напредок и единство" спрема МРО до одржувањето на на II. Младотурски конгрес (19о2-19о7)

Односот и соработката на Младотурската партија "Напредок и единство" со МРО во периодот од I.Младотурски конгрес до избувнувањето на Младотурската револуција поминал низ две развојни фази: првата фаза го опфаќала периодот од I.Младотурски конгрес до создавањето на солунското "Османско друштво за слобода" во 19о6 г. односно до одржувањето на II. Младотурски конгрес која е позната и како фаза на буржоаски реформизам, а втората фаза го опфаќала периодот до избувнувањето на Младотурската револуција која во развојните фази на Младотурската револуција е позната и како фаза на буржоаски револуционеризам.

Основите на односот на Партијата "Напредок и единство" и нејзиниот лидер А.Р'за-бej спрема револуционерните организации на нетурските народи во Османската империја, односно спрема МРО во првата фаза од наведениот период, со извесни модификации, ги сочинувала Програмата на Партијата објавена во в."Мешверет" на 15.VIII 1897 г. Партијата "Напредок и единство" својот однос спрема револуционерните организации на нетурските народи и спрема МРО и во оваа фаза го изразувала преку донесените конгресни резолуции, декларации и политички прог-

рами,[441] објавени повици до народите на Османската империја,[442] кореспонденцијата меѓу нејзините секции и центри, донесените статути, изјавите и написите на нејзините лидери, објавени во младотурските весници и списанија, повремените и другите контакти со претставниците на МРО како и преку односот на младите турски офицери кои ги следеле четите на МРО во Македонија во предвечерието на Младотурската револуција.

И во наведената фаза, во основите на идејно-политичките определби на Партијата "Напредок и единство" по националното прашање, па дури и понагласено, лежела идејата за создавање на единствена османска нација во Османската империја, врз принципот една нација во една држава, во која на обединетите народи ќе им биле обезбедени слобода, рамноправност и правда. Поради тоа, Партијата "Напредок и единство" и нејзините лидери биле огорчени противници, дури и непријатели на револуционерните организации на нетурските народи, а особено на МРО која се стремела за стекнување на целосна независност на Македонија од Османската империја, заради што таа била третирана како предавничка и сепаратистичка организација, а нејзините припадници како непријатели на османскиот народ и османската држава. Овој однос на "Напредок и единство" дошол до израз и во изјавата на А.Р'за-бej објавена во 1913 г. од англичанецот Џон Мекдоналд: "Давање автономија рекол Р'за-бej, значи предавство и сепаратизам, односно распарчување на државата... Државата нема повеќе да биде составена од освојувачи и робови, туку од слободни луѓе, ќе станеме една нова нација."[443] Идејните и политичките погледи на А.Р'за-бej биле афирмирани и пропагирани и преку неговата статија објавена во в."Мешверет" на 1.XII 1902 г. во Париз.[444]

Со слична содржина, на 1.XII 1902 г. во в."Шура-и Умет" во Каиро била објавена статијата "İntibah",[445] во која пишувало: "Револуционерните комитети на Ерменците и во Македонија за да ѝ го свртат вниманието на Европа и да го отворат патот за странска интервенција во Османската империја, објавуваат дека единтвеното решение е да се откинат христијанските народи од нашата татковина. Тие народи со своите акции го предизвикуваат гневот на муслиманите. Благодарение на тоа што нашиот народ до извесна степен ги отвори очите и сфати дека му се подготвува голема клопка, има две години што тој не се вклучува во меѓунационалните кавги и не даде простор за крвопролевање, истребување и револуција".[446]

А.Р'за-бej честопати подвлекувал дека најголеми виновници за влошувањето на општите состојби во Османската империја и зголемувањето на стремежите на нетурските, особено на христијанските народи, за откинување од Османската империја биле големите европски сили,[447] соседните балкански државички-Бугарија, Србија и Грција, и лошите управувачи на Империјата. Од тие причини, според него, прво требало да се елиминираат причините кои ја довеле земјата до работ на катастрофа, а потоа лесно би било со решавањето на националното прашање.[448] Во тие рамки треба да се сфати и неговата мисла искажана во тајното писмо испратено до Солунскиот центар на 17.I 1908 г. во кое пишувал дека "требало да се создаде единство со грчкиот народ и "Бугарите" и Власите, и центарот да ги употреби сите можни средства за придобивање на"бугарските" комитети,[449] а по соборување на султанот Абдул Хамид II и воведување на уставно-парламентарен режим лесно би било да се расправа со сепаратистички организации кои се стремеле да создаваат свои

национални автономни територии.[450]

Стремежите на парискиот центар на МП "Единство и напредок" за воведување уставно-парламентарен систем и за создавање на единствена османска нација, и односот на споменатиот центар спрема нетурските народи во Османската империја дошле до израз и во едно негово писмо испратено до Никола Манолов кон крајот на август 1907 г. во кое меѓу другото пишува: "...За формирање на една уставна влада - Турците, Курдите, Бугарите, Арапите, Ерменците и др. сотатковници треба да се борат за правда, рамноправност и за среќата на нашата татковина, која не е ниту на Турците и Бугарите, ниту пак на Арапите, туку е татковина на сите луѓе што го носат името Османлија. Сите тие што ја прифаќаат оваа вистина, без разлика на пол и национална и верска припадност, се наши сограѓани и сотатковници. Сите тие што мислат поинаку, односно сакаат да ја распарчат татковината и нејзините народи, без разлика кој да е, па дури и Турците, се наши противници и непријатели. Нашето Друштво, пишува во писмото, не е 'националистичка' партија како што се комитетите на нетурските народи кои мислат само за интересите на своите народи ...".[451] Во едно друго писмо испратено од истиот центар до еден непознат Македонец во Македонија на 6.IX 1907 г. меѓудругото пишува: "...освен тоа што ~~што~~ Турчинот и Бугарин-от имаат заедничко потекло, нивната заедничка судбина и неопходната потреба, нив ги принудува да живеат заедно..."[452]

Споменатата младотурска политичка организација својот однос спрема нетурските народи и нивните национални движења ги изразувала и преку своите донесени статути во 1907 и 1908 г.[453] Во чл. 1 на Статутот од 1907 г. пишува: "Од ос-[454]

манските патриоти кои ги сакаат спасот и среќата на татковината, во Париз се создаде Османското друштво 'Напредок и единство'".[455] Во чл.3: "За да се постигне напредок и единство меѓу сите народи на Османската империја, на работа треба да се поттикнат сите Османлии".[456] Во чл.6: "Во Друштвото можат да се зачленуваат сите Османлии без разлика на нивниот пол и нивната етничка и конфесионална припадност под услов да бидат полнолетни, умни, со добри морални особини и со чисто минато",[457] а во чл. 26 пишува: "Друштвото ќе се бори за доброто на татковината, за правдата, за слободата на политичката мисла, за унапредувањето на науката и просветата, а седоја нејзин член ќе се бори за отворање на училишта, библиотеки и печатници, за издавање на весници, списанија и книги, за создавање на наставнички кадар и др."[458]

Во чл.1 на Статутот објавен во почетокот на 1908 г. пишува: "Основната цел на Друштвото е да го спаси народот од денешната лоша и опасна ситуација, од режимот на зулумот и да му обезбеди на тој народ еден достоен човечки живот, а сите луѓе на Османската империја, без разлика на нивниот пол, и нивната конфесионална припадност, имаат света задача да го вратат Уставот од 1876 г. кој на сите народи ќе им обезбеди политичка рамноправност и правда...".[459] Во чл.2 на Статутот пишува: "За постигнување на поставената цел, треба сите Османлии заеднички да работат, да ги сплотат своите национални интереси со заедничките интереси на сите Османлии и да ги спречат стремежите за создавање на подвоеност мегу народите на полова, национална и верска основа",[460] а во чл.57 пишува: "Член на Друштвото мо-

же да биде секој кој е државјанин на Османската империја, кој е умен, полнолетен и има добро морално и политичко минато..."[461]

Од споменатите статути се гледа дека освен определбата за создавање единствена османска нација, другите биле мошне прогресивни определби кои се однесувале за културно-образовниот напредок, за обезбедување на слобода, правда и рамноправност за сите народи на Османската империја; и таа ги повикувала сите народи да се вклучат во борбата за соборување на стариот и воведување на конституционен систем односно враќање на Уставот од 1876 г.

Од досега систематизираните мислења и погледи содржани во кореспонденцијата меѓу младотурските центри, секции и комитети, од објавените написи, повици, донесените статути и политички програми, и др. документи може да се заклучи дека МП "Единство и напредок" и во наведениот период водела "искрена" и "правилна" политика спрема националните движења на нетурските народи. Таа од една страна во споменатите документи ги повикувала сите народи на Османската империја да се обединат во борбата против султанот Абдул Хамид II,[463] а од друга страна пак, според младотурците д-р Али Осман Онбулак, Фехми Џанер и д-р Акил Мухтар никогаш вистински не се интересирала за проблемите на националните малцинства во Османската империја, ниту пак чувствувала некоја срдечност и блискост спрема нив.[464] Според споменатите младотурци, врските меѓу МП "Единство и напредок" и револуционерните организации на нетурските народи биле воспоставени само преку младотурските конгреси-надвор од Османската империја, додека пак меѓу револуционерните ор-

ганизации во Османската империја не постоеле никакви врски.[465] Кон ова треба да се додаде и фактот дека во споменатиот период сé уште биле присутни големи разлики меѓу младотурските фракции на А.Р'за-бej и принцот Сабахадин-бej, кои разлики во 1907 г. биле толку евидентни што било невозможно да се дојде до некое вистинско спогодување меѓу нив, а тоа секако се одразило и на нивниот однос спрена националните движења на нетурските народи.[466]

б. Влијанието на Илинденското востание и МРО врз МП "Единство и напредок"во Македонија

Илинденското востание од 1903 г. ги растревожило Османската империја, големите европски сили и соседните балкански државички Бугарија, Србија и Грција. За следење на четите на МРО и оружените пропаганди, султанот Абдул Хамид и Високата порта испратиле во Македонија млади офицери кои во неа се сретнале со МРО која по својата организациона поставеност и структура се разликувала од италијанските ка карбонари на кои дотогаш се угледувале и младоосманлиите и младотурците. За големите европски сили, за султанот Абдул Хамид II и Високата порта четите на МРО биле бугарски, грчгрчки или српски националистички или само разбојнички чети. Тие чети и за грчката и српската пропаганда биле бугарски, а за бугарската пропаганда непријатели на бугарското дело. Меѓутоа, младите турски офицери на служба во Македонија, следејќи ги тие чети набрзо се уверile дека тие не биле ниту бугарски, ниту српски, ниту пак грчки или некои други чети. Тие офицери набрзо се уверile исто така дека четите

на МРО не се бореле за христијанство, за бугарско,српско или грчко дело, туку се бореле за своето национално дело. Следејќи ги тие чети, споменатите офицери според турскиот историчат Ј.Озтуна "се прекалиле и се изградиле меѓу нив",[467] "угледувајќи се на нив вели Нијази Беркес станале герилци,[468] од нив научиле што е комитство, револуционерност и револуција,[469] се инспирирале од нивната борба , и секој миг очекувале да експлодира некоја комитска бомба",[470] и повторно според Ј.Озтуна "добиле еден сосема поинаков дух, еден револуционерен дух".[471] Тие офицери продолжува Озтуна "душевно станале револуционери",[472] "се уверириле дека режимот на султанот Абдул хамид II вели М.Рагип можеле да го соборат единствено со употребување на методите на македонските комити",[473] "и од 1908 г. продолжува Озтуна работите што ги научиле во Македонија се обиделе да ги употребуваат на територијата на цела Османска империја".[474] Според турскиот историчар Ш.С.Ајдемир "Македонија станала револуционерно училиште за Младотурската револуција од 1908 г. и за турските офицери кои ја извеле таа револуција",[475] а М.Пандевски вели "За избувнувањето и за победата на Младотурската револуција мошне многу придонесоа Илинденското востание и поилинденските борби".[476] Кон ова треба да се додаде и констатацијата на турските автори И.Текели и С.Илкин според која "Востанието од 1903 г. во Македонија станала преломна точка за движењето меѓу младите турски офицери"[477] кои според С.Габер "во не мала мера се инспирирале и од Илинденската револуција"[478] и повторно според И.Текели и С.Илкин "и се приклучиле на Младотурската партија 'Напредок и единство' во Македонија, земајќи

активно учество во нејзината организација и дејствување"[479]

Со својата политика спрема немакедонското население во Македонија, со својата организациона поставеност и структура во периодот по Илинденското востание МРО извршила евидентно влијание не само врз прогресивни Турци, туку и врз прогресивните османски кругови и МП "Напредок и единство" особено врз нејзините секции и центри во Македонија. Тоа го потврдуваат и младотурската кореспонденција, донесените статути и политички програми, младотурскиот печат од тоа време, како и спомените на најистакнатите лидери на МП "Напредок и единство" во Македонија како што биле Енвер-бej, Талат-бej, Џемал-бej, Мустафа Кемал-Ататурк, Нијаиз-бej, Каз'м Карабекир, Каз'м Нами-Дуру, Т. Узер и многу др. Дури и Парискиот центар на Партијата покажал интересирање за МРО, без разлика што неговиот лидер А.Р'за-бej честопати подвлекувал дека МП "Напредок и единство" не била националистичка организација како што била МРО, сепак тој центар во периодот до формирањето на солунското "Османско друштво за слобода" во 1906 г. односно од септември 1907 г.-Солунски центар на МП"Напредок и единство" своите секции во Казанл'к, Русе, Видин, Бургас, Пловдив, Костанца, Добруџа и др. места ги формирал според моделот на организација и структура на МРО, кој модел честопати и го фалел.[480] Во едно писмо испратено на 25 март 1906 г. до некои Турци во Солун, Парискиот центар нив ги советувал при формирањето на Солунската секција на МП "Напредок и единство" да ги ползуваат искуствата на Грците, Ерменците и "Бугарите",[481] а во писмото од 6 август 1906 г. истиот центар пишувал: "Без разлика што Тур-

ците се посилни и похрабри од Бугарите, сепак при формирањето на секцијата во Солун, вие треба да ги користите искуствата на Бугарите..."[482]

За влијанието на МРО врз МП "Единство и напредок" пишуваат и американските автори Станфорд и Езел Курал Шо. Според нив, МП "Единство и напредок" ги формирала своите клетки по примерот на МРО.[483] Според И.Текели и С.Илкин МП "Единство и напредок" по примерот на МРО"ја создала и својата тајна известителна организација која и станала пандан на султанската тајна полиција".[484]

Според т.5 од Смерниците објавени на крајот на II. Младотурски конгрес и чл.1-1о од последните две глави на Статутот од 19о8 г. секој член на Партијата "Напредок и единство" ќе бил строго казнуван ако ја оддавал тајната на Партијата и работел против делото,[485] заради што во периодот до избувнувањето на Младотурската револуција не била забележена ниту една провала во работата и дејствувањето на Партијата.[486]

Влијанието на МРО врз МП "Единство и напредок" го забелезал и Англичанецот Чарл Роден Бакстон кој во врска со тоа пишува: "По формирањето на 'Османското друштво за слобода' во Солун, османските Турци - особено војскатаму се вклучиле на системот на балканската опозиција и угледувајќи се на институциите на балканската средина се организирале против режимот на султанот Абдул Хамид.Создале свои чети по примерот на 'Внатрешната организација' на македонските Бугари..."[487] Според својата организациона поставеност и структура, МП "Напредок и единство",станала балканска организација.[488] Според турските историча-

ри Ш.С.Ајдемир, Т.З.Тунаја, С.Акшин, С.Н.Тансу и еден од основачите на солунското "Османско друштво за слобода"-Ќ. Н.Дуру, дури и текстот на заклетвата и нејзиниот начин на полагање при зачленување во Партијата биле копирани од МРО.[489] Начинот на полагањето на заклетвата МП "Единство и напредок" го задржала и во периодот по победата на Младотурската револуција.[490] Според Ш.С.Ајдемир, во споменатиот период"дури и тактичката парола на двете организации била иста: 'Слобода или смрт'".[491]

На работата на МРО се угледувал дури и Енвер-бej (паша).[492] Во врска со тоа, тој во своите спомени пишува: "По зачленување во 'Османското друштво за слобода' во Солун, како негов 12-ти член по ред, веднаш поминав во Битола,каде се состанав со началникот на реонскиот штаб - Хасан-бej и со капетанот Муса Ќаз'м-бej (Ќаз'м Карабекир-паша)[493] на кои им предложив за изнаоѓање лек за проблемите на земјата да работиме како Бугарите и да формираме еден комитет...",[494] а на состанокот со Талат-бej и Рахми-бej кај Емануел Карасо [495] во Солун, потсетувајќи ги нив за акциите на бугарските комитети во Солун[496] предложив и ние да ги употребуваме истите методи и средства што ги употребуваат Бугарите. Ако со пропагандата оди тешко, тогаш по собирање на 30-40 членови на Друштвото, јас предлагам да одиме во Истанбул кај странските амбасади и да им ставиме до знаење дека ако не бидат прифатени нашите барања за воведување уставен режим во земјата, тогаш со бомби ќе ги нападнеме, ќе им се заканuваме и ќе ги заплашиме амбасадорите. Со тоа ќе ги реализираме нашите цели..."[497]

Младотурците планирале да поминат во акција и во

другите делови на Османската империја. Имало предлози и размислувања тие да поминат во Анадолија, таму да формираат комитети слични на тие на МРО и да се борат за соборување на режимот на султанот Абдул Хамид II и да воведат уставен систем во Османската империја. Еден од тие младотурци бил и Енвер-бej кој на својот чичко Халил-бej му рекол: "Ние треба да поминеме во Анадолија, таму, и ние, како Бугарите да формираме комитети и да го притиснеме Истанбул..."[498]

Задоени со идеи за соборување на стариот режим, нередовно и слабо платените млади турски офицери - членови или симпатизери на МП "Единство и напредок",[499] по завршените битки застанувале пред мртвите тела на македонските комити и им оддавале војничка почест.[500] Така се однесувале офицерите Хасан Арап-бинбаши,[501] командирот на воената единица од Кичево по битката на Цер,[502] Енвер-бej[503] и многу други.

Во споменатиот период имало случаи кога некои турски офицери и претставници на официјалната власт-најверојатно членови на МП "Напредок и единство", го заштитувале македонското население од оружените напади, колежи и други злосторства на четите на пропагандите на соседните земји, особено од злосторствата на грчките андарти. Така се однесувал и Шинаси-ефенди, Турчин од Лерин кој на Илинден 1906 г. го известил леринскиот кајмакам за претстојниот напад на 120 грчки андарти на селото Горничево и со интервенцијата на војската го спасил селото од масакрот на андартите.[504]

Во споменатиот период имало случаи кога се појаву-

вале Турци-поединци, меѓу кои имало и членови и симпатизе-
ри на Младотурската партија "Напредок и единство" да изгр
радат позитивен однос спрема МРО и македонското население 505)

в. Односот и соработката на МП "Напредок и единство" со МРО во периодот од создавањето на солунското "Османско друштво за слобода" до избувнувањето на Младотурската револуција (1906-1908)

Формирањето на солунското "Османско друштво за слобода" односно Солунски центар на МП "Напредок и единство" претставувало мошне значаен настан во историјата на младотурското движење. Дејствувајќи слично како МРО, споменатото друштво оформило и прокламирало порадикални идеи, определби, методи и средства за политичко дејствување против режимот на султанот Абдул Хамид II и за воведување на уставен режим во Османската империја, дури и од најрадикалните идеи, определби, методи и средства на Парискио центар на Партијата. Од тие причини, кога се зборува за односот и соработката на МП "Напредок и единство" со МРО во споменатиот период, најмногу се мисли на нејзиниот Солунски центар со МРО.

Во периодот до предвечерието на Младотурската револуција, поточно до почетокот на 1908 г., секциите и центрите на МП "Напредок и единство" и нивните лидери во Македонија и Европа со исклучок на Мустафа Ќемал-Ататурк, Тахсин Утер и неколку др. младотурци не правеле никаква дис-

тинкција меѓу вистинската МРО и нејзиното врховизирано крило предводено од експонентите на врховизмот во Македонија Борис Сарафоќ, Иван Гарванов, а по нивното убиство од Христо Матов, Тодор Александров и други. И според младотурците, припадниците на МРО биле поделени на "централисти" кои се бореле за автономијата на Македонија, и "врховисти" кои се бореле за откинувањето на Македонија од Османската империја, а потоа нејзино припојување кон Бугарија по примерот на Источна Румелија во 1885 г. Меѓутоа, за младотурците и двете фракции на МРО биле сепаратистички и непријателски организации кои се бореле за распарчување и уништување на османската држава. Покрај наведениот однос на Младотурците спрема МРО, во историографијата сепак се евидентирани неколку ситуации во кои некои од лидерите на МП "Напредок иединство" или некои нејзини истакнати членови, инцидентно воспоставиле соработка и пријателство со двете крила на МРО. Во тие рамки треба да се сфатат воспоставените пријателства меѓу Тахсин Узер и Јане Сандански од 1901 г.,[506] Сулејман-бej и Гоце Делчев во предвечерието на Илинденското востание,[507] Исмаил-Ефенди и Борис Сарафов,[508] и многу други прогресивни Турци и МРО и Македонци, како и упатената покана од Парискиот центар на "Напредок и единство" до Б.Сарафов односно Хр.Матов за учество на II.Младотурски конгрес во декември 1907 година во Париз.[509]

Кон ова треба да се додаде и фактот дека, без разлика на наброените инцидентни, а подоцна некои од нив прераснале во континуирани пријателски врски како што биле тие меѓу Т. Узер и Ј.Сандански кои продолжиле и по победата на Младотурската револуција и за време на задушувањето на Военото воста-

ние во април 1909 г., и без разлика на донесената резолуција на II.Младотурски конгрес за обединување со сите револуционерни организации во Османската империја во единствен сојуз за борба против султанот Абдул Хамид II, сепак младотурците и во овој период се бореле за уништување на МРО која според нив била најдобро организирана сепаратистичка организација, а според султанот Абдул Хамид II и Високата порта и најопасна организација за османската држава. Меѓутоа, еволуирајќи во својата политичка определба и задна цел - наместо автономија на Македонија, да се бара само нејзина обласна самоуправа во една радикално реформирана Османска империја, МРО придонела и МП "Напредок и единство" во Македонија да се еволуира во својот однос спрема неа, да иницира средби и други контакти со лидерите на МРО ветувајќи им при тоа дека по воведувањето на уставно-парламентарниот режим во земјата на македонскиот народ ќе му биле обезбедени полна слобода, рамноправност, правда и братски живот. Додека пак Парискиот центар на "Напредок и единство" останал на своите дотогашни позиции спрема МРО кои позиции ги заджал и за време на Младотурската револуција и во периодот по нејзината победа.

За времето на воспоставувањето на првите континуирани врски меѓу МП "Напредок и единство" и МРО денес постојат различни тврдења кај историчарите-научници. Според А.Ф.Милер,"во периодот пред избувнувањето на Младотурската револуција сè уште не биле воспоставени никакви врски меѓу турските и нетурските револуционерни организации",[510] а според тоа тие немале никакви врски ниту со МРО; според рускиот ополномо ник на работите во Париз - Неклудов "три-четири години пред избувнувањето на Младотурската револуција се појавило малку-помалку

едно зближување на младотурските комитети прво со ерменските, а потоа и со македонските комитети и странски револуционерни и анархистички кружоци...";[511] според Ј.А.Петросјан"младотурците во тоа време безуспешно се обидувале да се спогодат со македонските револуционери";[512] според Туше Влахов "младотурците направиле обид да стапат во контакт со некои национално-револуционерни организации-поканиле претставници на ерменските организации и на ВМОРО да земаат учество на нивните конгреси";[513] според Е.Саркисов "во периодот 1905-1908 г. МП'Напредок и единство' решила да ги ползува сите антиапсолутистички сили во Турција за рушење на султанот Абдул Хамид и за воведување на конституцијата";[514] според Ангел Динев "младотурците биле веќе во врска со луѓето на Организацијата и се мачеле да се разберат целосно и да објават едно вистинско збратимување за да се отпочне општа борба против режимот на султанот А. Хамид II",[515] а според Данчо Зографски "луѓето на Комитетот 'Обединение и напредок' во надвечерието на Младотурската револуција вложувале особени напори за привлекување на другите народи, давајќи уверување дека целта на нивната борба била модернизирање и преуредување на турската држава и остварување на национална рамноправност и демократски развиток на сите народи што живеат во неа".[516]

МП"Напредок и единство" со своите многубројни секции и центри,во периодот по создавањето на Солунскиот, а особено Битолскиот центар, станала една мошне голема политичка организација и сила во Османската империја, а посебно во Македонија, која се обидувала да ги обедини сите незадоволни елементи во борбата против султанскиот режим ветувајќи им притоа дека во новиот уставен режим ќе им биле обезедени слобода, рам-

неправност, правда и исти должности на сите народи на Османската империја без разлика на нивната верска и национална припадност. Таквите правилни и "искрени" ветувања на Партијата "Напредок и единство" придонеле да се создадат основни услови и претпоставки за обединување на револуционерните организации на нетурските народи со неа. Споменатите ветувања произлегувале од решенијата на II.Младотурски конгрес кон кои се приклучила и "левицата" на МРО предводена од нејзиниот најистакнат лидер Јане Сандански, што претставувало голема и мошне значајна, па дури и решавачка подршка на Младотурската партија "Напредок и единство" во нејзините настојувања за создавање на единствен опозиционен блок против султанот А.Хамид II. "Во тоа време кај дејците на левицата на ВМОРО вели Т.Влахов се повеќе пробивал пат гледиштето дека разрешувањето на македонско-одринското прашање требало да се бара во општата демократизација на Турција. Таквото гледиште кое се совпаѓало со декларативната парола на младотурците го застапувале Павел Делирадев, Ангел Томов и други луѓе на левицата во списанието 'Одрински глас'". 51Х)

Во периодот по II.Младотурски конгрес, согласно со решенијата на тој конгрес, МП "Напредок и единство" во Македонија пристапила кон воспоставување на директни контакти со месните комитети на револуционерните организации на нетурските народи, а особено со месните комитети на МРО. При анализирањето на споменатото прашање, сепак треба да се повлече една јасна линија меѓу односот на Парискиот младотурски центар и неговиот лидер А.Р'за-бej и младотурските центри во Солун и Битола спрема револуционерните организации на нетурските народи, а во тие рамки и спрема МРО и нејзината "левица". Додека Парискиот младотурски центар и во наведениот период својот однос спрема МРО и револуционерните организации на другите нетурски народи го изра-

зувал преку својата кореспонденција и политичка пропаганда реализирана преку објавените јавни повици, упатените меморандуми до големите европски сили и преку својот печат, но, без презимање на некои конкретни чекори за воспоставување на директни контакти со нив, младотурските центри во Битола и Солун, и секциите во другите македонски градови покренале конкретни иницијативи за воспоставување на директни врски со месните комитети на МРО и другите нетурски револуционерни организации. Со тоа споменатите центри и секции на МП "Напредок и единство" во Македонија, од раџете на Парискиот центар целосно ја презеле иницијативата за организирање на подготовките за изведување на Младотурската револуција и за реализирање на определбата за трансформирање на буржоаскиот реформизам во буржоаски револуционеризам.[518]

Од почетокот на 1908 г. младотурските комитети во Македонија ги зголемиле своите политички и пропагандни активности во војската и широките народни маси. Нив ги повикувале да се обединат во борбата за соборување на султанскиот режим и за воведување на уставно-собранискиот систем во земјата при што им ветувале дека во нововедениот демократски режим сите народи ќе имаат слобода, рамноправност, исти права и должности и ќе живееле братски. Според Д.Зографски "ветувањата наидувале на поволен прием кај народните маси од сите нации и вери".[519] Тие наидувале на голем одзив и кај офицерите и војниците на III.армиски корпус во Македонија. Според А.Динев "во март 1908 г. војската била исцело на страната на младотурскиот револуционерен комитет",[520] а според А.Митрев "таа го изневерила султанот Абдул Хамид II".[521]

Во наведениот период МП "Напредок и единство" изградила мошне позитивен однос и спрема Учителското движење во Македо-

донија. Задржувајќи се на односите и соработката меѓу младотурците и македонските учители во Кичево и во другите места на Македонија Анастас Митрев во своите спомени пишува: "Речиси насекаде во позафрлената внатрешност на Македонија учителите и турските офицери беа добри лични пријатели и соговорници на политички и општествени теми...Имаше случаи, како на пример во селото Зашле, Битолско, кога офицерот добива наредба за прогонување на некоја чета, тој веднаш го известува учителот да го стори потребното...Офицерите од касарната во Кичево-Али-бејјузбашија,[522] Амди-бej-јузбашија, Зекир-ефенди-мулазим,[523] Мурад-ефенди и други не можеа да не го свртат погледот кон бунтовните учители...Бунтот на младите учители им дал идеја на конспираторите од касарната да се создаде еден учителско-офицерски или македонско-турски фронт против режимот на апсолутизмот и на омразебиот султан. Со оглед на ваквата цел, учители и офицери сврзавме пријателство. Започнаа 'случајни' средби, 'случајни' разговори на 'случајни' политички теми...Стана очигледно дека офицерите се стремеа да ја добијат довербата на учителите, без да ја раскриваат конспирацијата...Во текот на велигденските празници офицерите им направија визита на учителите. Во момент на расположба, поручникот Мурад-бej се искажа дека следниот Велигден ќе се празнува во нов, слободен режим...",[524] а со цел да докажат на кичевските учители дека искрено работат за"законитост и правен ~~правен~~ поредок" младотурците го ликвидирале насилникот Бајо кој ги ограбувал и вршел и други насилства врз граѓаните на Кичево.[525]

Од почетокот на 1908 г. МП "Напредок и единство" се обидувала да воспостави директни врски со месните комитети на МРО која ги еволуирала своите стремежи и "наместо автономија,

барала обласна самоуправа за Македонија при коренито внатрешно преуредување на Турција..."[526] Задоволен од новата ориентација на "левицата" на МРО, Младотурскиот комитет во Струмица, во пролетта на 1908 г., воспоставил директни контакти со Окружниот комитет на МРО во Струмица со кој почнале координирано да дејствуваат против месните органи на султанската власт,[527] а за доказ и верност тој го ликвидирал и султанскиот поткажувач Николај Љатев.[528] "Преку директни контакти на организираните младинци во младотурските комитети по градовите и селата со комитетите во градовите и селата на Организацијата вели А. Динев, во Македонија се отпочна кртовска работа".[529]

Во јуни 1908 г. Скопската секција на МП "Напредок и единство" создала сојуз со месниот комитет на МРО и заедно пристапиле кон "изработување на заеднички план за дејствување и систематско компромитирање на султанскиот режим",[530] а австроунгарскиот конзул во Скопје - Лукес, во својот извештај од 1о јуни 1908 г. до министерот за надворешни работи Ерентал пишувал: "Тајните друштва на образованите муслимани во Штип кои се непријателски расположени спрема владејачкиот режим, почнуваат да пактираат со Бугарите , очекувајќи од реформата конечна автономија за Македонија".[531]

Во предвечерието на Младотурската револуција, во една фаза на интензивни подготовки за организирање на револуција, МП "Напредок и единство", се стремела на секаков начин да ги привлече на своја страна сите револуционерни организации на нетурските народи во Македонија, односно Османската империја, а особено "левицата" на МРО која со околу 11о чети[532] претставувала голема воена и политичка сила и мошне значајна поддршка за неа во претстојното пресметување со султанот Абдул Хамид II. Таа

особено се стремела да ја добие и личната поддршка на лидерот на "левицата", тогаш моќне авторитетниот македонски револуционер Јане Сандански, кој уште порано ги прифатил решенијата на II.Младотурски конгрес, изразил желба да соработува и да ѝ даде помош на Партијата "Напредок и единство" под услови на Македонија да ѝ се даде обласна самоуправа и да се воведат аграрни и други социјални реформи. Ако може да му се верува на извештајот на дипломатскиот застапник на Србија во Софија-Света Симиќ, испратен на 28 јули 1908 г. до министерот за надворешни работи на Србија д-р Милован Миловановиќ; "Јане Сандански уште пред првите војнички побуни стапил во врска со Младотурците...",[533] а според Т.Узер и М.Апостолов, уште во есента на 1901 г.[534]

Имајќи го предвид старото познанство и пријателство на Т.Узер со Ј.Сандански, ЦК на МП "Напредок и единство" од Солун, преку Енвер-бej(паша) го задолжил Т.Узер, кој инаку тогаш бил офицер во штабот на Хусеин Хилми-паша во Солун, да се сретне со Јане Сандански, да го посвети него во тајните на МП "Напредок и единство" и да му стави до знаење дека Партијата "Напредок и единство" има неопходна потреба од неговата односно од поддршката на "левицата" на МРО, а за возврат таа на МРО и на Ј.Сандански им ветувала дури и автономија на Македонија во рамките на една нова Турција.[535] На средбата Т.Узер го запознал Ј.Сандански со стремежите на МП "Напредок и единство" и ги повикал него лично и "левицата" на МРО да се вклучат во создавањето на планираниот сојуз за борба против султанот Абдул Хамид II, на што Ј.Сандански му одговорил дека за тоа мора да разговара со четите и раководствата.[536]

Во настојувањата за создавање на единствен со-

јуз од револуционерните организации на нетурските народи во Македонија, со цел да го придобие месното македонско население во Ресен и Преспа, во предвечерието на Младотурската револуција, со својот добар однос спрема тоа население, Нијази-бej успеал да создаде една поволна атмосфера за соработка со македонското население и со месните комитети на МРО во Ресен и Преспа при што тој дури ослободувал и македонски револуционери.[537] Изразувајќи го својот однос, а со тоа и односот на ресенскиот младотурски комитет спрема македонското население и МРО во Ресен и Преспа, Нијази-бej во своите спомени пишува: "Во востанието што ќе го организираме против Владата и ревалските одлуки мораме да докажеме дека нашите христијански сотатковници ги сметаме за рамноправни, дека нивната чест е и нашата, дека нивните животи се и нашите и дека нивните имоти се и нашите имоти. Мораме да докажеме дека нашето востание не е востание на поединци против националните малцинства, туку, тоа ќе биде востание против притисокот на власта која направи да бидеме непријатели еден на друг, тоа ќе биде востание со кое ќе прогласиме слобода, рамноправност и братство...".[538] Придржувајќи се на прокламираните ветувања и реализирајќи ги истите, Нијази-бej во тие денови ќе го спасил 8 годишниот син на сестра му на ресенскиот војвода Крсте,[539] со што ги добил симпатиите на месните Македонци и докажал дека целта на неговата борба била обезбедување на правда, рамноправност и слобода за сите поданици на Османската империја без разлика на нивната народносна и конфесионална припадност.

В Т О Р Д Е Л

А. МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА ВО 1908 ГОД. ВО ОСМАНСКАТА ИМПЕРИЈА

1. Избувнувањето, текот и победата на Револуцијата

Периодот од почетокот на 1908 г. до избувнувањето на Младотурската револуција на 3 јули 1908 г. се карактеризирал со влошување на економско-политичката ситуација на Османската империја која во наведениот период им должела на странските кредитори околу 59.100.000 т.л.[540] со тенденција на натамошно зголемување на наведениот износ.[541] Отплатувањето на тој долг претставувало тежок терет за економски слабата османска држава, заради што таа ги зголемила старите и вовела нови даноци. Тоа довело до зголемување на економската експлоатација на широките народни маси кои биле изложени на притисокот на режимот на султанот А. Хамид II , што довело и до зголемување на општото незадоволство кај споменатите маси. Тешката ситуација на народните маси мошне добро ја опишал Талат-бej(паша) кој рекол: "Апсолутистичкиот режим на Абдул Хамид во центарот и во вилаетските центри имаше создадено една специјална класа. Луѓето од оваа класа ги гледаа само своите лични интереси, при што кутриот народ целосно беше потиснат. Луѓето од споменатата класа се подржуваа меѓусебно. Како што беа поврзани министрите со луѓето од Сарајот во Истанбул, така беа поврзани богатите и министрите во вилаетите каде продолжуваа да го експлоатираат народот..."[542]

Незадоволства се појавиле и во редовите на војската. Според историчарот Арам Андонјан "војската била една од најголемите жртви на режимот на султанот Абдул Хамид II . На офицерите не им се давале плати,[543] чевли, доволна храна и други продукти. Тие останувале долги години под оружје..."[544] Своите плати скоро никогаш не ги добивале на време, а за да ги добијат, морале да им даваат мито на некои луѓе во Истанбул, со што, немајќи соп-

ствени материјални извори не се разликувале многу од обичниот војник. Покрај тоа, нивната исхрана била лоша, а облекувањето уште полошо заради што според Ч.Р.Бакстон "и војниците и офицерите биле принудени да востануваат ...."[545] Од тие причини растело незадоволството во војската на Османската империја, а особено во Македонија и Румелија, па дури и во самиот центар на Империјата-Истанбул. Споменатото незадоволство во војската го искористила во тоа време мошне активната МП "Напредок и единство" која својата работа ја насочила кон придобивање на офицерите особено помладите и ги убедувала дека султанот Абдул Хамид II ја продал земјата на странците, со што успеала да влијае на нивните патриотски, верски и национални чувства. При обвинувањето на султанот Абдул Хамид II, младотурците се служеле со фактите дека во Македонија на чело на сите служби на османската власт се наоѓале европејците, дека генералниот инспектор Хусеин Хилми-паша, валиите, граѓанските и воените службеници, правосудните и другите органи биле ставени под нивна контрола. И полицијата била во нивни раце. Со тоа всушност османската власт целосно била ставена под контролата на европските управувачи. Таа ситуација очајно ги навредувала патриотските и другите чувства на младите турски офицери-припадници на МП "Напредок и единство". Споменатата навреда и омаловажување, нередовното исплатување на платите и унапредување во повисоки чинови, долгогодишното служење во војската и лошите животни услови во неа, како и големата политичка пропаганда на МП "Напредок и единство" биле причина во 1907[546] и во 1908 г. да избувнат многубројни воени востанија и бунтови во кои во Анадолија учествувале и широките народни маси.[547]

Од почетокот на 1908 г. до избувнувањето на Младотурската револуција воени востанија и бунтови избувнале во Едирне,[548] К'рцали,[549] М.Трново,[550] Битолскиот вилает,[551] Ускудар,[552] Скопскиот вилает,[553] Ајдинскиот вилает,[554] потоа во Истанбул, Измир и други градови, па дури и во Сирија.[555] Меѓутоа, сепак најголемо раздвижување меѓу младите турски офицери имало во Македонија во која бил стациониран III армиски корпус. Политичката пропаганда на МП "Напредок и единство" зела толку голем замав во единиците на споменатиот корпус што султанот Абдул Хамид II и Високата порта оправдано се растревожиле и поминале во акција за целосно искоренување на влијанието на споменатата партија во војската. Со таква цел тие во Македонија испратиле многубројни специјални доушници, а во март 1908 г. во Солун испратиле и една специјална Истражна комисија со задача да истражува и да ги затвори сите офицери-припадници на Младотурската партија "Напредок и единство". Во почетокот на јуни истата година на чело со п.полк. Наз'м-бej во Солун била испратена уште една специјална комисија со задача за откривање на офицерите-младотурци на Правното училиште во Солун, при што таа за припадност кон МП"Напредок и единство" обвинила и затворила 17 офицери од кои 3 биле испратени во прогонство во Јемен, а поради недостиг на докази останатите офицери биле ослободени.[556]

Од зголемените политички активности на МП"Напредок и единство"[557] растревожениот султан Абдул Хамид II, со сменување на воени команданти[558] и други административни службеници, со назначување на нивно место на други команданти, со затворање и прогонување на млади офицери-младотурци се обидел да ѝ зададе сериозен удар на споменатата партија и да ја спречи

во настојувањата за кревање на востание за соборување на неговиот режим и за повторно враќање на привремено суспендираниот Устав од 1876 г. Меѓутоа, извршените измени во командниот состав на III армиски корпус и затворањата на младите офицери-припадници на МП"Напредок и единство" не можело повеќе да ги спречи младотурците во реализирањето на своите намери за кревање востание. Во тие денови, младотурците поминале во извршување на конкретни оружени акции-атентати врз султанските воени, полициски и други службеници-противници и непријатели на Младотурската партија "Напредок и единство".[559] По атентатот на п.полк. Наз'м-бej, под раководство на генералот Исмаил Махир-паша султанот Абдул Хамид II во Солун испратил уште една Истражна комисија со задача за откривање и затворање на сите офицери-младотурци. Меѓутоа, младотурците ја спречиле и таа комисија во извршувањето на своите задачи. Младотурците прво го убиле битолскиот полициски началник Сами-бej,[560] потоа на 19 јуни го раниле Мустафа-бej од битолскиот артилериски полк, а на крајот во бродот за Истанбул со кој патувале и членовите на Истражната комисија, близу Чанаккале еден припадник на Партијата "Напредок и единство" со неколку истрели тешко ро ранил членот на Комисијата генералот Сад'к-паша.[561] Младотурците со убиство му се заканувале и на маршалот Ибрахим-паша, поради што тој морал да попушти.[562] Во тие денови на страната на младотурците поминале и сменетиот командант на штабот на III армиски корпус генералот Али Р'за-паша и командантот на артилериски полк во Солун, Хасан Р'за-бej.

Превирања меѓу младите офицери-младотурци биле забележени и во единиците на Скопскиот вилает. За своите антивладини и антисултански активности биле затворени офицери во Велес и во др.градови на Скопскиот вилает. За општото расположение

на офицерите на III армиски корпус спрема режимот на сул.А. Хамид најдобро може да се види од извештајот на управникот на руското цивилно агентство во Македонија-Петрајев испратен до руската влада на 12 јуни 1908 г. "Револуционерното движење, пишувал Петрајев, ги опфати скоро сите офицери. Тие во меѓусебни разговори или во разговорите со странци, без да се плашат, остро го критикуваат сегашниот режим, ги манифестираат своите незадоволства од владетелите кои ја доведоа Турција на работ на катастрофа и бараат да се воведе претставничко владеење во земјата...",[563] а рускиот конзул во Скопје, Орлов во својот извештај од 17 јуни 1908 г. пишувал дека "пропагандата на младотурските револуционери постигнала големи успеси кај офицерите на турската војска и дека 75% од нив се зачленила во Младотурската партија".[564]

Како резултат од зајакнувањето на оружените пропаганди на соседните балкански држави, во почетокот на 1908 г. повторно било актуелизирано македонското прашање. Тоа прашање повторно добило меѓународни димензии и станало причина за големи несогласувања меѓу големите европски сили. За зголемувањето на споменатите несогласувања влијаеле и потпишаните спогодби меѓу Австро-Унгарија и Османската империја за воена соработка и за градење на солунската железница од страна на австриски фирми, со што Македонија директно се ставела под австро-унгарско управување.[565] По потпишувањето на споменатите спогодби и по зголемувањето на акциите на четите на МРО и оружените пропаганди, Македонија станала најосетливата област на Османската империја и на Европа.

По Берлинскиот конгрес од 1878 г. Османската империја продолжила со губење на свои територии и била принудена да се

повлече пред завојувачките стремежи на големите европски сили и балканските држави. Така било со Египет, Тунис, Крит, Источна Румелија и др. територии. Таа била принудена да се повлече дури и по победата над Грција во 1897 г. Во верига на тие настани била и Ревалската средба меѓу англискиот крал Едвард VII и рускиот цар Николај II на 9 и 1о јуни 19о8 г. која средба покрај другото предвидувала реформи и во Македонија и станувала причина за поголемо слабеење на и така моќне слабите врски меѓу Македонија и Османската империја.

Ревалската средба станала една од главните поттикнувачки услови за избувнувањето на Младотурската револуција во 19о8 г. во Османската империја. Втората причина била стравот на МП "Напредок и единство" од наводното откажување на Англија од своите интереси на Блискиот Исток на сметка на Русија што според неа значело ставање крај на османското владеење во Македонија, Румелија и Бл.Исток.[566] Ревалската средба ги зголемила сите тие стравувања, претпоставки и опасности.

Немоќни да се спротивстават и да го спречат мешањето на големите европски сили во внатрешните работи на Османската империја, МП"Напредок и единство" решила со револуција да ја спаси земјата од надворешни и внатрешни непријатели на чело со султанот Абдул Хамид II.[567] Ревалската средба станала причина за востанување на единиците на III армиски корпус во Македонија, особено ~~во~~ единиците во Ресен, Охрид, Битола, Сер, Скопје, Велес, Гевгелија, Штип, Струмица и др. градови во Македонија.[568] Колку била драматично примена веста за ревалските одлуки кај некои младотурци може да се види од изјавите на вицемајорот Нијази-бej[569] кој "размислувајќи за последиците на тие одлуки три дена и три ноќи не спиел и три дена и

три ќиќи поминал во возбуди и треперење",[570] а генералштабниот мајор Енвер-бej(паша) рекол дека "Ревалската средба нив ги принудила долго и длабоко да размислат".[571] Меѓутоа, треба да се има предвид и фактот дека прашањето за воведување реформи во Македонија и во др. делови на Османската империја за младотурците имало второстепено значење, од причина што младотурците првенствено биле противници на султанскиот режим во кој владееле митото, корупцијата и низа други неправилности. Сигурно е дека воведувањето реформи во Македонија не било прашање кое најмногу го интересирало младотурците. Се знае дека Ревалската средба извршила силно психолошко влијание врз младотурците и ги забрзала работите за кревање на востанието.

Дејствувајќи под притисок на времето и настаните, младотурците решиле по Ревалската средба да ја спречат интервенцијата на Англија и Русија и др. големи европски сили во внатрешните работи на Османската империја, бидејќи според А.Ф.Милер "ако била пропуштена таа шанса тогаш или ќе победила МРО или Македонија ќе паднала во рацете на империјалистичките држави".[572] Според тоа, трета алтернатива не постоела. Заради спречување на реализирањето на споменатите алтернативи, младотурците решиле оружено да востанат против ревалските одлуки и против режимот на султанот Абдул Хамид II.

Со одметнувањето во планина на командантот на 3 баталјон од 88 полк стациониран во Ресен, вицемајорот Ахмед Нијази-бej на 3 јули 1908 г. почнала Младотурската револуција во Османската империја.[573] Индиректно потпомогнати од некои офицери,[574] востанатите 160 војници предводени од вицемајорот Нијази-бej истиот ден напладне влегле во магацинот на гарни-

зонот, зеле по 2 пушки и 13 пушки повеќе,[575] оставајќи потврда, од касата на гарнизонот ги зеле сите 544,64 лири.[576] На востанатата чета ѝ се приклучиле и претседателот на ресенската општина Џемал-бej, полицискиот началник Тахир-бej, секретарот на даночната управа Тахсин-бej и п.пор.Јусуф Зија-бej од Битола.[577] Сите тие го одвеле со себе и директорот на српското училиште во Ресен Никола Димитриевиќ кој требало да служи како заложник за ослободување на едно 8 годишно македонско дете по име Ефтим, внук на војводата Крсте, одведен од с. Болно на 25 јуни 1908 г. од србоманите во Ресен.[578] На востанатата единица на Нијази-бej во Асамати се приклучиле и командантот на воениот одред во Наколец-п.пор.Осман-бej, заедно со п.пор.Сад'к-бej и 3 војници и жандармерискиот наредник заедно со мајорот Шукри Салих-бej кој зел и 70 пушки останати од регрутацијата на редифите во Наколец.[579]

По востанувањето, веднаш-истиот ден, Нијази-бej испратил официјални соопштенија до Ј'лд'з сарајот, генералниот инспектор на Румелија во Солун-Хусеин Хилми-паша, битолскиот валија, командата на битолскиот жандармериски полк, командантот на 3 баталјон на 88 полк во Ресен, жандармерискиот п.пор. Јашар-бej и до сите државни органи во Ресен и соседните градови на Ресен.[580]

Во соопштението до Ј'лд'з сарајот, генералниот инспектор и битолскиот валија покрај другото се велело:"Желбата на целиот народ е воведување на Уставот. Извршените зулуми во Ерзурум не го заплашија народот. Напротив, народот стана поотпорен...Ние бараме веднаш-денес да се воведе Уставот.Ако владата не го обезбедува воведувањето на Уставот, тогаш него народот со сила ќе го воведе...Моќната организација "Единство и напредок" бара веднаш да се собере Народното собрание.

Ако тоа не се реализира тогаш целата одговорност ќе падне врз владата".[581]

Востанатата единица на Нијази-бej преку селата Лавци и Извор на 4 јули 1908 г. во раните утрински часови стигнала во близината на Охрид. Нијази-бej со неколкумина свои другари во Охрид се сретнал со Ејуб Сабри-бej и членовите на околискиот младотурски комитет. По таа договорна средба, со својата единица Нијази-бej тргнал за Дебар, при што патем ги посетувал и турско-муслиманските и македонските села пропагирајќи ги во нив идеите и целите на Младотурската револуција за обезбедување на слобода, рамноправност, правда и заеднички живот меѓу сите народи кои живеат во Македонија и Османската империја без разлика на нивните народносни и верски припадности.[582] Тој ги повикувал селаните да им откажат послушност на месните владини службеници. Почитувајќи ја наредбата на Битолскиот младотурски комитет тој не дозволувал да се извршат никакви грабежи, насилства, обесчестувања и други ексцеси врз народот кого го повикувал да му се приклучи на антисултанското и антивладиното востание за воведување на уставни слободи и демократски РЕЖИМ во Османската империја.[583]

Во врска со преземањето иницијативата за раководење на востанието, австро-унгарскиот конзул во Битола-Посфаи на 5.VII 1908 г. пишува: "Завчера од страна на младотурскиот комитет било упатено побарување до грчкиот и бугарскиот комитет во Битола, за упатување на повик до сите села да бидат подготвени за прифаќање на турските чети, давајќи им на истите бесплатно леб и вода, додека сите други прехранбени артикли ќе биле платени. По потреба од секое село ќе им се придружиле и по 15-20 лица".[584]

Имајќи го предвид огромното значење на придобивањето

на македонското население во Ресен, Преспа, Дебар, Струга,Охрид, Битола и др. градови на Битолскиот вилает, а и пошироко од тоа, од цела Македонија-придржувајќи се кон прокламираните пароли за слобода, рамноправност, правда и братство меѓу народите кои живееле во Македонија и Османската империја и препораките на Битолскиот младотурски комитет за изградување на правилен и пријателски однос спрема споменатото население, а со цел правовремено и правилно информирање на тоа население за целите на Младотурската револуција, според Нијази-бej, се наложила потребата од упатување на една прокламација до македонското и другото христијанско население. Од заложениот српски учител Н.Димитриевиќ на "бугарски јазик" преведената прокламација, на 5 јули 1908 г. Нијази-бej ја упатил до христијанското население, а примероци од истата испратил до месните младотурски комитети во Дебар, Преспа, Струга, Ресен и Охрид,[585] еден примерок испратил до Битолскиот младотурски комитет,[586] а пет примероци предал на првенците на с.Крочиште со цел тие истите да ги дистрибуираат и на "бугарските", српските, влашките и албанските чети и комити.[587]

Споменатата Прокламација била мошне позитивен и прогресивен документ. Иако таа била составена само од Нијази-бej,сепак во неа биле опфатени начелните идејно-политички определби и цели на Младотурската партија "Напредок и единство" за спречување на мешањето на големите европски сили и малите балкански држави Бугарија, Србија и Грција во внатрешните работи на Османската империја, при што посебно било апострофирано дека нивното дотогашно мешање не придонесло за подобрување на положбата на христијанските народи во Империјата, туку напротив станало причина за нивните меѓусебни кавги и оружени пресмету-

вања. Според Нијази-бej, за сите лоши состојби во Османската империја главни виновници биле апсолутистичкиот режим на султанот Абдул Хамид II, луѓето околу него, корумпираната влада и нејзините службеници и низа други нејзини институции. Заради тоа, преку упатената прокламација тој го повикувал христијанското население во Битолскиот вилает да се вклучи во борбата за уривање на режимот на султанот Абдул Хамид и за воведување на уставно-парламентарен режим кој на сите луѓе без разлика на пол, верска припадност, етногенеза и политичко убедување, ќе им обезбедувал слобода, рамноправност, правда и заеднички односно братски живот.

На 6 јули 1908 г. Битолскиот младотурски комитет испратил Меморандум до валијата на Битолскиот вилает, а примероци од истиот истакнал и на јавни места на градот. Во Меморандумот покрај другото пишувало: "Вашата сегашна илегална управа...се однесува на апсолутистички начин. Таа предизвика пролевање на крв на многу невини луѓе...Единствената цел на Младотурската партија 'Единство и напредок' е барање на праведните и законити права на народот . Нејзината единствена желба е осигурување примената на граѓанската управа од 1876 г...Партијата наредува повлекување на угнетувачите кои бараат да навлезат во краевите на Битола, Солун и Скопје. Светата партија изјавува дека моралната и материјалната одговорност ќе падне врз угнетувачите и тираните за крвавите драматични судрувања кои би биле предизвикани помеѓу нападнатите мачители и почитуваниот народ кој се крева во одбрана на своите легитимни права...ние не сакаме да ги испратиме невините луѓе во инквизиционите установи на Ј'лд'з сарајот и касарната "Ташк'шла" .....Ставете крај на тоа. Спротивно, одговорноста ќе падне на вас...Угнетувањето и

и тиранијата им даваат на либералните сили одлучност и цврстина да ја пролеваат својата крв до последната капка која тече во нивните крвни садови со сета сила и бујност..."[588]

Со цел да го придобие економски и социјално експлоатираното турско и муслиманско население во Битолскиот вилает, кое население својата судбина ја врзувала со таа на Османската империја односно османската влада и војска, во првите денови на Револуцијата, Битолскиот младотурски комитет и до споменатото население упатил Прокламација во која бескрупулозно го критикувал апсолутистичкиот режим на султанот Абдул Хамид II кој со години наназад "ги оставил селата и селаните во урнатини, ги измачувал луѓето, ги оставал огништата без оџаци, срцата без доверба, полињата без плодови, ралата без волови, жените без мажи, мајќите и татковците без синови, секоја куќа во црно и секое срце болно и рането".[589] Во прокламацијата, младотурскиот комитет, Високата порта ја сметал "за непријател на народот која ги затемнувала неговите очи како што го правела тоа ноќта и како шкорпија ја цицала неговата крв..."[590] Сметајќи дека најпосле дошло времето за конечно пресметување со тој режим и ослободување од неговите притисоци, зулуми и други обесправувања, Комитетот го повикувал муслиманското население во вилаетот да се сплоти со христијанското население и да се стави под знамето на револуцијата за ослободување од тој режим и со воведување на уставна демократија, обезбедување на слобода, правда, рамноправност и спасување на земјата од страдања и несреќи кои произлегувале од разединетоста , меѓунационалните и меѓуконфесионалните кавги на народите на Империјата.[591] Комитетот ги повикувал народите "на взаемно прегрнување, на заборавање на приватните работи и на манифестирање на нивното братство пред целиот свет..."[592]

Многубројните прокламации до турското и другото муслиманско население и до македонското и другото христијанско население во Битолскиот вилает[593] "упатени во самиот решителен почеток вели А.Ф.Милер не оставиле никакво сомневање за антисултанскиот карактер на востанието".[594]

Каков бил одгласот на споменатата прокламација сред турско-муслиманското население во Ресенско, Преспанско, Охридско, Струшко, Дебарско и други места на Битолскиот вилает најдобро може да се види од телеграмите на Нијази-бej испратени до генералниот инспектор во Солун и до битолскиот валија на 7 јули 1908 г. во кои меѓудругото тој пишувал: "...На мојата чета која сега брои 200 души ѝ се приклучија...сите муслимански села ...Народот е со нас и него го води Друштвото...Сите машки и чесни војници се со нас...",[595] а во телеграмите до охридскиот околиски началник и ресенскиот нахиjски началник од 7 јули 1908 г. Нијази-бej пишувал: "Во сите обиколени села се формирани уставни управи, со што од денес во сите места наместо вие, управува Друштвото. Селата ја хранат четата..."[596]

За масовното приклучување на турско-муслиманското население во Младотурската револуција пишувал и австро-унгарскиот генерален конзул во Солун-Бохумил Пара во својот извештај до австро-унгарскиот министер за надворешни работи А.Ерентал од 8 јули 1908 г. "Турското население пишувал Б.Пара-беше многу лесно придобиено за ова движење, бидејќи досегашните реформи ја гарантираа само заштитата на христијаните, додека муслиманите кои сепак го сочинуваат поголемиот број на жителите во Царството, биле со реформите третирани како второстепени..."[597] И Е.Ф.Најт тврди дека "кон Нијази-бej се приклучиле илјадници селани давајќи заклетва за својата приврзаност кон Комит

тетот 'Единство и напредок', се присоединиле со вооружените војници кои дезертирале од војската...изјавувале дека не сакале да се потчинат на владата, откажувале да платат било какви давачки на владините службеници. На местото на истераните владини службеници се воведувало самоуправување на уставни основи. Меѓу селаните се создал сојуз..."[598]

Султанот Абдул Хамид II уште на самиот почеток се обидел да го задуши востанието. Со таква цел, тој на 6 јули под командата на бригадниот генерал Назми-паша од Битола за Ресен испратил два баталјона војска. Меѓутоа, командантот на едниот баталјон заедно со своите офицери и подофицери биле членови на МП"Напредок и единство" и патем поминале на страната на востаниците.[599]

По неуспехот на Назми-паша, дејствувајќи брзо и енргично, султанот Абдул Хамид во Битола го испратил својот мошне верен човек-командантот на 18 дивизија стационирана во Митровица-генералот Шемси-паша, кој на 6 јули вечерта со два баталјона војска пристигнал во Битола. Меѓутоа, по одлука на Битолскиот младотурски комитет на 7 јули 1908 г. излегувајќи од поштата од каде му поднесол извештај на султанот за состојбите во востанатата област во него пукал и смртно го ранил п.пор. Ат'ф-бej.[600] Неговото убиство значело уште една голема победа на МП "Напредок и единство" бидејќи, неговото дејтвување можело да ѝ даде друг тек на Младотурската револуција, па дури да биде и задушена уште на самото избувнување.

Тргнувајќи по примерот на Нијази-бej, одметнувањето на младите турски офицери со своите воени единици станала масовна појава во Македонија. Бројот на востанатите единици од ден на ден сè повеќе се зголемувал. Со голема брзина востанието се проширило на цела Македонија.

По ранувањето на п.полк.Наз'м-бej во Солун, преку Демирхисар (Серско) и Кукуш во правец на Тиквеш се одметнал и генералштабниот мајор Енвер-бej(паша),[601] кој истотака објавил прокламација до народот во Тиквешко во која прокламација мошне остро го критикувал апсолутистичкиот режим на султанот Абдул Хамид II и го повикувал народот да ѝ се приклучи или да остане неутрален во веќе разгорената револуција.[602]

Со приклучувањето на Енвер-бej кон востанатите единици, Младотурската револуција добила нови димензии и попримила широки размери. Убеден дека сам не може да ја задуши револуцијата, султанот Абдул Хамид II се обидел да ги вклучи и големите европски сили во нејзиното задушување. Поради што во тие денови Високата порта пуштила гласови сред дипломатските застапници на големите сили во Истанбул, Солун, Битола, Скопје и др. градови дека "Младотурската револуција во Македонија носела националистички карактер и била насочена против христијанското население".[603] Меѓутоа, со испраќање на еден Меморандум до конзулите на големите европски сили во Солун, Скопје и Битола на 12 јули 1908 г. МП "Напредок и единство" успеала да ги демантира споменатите владини невистини и да ја спреѕи интервенцијата на големите европски сили во задушувањето на Младотурската револуција.[604]

Масовното приклучување на единиците на III армиски корпус на востаниците во Македонија го принудило султанот Абдул Хамид II да свати дека повеќе немал никакви шанси за задушување на востанието со единиците од споменатиот корпус. Кон III корпус се приклучил и II армиски корпус стациониран во Едирне. Поради тоа, тој и владата издале наредба за мобилизација на нови сили во Аjд'нскиот вилает[605] и од Анадолија

во Македонија да префрлат нови 48 баталјони од кои на 16 јули 1908 г. од Измир во Солун со бродови биле префрлени 27 баталјони односно 18 ооо војници.[606] Меѓутоа, како резултат на извршената пропаганда сред војниците и офицерите од страна на д-р Наз'м-бej и Бурсали Тахир кои се наоѓале во тие бродови, еден дел од војниците и офицерите биле придобиени уште на патот за Солун, еден дел на патот од Солун за Битола откажал послушност кон своите претпоставени офицери и поминал на страната на востаниците, а третиот дел останал во Солун. На пат за Битола се одметнале и командантот на комбинираниот полк за прогонување на чети-генералштабниот п.полковник Салаедин-бej, мајорот Хасан Тосун бej и двајца аѓутанти на зонскиот командант со повеќе офицери.[607] Од префрлените 27 баталјони во Солун, во Битола стигнале само 6 баталјони кои оправдувајќи се дека биле многу уморни, немале шаторски крила и друга опрема одбиле да одат на следење и прогонување на одметнатите револуционерни единици.[608]

Кон востаниците на Нијази-бej се приклучиле и Сад'к-бej, капетанот Хабиб-бej, Ибрахим Шакир-бej и многу други офицери со пониски чинови.[609] На железничката линија Битола-Владово, од 6оо војници кои ја чувале линијата, на стража останале само 4о, додека другите им се приклучиле на востаниците.[610] Кон востаниците во Ресен на пат кон Јанина се приклучил и стрелечкиот баталјон од Битола.[611]

Со 15о војници и 2 п.пор. во планината Кајмакчалан се одметнал и командантот на II ловечки баталјон стациониран во Воден-вицемајорот Халил-ефенди.[612] Со 5о војници во Тиквешко се одметнал и ~~еден~~ п. пор. Мустафа-ефенди кој со својата единица ги оби-

колувал селата и за земените прехранбени продукти на луѓето им давал потврди кои гласале на името на државната благајна во Тикквеш.[613]

Кон востаниците се приклучиле и угледниот Турчин Вели-беј од Гостивар,[614] потоа капетанот од леринскиот гарнизон ресенчанецот Осман-беј,[615] жандармерискиот мајор во Кожани Нашид-беј,[616] двајца високи офицери од гарнизонот во Кајлари создале една востаничка единица во јачина од две чети,[617] а на 2о јули 19о8 г. со 1о офицери и со 1 ооо војници и граѓани меѓу кои имало и голем број Македонци, земајќи 9оо мавзери и 95 сандаци муниција во планината Галичица се одметнал и мајорот Ејуб Сабри-беј од Охрид.[618] Истиот ден на неговата единица од охридските и струшките села се приклучиле уште 3оо селани со што неговата единица се зголемила на 1 2оо души.[619] На 21 јули 19о8 г. на единицата на Ејуб Сабри-беј се приклучиле уште 439 души,[620] а на единицата на Нијази-беј уште 6о востаници со што неговата востаничка единица се зголемила на 8оо востаници.[621]

На 21 јули во местото Гребен, Кожанско избило вистинско востание во кое под командата на капетанот Бекир-ефенди 3о војници и околу 1 ооо селани го разоиле гарнизонскиот магацин, зеле 43 сандаци муниција, 54о мавзери и се одметнале во планина.[622]

Иако според статутот на Младотурската партија "Напредок и единство" донесен во 19о8 г. (пред избувнувањето на Младотурската револуција) акциите на Партијата требало да се планираат и да се одобрат од нејзиниот ЦК, сепак во почетокот на Младотурската револуција, таа дејствувала мошне децентрализирано. Нејзините секции дејствувале самоиницијативно, без да го консултираат ЦК во Солун или да ги чекаат неговите инструкции и наредби за кревање на револуција. Како доказ за таквиот начин на однесување може да се земе примерот на Нијази-беј, кој не востанал

по наредба и со знаење на ЦК во Солун, туку тој самоиницијативно одлучил да се одметне кое одметнување било резултат на ревалските одлуки, а не на наредбата на ЦК на Партијата "Напредок и единство". Тој прво ги извршил сите потребни подготовки за востанување, а потоа преку Џемал-бег го известил Битолскиот младотурски комитет за своите намери. Битолскиот комитет пак преку својот член Ағах-ефенди го известил Нијази-бег дека ги одобрува и ги подржува неговите намери за востанување.[623] Според Е.Е.Ремсаур "за кревањето на револуцијата од Солун никогаш не била добиена некоја наредба",[624] туку со проширувањето на вестите од една на друга востаната група, востанието од самото себе се омасовило, бидејќи младотурските комитети во Македонија сметале дека не биле должни да се однесуваат според наредбите на ЦК на Партијата во Солун.[625] Началникот на жандармеријата во Гевгелија Омер Февзи Мардин на пример вели дека "сам донесол одлука за објавување на конституцијата во градот и дека во тоа Солун имал само едно морално влијание",[626] а Ч.Р.Бакстон, кој ја обиколил Македонија веднаш по победата на Младотурската револуција, за односите кои владееле во МП "Напредок и единство" вели: "Во начинот на работата на масовната младотурска организација составена од независни единици владеела една полусвесна соработка".[627] Поради тоа С.Шо и Е.К.Шо со право делат дека "Младотурската револуција била еден од најчудните историски настани, бидејќи таа при избувнувањето немала некој детерминиран план за револуцијата..."[628]

Меѓутоа, без разлика на владеењето на такви односи во Партијата "Напредок и единство", сепак Младотурската револуција се ширела спонтано. Во Ресен, Охрид, Кичево, Дебар,

Тиквеш, Битола, Лерин, Солун, Сер и во други градови и села на Битолскиот, Скопскиот и Солунскиот вилает-офицерите, подофицерите, војниците, владините службеници и целото населен ние биле придобиени за Младотурската револуција. Револуцијата во војската добила широки димензии, а турско-муслиманското население од сите страни на револуционерите им давало секаква поддршка и помош во храна, облека и други продукти,па дури и парични средства.[629]

Апсолутистичката власт на султанот Абдул Хамид II, на територијата на Македонија била урната уште на самиот почеток на Младотурската револуција, а државно-правниот систем бил целосно парализиран. Воените единици на III армиски корпус, особено во Солун и Битола веќе фронтално му се спротивставувале на султанот Абдул Хамид II, заради што валијата на Битолскиот вилает генералот Х'взи-паша при една можност неслучајно изјавил: "Освен мене, во Битола сите се итихадции",[630] а генералниот инспектор на македонските вилаети адмиралот Хусеин Хилми-паша во една своја телеграма до султанот Абдул Хамид II пишувал: "Во Третата армија само јас останав да не сум Младотурчин".[631]

Иако до последен миг се надевал дека ќе можел да ја задуши револуцијата[632] султанот Абдул Хамид II сепак неколку дена пред победата на Младотурската револуција бил принуден да се помири со својот пораз. На поставеното прашање од својот главен секретар Тахсин-паша што мисли да преземе натаму му одговорил: "Ќе одам по текот на водата".[633] Тој на вистина бил принуден да оди по текот на водата односно настаните, бидејќи широките народни маси од сите делови на европскиот дел на Османската империја, командантите на востанатите единици како и командантите на скоро сите единици на III

и II армиски корпус му испраќале ултимативни телеграми на султанот Абдул Хамид во кои барале да го врати суспендираниот Устав од 1876 г. или спротивно ќе тргнале во поход на Истанбул.[634] Од сите испратени 77 телеграми на Ј'лд'з сарајот[635] со најостар тон и најтешка била таа испратена од името на улемата, народот, офицерите и војниците на Сер на 23 јули 1908 г. во која се барало воведување на уставно-парламентарен режим или спротивно престолонаследникот ќе бил назначен за султан на Румелија и со војска од 100 000 луѓе ќе тргнале за заземање на Истанбул.[636]

Дејствувајќи под притисокот на настаните и за себе поволната ситуација, Битолскиот младотурски комитет на 22 јули му испратил на султанот Абдул Хамид II телеграма во која му ставил до знаење дека "сите владини службеници, воени команданти, офицери, подофицери и војници, сите верски водачи и сите припадници на другите народи и конфесии од територијата на Битолскиот вилает, заколнувајќи се во Господ се собрале под знамето на општото дело...и ако до недела (26 јули) не се издавало ферман за отворање на Народното собрание ќе биле преземени акции кои ќе биле спротивни на желбите на Н.В.Султанот..."[637] Истиот ден-ноќта, по наредба на Битолскиот младотурски комитет, здружените единици на Нијази-бej, Ејуб Сабри-бej, п.полк. Салаедин-бej, мајорот Хасан Тосун-бej и на 16 други офицери, вкупно 2100 души влегле во Битола и една сила од 800 души по прекинувањето на телеграфските врски го киднапирале маршалот Татар Осман Февзи-паша,[638] а на 23 јули 1908 г. предпладне, пред неколку илјади војници, офицери и граѓани од разни народносни потекла и верски припадности со испалување на 21 топовски плотун, од името на Битолскиот

младотурски комитет началникот на Воената академија полковникот Вехиб-бej(паша) со свечен говор го прогласил воведувањето на Уставот од 1876 г. во Битолскиот вилает,[639] а истовремено му упатил ултимативна телеграма до султанот Абдул Хамид за воведување на истиот Устав и во останатите делови на Османската империја.[640] Свесен дека повеќе немал никаква поддршка во Македонија и Румелија, стравувајќи да не доживее уште поголем пораз и да не го загуои и својот престол, султанот Абдул Хамид II, ноќта на 23-24 јули 1908 г. издал ираде за враќање на "привремено суспендираниот" Устав од 1876 г.[641] На 24 јули споменатото ираде било објавено во истанбулските весници, со што и официјално била потврдена и прогласена победата на Младотурската револуција за која Х.Ц.Армстронг рекол дека "за чудо успеала 'бесмислената авантура'...за која се вчудовиделе и самите револуционери, а султанската сила исчезнала како никогаш да не постоела".[642] Со тоа, без да се организира една вистинска револуција, без дапо заземат војниците султанскиот сарај и другите државни институции и без да се пролева ниедна капка крв на 23 јули 1908 г. победила Младотурската револуција.[643]

На 23 јули враќањето на суспендираниот Устав од 1876 г. било прогласено скоро во сите други градови на Македонија.Него во Ресен во присуство на киднапираниот маршал Татар Осман Февзи-паша пред многубројни граѓани-муслимани и христијани него го прогласиле Нијази-бej и Ејуб Сабри-бej.[644]

Во присуство на околискиот началник Муниф-бej, командантот на гарнизонот генералот Салих-паша, со испукање на 3 артилериски плотуни него во Велес пред управната зграда на градот го прогласил мајорот Енвер-бej."Пред собраните граѓани

и селани Турци и Бугари (пишува Ал. С. Аждемир) прво еден хоца прочитал молитва, по него еден бугарски поп по име Гешов одржал еден говор, а по него на турски и бугарски јазик говори одржил и Енвер-бej извикувајќи на крај "Да живее слободата! Да живее народот! Да живее татковината!..."[645] По завршувањето на говорот на Енвер-бej, без разлика на верска и народносна припадност луѓето почнале да се загрлуваат и да извикуваат да живее народот, да живее слободата.[646] За прогласувањето на конституцијата, Салих-паша и Муниф-бej со телеграма го известиле Х. Хилми-паша во Солун, а Енвер-бej во својата телеграма до него напишал: "Го излечивме болниот! Нашите сотатковници Бугарите се со нас. За да не се пролее непотребна крв, посредувајте кај султанот за прифаќање на нашите оправдани барања".[647]

Според извештајот на штипскиот кајмакам, Хусеин Хилми-паша во својата телеграма до Ј'лд'з сарајот за прогласувањето на конституцијата во Штип напишал: "Денес во о4.3о часот (алатурка) војниците, Турците, христијаните, Евреите и од др. национални малцинства пред владиниот конак собраниот народ со испалување на три артилериски плотуни го прогласи хуриетот со заколнување дека повеќе нема да има меѓусебни напади на живот имот и чест..."[648]

Според добиениот извештај од Х.Хилми-паша, командантот на III армиски корпус маршалот Ибрахим-паша во својата телеграма до Сарајот на 24 јули 19о8 г. напишал: "Од командата на III армиски корпус сум известен дека од градот Петрич и неговите околни места собраниот многуброен муслимански и христијански народ, муслимански и христијански верски водачи, граѓански и селски првенци и војниците влегле во магацинот на касарната и извикувајќи 'оружјето е на народот' го зеле сето оружје

и муниција и на 23 јули рано утро во 03,00 часот пред управната зграда на градот барале големиот везир да посредува кај Н. В. Султанот за целосно воведување на уставот во земјата...[649]

Во својата телеграма до Сарајот струмичкиот кајмакам на 23 јули пишувал:"Денес рано утро по ѕидовите на градските улици 'Отоманското друштво за единство и напредок' имаше објавено многубројни прокламации до граѓаните. Од околните места во градот во групи доаѓаа илјадници муслимани и христијани кон кои по затворањето на своите дуќани се приклучи и целото население на градот и сите заедно се упатија спрема ливадите на периферијата на градот каде подоцна дојдоа и сите офицери, војници и владини службеници, а рака за рака фатените хоџи и попови носејќи транспаренти на кои пишуваше рамноправност, слобода и братство извикуваа да живее народот, да живее слободата. Востанатиот народ подоцна тргна кон управната зграда пред која беше формирана една делегација која од заземената телеграфска станица со телеграма го извести Сарајот за своите барања за воведување Устав во земјата".[650]

Во телеграмата до султанот испратена на 2о јули-потпишана од началникот на Неврокопската околија, од командантот на неврокопскиот гарнизон-Али С'дки-бej, кадијата,[651] муфтијата,[652] грчкиот митрополит, македонскиот митрополит, претседателот на судот, јавниот обвинител, командантот на резервните воени единици, командантот на жандармериските единици, претседателот на општината, мајори , вицемајори , капетани, владини службеници и други - вкупно 5о потписи и од името на 83 ооо жители на неврокопската околија покрај другото пишувало: "...Кај народот од нашата околија владее општо уверување дека единствениот начин за спасување на нашата мила татковина

и обезбедување на еден достоен и заслужен живот на нашиот народ е...воведување на Уставот од 1876 г. и системот на слободна и јавна расправа, и повторно собирање на Народното собрание во Истанбул..."[653]

За воведување на уставно-парламентарниот режим, на 23 јули до Ј'лд'з сарајот била испратена телеграма и од собраните граѓани на Гевгелија. Од името на граѓаните телеграмата ја потпишал кајмакамот Рефет-бej, а од името на воените единици, офицери и подофицери - командантот на гарнизонот мајорот Јакуб-бej(паша),[654] кој пред управната зграда на градот ги повикал граѓаните на Гевгелија на општ собир и објавил дека од тој ден натаму сите граѓани станувале рамноправни пред законот и дека ќе биле заведени уставни слободи.[655] Населението на градот, слушајќи го тој млад Турчин извикало: "Јашас'н милет",[656] "Јашас'н хуриет ,[657] адалет[658] и мусават",[659] "Аша султан",[660] а според А.Динев "за првпат во Гевгелија станало општо граѓанско собрание на Турци и христијани пред кого еден млад Турчин на собраниот народ му објаснувал дека војската извршила преврат, дека се воведувало рамноправност меѓу граѓаните пред законите и дека ќе биле воведени уставни слободи и вистински демократски ред".[661]

Пред собраниот многубројен народ, воведувањето на уставно-парламентарниот режим во Воден ја прогласила од Солун дојдената воена единица од 1оо војници и 2о офицери на чело со штабниот мајор Рушен-бej,[662] а со акламации на народот пред управната зграда на Сер кој град по Битола станал втор револуционерен центар во Македонија, во присуство на високи воени команданти, владини службеници и многубројен народ од сите народносни и верски припадности воведувањето на Уставот од

1876 г. го прогласил реонскиот командант генералот Решид Мехмед-паша.[663]

По долгото двоумеење на генералот Хусеин Ремзи-паша, односно по негово истерување од Скопекиот младотурски комитет, воведувањето на уставно-собранискиот режим во Скопје го прогласил претставникот на Младотурскиот комитет-Џафер-бej, а пред офицерите, војниците и граѓаните говор одржил жандармерискиот полковник Џемал-бej.[664]

"Веста за воведувањето на конституциониот режим во Кукуш, вели Туше Влахов, се пренесе низ целиот град. Голема радост ги опфати народните маси...Стари Турци и Бугари со солзи во очите се прегрнуваа по улиците. Конакот широко ги отвори вратите и народот влезе во порано недостапните простории. Прислужниците продолжува Влахов, ги угостуваа луѓето со локум и шербет..."[665]

Пред присутните офицери Сабит-бej, Хилми-бej и многуброен народ со испалување на пет артилериски плотуни прогласувањето на конституцијата во Касандра, на 22 јули ноќта, го направил околискиот началник п.полк.Тахсин Узер.[666]

По прогласувањето на воведувањето на уставно-парламентарниот режим "целиот град Тетово бил украсен со знамиња, а вечерта имало веселби и илуминација. Утредента бил направен молебен по кој од Скопје дојдените младотурски офицери одржале говори пред насобраните луѓе, застапувајќи се 'за зближување, подавање братска рака и објавување грижа за запазување на татковината од туѓи посегања'"[667]

Воведувањето на Уставот во Крушево било дочекано со радост и одушевување на граѓаните. Тодор Борјар-учесник и современик на тие настани вели дека "во Крушево кавгите помегу

партиите престанале, стариот јаз исчезнал, исчезнале и шпионирањето, атентатите и тепањето. Се било мирно..."[668]

Победата на Младотурската револуција и воведувањето на Уставот на Митхад-паша од 1876 г. биле дочекани со радост и одушевување и во градовите Охрид,[669] Дојран,[670] потоа во Дебар, Кичево, Мелник, Џумаја, Разлог и другите градови во Македонија[671] и во останатите делови на Османската империја-Анадолија, Албанија и арапските провинции.[672]

Иако во Солун се наоѓал ЦК на МП "Напредок и единство" под чие влијание на страната на востаниците поминале сите владини службеници, војници, подофицери и офицери вклучувајќи ги и генералниот инспектор Хусеин Хилми-паша[673] и командантот на III армиски корпус маршалот Ибрахим-паша, воведувањето на уставно-парламентарниот режим во него бил прогласен најдоцна од сите градови на Македонија - на 24 јули 1908 г., а според некои историчари дури на 25 јули 1908 г. Пред собраните илјадници граѓани од сите верски и народносни потекла и високи владини службеници и воени команданти меѓу кои бил и маршалот Ибрахим-паша, со испалување на 101 топовски истрел од скалите на управната зграда на вилаетот телеграмата за воведување на Уставот ја прочитал Хусеин Хилми-паша.[674] Пред воодушевените граѓани на Солун, говори одржале и градоначалникот на Солун Адил-бej, членот на Младотурскиот комитет-Рахми-бej, а претседателот на Младотурскиот комитет-Рефик-бej бил подигнат на раце и носен низ градот кој бил закитен со многубројни знамиња.[675]

Од сите градови и провинции на Османската империја враќањето на укинатиот Устав од 1876 г. најдоцна било прогласено во главниот град на Империјата-Истанбул. Заради строгата цензура, граѓаните на тој град не знаеле скоро ништо за избув-

нувањето, текот и победата на Младотурската револуција во Македонија. Тие за тоа дознале дури на 24 јули 1908 г. од објавеното султанско ираде во истанбулските весници. По објавениот напис во в."Икдам" на 25 јули, народот излегол на улици со што и во Истанбул почнале манифестациите по повод враќањето на Уставот од 1876 г.. Во него на 26 јули 1908 г. околу 50000 граѓани манифестирале пред Ј'лд'з сарајот, а 10 000 граѓани одржале митинг на Плоштадот "Бејазит".[676]

Победата на Младотурската револуција иредизвикала голема реакција во градовите на европскиот дел на Османската империја, Истанбул и другите градови во нејзиниот азиски и афрички дел.[677] Во тие денови воодушевените Турци, Македонци, Грци, Евреи, Ерменци, Срби, Арапи, Албанци и др. народи се загрлувале на улица и се заколнувале дека вечно ќе живееле како браќа. "Машките и женските вели познатата турска писателка Халиде Едип Ад'вар - учесничка и современичка на тие настани, заедно во поворка чекорела воодушевено, се смееја, плачеа од радост...и така, човечките недостатоци и грозотии како да исчезнуваа за еден миг..."[678] На одржаните митинзи и други манифестации по градовите, особено во Македонија,[679] доаѓало до збратимување на турско-муслиманското население со христијаните, до загрлување на хоџите и христијанските попови и муфтиите со македонските митрополити и еврејски хахамбаши,[680] а турките жени ги исфрлувале своите фереџи и печиња.[681] На митингот во Кавала, на денот на објавувањето на конституцијата, грчкиот поет Константинидис читал стихови во кои се зборувало дека народите на Османската империја се сплотиле и станале "како едно тело со една душа" при што уште рекол дека "народите на Империјата не се надевале веке од некои странски 'благодети'",[682]

а солунскиот адвокат Емануел Карасо изјавил дека "Обединетата нација го постигнала она што Европа со години безуспешно се обидувала да го постигне".[683]

Паролите за слобода, рамноправност, правда и братство исфрлени за време на Младотурската револуција "отвориле" перспективи за надминување на сите дотогашни состојби во меѓунационалните односи, ветувале многу во поглед на создавање на едно општество без етничко-конфесионални, политички и други разлики. Од тие причини споменатите пароли биле прифатени со воодушевување и извикувани од сите народи на Османската империја. Кон ова треба да се додаде и мошне правилната констатација на Манол Пандевски кој за пореволуционерните денови вели: "На местото на дотогашната тешка, морничава, хаотична положба настапија денови на надежи и олеснување, на збратимување на македонското со муслиманско - турското и албанско население, изразено спонтано, срдечно и масовно".[684]

По барање на младотурците на 25 јули 1908 г. било објавено султанско ираде за амнестија на учесниците во револуционерни движења. Со амнестијата биле опфатени околу 80 000 политички затвореници и емигранти,[685] а според списанието "Revue du monde musulman " во многу градови политичките затвореници се ослободувале и со сила".[686] Од затворите во градовите во Македонија биле ослободени илјадници политички затвореници. Од битолскиот затвор биле ослободени 1 200,[687] а од скопскиот затвор 1 250 затвореници.[688] Во Кукуш на железничката станица излегле сите граѓани да ги пречекат ослободените политички затвореници од "Једикуле" во Солун и од другите места и формираната народна поворка со сликата на Гоце Делчев и политичките затвореници свечено поминала низ градот и завр-

шила во родната куќа на Гоце Делчев.[689] Политичките затвореници биле ослободени и од затворите на другите градови во Македонија и Мала Азија од каде се вратиле и заточените македонски револуционери.[690]

Веднаш по победата на Младотурската револуција, младотурците на 27 јули 1908 г. го принудиле султанот Абдул Хамид да се заколни за верност кон Уставот, а во наредните неколку дена заклетва за верност кон Уставот положиле и војниците и офицерите на служба во Истанбул.[691] Во градовите на Османската империја се отстранувале претставниците на старата власт и се назначувале претставници од "новата револуционерна власт,"[692] а Т.Влахов вели дека во Кукуш дури се затворале старотурци, противници на хуриетот.[693] Набрзо била ликвидирана тајната полиција и распуштени околу 30 ооо доушници, била распуштена Врховната воена комисија, војската била ослободена од контролата на султанот Абдул Хамид II на кого му биле одземени или стеснети многу работи од неговиот раскошен живот во Ј'лд'з сарајот.[694]

По победата на Младотурската револуција и по објавената амнестија сите учесници во револуционерните движења, четите од "сите" националности се откажале од натамошните борби, се симнале од планините, се легализирале,[695] а некои од нив дури го положиле оружјето и ги расформирале своите чети. Своите чети ги расформирала и "левицата" на МРО од Солунскиот и Струмичкиот револуционерен округ.[696] Само Серскиот револуционерен округ на чие чело стоел Јане Сандански не ги расформирал своите чети ниту пак го положил оружјето. Јане Сандански и неговите другари се симнале од планините и се легализирале, но тие не ги расформирале своите чети, туку остана-

нале како легални единици на "левицата" на МРО.[697] Се легализирале и четите на Скопскиот и Битолскиот револуционерен округ, но тие не се расформирале, бидејќи споменатите револуционерни окрузи се наоѓале во рацете на најголемите експоненти на врховизмот во Македонија Христо Матов и Тодор Александров,[698] кои биле огорчени противници, односно непријатели на младотурците кои се обидувале да ја преродат Османската империја и да ги средат нејзините внатрешни политички и други состојби, а тоа претставувало најголема пречка за реализирање на експанзионистичките планови на бугарските завојувачки кругови.

Легализирањето на четите ~~на четите~~ на МРО и оружените пропаганди на соседните балкански држави, во сите градови на Македонија биле пречекани со големи и свечени манифестации во кои учествувале претставниците на МП "Напредок и единство" и широките народни маси од сите народи и народности во Македонија.

Со своите другари се легализирал и Ј.Сандански кој во градот Неврокоп "од балконот на управната зграда пред собир од 15 ооо граѓани одржал револуционерен говор",[699] Тој од Неврокоп дал наредба на сите војводи на "левицата" на МРО во Серскиот револуционерен округ да ги легализираат своите чети, зашто повеќе не постоела никаква опасност за нивното слободно движење.[700] Легализирањето на Ј.Сандански извршило силно влијание на легализирањето на четите на МРО и во другите делови на Македонија. Дипломатскиот застапник на Србија во Софија, Света Ст. Симиќ во врска со тоа во својот извештај до министерот за надворешни работи на Србија д-р Милован Миловановиќ на 28 јули 19о8 г. пишувал: "...Јане Сандански, веднаш

по прокламирањето на Уставот со своите четници дошол во Солун каде што бил свечено пречекан, со што тој дал прв пример на четите да го положат оружјето и да се збратимат со Турците. Овој пример, како што ќе се види подоцна, беше заразен зашто него го следеле и четниците од Битолскиот реон, не чекајќи за тоа одобрение од претставништвото во Софија...Со вакво свое однесување, се разбира дека Сандански многу ги задолжи младотурците, кои изгледа премногу полагаа на запирањето на четничките борби".[701]

Во тие денови со своите чети се легализирале и војводите Хр. Чернопеев, Апостол Петков, Васил Чакаларов, Ѓерасим Наумов и многу други, кои истотака биле применети мошне добро, со воодушевување, не само од широките народни маси туку и од претставниците на младотурските комитети.

Еден ден по говорот во Неврокоп, Јане Сандански со воз тргнал за Солун. Патем тој се задржал на железничките станици во Драма и Сер каде бил срдечно поздравен од стотини граѓани - "Бугари" и Турци.[702] На 28 јули 1908 г. тој пристигнал во Солун каде бил мошне свечено пречекан од илјадници граѓани од сите народносни и верски припадности и од специјалната младотурска делегација предводена од "херојот на Младотурската револуција" - Енвер-беј, од тогаш сè уште неафирмираниот Мустафа Ќемал (Ататурк), од својот стар пријател Тахсин Узер кој од младотурците прв ги раширил рацете и го загрлил него.[703] На пречекот Ј.Сандански се ракувал со Турци, "Бугари" , Грци, Власи, Евреи и други присутни граѓани[704] кои извикувале "Да живее слободата", "Да живее Јане Сандански", "Да живее најверниот другар на Гоце Делчев".[705] Поведен од Т.Узер, Ј.Сандански бил сместен во луксузниот хотел "Англетер" близу морето.[706]

Два дена по Ј. Сандански во Солун пристигнале и Хр.Чернопеев, Чудомир Кантарциев, Таската Серски и Александар Бујнов. Тие заедно го изготвиле текстот на Манифестот до сите народности на Османската империја,[707] кого од името на "левицата" на МРО, пред собраните граѓани на Солун, на Плоштадот "Молос" на 31 јули 1908 г. Ј.Сандански го упатил до сите народности во Османската империја.[708] Манифестот бил преведен и на турски јазик и отпечатен како леток бил растурен на граѓаните на Солун и истакнат на јавните места на градот,[709] а според Манол Пандевски "и низ цела Македонија кој предизвикал големен интерес и силен впечаток сред населението, а странските извештувачи ја пренесле неговата содржина во светот".[710]

Во првите денови по победата на Младотурската револуција народите на Османската империја, особено нетурските мислеле и верувале дека уставната демократија ќе дала одговор на сите нерешени прашања, ќе изнајдела решение за секој проблем, а со свикување на парламентот ќе биле разрешени прашањата наследени од апсолутистичкиот режим на султанот Абдул Хамид II. Се верувало дека ќе било разрешено и националното прашање, односно ќе биле изнајдени решенија за националните малцинства кои барале месни самоуправи, односно национални и територијални автономии, во рамките на Османската империја, или целосно откинување од неа. Во тие денови сите народи на Османската империја верувале дека почнал периодот на мир, среќа и благосостојба, дошол крајот на политичката и другата криза и дека биле спасени интегритетот и суверенитетот на османската држава.

Младотурската револуција[711] било дело на младите турски офицери-припадници на МП "Напредок и единство" во Македонија која станала колевка на таа револуција, а Битола "колевка на слободата".[712]

2. Односот на МП "Напредок и единство" спрема македонското население и МРО за време на Младотурската револуција и одгласот на таа револуција кај македонското население и МРО

Воспоставените "тесни" врски помеѓу МП "Напредок и единство" и револуционерните организации на нетурските народи и опозиционерските сили во Османската империја во периодот пред избувнувањето на Младотурската револуција[713] продолжиле и за време на Младотурската револуција. Со цел да ги придобие, МП "Напредок и единство" и нејзините припадници-младотурците изградиле мошне позитивен однос спрема нетурските народи и нивните револуционерни организации во Македонија, при што тие биле особено внимателни спрема МРО и нејзината "левица" предводена од Ј.Сандански, и македонското население кое било најброен национален елемент во Македонија.

Таквиот однос на МП "Напредок и единство" спрема македонското население и МРО во Битолскиот вилает дошол до израз преку официјалните соопштенија на вицемајорот Ахмед Нијази-беј испратени до Ј'лд'з сарајот, генералниот инспектор Хусеин Хилми-паша, валијата на Битолскиот вилает и другите високи воени команданти и владини службеници во Ресен и другите градови на Битолскиот вилает; во кореспонденцијата меѓу Нијази-бej и Битолскиот младотурски комитет; во прокламациите на Нијази-бej упатени до македонското и турско-муслиманското население во Ресен, Преспа, Охрид, Струга, Дебар и други градови во Битолскиот вилает; во прокламациите на Битолскиот младотурски комитет до валијата и населението на Вилаетот, до генералниот инспектор Хусеин Хилми-паша,

султанот Абдул Хамид II, Високата порта и други високи државни органи и службеници; во прокламацијата на Енвер-бej до народот во Тиквешко и во телеграмите на младотурските комитети скоро од сите градови на Македонија испратени до султанот Абдул Хамид II и Високата порта пред и по победата на Младотурската револуција, како и во говорите на младотурците на одржаните митинзи и други манифестации во Македонија по повод воведувањето на уставно-парламентарниот режим во Османската империја. Мошне позитивниот однос на МП "Напредок и единство" односно на младотурците спрема македонското население и МРО бил забележен од свидетелите, современиците и учесниците во тие настани - Турци, Македонци, Евреи, Ерменци, Французи и од некои дипломатски застапници на големите европски сили и балканските држави во Битола, Солун , Скопје и другите градови на Македонија.

Од досега ревелираните архивски материјали, спомени, кореспонденција, литература и други извори може да се види дека основната цел на МП "Напредок и единство" во текот на Младотурската револуција била: 1. да го обедини и го придобие турско-муслиманското население; 2. со ветување на слобода, рамноправност, правда и заеднички живот на сите народи во Османската империја во идниот уставен режим-придобивање на македонското и другото христијанско население и нивните револуционерни организации и 3. ликвидирање на меѓунационалните и меѓуконфесионалните недоразбирања и зближување односно обединување на сите национални елементи во борбата за уривање на стариот и воведување на нов конституционен режим во земјата. Споменатите определби и стремежи дошле до израз во случајот со заложувањето на српскиот учител Никола Димитриевиќ од четата на Ни-

јази-бej кој во своите спомени во врска со тоа пишува: "За да го ослободам и да го предадам на своето семејство бугарското дете , со себе го зедов и српскиот учител. Со тој потег сакав да докажам дека се борам за ликвидирање на кавгите меѓу националните малцинства и да докажам дека Друштвото 'Единство и напредок' во областа сакаше да обезбеди еден достоен човечки живот...да ги сочува правата на Бугарите , Грците, Србите и муслиманите...Со цел да ги реализирам стремежите на Друштвото за слобода, правда, рамноправност и братство меѓу сите луѓе, јас го заробив српскиот учител...на кого му реков дека треба да интервенира кај српската чета за ослободување на бугарското дете...со тоа сакавме да докажеме дека Друштвото навистина се придржува на своите ветувања за обезбедување на слобода, рамноправност, правда и братски живот...". [714] За да не се чувствува навреден и омаловажен, Нијази-бej на српскиот учител му укажувал голема чест, а инсистирал кон него така да се однесуваат и неговите востаници и населението од обиколните места, [715] со што преку него сакал да им влијае и да ги придобие и четите на српската пропаганда во Битолскиот вилает. Во тие рамки треба да се свати и упатеното барање од Битолскиот младотурски комитет на 4 јули 1908 г. до Месниот комитет на МРО за упатување повик до сите македонски села да бидат подготвени за прифаќање на востанатите младотурски чети и за бесплатно обезбедување на леб и вода на тие чети. [716]

Најеклатантен пример за мошне позитивниот однос на МП "Напредок и единство" спрема македонското население и МРО во Битолскиот вилает и пошироко во цела Македонија за време на Младотурската револуција, претставувала Прокламацијата на Нијази-бej до македонското население и МРО во Ресен на 5 јули

1908 г. Споменатата Прокламација претставувала синтеза на начелните политички определби на МП "Напредок и единство" и ги изразувала нејзините "вистински" стремежи за "радикално и револуционерно" менување на општите состојби во Османската империја. Преку неа, Партијата "Напредок и единство" ги повикувала сите народи на Османската империја без разлика на нивното етничко потекло и конфесионална припадност да се обединат во борбата против мешањето на големите европски сили и соседните балкански држави Бугарија, Србија и Грција во внатрешните работи на земјата; против корумпираниот режим на султанот Абдул Хамид II кој бил во распаѓање и за воведување на уставна демократија како императив за сочување на територијалната целост и политичка независност на османската држава. Сочувањето на територијалната целост и политичката независност на Османската империја претставувале две основни и најважни компоненти на борбата за национална независност на Османската империја водена од МП "Напредок и единство" и другите прогресивни сили на османското општество. Во систематизирана форма, споменатите стремежи биле афирмирани и пропагирани и преку споменатата Прокламација на Ниjази-бej до која меѓудругото пишувало:"... Драги сотатковници! Бугари!...гледајќи дека стариот режим ... е на пат да ги уништи нашите сотатковници Турците, Бугарите , Власите, Грците, Албанците, ние се бориме за создавање на еден управен систем кој на целата земја ќе ѝ го донесе сонцето на слободата и ќе ја прошири светлината на слободата. Еве ние Турците,кои видовме дека со денешниот апсолутистички режим ќе се изгасне иднината на земјата, се бориме Османската империја и националните малцинства кои живеат во неа да ги собереме под еден покрив...Вистинската цел на Друштвото е на си-

те национални малцинства во земјата...да им обезбеди гаранции на живот, имот и чест, и да обезбеди...еден братски живот кој може да се оствари само со обезбедување на слобода, рамноправност, правда и братство меѓу сите луѓе во земјата...Нема никаква разлика меѓу нас. Ние, сите сме Османлии...Да ги оставиме настрана старите-лоши и сепаратистички идеи и со цел за обезбедување на посветла и подобра иднина на сите народи во нашата земја - да се обединиме...да бидеме браќа...На сите национални малцинства им се гарантира слобода на конфесијата и на националната мисла. Како Бугарите , Грците, Србите, Власите ...така и секој друг ќе може да ја сочува својата национална самобитност, да го употреби својот мајчин јазик и неговата слобода ќе биде ставена под заштитата на државата...За сочување на слободата која наскоро ќе биде обезбедена...ве потсетувам дека вашите чети треба да им се приклучат на нашите... и дејствувајќи сите заедно, повторно ќе го ставиме во сила првововедениот, а потоа суспендираниот Устав од 1876 г...."[717)]

Во периодот до објавувањето на споменатата Прокламација на Нијази-бег, МП "Напредок и единство", нејзините лидери и припадници воспоставиле и настојувале да воспостават што помасовни контакти со МРО, особено со нејзината "левица" предводена од Ј.Сандански. Меѓутоа, МП "Напредок и единство" до објавувањето на споменатата прокламација не се обидела да воспостави контакти и со широките маси на нетурските народи во Македонија и да настојува тие маси да ги придобие во борбата за создавање на единствен многунационален борбен сојуз против режимот на султанот Абдул Хамид II. Тоа произлегувало од недовербата на споменатата младотурска партија во широките народни маси и тоа како во турско-муслиманските,така

и во широките маси на христијанските народи ,и од нејзиниот страв, планираната Младотурска револуција да не оиде општонародна, туку да биде чисто буржоаска која ќе ја заштитувала и ќе ја фаворизирала турската национална буржоазија, обезбедувајќи и при тоа доминантно па дури и хегемонистичко место во османско-турското општество. Мошне значајно било тоа што МП "Напредок и единство" преку споменатата Прокламација, на македонскиот народ му ветувала целосна национална, конфесионална, културно-образовна и други слободи, позади кои ќе стоела и самата уставно-парламентарна османска држава. Тоа значело еден нов и мошне важен квалитет во политиката на Партијата "Напредок и единство" спрема македонскиот народ - официјално признавање на постоењето на македонската нација, на нејзиниот јазик и култура и други национални особености и вредности. Покрај тоа, македонскиот народ добивал рамноправен статус со турскиот народ во борбата за сочување на интегритетот и суверенитетот на заедничката османска татковина, се признавала неговата борба против туѓонационалните пропаганди за својата етничка и конфесионална самобитност во рамките на уставно-демократската османска држава. Интересно е дека од сите народи на Османската империја, МП "Напредок и единство" само на македонскиот народ му упатила таква прокламација за учествување во Младотурската револуција, додека останатите национални малцинства само формално и патем биле повикани да учествуваат во таа револуција. Тоа било од причина што другите национални малцинства-Грците, Власите, Србите, Евреите, Албанците и други поради својата малубројност во Македонија не претставувале некој значаен национален елемент и фактор кои можеле да одиграт некоја позначајна улога во Младотурската револуција и нејзината победа.

Со мошне доброто однесување спрема христијанското население во востаничката област и прокламираните пароли за слобода, рамноправност, правда и братство меѓу сите народи на Османската империја, младотурските востаници предводени од Нијази-бej и други офицери настојувале да го уверат тоа население дека и тие самите се бореле против истиот режим против кој се борело и тоа население, сакале да ги придобијат срцата, довербата и симпатиите на тоа население, а потоа и негово целосно приклучување кон младотурските востаници. Таквиот однос на младотурските востаници спрема христијанското население произлегувал од дадените препораки и наредби на Битолскиот центар на Младотурската партија "Напредок и единство" до своите членови - команданти и водачи на востанатите младотурски единици во Битолскиот вилает. Во тој контекст бил и испратеното писмо од споменатиот центар - комитет на Младотурската партија "Напредок и единство" до Нијази-бej на 6 јули 1908 година во кое меѓудругото пишувало: "Објавените прокламации до христијаните се многу правилни и умесни. Таа ваша постапка е мошне правилна и ќе придонесе за придобивање на срцата на христијаните и за реализирање на нашите цели...Од бугарските, српските, грчките села не смеете да земете и најситна работа...Особено внимателни треба да бидете во сочувањето на честа на луѓето. Не правејќи никакви разлики меѓу луѓето, никој никого не смее да го гледа со друго око... Напаѓачите на честа, треба бесмислено да се казнуваат со смртна казна. Молиме ова да ѝ го соопштите на вашата единица. Наскоро ќе ви испратиме лекар и потребни лекови. За десет или четиринаесет дена ќе ви се приклучат двајца важни луѓе...Да живее народот, да живее татковината, да живеат херoите на Ресен. Аллах нека ви даде здравје". 718)

Позитивниот однос на Младотуската партија "Напредок и единство" спрема христијанското население во Битолскиот вилает дошол до израз и во Меморандумот на нејзиниот Битолски комитет од 6 јули 1908 година испратен до Валијата на споменатиот вилает, кој Меморандум бил објавен и на јавни места во Битола.[719]

Како резултат на настојувањата на Битолскиот младотурски комитет за ликвидирање на етничко-конфесионалните нетрпеливости и непријателства меѓу турско-муслиманското и христијанското население во Битолскиот вилает, и за создавање на взаемна доверба и почитување меѓу нив, за нивното зближување и збратимување, била наложена потребата за објавување на една прокламација од споменатиот комитет и до турското и другото муслиманско население во Битолскиот вилает. Прокламацијата била објавена во првите денови на Револуцијата. Во споменатата прокламација пишува: "О, деца на татковината! О, отомански браќа!...Вие знаете дека Бугарите, Србите и Власите не се ваши непријатели; напротив, тие ни се доверени, тие се наши браќа. Според тоа, н наша света должност е да ги браниме нивниот живот, имот и нивната чест. Нашиот Господ и нашиот Пророк ни ги заложија. Сакајте ги и почитувајте ги...Тие останаа сираци. Само нашето непознавање ги прави непријатели, Не, тие се наши пријатели и браќа. Сонот на непознавањето не ни остава да ги разликуваме кои се наши пријатели, а кои се непријатели. Еве, нашиот непријател е денешната влада која ни ги затемнува очите како што го прави тоа ноќта, како отровна шкорпија што ја сиса крвта...Да се обединиме значи да

постанеме браќа и да ви помогнеме! Да бидеме среќни, да ја уриваме оваа свирепа влада и неа да им ја довериме на чесни луѓе, избрани од народот!..."[720]

Со изградување на правилен однос и со конкретни постапки кои создавале доверба и почитување, Битолскиот младотурски комитет настојувал да го придобие македонското и другото христијанско население во Битолскиот вилает. За тоа сведочат писмата на споменатиот комитет испратени до Нијази-беј на 7 и 13 јули 1908 г. Во писмото од 7 јули пишувало: "...Молиме, Бугарите и другите христијански малцинства да не ги земете со сила во вашата чета",[721] а во писмото од 13 јули пишувало: "Според статутот на нашето Друштво, бер разлика на етничка и конфесионална припадност секој може да се зачлени во него, односно да се земе во вашата чета, ако самите изразуваат желба за тоа. Според тоа, правилно ќе биде ако ги земете и Бугарите . Ние во Битола на нашите христијански сотатковници на бугарски , српски, влашки и француски јазик ќе упатиме една прокламација".[722]

Со упатување на меморандум до големите европски сили преку нивните дипломатски застапници во Солун, Битола и Скопје на 12 јули 1908 г. правилниот однос на МП "Напредок и единство" спрема христијанското население во Македонија добил и м меѓународна афирмација што претставувало мошне значаен потег на Партијата за неутрализирање или обезбедување на поддршката на големите европски сили и прогресивната европска јавност за натамошниот тек и победата на Младотурската револуција. Демантирајќи ги невистините за наводниот националистички и непријателски однос на младотурците спрема христијаните во востаничката област лансирани од султанот Абдул Хамид II и Високата пор-

та во Истанбул, Битолскиот младотурски комитет преку упатениот меморандум ги информирал големите европски сили за ставот и односот на Партијата спрема султанскиот апсолутистички режим и спрема христијанското население во востаничката област подвлекувајќи го следното: "...лошата политичка положба во Османската империја произлегува од сегашниот деспотски, протекционистички и корумпиран режим...Комитетот свечено изјавува дека тој воопшто не е непријател на христијаните и дека напротив, воведувањето на уставниот режим овозможува безбедност на животот, имотот и честа на сите народи на Турција, без разлика на нивната расна и конфесионална припадност...Младотурските борбени чети не ги напаѓаат селата, туку ги бранат против уфрлување на банди однадвор и проповедаат добро разбирање и братство меѓу народите..."[723] Дека Младотурската револуција не била насочена против христијанското население тврди и австро-унгарскиот генерален конзул во Солун Бохумил Пара во својот извештај до министерот Ерентал уште на 8 јули 1908 г. подвлекувајќи: "...Движењето не е насочено против христијанското население, напротив, тоа се стреми кон единствен напредок за сите општествени слоеви и за повторно обновување на суспендираниот устав...",[724] а според Г.З. Алиев во упатениот меморандум младотурците подвлекувале дека "тие не правеле никакви разлики меѓу нациите и религиите. Напротив, тие сакале од конституциониот режим подеднаква полза да имаат и муслиманите, и христијаните и Евреите".[725]

Правилниот однос на Младотурската партија "Напредок и единство" спрема христијанското население во востаничката област имал позитивен одглас кај големите европски сили што може да се види и од писмото на Битолскиот младотурски комитет испратено до

Нијази-бej на 14 јули 1908 г. Во него Комитетот пишувал:"... Вашето почитување на правата на христијаните, упатената прокламација до нив за сплотување и збратимување и вашите настојувања за надминување на меѓунационалните поделби и разлики оставија силен впечаток кај странците. Ако и натаму одите по тој пат, тогаш, никогаш нема да им се даде можност на странските држави да се мешаат во нашите внатрешни работи, а можеби од нив ќе биде прифатено и мошне добро. Еве поради тоа, со добро однесување настојувајте да ги придобиете срцата на сите луѓе без разлика на нивната верска и народносна припадност".[726]

Од спомените на Нијази-бej и од документите на "Красный архив"(Москва, Т.43, стр.19, 1930) ревелирани од Г.З.Алиев, може да се види дека Нијази-бej во своите повици до христијанското население за време на Младотурската револуција укажувал за создадените поволни услови за започнување на борбата против режимот на сул.А.Хамид кој сè повеќе и повеќе станувал неподнослив и ја упропастувал Османската империја.[727] Тој држел говори пред собраните селани - Турци, муслимани, христијани и други во сите обиколени места пред кои ги афирмирал и ги пропагирал определбите и потребите за обединување на сите народи во единствен сојуз во започнатата борба за уривање на апсолутистичкиот режим и за воведување на уставна демократија во која сите луѓе ќе биле слободни и рамноправни, ќе имале исти права и должности, ќе живееле како браќа и ќе им биле вратени сите одземени права, а според некои историчари по одобрение на Битолскиот младотурски комитет Нијази-бej им поделил оружје и на муслиманските и христијанските селани.[728]

Објавените младотурски прокламации до христијанското население за обединување на младотурците во бороата за уривање

на султанхамидовиот режим и за воведување на уставна демократија во која и на Христијаните им се гарантирале целосна слобода, рамноправност ; исти права и должности и заеднички живот со турскиот и другите народи во Османската империја и мошне добриот однос на младотурските востаници спрема македонското население во востаничката област оставиле силен впечаток и создале мошне добар одглас кај Македонците, ги загреале нивните срца, ги придобиле нивните симпатии, давале надежи и отворале перспективи за заедничко живеење во ветениот уставно-парламентарен режим.

Од долгогодишните борби против многубројните чети на оружените пропаганди на соседните балкански држави измореният и напатениот македонски народ, кој пред вперените пушки на оружените чети на споменатите пропаганди, особено пред злосторствата на грчките андарти, честопати бил принуден да ги промени својата народносна припадност и црковна јурисдикција, во младотурските повици и ветувања за слобода, рамноправност, правда и братски живот, ја гледал можноста за својот национален опстанок и слободен културно-образовен и друг развиток во новововедениот уставно-собранискиот режим. Меѓутоа, долгогодишните нарушени меѓунационални односи, меѓусебната недоверба и недовербата во официјалната османска власт биле причина македонското население и МРО во првите денови на Младотурската револуција да покажуваат само голем интерес и мошне внимателно и скептички да ги следат револуционерните настани и однесувањето на Ниjази-бej и другите востаници спрема македонското население и МРО во востаничката област.

Австро-унгарскиот конзул во Битола, Посфаи во својот извештај до министерот А.Ерентал на 18 јули 1908 г. во врска со приклучувањето на македонското население кон младотурските востаници пишувал: "Колку засега што може да се види, само христи-

јанското население од краиштата на Охрид, Ресен и Преспа, што се наоѓа во непосредниот акционен центар на ресенските востаници, се согласило без никаков отпор. Оние,пак, што беа надвор од директното влијание на младотурските борбени сили, во најголем дел сè уште во очекување...Можам да ве известам дека грчката комитска организација зазела стриктно одбивен, а бугарската-симпатизерски став, но сепак, сè уште не можела да се изјасни за приклучување. Бугарите наводно во својот одговор укажале на тоа дека за така важно прашање треоа да се придобие решение од еден конгрес што би се одржал за таа цел",[729] а во извештајот од 14 јули 1908 г. Посфаи пишувал: "Во Ресен,Охрид, Дебар и Кичево, како и во околните села, сите се - и војската и службениците, и скоро целото население - придобиени за младотурското движење. Во Охрид на муслиманското население отворено му се дели оружје од складот, додека на пријателски расположеното христијанско население засега му се ветува оружје во случај на потреба...од сите христијански организации младотурците најмногу полагаат на бугарската организација, чие придобивање е далеку најтешко, но сепак изгледа веќе и осигурено".[730] А.Динев тврди дека "целото население без разлика на вера и народност погледнало со симпатии на акцијата на младотурците во лицето на Нијази-бej",[731] а Е.Ф.Најт приведува дека "кон востанатиот одред на Нијази-бej се приклучиле муслимански и бугарски селани на кои Комитетот 'Единство и напредок' им поделил многу оружје и им давал наредби за вклучување во општото востание".[732] Г.З.Алиев вели дека "кон одредот на Нијази-бej освен Турците наскоро се приклучиле и бугарски , српски, албански и грчки чети".[733] Истото го тврди и Ј.А.Петросјан[734] кој го пренесува и тврдењето на Е.Ф.Најт дека "бугарското населе-

ние од Ресен, Охрид, Преспа и другите реони дури организирало и собири на кои ја изразило својата готовност за поддржување на одредот на Нијази-бej".[735] А.Ф.Милер приведува дека "младотурците ги поддржувале и македонската и албанската револуционерна организација".[736] Според рускиот конзул во Истанбул "при рамномерното учество како на муслиманите, така и на христијаните движењето се одвивало спокојно и дисциплинирано",[737] а според австроунгарскиот в.д. цивилен агент во Македонија Алфред Рапапорт "младотурството и уставот на христијаните им изгледало како спасувачка котва".[738] Според турските историчари И.Текели и С.Илкин "уште во првите денови на Револуцијата раководството на МРО им укажало гостопримство на младотурските чети, но истовремено објавило дека МРО нема да укаже оружена помош на споменатите чети, сé до наредната наредба на раководството на МРО".[739] Меѓутоа, од сите поддршки за младотурците најголемо значење имала поддршката на "левицата" на МРО предводена од Ј.Сандански",[740] за која поддршка Т.Влахов вели: "Лидерот на 'левицата' Ј.Сандански и неговите истомисленици, мошне активно ги поддржувале младотурските востаници. Во тоа, придонес имале контактите меѓу раководителите на 'левицата' и младотурските лидери воспоставени по II младотурски конгрес во 1907 г. чиишто решенија ги поддржала 'левицата'. Кога избувнало востанието, организирано од офицерите младотурци, Јане Сандански и неговите четници ги поддржале неговите пароли",[741] а според некои извори четите на "левицата" на МРО им се придружиле веднаш по избувнувањето на Младотурската револуција.[742]

За учеството на македонското население и МРО во Младотурската револуција мошне вредни материјали претставуваат спо-

мените на очевидците, свидетелите и учесниците во тие настани, а од нив највредни и најверодостојни секако се спомените на организаторот и водачот на Младотурската револуција-Нијази-бej. Во своите спомени, покрај другото Нијази-бej му придал посебно значење и на одгласот на Младотурската револуција кај христијанското население и кај МРО во Битолскиот вилает, подвлекувајќи за при тоа големата улога на тоа население и на МРО во омасовувањето и победата на споменатата револуција. Задржувајќи се на поддршката на христијанското население и на МРО, Нијази-бej во своите спомени пишува: "Бугарите од Дебар, Струга, Преспа, Охрид и Ресесн ме известија дека за обезбедување на слобода, рамноправност и правда ќе ми дадат секаква помош во луѓе и материјални средства..."[743] "По одржаниот мој говор за целите на Револуцијата и стремежите за обезбедување на слобода, рамноправност, правда и братски живот, селаните на муслиманско-српско-бугарското село Лабуниште (продолжува Нијази-бej) ги оставија своите долгогодишни меѓунационални и меѓуверски кавги и се ставија под крилата на Друштвото 'Иттихад ве Теракки'. Сите тие луѓе кои дотогаш беа крвни непријатели, по мојот говор почнаа со солзи во очите да се прегрлуваат и се договорија да формираат еден Селски совет кој ќе има за задача да ги ликвидира меѓусебните недоразбирања на селаните и да обезбеди рамноправност и правда на разнонационалните и разноверските селани со што кај секој селамец беше пробудено чувство на безбедност."[744] "По изложувањето на целите на Револуцијата за обезбедување на слобода, рамноправност, правда и братски живот на сите Турци, Бугари, Срби, Власи, Грци и др. кои живеат во Румелија вели Нијази-бej, селаните

од с. Вецан се ослободија и се врати кај нив довербата, а нашиот добар однос кон нив ги восхити селскиот поп, селскиот совет и сите селани кои со рака на Библија ни ветија дека за постигнување на целите на револуцијата ќе дадат секаква помош, ако затреба помош и со оружје,[745] а Бугарите од Охрид, Ресен и Преспа добро ги прифатија моите објавени прокламации продолжува Нијази-бej и ме известија дека ги прифаќаат сите наши постапки и добро се однесуваат спрема нас... Бугарите од оваа област се приближуваат до желбата за приклучување кон Друштвото 'Напредок и единство'".[746]

Односот на Нијази-бej кон проблемот за ослободување на заложеното 8 годишно македонско дете од српсаката чета во Ресен оставил силен впечаток и извршил големо влијание на Македонците од востаничката област. Битолскиот младотурски комитет во врска со тоа во своето писмо на 13 јули 1908 г. до Ниајзи-бej пишувал: "Заложувањето на српскиот учител кој ќе треба да послужи за ослободување на бугарското дете, кај Бугарите остави силен впечаток и изврши големо влијание. Од извештаите добиени од конзулите во Битола дознавме дека бугарските раководители им испратиле наредби до сите села за укажување на големо гостопримство и добро однесување спрема вас, меѓутоа, до добивање на нова наредба да не се приклучуваат со оружје на вашите чети. За ова однесување сите конзули изјавуваат дека од денес натаму со продолжување на борбата за правда и рамноправност ќе направиме многу полезна работа".[747]

Поддршка на борбата на Нијази-бej и на другите востаници давало и македонското свештенство. Во врска со тоа Нијазибej во своите спомени пишува: "...Имавме една долга средба со

битолските свештеници, кои многу добро нѐ примија и ни укажаа срдечно гостопримство, при што им реков: '...со укажаното гостопримство ги добивте нашите срца, нѐ приврзавте кон вас. Нашата вистинска цел е во земјата да создадеме братски односи мѓу националните малцинства. Со тоа ќе се стави крај на долгогодишните оружени пресметки...' На овие мои зборови со радост и доверба што се манифестираа во неговото лице, одговор даде башмитрополитот со следните зборови: 'Големината на вашата цел се докажа во вашиот начин на однесување. Секој ги фали вашите постапки за рамноправност и правда. Вашата скорешна конечна победа придонесе кај нас да се појави едно големо чувство на доверба и безбедност. Ќе настојувам да ги задоволам сите ваши потреби колку што можам. Ве молам, без да се стеснувате, кажете ни ги вашите потреби. Јас веќе им наредив да ви обезбедат леб,продукти и вода. Одморете се малку, многу сте уморни ми одговори митрополитот'".[748]

Извикувајќи да живее народот, да живее "Единство и напредок" на патот за с. Црново, поповите и граѓаните на Битола излегле да ги испратат Ниjази-бej и неговите востаници,[749] а на 17 јули 1908 г. во коријата на Отешево селаните на Отешево на востаниците им дале вода и изразиле желба да дадат и друга помош.[750]

Во своите писма до околискиот началник на Старова, генералниот инспектор Хусеин Хилми-паша и валијата на Битолскиот вилает-Ниjази-бej пишувал: "Реализирајќи ја добиената наредба од Друштвото 'Единство и напредок' од денот на излегувањето од Ресен, ги обиколив градовите Дебар, Елбасан, Охрид, Старова, Горица и нивните околии. Целиот народ го најдов како противник на режимот...Сите национални малцинства од овие области се за-

колнаа во Господ дека ќе се соберат, ќе се приклучат на нашата единица и ќе ни дадат секаква помош за воведувањето на Уставот".[751]

За време на Младотурската револуција во некои градови на Македонија биле формирани и заеднички младотурско - македонски доброволечки одреди. Еден таков одред бил формиран и во Кичево. Учесникот во формирањето на споменатиот одред Анастас Митрев во врска со тоа пишува: "Во тие денови, што беа денови на младотурското востание, во Кичево се формира доброволечки одред од стотина борци од разни народности: Турци, Албанци, Македонци, Власи, а на чело со јузбашијата Хамди-бej и учителите Анастас Митрев, Методи Стршенов и Симон Поп Лазаров. Одредот го зароби кајмакамот Тахсин-бej и со него тргна по селата да го прокламира Уставот...Одредот ги обиколи селата Вранештица, Мажучиште, Сенокос, Долнени, Рапатово, Дебрешта, Текија, Брод и други во Пореч е и стаса во Прилеп, каде што беше свечено пречекан од тамошниот гарнизон и од граѓанството. Одовде одредот го продолжи патот за Битола...И во Битола кичевската милиција беше пречекана истотака свечено од граѓанството и од револуционерната армија на Ниjази-бej и други...".[752]

Со текот на времето кон младотурските востаници се приклучувале се поголем број Македонци и други народности во Македонија.

Австро-унгарскиот генерален конзул во Солун-Б.Пара во својот извештај до министерот А.Ерентал на 21 јули 1908 г.пишувал: "Од Демир Капија...сум добил информација дека таму стационираниот командант на одредот за заштита на пругата, поручникот Џемаил Ефенди привлекол и заколнал осум угледни Бугари од тамошниот крај за младотурското дело, објаснувајќи им ја претходно целта...на делото".[753] Според турскиот историчар И.Х.Узунчарш'ли-современик и учесник во тие настани "голем број "Бугари" имало

и во одметнатиот одред на Ејуб Сабри-беј од Охрид".[754]

Меѓутоа, мора де се подвлече фактот дека масовното учество на македонското население и МРО, особено нејзината "левица" во Младотурската револуција дошло до израз по победата на Револуцијата односно по воведувањето на Уставот од 1876 г. Во тоа секако најзначајни биле поддршката и приклучувањето на "левицата" на МРО и нејзините лидери Ј.Сандански, Т.Паница, Хр.Чернопеев и други.

Од архивските материјали на ЦПА при ЦК на БКП,[755] Ф.Воспоминания, д.2237, л.352 (рукопись: Д.Делирадова) ревелирани од руската историчарка В.И.Шпилкова може да се види дека барањето на ЦК на МП "Напредок и единство" во Солун за приклучување на Ј.Сандански и "левицата" на МРО во Младотурската револуција било прифатено и поддржано и од самиот Ј.Сандански и од "левицата" на МРО.[756] По победата на Младотурската револуција во Битола, Ј.Сандански му испратил телеграма на ЦК на МП "Напредок и единство" во Солун во која пишувал: "'Левицата' ја изразува својата готовност да се бори за проширување на народните слободи - со сите средства, вклучувајќи го и вооруженият поход на Истанбул против султанската влада...ВМОРО ви ја подава својата братска рака за помош и ветува дека ќе ја подржи борбата за извојување на правда и слобода на сите народи кои живеат во нашата татковина".[757]

Масовното приклучување на македонското население во Младотурската револуција било забележано скоро во сите градови на Македонија, а особено во Битола, Ресен, Охрид, Велес, Штип, Петрич, Струмица, Неврокоп, Гевгелија, Воден, Сер, Скопје, Кичево, Солун и други.[758]

По воведувањето на конституциониот режим во Битола - "лулката на слободата" пристигнувале многубројни делегации од

сите народносни групи од сите делови на Битолскиот вилает да им ја честитаат победата на младотурците. Споменатите делегации со највисоки граѓански и воени почести, со големо внимание и неправејќи никакви разлики меѓу христијаните и муслиманите во тие денови, ги пречекувале младотурците, кои зборувале дека сите тие луѓе им биле подеднакво драги и ги нарекувале "наши браќа-Отомани".[759] Само за три дена во Битола дошле повеќе од 2 ооо луѓе од разни краишта на Вилаетот.[760] Од извештајот на српскиот дипломатски застапник во Битола, од 31 јули 1908 г., може да се види дека по воведувањето на Уставот од 1876 г. покрај Младотурскиот комитет во Битола бил формиран и еден посебен Одбор, кој иако бил од привремен карактер сепак се сметал како една од најважните институции во Битолскиот вилает. Во врска со тоа српскиот дипломатски застапник пишувал: "Одборот е составен од пет угледни Турци, од помошниците на Валијата и од по двајца претставници од христијанските народи. Со седниците на Одборот раководи валијата. Одборот на некаков начин претставува највисока административна власт во Вилаетот. Тој е последна инстанца за сите спорови од административна природа, а во некои случаи последна инстанца и за некои работи кои не спаѓаат во административната област. Може да се рече дека тој го замени Хилми-паша и цивилните агенти односно реформните органи, бидејќи тој Одбор е составен од најодбраните луѓе на народот. Одборот ќе обрнел посебно внимание на спорните прашања кои ke се појавиле помеѓу поедини народности".[761] Во тие денови во Битола дошло до општо зближување, сплотување и збратимување меѓу младотурците и нетурските народи.[762]

Објавената амнестија за учесниците во националноослободителните движења на сите народи наишла на силен одглас и воодушевување кај националноослободителните движења на нетурските на-

роди, а особено кај МРО и нејзината "левица" која "најдолго време" се борела против режимот на султанот Абдул Хамид II и против тугонационалните пропаганди во Македонија. По споменатата амнестија почнале да се легализираат и да учествуваат во свечените манифестации четите и лидерите на МРО и револуционерните организации на другите нетурски народи во Македонија.

На 27 јули 1908 г. предводени од војводата Милан Матов од Смилево во Битола слегле околу 200 вооружени македонски четници кои на најсвечен начин биле пречекани од членовите на Битолскиот младотурски комитет, од војската и офицерите предводени од Нијази-бej, потоа од владините службеници и многубројни граѓани.[763]

Одушевен од односот и искрените ветувања на младотурците за обезбедување на вистинска етничко-конфесионална и политичка слобода, рамноправност, правда и братски живот на народите во новиот уставен режим, пред собраните граѓани на Струмица на 25 јули 1908 г. Хр.Чернопеев ги рекол следните зборови: "Се радувам што ги гледам своите браќа слободни. Слободата открива мирен и културен живот. Давам збор дека чесно ќе ја чувам извојуваната слобода. И запамтете дека ако го изневерам новиот режим што сега се воведува и излезам по некаков повод одново со пушка в рака, дозволувам каде и да ме најдете да ме разоружате и врзан да ме доведете во градот".[764] На пат за Солун, Хр.Чернопеев, пред многуброен народ - Македонци, Турци и други во Дојран одржал говор за значењето на победата на Младотурската револуција и воведувањето на уставниот режим во Османската империја.[765]

Заедно со Тахсин Узер, со својата чета во Гевгелија слегол и Апостол Петков,[766] кој на железничката станица бил пречe-

кани од многубројен народ, а самите Турци го носеле на раце,[767] а според Секула Јончевски Вељанов од с. Габаловци, "за време на хуриетот легализирањето на борците на МРО во Цапања, Турците ги пречекале со банди".[768]

Во Костур се легализирала четата на војводата Васил Чакаларов. "Него и неговата чета вели Наум Дичовски од с.Д'мбени, Гарбеш, учесник во тој пречек, во градот ги дочекаа Турци кои на Чакаларов и на неговите другари им дадоа јадење и пиење и извикува : да живее Чакаларов".[769]

Во Пехчево се легализирале сите чети на МРО. Во градот бил организиран заеднички митинг на Турци и Македонци на кој се извикувале паролите: да живее слободата, да живее народот...На митингот зборувале и Македонци и Турци. Сите говорници добивале голем аплауз. На митингот зборувал и војводата Герасим Огњанов кој рекол: "Браќа и сестри Турци, Македонци, Цигани, Евреи, ние сме сите заедно. Заедно сме се бориле и уште ќе се бориме за да може да се уништи царштината и за да остане вака република Турција, за да немаме султан..."[770]

Во Злетово се легализирала четата на војводата Марко Секулички. Него и неговите другари со зборовите "хош гелдин" ги пречекал најбогатиот и најугледниот Турчин вр Злетово-Хаци Омер кој на пристигнатите гости организирал општа трпеза на сред село, при што Македонците биле угостени со ракија, а Турците со еден вид лимонада.[771]

Особено голем одглас кај македонското население имало ослободувањето на политичките затвореници меѓу кои имало и многу Македонци, кои по излегувањето од затвори организирале свечени манифестации во знак на поддршка на новиот младотурски уставно-парламентарен режим.[772]

Меѓутоа, најеклатантен пример за позитивниот одглас на Младотурската револуција сред македонското население, МРО и нејзината "левица" претставувал Манифестот на Јане Сандански упатен до народите на Османската империја. Манифестот претставувал мошне значаен револуционерен документ на "левицата" на МРО, бил плод и синтеза на нејзините идејно-политички определби и ги изразувал нејзините вистински стремежи за обезбедување на слобода, рамноправност, правда и братски живот меѓу сите народи во Османската империја, обезбедувал основни претпоставки и услови, и на најпрогресивен начин ги прокламирал начелата за соработка со МП "Напредок и единство" и останатите прогресивни сили на османско-турското општество. Ги расветлувал дотогашните заблуди за наводното непријателство меѓу турскиот и македонскиот народ. Ги повикувал народите на Османската империја, особено македонскиот народ да не потпаѓа под влијанието на пропагандите на соседните балкански држави Бугарија, Србија и Грција.

Преку Манифестот на Ј.Сандански всушност се оддавало признание од "левицата" на МРО на МП "Напредок и единство" и на сите прогресивни Турци за нивниот добар однос спрема македонското население и МРО за време на Младотурската револуција. Во врска со тоа во Манифестот пишувало: "...Револуционерниот повик на нашата братска младотурска револуционерна организација наиде на радосен одзив во душата на толку измаченият народ. И народот роб стана господар...".[773] Во Манифестот уште еднаш дошол до израз правилниот однос на МРО и нејзината "левица" за положбата на турскиот народ во османското општество. Уште еднаш била направена дистинкција меѓу економски и социјално експлоатираниот турски народ и режимот на сул. Абдул Хамид II и не-

говите спроведувачи-разни аги, бејови и официјални службеници. "Сотатковници Турци, се велело во Манифестот, ... вие најмногу ги почувствувавте сите злосторства на нашите заеднички непријатели. Во своето турско царство вие не бевте помалку робје од вашите сотатковници, христијаните. Нашите управници лажеа досега дека христијаните биле ваши непријатели. Вие први излеговте во борбата за слобода и рамноправност. Заедно со вас сите. Вашиот проглас 'народите се браќа и како браќа треба да живеат' ги згреа срцата на христијанското население...".[774] Обраќајќи се на христијанските народи, "левицата" на МРО и Ј.Сандански во Манифестот подвлекувале: "Драги сотатковници христијани, И вие бевте не помалку заблудувани и верувавте дека вашите маки проилегуваат од тиранијата на целиот турски народ. И таа заблуда падна. Сега вие подадовте братски раце и само во сојуз вие ќе ја извојувате толку досега саканата и скапо платена слобода. Зацврстувајте го тој сојуз. Да ги закопаме заедно со апсолутизмот и создаваните од него национални и самоистребувачки борби".[775]

Преку Манифестот, "левицата" на МРО и Ј.Сандански го повикувале македонскиот народ да не подпадне под влијанието на пропагандата на империјалистичките кругови на соседна Бугарија подвлекувајќи: "...не подавајте им се на престапните агитации кои можеби ќе се поведат од официјалните власти во Бугарија против нашата заедничка борба со турскиот народ и неговата интелигенција којашто се стреми кон слобода".[776]

Поради својот мошне правилен и позитивен однос спрема Младотурската револуција, турскиот народ и другите народи на Османската империја, искрените настојувања и стремежи за обезбедување на вистинска слобода, рамноправност, правда и братски

живот во заедничката османска татковина, за надминување на сите дотогашни етничко-конфесионални недоразбирања и самоистребувачки борби Манифестот на "левицата" на МРО упатен од Ј.Сандански до народите на Османската империја предизвикал мошне добар одглас како кај турскиот така и кај македонскиот народ и други нетурски народи.

Т Р Е Т Д Е Л

А. ПЕРИОДОТ ОД ПОБЕДАТА НА МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА ДО ПРВАТА БАЛКАНСКА ВОЈНА (1908 - 1912)

1. Положбата на Османската империја и Македонија во периодот по победата на Младотурската револуција до избувнувањето на Военото востание во 1909 г.

Во првите денови на новововедениот конституционен режим, неговото воведување како во другите делови на Османската империја, така и во Македонија која станала татковина и лулка на Младотурската револуција, било поздравено и прославувано со невидени свечености и манифестации. Дотогаш огорчените непријатели ги заборавиле своите таѓи, омрази и гнасења и го поздравиле хуријетот со една голема верба и гордост. Дотогашните непријатели се прегрлувале. Се прегрлувале ~~нувало~~ муслиманите и христијаните, Турците со Македонците, Евреите, Ерменците, Србите, Грците и други национални малцинства. Младотурците објавиле дека повеќе немало да постојат никакви етничко-конфесионални разлики и дискриминации меѓу народите на Османската империја. Четите на МРО и на вооружените пропаганди се откажале од натамошната борба и се легализирале. Македонските емигранти се враќале во своите домови. Во сите делови на Македонија и Османската империја владеело општонародно одушевување. По плоштади, клубови и театри секој ја пеел Марселезата.[777] За сите народи на Империјата почнал еден период на мир, пријателство и братство.[778] "Денот 11/24 јули вели Димо Хаџидимов им стави крај на спротивните текови меѓу муслиманското и христијанското население; на заблудите на едните и на другите; воспостави взаемна доверба и љубов и даде можност за заедничко уредување на внатрешните работи на Империјата...Престана револуционерното движење на

христијанското население..."[779] Тоа секако претставувало голем успех на МП "Единство и напредок" која по победата на Младотурската револуција и "по обезбедувањето на услови на турската буржоазија и либералното племство за учествување во политичкиот живот на земјата, се ориентирала кон спречување на револуционизирањето на народните маси".[780] Таа ја трансформирала својата борба од револуционерна во еволутивна што може да се види и од изјавата на д-р Наз'м-бej дадена во тие денови на в."Стамбульские новости". "Кога веќе револуцијата победи и е прогласена конституцијата, рекол д-р Наз'м-бej, Комитетот смета дека неговата улога е завршена и дека тој е должен во својата работа да ги употребува еволутивната и мирната метода".[781]

Придржувајќи се кон своите ветувања дадени во периодот пред и за време на Младотурската револуција, итихадџиите настојувале да ги средуваат општите состојби во европскиот дел на Османската империја, а посебно во Македонија, што претставувало императив за зацврстување на новиот режим во земјата. Во рамките на тие настојувања "во првите денови на својот режим вели Д.Влахов, младотурците се покажаа доста либерални, препуштајќи им на различните националности доволно широка слобода за да можат тие да ја развиваат својата дејност за рамноправност,[782] а младотурската влада продолжува Влахов се поврза со прогресивните елементи во Македонија и Турција..."[783] Младотурската револуција подвлекува Александар Мартулков "...даваше можност да се почне со една широка легална дејност за изградување на еден фронт од прогресивните сили и инородните малцинства за прерастување на преврatот во една целосна политичка револуција...за целосно демок-

ратизирање на Турција..."[784]

Во споменатиот период, во Османската империја била создадена една сосема нова политичка ситуација во која нејзините народи стекнувале право активно да учествуваат во креирањето на економскиот и општествено-политичкиот живот и во уредувањето на државните работи. Младотурскиот режим "им дал поттик на народностите на Османската империја за послободна работа на полето на трговијата, земјоделството, сообраќајот и занаетите".[785] Според А.Митрев "секоја народност на својот мајчин јазик можел да биде слободен творец на културата на целост и за целоста-со нејзините општи нужди, интереси и идеали".[786] Биле преведени на турски јазик "Капиталот" на К.Маркс, "Мајка" на М.Горки, делата на Толстој и Чехов; во Измир бил издаден и првиот социјалистички весник на турски јазик "İrşad",[787] а во Солун и другите градови на Македонија и Османската империја и многубројни весници и списанија на јазиците на народите на Османската империја.[788] "Правата и слободите на народите пишувал во тие денови в.'Конституционна заря' - имаат јасно определени цели: да се зајакне приврзаноста на турските поданици од сите националности кон Империјата, да се обезбеди општ мир во неа, да се положат темелите на една целосна хармонија во нејзиниот внатрешен живот...да се обезбеди пред се секаква културна и политичка приврзаност и содејствие на сите револуционерни сили и организации во земјата, а со задоволувањето на барањата на тие сили и организации може да се смета за целосното смирување на земјата и за постепеното ослободување од сите замешувања..."[789]

Непостоењето на некоја поопределена идејна и политич-

ка ориентација влијаело во првите денови на конституциониот режим, народите на Османската империја да се соочат со една мошне нејасна политичка ситуација во земјата заради што во тие денови оправдано се поставувале прашањата: што значел уставно-парламентарен режим? Какви измени ќе вршел тој режим во економската, социјалната и политичката структура на османското општество? Како ќе биле поставени и разрешени аграрното и националното прашање? Каква политика ќе била водена за унапредување на земјоделството, индустријата, трговијата, сообраќајот, образованието и културата? Што ќе било со капитулациите и државните долгови односно одредбите на Мухаремскиот декрет, мешањето на големите европски сили и соседните балкански држави во внатрешните работи на земјата? Што ќе било со иднината и судбината на султанот Абдул Хамид и османската династија? Со кои сили и со какво оружје МП"Единство и напредок" ќе го заштитувала својот режим? Каква била нејзината политичка програма, со каков раководен кадар располагала таа партија и кои и биле нејзините лидери? На сите овие прашања, одговори требало да изнајде МП "Единство и напредок". Меѓутоа, се поставувало и прашањето дали таа Партија можела и сакала да ги изнајде потребните одговори и решенија на споменатите прашања?

Младотурската револуција претставувала краен резултат на остриот конфликт меѓу силите на режимот на сул. А. Хамид II и феудално-клерикалните кругови на османското општество од една страна и стремежите на прогресивните османски сили за слобода, рамноправност, правда и демократизација на односите во османското општество - од друга страна. На чело на вторите сили стоеле МП "Единство и напредок" и

револуционерните организации на нетурските народи. Од тие причини во периодот по победата на Младотурската револуција со групирањето на споменатите сили бил создаден еден триаголник меѓу МП "Единство и напредок" и другите прогресивни сили на османското општество, султанот Абдул Хамид и Османската влада во кој триаголник дошло до "безкрупулозен" судир меѓу МП "Единство и напредок" од една и султанот Абдул Хамид II и Високата порта од друга страна, а како краен резултат на тој конфликт избувнала военото востание во Истанбул на 31.III 1909 г.(ст.стил).

Младотурската револуција, на местото на соборената апсолутистичка монархија вовела само еден формален конституционен режим во Османската империја без да изврши некои посуштински или порадикални реформи во економската и класно-социјалната структура на полуфеудалното османско општество. Поаѓајќи од познатата мисла на К.Маркс дека "на револуцијата ѝ треба пасивен елемент, материјална основа и дека радикална револуција може да биде само револуцијата на радикалните потреби..."[790] може да се заклучи дека Младотурската револуција немала скоро никаква материјална основа, бидејќи неа ја извела воената интелигенција поддржана само од еврејската и мошне слабата турска буржоазија. Без разлика на тоа што османското општество имало потреба од една радикална револуција, лидерите на МП "Единство и напредок" стравувајќи Младотурската револуција да не стане општонародна, со сите можни сили настојувале неа да ја држат во ограничени и стеснети економски, класно-социјални рамки и режимот на султанот Абдул Хамид II само формално да го трансформираат во уставно-парламентарен систем.

Имајќи ги предвид споменатите особености и за Младотурската револуција може да се однесува познатата мисла на В.И.Ленин дека "...секоја буржоаска револуција е на крајот на краиштата еден процес на создавањето на еден уставен строј и ништо повеќе".[791]

Извесен период по победата на Младотурската револуција, итихадциите се покажале како да се придржувале кон прокламираните пароли за слобода, рамноправност, правда, братство и демократија. Меѓутоа, тие како и дотогаш всушност кокетирале како со турскиот народ, така и со христијанските народи и нивните револуционерни организации, посебно со "левицата на Македонската револ.орг. Но, набрзо тие радикално отстапиле од своите ветувања и со својата непринципиелна и лоша политика ја изгубиле довербата на револуционерните организации на нетурските народи и на сите прогресивни сили на османското општество.

По прогласувањето на II Конституција МП "Единство и напредок" својата политика ја насочила и кон ликвидирање на реформаторските акции на големите европски сили во Македонија. Таа била убедена дека османската држава во тоа време веќе била способна самата да воведува општи демократски реформи во своето општество. Поаѓајќи од тие убедувања, со текот на времето "владејачката" МП "Единство и напредок" ги принудила странските недипломатски претставници да ја напуштат Македонија со што била прекратена и реформаторската акција на големите европски сили во неа-воведена уште со Мирцштегската програма за реформи во 1903 г.[792] Со тој потег споменатата Партија мислела дека самата ќе го разреши и секогаш актуелното и акутното "македонско прашање". Меѓутоа,

"македонското прашање вели Глигор Тодоровски и натаму останало нерешено, но, сепак, егзистирало. Во таа смисла Младотурската револуција претставувала голема диверзија за неговото решение, бидејќи со интернационализацијата на македонското прашање, со ангажирањето на големите веропски сили и со формирањето на посебни органи во Македонија, задолжени за спроведување на Мирцштегската реформска програма, се дотогаш продолжува Тодоровски практично и реално не постоела опасност за трагедијата што го снашла македонскиот народ со Балканските војни од 1912-1913 година".[793] Со истерувањето на претставниците на големите европски сили од Македонија, МП "Единство и напредок" и младотурската влада направиле една кардинална и неопростива грешка. Со тоа, тие ги создале сите претпоставки и услови, и директно ја подготвиле почвата за сојузување на дотогаш соперничките балкански држави Бугарија, Грција, Србија и Црна Гора за завојување на Македонија и другите делови на Османската империја на Балканскиот Полуостров односно за поделбата на Македонија и на самата Османска империја.[794]

2. Политички организации во Османската империја и Македонија и нивните активности

Во периодот по победата на Младотурската револуција во Османската империја биле создадени многубројни политички организации на сите народи на Империјата. Покрај султанот, Високата порта, бирократијата и верските институции[795] во османското општество биле создадени услови првпат да се формираат и политички организации. Во тоа се состоела и најголемата разлика меѓу I и II Конституција. Додека во парламентот на I Конституција од 1876 г. немало ниту политички партии, ниту пак ~~пр~~ групи - претставници на некои политички партии, во првите ~~ме~~ месеци на II Конституција почнале да се формираат многубројни и различни политички организации. Меѓутоа, треба да се подвлече и фактот дека периодот на владеењето на младотурците од партии повеќе бил период на различни друштва, клубови и др. организации. Причините за тоа треба да се бараат во сличностите меѓу партиите и друштвата. Треба да се подвлече и тоа дека за младотурскиот режим секоја институција надвор од партијата била "друштво"[796] и била во врска со Законот за здруженија.

Движењата и активностите за формирање на друштва, клубови и други политички организации во Османската империја почнале со самата победа на Младотурската револуција и тоа како кај турскиот народ така и кај христијанските и нетурските муслимански народи. Не обрнувајќи скоро никакво внимание на законските прописи, активностите за создавање на политички партии и организации во Османската империја почнале со самите

манифестации организирани по повод воведувањето на Уставот од 1876 г.

Без да имаат некои традиции на полето за формирање на политички организации, некои османски интелектуалци во Истанбул и другите градови на Османската империја преку соопштенија и повици објавени во весници ги повикувале османските сотатковници да се зачленуваат во нивните новоформирани политички партии, друштва и клубови, со што, според турскиот историчар Илбер Ортај, "почнала ерата на политичко групирање во османското општество".[797]

Движењата за формирање на политички организации во Османската империја и Македонија можат да се систематизираат во следните групи:

1. Движење за создавање на масонски ложи;[798]

2. Движење за создавање на различни социјално-политички, економски, културни, националистички друштва, клубови и други политички организации и

3. Движење за создавање на сепаратистички политички организации на нетурските народи.

Ако се анализираат основните обележја на политичкиот живот на османското општество во периодот на II Конституција ќе се констатира дека движењата и идејно-политичките струења за создавање на политички организации според своите стремежи биле групирани во следните групи:

1. Идејно-политичко струење за создавање на единствена османска нација или повеќе познато како паносманизам;

2. Идејно-политичко струење за создавање на исламско единство (панисламизам);

3. Идејно-политичко струење на турскиот национализам (пантурцизам, паногузизам, пантуранизам) ;

4. Идејно-политичко струење за лична иницијатива и административна децентрализација;

5. Движење за создавање на централистички систем на управување;

6. Социјалистичко движење;

7. Движење за создавање на различни културно-уметнички друштва, клубови и други организации во чии рамки влегувале различни литературни, издавачки, финансиски, занаетчиски, потоа друштва на правници, за солидарност и единство, за образование на селани и други.[799)]

Од споменатите идејно-политички движења и струења, тие кои се стремеле за создавање на османско и исламско единство, административен централизам и децентрализам, со исклучок на социјалистичките организации и организациите на нетурските народи, извршиле силно влијание на програмите скоро на сите опозиционерски политички организации во Османската империја. Движењето за административен централизам предводено од МП"Единство и напредок" склоно било кон турскиот национализам и модернизација на османското општество по примерот на Западна Европа. Меѓутоа, треба да се подвлече и фактот дека во основите на секое споменато движење и струење лежеле определбите и стремежите за спасување на националната независност и територијалната целост на Османската империја. Меѓу споменатите движења и струења се наоѓала и МОРО односно НФП која во националната независност и територијалната целост на османската држава ја гледала единствената можност и единствената шанса за сочување на националниот и територијалниот интегритет на Македонија и македонскиот народ пред агресивните завојувачки стремежи на империјалистичките буржоаски кругови на соседните

балкански државички Бугарија, Србија и Грција - претенденти врз националната и територијалната целост на Македонија и македонскиот народ. Покрај споменатото, кај сите движења и струења било заедничко и тоа што, тие ги подвлекувале и заостанатоста на османската држава, нејзината економска полуколонијалност и неопходната потреба за воведување на низа социјални и други реформи во османското општество. Меѓутоа, зацртаните методи на остварување на своите политички програми биле далеку од реалните потреби на народите на Османската империја за воведување на вистински демократски реформи во општеството. Со исклучок на Програмата на НФП, програмите на останатите политички организации создадени во младотурскиот уставно-парламентарен режим не содржале никакви поставки за воведување на економски, социјални и други демократски реформи во полуфеудалното османско општество. Останатите партии главно се задоволувале само со потенцирањето на прашањето за обезбедување на слобода, рамноправност, правда, демократија и некои други сосема ирелевантни прашања. Тие не биле политички организации што ги земале предвид економско-социјалните, културно-образовните, ниту пак политичките погледи, барања, желби и потреби на широките маси на народите на Османската империја. Мнозинството од тие политички организации не се потпирале на широките народни маси, туку се стремеле да станат и останат како политички организации на една определена социјална класа, на воената и граѓанската интелигенција, на националната буржоазија или на својата конфесионална институција.

Во периодот по победата на Младотурската револуција МП "Единство и напредок" излегла на површина и станала нај-

значајната политичка сила во Османската империја. Од Солун во Истанбул пристигнатиот 7 член(иот) младотурски комитет го оставил Сарајот под сенка. Сарајот и Високата порта биле принудени да работат по директивите на споменатиот комитет.Во споменатиот период МП "Единство и напредок" уживала огромен углед. Таа била именувана со зборовите "душата на државата" "света партија", "ослободителка на татковината" и друго. Зачленувањето во неа се сметало како чест и патриотска должност, а секое спротивставување на неа се третирало како непријателство. Таа била единствената политичка сила која можела во тоа време силно да ги раздвижи турските народни маси. Во првите денови на новововедениот режим, таа објавила дека била расположена за обединување со сите свои противници, па дури и со Партијата "за лична иницијатива и административна децентрализација" на принцот Сабахадин-бej. Таа "искрена" определба значела нов квалитет во нејзиниот однос спрема другите политички партии и спрема својата долгогодишна најголема соперничка Партијата на принцот Сабахадин-бej. Меѓутоа, и по споменатата објава, принцот Сабахадин-бej и неговите приврзаници не се согласиле да се обединат со Партијата "Единство и напредок".

Набрзо по победата на Младотурската револуција МП"Единство и напредок" ја изработила својата нова и прва програма и истата на 2о.Iх 19о8 г. ја објавила во својот официјален орган в."İttihat ve Terakki" во Солун, а преземено од споменатиот весник неа ја објавиле и други весници во Истанбул и Солун.[800] Споменатата програма на Партијата "Единство и напредок" ги ставила основите на резолуциите на својот I Конгрес одржан од 5-25.X 19о8 г.(ст.стил) и на програмите,

статутите и конгресните резолуции во периодот до 1912 г.Таа ги сочинувала основите и на првите парламентарни избори во 1908 г. Споменатата програма на Партијата "Единство и напредок" настојувала основата на новововедениот конституционен режим да ја сочинува народната волја; Високата порта да биде одговорна пред парламентот; сенаторите да бидат избрани на определено време и 2/3 од нивниот број да ги избере народот; да се обезбеди слобода за формирање на политички организации; да се прошират самоуправните права на провинциите; без разлика на народносна и конфесионална припадност на сите луѓе да им се обезбедат исти права и должности; да се укине последната алинеја на чл.113 од Уставот според која алинеја султанот Абдул Хамид II имал право секого да го следи, прогони или затвори, односно ги ограничувала личните слободи на луѓето; се предвидувало образованието да стане слободно, но, под контролата на државата; да се реформира законот за избори; да им се обезбеди земја на безимотните селани; да му се даде посебно значење на унапредувањето на земјоделството и на економско зајакнување на земјата, а се предвидувало и регулирање на односите меѓу работниците и работодавателите. Од програмата јасно се гледа дека таа содржувала мошне позитивни и прогресивни поставки. Меѓутоа, покрај нив, таа имала и доста неприфатливи поставки како што биле на пример тие дека официјалниот јазик на државата и натаму останувал турскиот јазик, на кој ќе се водела и целата официјална кореспонденција и ќе била изведена наставата во основното, средното и високото образование.[801]

Скоро еден месец по објавувањето на споменатата програма во Солун се одржал и I Конгрес на Партијата "Единство

и напредок".[802] На него се расправало по прашањата за изготвување на една политичка програма; за формирањето и улогата на ЦК на Партијата и за формирањето и улогите на вилаетските комитети на Партијата.[803] По двадесетдневна работа Конгресот завршил со донесување на свои одлуки кои биле систематизирани во 13 точки, а последната точка имала и свои 5 подточки.[804]

Од донесените конгресни одлуки познати биле тие систематизирани под точките 1,2,3 и 13/а,б,в,г и д.

Конгресот донесол одлука Партијата "Единство и напредок да не го напаѓа султанот Абдул Хамид II сè додека тој ќе го почитувал Уставот (т.1); политичката програма која била објавена на 2о.IX 19о8 г. целосно била прифатена (т.2); членовите на Комитетот испратени во Истанбул ќе дејствувале под името Партија "Единство и напредок", а подоцна сите младотурски пратеници во парламентот дејствувале под тоа име; да се разбуди интерес за лична иницијатива (т.13/а); да не се остави впечаток дека Партијата "Единство и напредок" сакала да ги национализира приватните претпријатија, туку таа треба да даде поттик за основање и проширување на такви претпријатија и во внатрешноста на земјата (т.13/б); да се унапредиообразованието во чиишто рамки требало да се отвораат вечерни курсеви, да се отвораат приватни училишта, да се отвораат занатски и технички училишта (т.13/в); да се отвораат земјоделски, индустриски и трговски училишта; да се објавуваат за народот разбирливи дела; да се регулираат меѓусебните односи на властите и народот; да се регулира даночното прашање; да се формираат трговски, земјоделски и индустриски претпријатија; да се создаваат услови за отворање на основни, средни и високи образовни институции (т.13/г); да

се издејствува кај властите за што поскоро обезбедување на овластувања на валиите на вилаетите за децентрализација на управниот систем како единствено средство за постигање напредок во образованието, трговијата, земјоделството и индустријализација на земјата (т.13/д).[805]

Освен МП "Единство и напредок" во периодот од 1908-1912 г. во Османската империја биле формирани уште 53 други политички партии и организации од кои 19 во 1908, 18 во 1909, 3 во 1910, 6 во 1911 и 7 во 1912 година.[806] Од нив позначајни биле: "Fedakâran-ı Millet Cemiyeti",[807] "Osmanlı Ahrar Fırkası",[808] "Osmanlı Demokrat Fırkası",[809] "İttihad-ı Muhammedi Fırkası",[810] "Mutedil Liberaller Fırkası",[811] "Islahat-ı Esasie-i Osmaniye Fırkası",[812] "Ahali Fırkası",[813] "Osmanlı Sosyalist Fırkası",[814] "Hürriyet ve İtilâf Fırkası",[815] и многу други партии, друштва и клубови.[816]

Покрај споменатите политички организации во Османската империја и нетурските народи создале свои политички организации што претставувало еден нов квалитет на младотурскиот уставно-демократски и парламентарен режим и еден моќне релевантен фактот за одржувањето на тој режим. Мнозинството од тие организации се именувале како литературни и културно-уметнички друштва или друштва и клубови за солидарност, а нивните вистински цели и стремежи биле политички. Такви организации биле создадени на целата територија на Османската империја - Македонија и останатиот дел на Румелија, Анадолија и во османските арапски територии. Нетурските политички организации од турските не се разликувале само по своите национални и националистички стремежи, туку ~~тие~~ некои од нив се стремеле и кон

создавање на свои национални и територијални самоуправни области во границите на османската држава, како што биле на пример МОРО и НФП, а поголемиот дел од нив се стремеле кон целосно откинување од османската држава и припојување на некоја од соседните балкански држави Бугарија, Србија или Грција. Од тие причини османската држава со споменатите организации се наоѓала во постојанен конфликт и им се спротивставувала со сите свои "уставни" органи и воени сили. Како краен резултат на тој конфликт, мнозинството од споменатите политички организации во периодот по задушувањето на Военото востание на основа одредбите на Законот за здруженијата биле забранети и растурени со што османскиот парламент без тие организации ги изгубил и своите основни обележја на една уставно демократска институција.

Од политичките организации на нетурските народи на Османската империја, како во периодот пред победата на Младотурската револуција, така и во периодот на воведувањето на II Конституција, со своите мошне правилни и оправдани барања за вистинско економско-социјално, културно-образовно и национално-политичко реформирање на османското општество, најзначајна улога одиграла МРО односно нејзината "левица" предводена во тоа време од нејзините најистакнати лидери Јане Сандански, Димо Хаџидимов, Христо Чернопеев, Димитар Влахов и други. Оценувајќи дека со воведувањето на младотурскиот конституционен режим биле создадени основни претпоставки и услови за продолжување на борбата на народите на Османската империја во легални политички услови за трансформирање на режимот на султанот Абдул Хамид II во уставно-парламентарен систем и биле создадени нови и поповолни услови за реализирање

на неопходните потреби на широките народни маси за целосно и радикално реформирање на османскиот општествено-политички систем, споменатите лидери на "левицата" на МРО увиделе дека новосоздадената ситуација ја налагала и потребата за применување на нова стратегија, нови методи и средства во борбата за остварување на своите цели. Од тие причини раководителите на Серскиот, Струмичкиот и Солунскиот револуционерен округ и некои посебни групи од другите револуционерни окрузи донеле одлука да се обединат во единствена организација на "левицата" на МРО под име Македонско-одринска револуционерна организација (МОРО) и да ја насочат својата политичка работа кон придобивање на сите останати политички организации и широките народни маси во Македонија без разлика на нивната етничка и конфесионална припадност.[817]

Во рамките на стратегијата на својата борба, МОРО ги детерминирала своите задачи и своите активности за дејствување во новиот конституционен режим. Преку тие активности дошол до израз и нејзиниот мошне позитивен однос и нејзината искрена и јавна поддршка на МП "Единство и напредок" и останатите прогресивни сили во Османската империја во настојувањата за преуредување на османското општество. Меѓутоа, треба да се подвлече и фактот дека поддршката на МОРО била обусловена со барањето за водење на бескомпромисна борба против собориот, но, докрај неликвидираниот режим на султанот А. Хамид II и за обезбедување на полна самостојност во борбата за реализирање на своите економско-политички, национални и други барања, како и во изборот на матиштата и средствата на таа борба. Задачите на борбата на МОРО биле систематизирани и објавени во в."Конституционна Заря" на 8/22 август

1908 г. под наслов "Нашата задача" при што Д.Хаџидимов пишува: "Нашата задаче е 1) енергично да го поткрепиме младотурското, и воопшто, ослободителното движење во Турција во онаа мера во којашто и дотогаш додека тоа движење ќе се наоѓа во непомирлива борба со апсолутната монархија и 2) зачувувајќи ја својата полна самостојност во борбата и во изборот на средствата за таа борба, да ги истргне и да му ги наложи на движењето сите оние барања и реформи што ќе ги зацврстуваат и закрепнуваат идните гаранции на правилниот уставно-демократски режим во духот на организационата декларација и програма. Во името на тие задачи ние ја започнуваме борбата..." [818]

Веднаш по победата на Младотурската револуција од името на МОРО, Ј.Сандански им предал на лидерите на МП "Единство и напредок" една Декларација која претставувала појдовен документ за преговори со нив и значела еден мошне релевантен документ за почетокот на политичката активност на МОРО и на македонскиот народ во легални уставно-демократски услови. [819] Предложените барања во Декларацијата "значеле како претходни мерки кои можеле да ја осигурат пожелната атмосфера" [820] и значеле како императив за започнување на преговорите меѓу МОРО и МП "Единство и напредок" за зацврстување на конституциониот режим во Османската империја. [821]

Споменатата Декларација била само еден документ преку кој дошле до израз вистинските желби на МОРО за соработка со МП "Единство и напредок" и другите прогресивни сили во Османската империја, дошла до израз нејзината јавна поддршка на младотурскиот уставен режим, дошла до израз и нејзината готовност за легално учествување во политичкиот живот на Османската империја. Меѓутоа, Декларацијата не била комплетен

документ кој ги содржувал сите барања на МОРО за целосно реформирање на османското општество. Таа била само како една појдовна платформа за иницирање и започнување на политичките преговори со МП "Единство и напредок" на кои преговори МОРО ќе излегувала со една доста посодржајна и покомплетна програма преку која систематизирано ќе ги поставувала своите суштински барања за воведување на целосни економско-социјални, управно-правни, национални , културно-образовни ~~реформи~~ и други реформи и ќе ги актуелизирала најрелевантните прашања од животот на македонскиот народ-националното и аграрното прашање.[822]

Систематизирана во 8 барања со споменатата Програма на МОРО се барало ликвидирање на политичкото угнетување и економската експлоатација; обезбедување на оптимални услови за слободен културно-образовен и политички развиток; ликвидирање на остатоците од полупобедениот султанхамидовски апсолутизам; воспоставување на целосен народен суверенитет; обезбедување на целосна демократизација на Османската империја од која Македонија и Одринско претставувале неразделни делови; воведување на самоуправување на областите во Империјата, самоуправување на окрузите во областите, а општините во окрузите; запазувајќи ги правата на избирачите за сеопштост, еднаквост, директност, тајност и пропорционалност-избирање на сите државноправните органи; обезбедување на полна слобода на совеста, ~~об~~зборот, печатот, собирите и здруженијата; ликвидирање на сите етничко-конфесионални и класно-социјални разлики и привилегии; обезбедување на полна рамноправност на сите луѓе без разлика на нивната народносна и верска припадност, и политичко убедување; обезбедување на сеопшто, бесплатно основно об-

разование на мајчин јазик; заменување на постојната војска со народната милиција; воведување на општа воена обврска и на сите способни за оружје граѓани; ликвидирање на сите услови кои го поставувале селското население во тешка економска положба; конфискација на султанските и вак'ѓските земји; задолжително нивно одземање од државата на чифличките земји и нивно разделување на безимотните селани; обезбедување заштита на наемниот земјоделски и занаетчиски труд; ликвидирање на сите видови директни и индиректни даноци во натура или пари и нивното заменување со еден општ прогресивен данок врз доходот и наследствата, и др.[823]

Изложени на притисокот на бугарската пропаганда изразена преку формирање и дејствување на легалните бугарски уставни клубови во Македонија и атентатот врз Ј.Сандански од 24.Іх 1908 г. во Солун, од МОРО и од нејзината Програма во есента на 1908 г. се откажале раководителите прво на Струмичкиот ~~револуционерен округ~~, а потоа и на Солунскиот револуционерен округ, кои својата политичка работа ја насочиле кон создавање на политички организации за легална парламентарна борба.[824] Меѓутоа, зголемената политичка борба на споменатите бугарски клубови, ги принудила раководителите на Серскиот, Солунскиот и Струмичкиот револуционерен округ на 15.І 1909 г. повторно да се обединат и МОРО да ја трансформираат во политичката организација Народна федеративна партија (НФП) која според М.Пандевски "изникнала од недрата на ВМРО и тоа од нејзиното лево крило".[825] Разликата меѓу новата НФП и старата МОРО била во тоа што својата политичка борба првата ја насочила исклучиво кон употребување на легални уставно-парламентарни и демократски методи и средства, додека втората не ги исклучувала и оружените акции.[826]

Во периодот од јануари 1909 г. до својот основачки конгрес од 3-10 август 1909 г.(ст.ст.),[827] НФП поминала низ четири развојни фази.[828] На споменатиот конгрес биле донесени програма, статут, декларација и неколку резолуции; било избрано централно раководство на чело со Д.Влахов кој бил и претставник на НФП во младотурскиот парламент.[829]

Донесената Програма на НФП на основачкиот конгрес не се разликувала многу од таа на МОРО донесена една година порано. Таа до извесна степен значела модификација на Програмата на МОРО, а според М.Пандевски "текстот на нејзината програма дури и стилски коинцидирал со Програмата на МОРО и во нејзината основа легнале принципите на Програмата на МОРО".[830]

Имајќи ја предвид тешката економско-социјалната положба на широките народни маси во Македонија, особено на безимотните селани, НФП на својот основачки конгрес најмногу се задржала на аграрното прашање, "кое било вели М.Пандевски најважниот услов со чиешто усвојување ги поврзал Ј.Сандански и својата соработка со Турците и своите услуги кон млада Турција".[831]

Меѓутоа, сепак најважното прашање во периодот по избувнувањето и завршувањето на Големата источна криза од 1875-1878 година односно во историјата на МРО-МОРО-НФП било разрешувањето на мошне актуелното"македонско прашање" чиешто разрешување претставувало и "императив" за зацврстувањето на младотурскиот конституционен систем и спасување на територијалната целост на Османската империја. Поради тоа,МОРО и НФП барале да се почитува принципот на самоуправува на областите в во Османската имерија, самоуправување на областите и општините во округзите.[832]

Според барањата на МОРО и НФП, централната власт на Империјата требала да го задржи правото за водење на надворешната политика на земјата, да го задржи правото за раководење во војската, финансиите, ПТТ и железниците, а сите други функции на државата да бидат оставени на органите на месната и обласната самоуправа.[833] Како резултат на децентрализацијата на државниот административен систем, според МОРО и НФП, Македонија, требало да стане самоуправна област во економски, социјално, културно-образовно и политички радикално преуредена Османска империја која требало да биде федеративна уставно-парламентарна држава во која освен Македонија би биле создадени и други самоуправни единици.

Идејата за создавање на федеративна османска држава била присутна и во периодот пред победата на Младотурската револуција кога таа идеја се поистоветувала со стремежите на МРО за откинување на Македонија од Османската империја и за нејзино вклучување во новосоздадената т.н, Балканска федерација. Меѓутоа, со зголемувањето на завојувачките стремежи на соседните балкански држави Бугарија, Србија и Грција за поделбата на Македонија, "левицата" на МРО предводена од Ј.Сандански, а потоа создадените МОРО и НФП, таа идеја ја трансформирале во барање и стремеж за обезбедување на месна самоуправа на Македонија во рамките на преуредената Османска империја која пред агресивните налети на буржоазиите на споменатите балкански држави ќе претставувала сигурна гаранција за територијалната и националната целост на Македонија и на македонскиот народ.[834] Од тие причини МОРО и НФП станале против секаков вид сепаратизам во Османската империја и се определиле за сочување на територијалниот интегритет на османската држава. Со

тоа МОРО односно НФП станала единствена политичка организација од нетурските народи која се определила за антисепаратистичка политика. На тој начин НФП директно ја подржала политиката на МП "Единство и напредок" и Високата порта за сочување на територијалниот интегритет на Османската империја.

Своите погледи за создавање на Балканска федерација МОРО ги објавила во в."Конституционна Заря"(бр.4,5,8) во Солун. Во врска со споменатото прашање споменатиот весник на 1.IX 1908 г. пишувал: "...со создавањето на еден политички и економски сојуз меѓу Турската империја и сите останати државички на Балканот, ќе се гарантира политичката и економската слобода на секоја држава, со взаемни отстапки ќе се зајакне индустријата...ќе се унапреди трговијата, ќе се даде силен поттик на културниот напредок на секоја од нив, ќе се престане со трошење средства за воени цели и ќе се отстранат сите причини за војни меѓу нив...",[835] а самоуправувањето на нациите во Македонија и одринско, црковно-училишната слобода, културниот напредок на тие сонародници и другите барања...ќе бидат наполно осигурени и проширени со обласното самоуправување...Идејата за Балканска федерација е неопходна потреба за нас,таа е сакана од сите народи на Империјата и сите нации на балканските државички, и е наложителна од условите на времето во којшто живееме?"[836]

Во настојувањата за реализирање на своите програмски поставки, НФП дошла во остар конфликт со МП "Единство и напредок" која се противела на барањата на НФП за целосно реформирање на османското општество, особено за неговото економско-социјално и политичко преуредување при што доминирале аграрното и националното прашање. Во своето дејствување НФП била спречувана и од легалните политички организации на пропагандите на соседните балкански држави, со што таа останала осамена во својата борба за целосно преуредување на османскиот општествено-политички систем.

Во настојувањата за остварување на своите програмски барања, со исклучок за време на задушувањето на Военото востание во април 1909 г. НФП до крајот на своето постоење се наоѓала во остар судир како со конституционите клубови на пропагандите во Македонија, така и со МП "Единство и напредок" и нејзините лидери, иако таа била единствена политичка партија во Македонија и Османската империја која покажала најискрени желби и вложила максимални усилби за взаемна и рамноправна соработка со Партијата "Единство и напредок" и другите прогресивни сили во Османската империја и била единствена политичка партија од нетурските народи која се борела против секаков вид сепаратизам, а за сочување на територијалниот интегритет на османската држава и на Македонија како самоуправна единица во нејзините граници. Меѓутоа, стравот од нејзините радикални барања за целосно преуредување на општествено-политичкиот и другиот систем на Османската империја станал причина МП "Единство и напредок" и нејзините лидери секогаш да гледаат со недоверба во неа и, иако не била, да ја сметаат

за сепаратистичка политичка организација. Стравот од зајакнувањето на сепаратистичките тенденции кај националните движења на нетурските народи, влијаел, младотурскиот парламент да го изгласа законот за задруженија и согласно нејзините одредби во август 1910 в. биле забранети многубројни политички организации меѓу кои била и НФП.[837]

Во периодот 1908-1912 г. освен НФП во Македонија биле формирани и други политички организации. Од нив позначајни биле работничко-синдикалната, социјалистичката и социјалдемократската организација,[838] потоа Отоманската партија на Панче Дорев,[839] Учителската организација[840] и Кружокот околу списанието "Културно единство".[841]

По создавањето на политичките организации во Османската империја, особено во нејзиниот дел-Македонија почнала една мошне остра политичка борба меѓу нив. Како пандан на НФП во Македонија се појавиле бугарски, српски, грчки, влашки, еврејски, албански и др. конституциони клубови. Основната политичка цел на тие клубови, особено на бугарските, српските и грчките била да го реализираат она што со години наназад не успеале да го постигнат преку културно-образовните, конфесионалните и др. институции; преку трговски агентства и дипломатски тела и на крајот и преку оружени интервенции. Сметајќи ги македонските христијани за "Бугари", "Срби" односно "Грци" завојувачките кругови на соседните балкански државички Бугарија, Србија и Грција на сите можни начини и со сите можни средства не исклучувајќи ги и оружените акции, се обидувале да ги принудат македонските христијани да се определат на нивна страна. Политичката борба меѓу НФП и споменатите

уставни клубови, особено бугарските, се заострила до своите крајни граници и тоа посебно по прашањето за нивниот однос спрема МП "Единство и напредок" и младотурскиот режим. Додека НФП се борела за зацдрстување на младотурскиот режим, бугарски те уставни клубови се бореле за поткопување на тој режим. Тие работеле за создавање услови за присоединување на Македонија кон Бугарија што бил вечен сон на експонентите на врховизмот во Македонија и на завојувачките санстефанистички кругови на Бугарија. Во таа борба подвлекува Димитар Влахов "ние, дејателите на НФП, бевме сметани од некои раководители на конституционите клубови како луѓе кои сакаат да ликвидираат со македонската националност и да се влеат во младотурцизмот. Не обвинуваа одвај ли не дека имаме тенденции да направиме од македонскиот народ - Турци".[842)]

Создадените конституциони клубови во Македонија биле антитурски и антимакедонски. Тие биле пробугарски, просрпски, прогрчки, проромански ориентирани националистичко-шовинистички и сепаратистички организации кои се стремеле да ги придобијат македонското граѓанство и македонската интелигенција. Биле непријателски настроени организации спрема НФП и МП "Единство и напредок", младотурската влада и младотурскиот уставен режим воопшто; применувале методи и средства за предизвикување на младотурците и работеле на продлабочување на и така доста длабоката недоверба меѓу МП "Единство и напредок" и нетурските народи, особено да ја продлабочат недовербата меѓу младотурците и НФП и македонскиот народ. Од нив најважна улога

улога во политичкиот живот на македонскиот народ одиграле бугарските конституциони клубови,[843] Српската пропагандно-политичка организација,[844] Грчките конституциони клубови,[845] друштва и Друштвото "Аделфиа",[846] потоа албанските,[847] Влашките,[848] еврејските,[849] ерменските,[850] арапските,[851] курдските[852] и многу др. организации.

3. Парламентарните избори од 1908 година

Првата и најважната задача на МП "Единство и напредок" по победата на Младотурската револуција била повторното собирање на "прибремено" суспендираниот парламенет. За постигнување на таа цел, веднаш по победата на Револуцијата, МП "Единство и напредок" пристапила кон подготовки за организирање и одржување на првите парламентарни избори. Спроведувањето на изборите значело всушност правно санкционирање на новововедениот уставно-парламентарен режим, кој бил краен резултат на долгогодишната борба за воведување на таков режим. Одржувањето на изборите истовремено значело и доследно реализирање на поставките од Програмата на МП "Единство и напредок" од 2о.IX 1908 г. и одлуките на нејзиниот конгрес од октомври 1908 година. Изборите биле спроведувани според еден посебен закон донесен согласно чл.66 на Уставот од 1876 г.[853] односно тие ќе биле спроведени според одредбите на објавеното султанско ираде од почетокот на август 1908 г. кое ираде произлегувало од членовите 65-8о од споменатиот Устав. Според чл. 65 од тој Устав, на секои 5о ооо машки жители ќе се избирал по еден пратеник,[854] според чл.68 право на гласање имале сите османски машки жители кои наполниле 25 години, а право на истакнување на своја пратеничка кандидатура имале лугето кои наполниле 3о годишна возраст, кои биле даночни обврзници, кои го знаеле турскиот јазик односно кандидатите за пратеници по 4 години ќе требале да го знаат дури и писмениот турски јазик.[855] Според чл. 71 од споменатито Устав, пратениците не биле претставници само на своите избирачи од своите округи, туку претставници на сите османски сотатковници.[856]

Во парламентарните избори во 1908 г. учествувале сите народи на Османската империја без разлика на нивната етничка и конфесионална припадност. Своите избирачки желби и стремежи тие народи ги остварувале преку своите национални политички организации создадени уште во првите денови на новововедениот уставно-парламентарен режим. Избирачкиот систем не бил непосреден. Народите своите пратеници ги избирале на вториот гласачки круг т.е. на 500 души избирачи кои наполниле 25 годишна возраст, се избирало по еден избирач од втора степен и тие избирачи отпосле, од своја страна, избирале народен претставник од санџакот.[857]

Во првите парламентарни извори есента 1908 година османските христијански народи учествувале со некои избирачки искуства што ги стекнале дотогаш со организирање и собирање околу своите латентни национални политички, односно револуционерни организации и со спроведување избори за нивните ЦК, конгреси или извршни политички органи и тела. Во тоа секако големо искуство имала и МРО (МОРО-НФП). Тоа искуство придонело во првите парламентарни избори некои османски христијански народи, како што биле на пример Грците[858] и Ерменците,[859] да учествуваат со повисок процент и да не ги поделат своите гласови, додека пак македонските избирачи гласајќи за претставниците на МОРО-НФП, бугарските, српските, грчките, влашките и др. конституциони клубови, ги поделиле своите гласови. Меѓутоа, сепак најголемата борба за придобивање на што поголем број гласачи во Македонија

се водела мегу МОРО и бугарските конситуциони клубови.

На изборите во 1908 година, Младотурската партија "Единство и напредок" немала скоро никаква опозиција. Либералната партија "Ахрар" на принцот Сабахаддин-бej била толку слаба што не претставувала никаква опасност за Партијата "Единство и напредок". Поради тоа, политичката борба за обезбедување на што поголем број пратеници во османскиот парламент не се водела меѓу Партијата "Единство и напредок" и Партијата "Ахрар", туку меѓу Партијата "Единство и напредок" и политичките организации на најмногубројното национално малцинство во Османската империја - Грците, на чија страна поминала и Либералната партија "Ахрар" борејќи се за одземање на пратениците на МП "Единство и напредок".

Според главниот преведувач во Руската амбасада во Истанбул - Андреј Николаевич Манделстам, "Во Либералната партија 'Ахрар' бројот на либералните Турци бил сосема мал. Додека бројот на другите народи особено на Грците и Ерменците во таа партија бил мошне голем",[860] Според тоа, Грците и Ерменците, освен преку своите национални политички организации во изборите учествувале и преку Либералната партија "Ахрар"[861] на принцот Сабахаддин-бej. Во предизборната кампања Либералната партија "Ахрар" се сметала односно била единствена опозициона партија која се борела против монополистичкиот и апсолутистички начин на однесување на Младотурската партија "Единство и напредок" и нејзините идејни и политички лидери.

Имајќи ја предвид политичката атмосфера за време на одржувањето на предизборната кампања - дека нетурските народи се бореле за избирање на своите кандидати и дека сопствената победа можела да биде доведено во прашање, а наводно со цел изборите да бидат спроведени без недоразбирања и кавги, МП "Единство и напредок" одлучила во споменатиот период да води преговори и да се спогоди со политичките организации на нетурските народи, особено со МОРО и Ј.Сандански, потоа со грчките и ерменските политички организации. Како и дотогаш МП "Единство и напредок" на споменатите организации им ветувала дека ќе го прифати дури и нивното најрадикално барање за преуредување на османската држава - барањето за обезбедување на месна национална самоуправа на нетурските народи во рамките на Османската империја, или во рамките на една евентуално новосоздадена Балканска федерација. "Младотурските говорници вели Д.Зографски, за придобивање симпатии и доверба на другите народи препорачувале создавање на балканска федерација, како 'најсигурно средство за остварување среќна иднина на балканските држави'", [862] а според австро-унгарскиот в.д.цивилен агент во Македонија Алфред Рапапорт "Солунскиот градоначелник Адилбеј дури пропагирал за Балканска федерација под покровителство на Турција". [863] Како резултат на споменатите преговори, дошло до склучување на спогодби меѓу МП "Единство и напредок" и политичките организации на нетурските народи за заедничко настапување на изборите. Меѓутоа, набрзо Грците се откажале од спогодбата со Партијата "Единство и напредок" и со своите политички активности почнале да ја предизвикуваат и да ја провоцираат МП "Единство и напредок". Стремежот за победа на изборите и за целосно приграбување на политичката власт во

земјата "ги принудил" младотурците, за време на одржувањето на изборите, да прибегнат кон вршење на различни притисоци врз другите политички организации, кон вршење на различни интриги, злоупотреби, незаконитости, односно фалсификувања [864] и да создадат услови на анрхија, а според турскиот историчар Ј.Озтуна "со вперени пушки го принудиле народот да ги избира итихадциите". [865] Од тие причини, англискиот весник "The Times" на 17 декември 1908 г. неслучајно пишувал: "Ако беа организирани слободни избори, османскиот парламент лесно ќе можеше да стане еден христијански парламент". [866] Истото го тврди и познатиот турски литерат и публицист Хусејин Џахид Јалч'н [867] со зборовите: "Ако МП 'Единство и напредок' ги оставаше изборите да течат по својот тек, тогаш таа во Истанбул не ќе можеше да обезбеди ниту еден пратеник - Турчин". [868]

Меѓутоа, во предизборната кампања сепак најостра борба се водела во Македонија и тоа меѓу МОРО(НФП) од една страна и уставните клубови на пропагандите на соседните држави Бугарија, Србија и Грција од друга страна. Иако младотурската листа на кандидати била единствена за сите македонски вилаети, сепак предизборната борба била остра особено меѓу МОРО и бугарските уставни клубови кои по директива на Бугарската влада, ги истакнале своите кандидати за Битолскиот, Скопскиот и Солунскиот округ. [869] Бугарските уставни клубови за Солунскиот санџак го истакнале кандидатот Стефан Тилков-бивш учител по турски јазик и егзархиски службеник, за Битолскиот санџак го истакнале Панче Дорев, а за Скопскиот санџак - Тодор Павлов. [870] Во изборите свој кандидат истакнала и Серската група на Ј.Сандански, а тој бил Христо Далчев-адвокат и учител по турски јазик во Солунската гимназија. [871]

Иако им ветил на бугарските уставни клубови дека ќе гласаат за нивните пратенички кандидати од втора степен, а не сакајќи во Солунскиот санџак да ја изгубат и поддршката на МОРО(НФП) "која вели Д.Влахов искрено ја примаше младотурската револуција и се јавуваше како вистински заштитник на таа револуција, на братството меѓу Турците и Македонците и на претворувањето на Македонија, респективно на Турција, во слободна демократска земја" [872] младотурците им дале наредба на околиските центри во кои дотогаш уште не биле одржани изборите, турските кандидати избрани на вториот гласачки круг, наместо за кандидатот на бугарските уставни клубови - Стефан Тилков, да гласаат за кандидатот на МОРО(НФП) - Димитар Влахов. [873]

"На крајот на споменатите парламентарни избори во парламентот на II Конституција вели турскиот историчар и современик на тие настани Ахмед Бедеви Куран, [874] беа избрани вкупно 275 пратеници од кои биле 142 Турци, 60 Арапи, 25 Албанци, 23 Грци, 12 Ерменци, 5 Евреи, 4 Бугари, [875] 3 Срби, [876] и 1 Влав. [877] Меѓутоа, во историската наука можат да се сретнат и други показатели во врска со бројот на избраните пратеници во есенските парламентарни избори во 1908 г. [878]

Со големо задоцнување, султанот Абдул Хамид II со својот свечен говор на 17.XII 1908 г. го прогласил парламентот за конституиран и отворен. Тој во својот говор ги објаснил причините зошто во 1878 г. "привремено" ги суспендирал Уставот од 1876 г. и парламентот. Наведувајќи дека неговите советници го советувале да го распушти парламентот и да го пролонгира воведувањето на уставно-парламентарниот режим сè дотогаш, кога ќе оцени дека народот станал образовен, дека биле реали-

зирани темелните реформи и дека Османската империја веќе била подготвена за воведување на уставно-парламентарен режим. Тој во својот говор покрај другото рекол:"Верувајќи дека тој денес и во иднина ќе ѝ обезбеди среќа и благосостојба на мојата Империја и татковина, прогласувам дека е повторно воведен Устав..."[879]

Не ни е познато зошто во младотурскиот парламент од Македонија биле избрани само 4 "Бугари"[890] кој број не бил во сооднос со вкупниот број на македонското население во Османската империја. Додека пак тој сооднос кај другите христијански и нетурски муслимански народи бил запазен "докрај". Ако тој сооднос бил запазен и при изборот на македонските пратеници тогаш нивниот број во младотурскиот парламент требало да биде околу 15.

Меѓутоа, иако биле избрани само 4 македонски пратеници, според познатиот турски научник-историчар Т.З. Тунаја "тој број бил доволен во парламентот да се создаде една 'Македонија во мало'".[881] Честопати се случувало споменатите пратеници, особено Димитар Влахов, со своите ставови по многу прашања, да ги придобијат на своја страна и некои пратеници од другите христијански и нетурски муслимански народи, особено кога се разгледувале нацртите и се изгласале некои законски проекти, тогаш тој број се зголемувал и на над 1оо пратеници.[882]

Успешното завршување на изборите претставувало уште една шанса и уште еден ~~по~~крупен чекор по победата на Младотурската револуција, кон реализирање на вистинската конституциона демократија, обезбедување на вистин-

ска слобода, рамноправност, правда и братски живот во земјата. Веднаш по изборите Министерскиот совет на Османската империја го конституирал Сенатот којшто имал 53 сенатори, од кои 2/3 биле избрани, со одобрение на МП "Единство и напредок" 1/3 била назначена од султанот Абдул Хамид II,[883] а парламентот и Високата порта биле подготвени за прогласување и спроведување на конституциониот режим во земјата. Меѓутоа, шансите за успех на новиот парламент и режим биле минимални, од причина што, на прв поглед згаснатите стари поделби на национална и конфесионална основа, повторно излегле на површина. Пратениците на нетурските народи, заборавајќи дека биле пратеници на османскиот парламент и на османските народи, уште од самиот почеток почнале во работата на парламентот на прв план да ги стават своите национални интереси. До прифаќањето на нивните барања, тие ја минирале работата на парламентот, а останатите пратеници пак не биле решителни во поддршката на МП"Единство и напредок" ниту пак во водењето на една независна политика во парламентот. Предложените закони од страна на Државниот совет станувале предмет на бесконечни дебати во парламентот и некои од нив не можеле ниту да бидат изгласани.[884] Од пратениците на нетурските народи, во парламентот на МП "Единство и напредок" особено ќе се спротивставувале грчките пратеници кои се бореле за спречување на обединувањето на народите на Османската империја. Грчките пратеници со сите можни средства се бореле во парламентот против донесувањето на некои закони со кои на сите народи би биле обезбедени исти права и должности. Така било и со зако-

нот за воведување на општа воена обврска за сите граѓани во земјата без разлика на нивната етничка и конфесионална припадност. Грците биле против секаква слобода и рамноправност од причина што со нив тие ги губеле посебните привилегии што ги уживале од Османската влада. Освен тоа, идејата за создавање на единствена османска нација од обединети народи во услови на полна слобода, рамноправност и правда, претставувала голема опасност за хеленизмот. Поради тоа, неслучајно и грчкиот пратеник Бошо-ефенди во парламентот изјавил: "Јас сум Османлија, колку што и Османската банка е османска".[885]

Како реакција на начинот на однесувањето на пратениците од нетурските народи во османскиот парламент, Турците и некои други муслимански пратеници, со текот на времето станувале се поголеми поборници на исламското единство и панисламизмот, и турскиот национализам односно пантурцизам и пантуранизам. Во тие рамки треба да се сватат и стремежите на Младотурската партија "Единство и напредок" и на Младотурската влада за повторно заземање и поставување на правата на Османската империја врз порано откинатите делови на земјата во прв ред Источна Румелија, Босна и Херцеговина, Кипар, Крит па дури и врз Египет, Тунис и Алжир.

Споменатите империјалистички стремежи на МП "Единство и напредок" и на Високата порта, стравот од влијанието на Младотурската револуција врз порано одземените османски територии како и стравот од зајакнувањето на преуредената Османска империја, која можела да стане релевантен фактор во Европа и можела да го актуелизира прашањето за враќање на своите одземени територии, станале причина во почетокот на октомври 1908 година, Австро-Унгарија да ги анектира Босна и Херцеговина, а Бугарија да ја прогласи својата целосна независност. Тие настани довеле и до избувнувањето на т.н. Балканска анексионистичка криза.[886]

4. Односот на МП "Единство и напредок" спрема МРО и Ј.Сандански во периодот до избувнувањето на Военото востание на 13 април 1909 г. во Истанбул

Својот однос спрема МРО и нејзините фракции - "левицата" (МОРО-НФП) предводена од Ј. Сандански, и врховизираното крило ~~на МРО~~ на чело со Хр. Матов, МП "Единство и напредок" во споменатиот период го детерминирала повеќе според своите стремежи за спасување на националната независност и територијалната целост на Османската империја и обезбедување на доминантно место на турската нација и буржоазија во Империјата, отколку според нивниот дотогашен однос и учество во Младотурската револуција и барањата за економско-социјално, културно-образовно, политичко и друго реформирање на османското општество.

Како резултат на зголемените аспирации на завојувачките кругови на соседните балкански државички-Бугарија, Србија и Грција-претенденти врз европските територии на Османската империја, особено врз Македонија, Тракија и др.делови, и настојувањата на големите европски сили пред се на Австро-Унгарија и Русија за сочување на статус-квото на територите на Османската империја на Балканскиот Полуостров, дошло до преориентација и трансформирање на политичките определби и стремежи на "левицата" на МРО и Ј.Сандански од барањето за создавање на автономна Македонија како одделна државно-правна единица на планираната Балканска односно Источна федерација-во барањето за обезбедување на обласна самоуправа во рамките на радикално преуредена уставна Османска империја.

Во рамките на споменатите определби и стремежи, за разлика од врховизираното крило на МРО, кое се борело за обезбе-

дување на целосна политичка автономија на Македонија и нејзиното откинување од Османската империја, а потоа приклучување кон Бугарија по примерот на Источна Румелија во 1885 г. и било непријателски настроено спрема МЕ "Единство и напредок", според еден извештај на српскиот генерален конзул во Скопје-Јован М. Јовановиќ, "левицата" на МРО и нејзините лидери Ј. Сандански и др. уште пред победата на Младотурската револуција воспоставиле тесни и интимни врски со Младотурската партија "Единство и напредок", се здружиле со неа во борбата за соборување на стариот режим и воведување на уставна демократија, па дури и убиството на Б.Сарафов и И. Гарванов во декември 1907 г. биле заедничко дело на Ј.Сандански и МП "Единство и напредок". 887)

Прокламациите за слобода, рамноправност, правда и братство истакнати за време на Младотурската револуција придонеле и македонскиот народ да учествува во таа револуција, а по нејзината победа најискрено да го прифати и да го поддржи новиот режим, во што најзначајна улога одиграле "левицата" на МРО и нејзините лидери, особено Ј.Сандански. Веднаш по победата на револуцијата, Ј.Сандански се легализирал и во Неврокоп и Солун одржал мошне значајни говори на поддршка на новиот режим. Својот говор во Солун тој го завршил со објавувањето на познатиот Манифест на "левицата" на МРО до народите на Османската империја преку кој ги повикал тие народи заедно со македонскиот народ да се вклучат во борбата за зацврстување на новиот режим. Манифестот претставувал врвен дострел на "левицата"на МРО и на нејзина искрена, сестрана и принципиелна поддршка на МП"Единство и напредок" и нејзиниот режим во борбата за ликвидирање на остатоците на собореният режим на сул.А.Хамид и за зацврстува-

ње и зајакнување на новововедениот уставно-парламентарен режим. Споменатата поддршка на "левицата" на МРО и на Ј.Сандански на младотурците била резултат на убедувањето на Ј.Сандански и другите лидери на "левицата" на МРО дека само во сојуз со младотурците можеле да ги реализираат своите долгогодишни национални стремежи за обезбедување на обласна самоуправа на Македонија во составот на Османската империја, во која област ќе биле обезбедени потребните услови за слободен економско-социјален, културно-образовен, национален и др. развој на македонскиот народ. Поистоветен со името на "левицата" на МРО, со својот правилен и искрен однос, во споменатиот период Ј. Сандански станал најзначаен сојузник на младотурците, со што тој нив многу ги задолжил, кои пак многу сметале на поддршката на Сандански во запирањето на четничките борби во Македонија,[888] а во врска со спомената младотурска задолженост М.Пандевски пишува: "И не само во 1908 г. туку сè до пред Балканската војна, младотурците се чувствуваа морално многу задолжени пред Сандански заради неговиот голем придонес во борбата против султанскиот деспотизам и балканскиот хегемонизам и во напорите за одбрана на територијалниот интегритет на Турција".[889]

Во периодот по победата на Младотурската револуција, младотурците и новата влада се обидувале да ги реализираат дадените ветувања за слобода, рамноправност, правда и да ги задоволат барањата и "потребите" на народите на Османската империја за слободен економски, културно-образовен, национален, социјален и др. развиток. Поради тоа, еден од најголемите проблеми на младотурците и на Владата во споменатиот период било да ги намалат или целосно да ги ликвидираат несогла-

сувањата меѓу народите на Империјата, особено меѓу тие во Македонија, со цел за создавање на услови за одржување и зацврстување на уставната демократија уште на самиот почеток од нејзиното воведување. Младотурците во споменатиот период се обидувале да ги придобијат и тие револуционерни организации кои за време на Младотурската револуција се однесувале спрема револуцијата скептички или непријателски. Без разлика на одбивниот и непријателскиот однос, младотурците и нивните весници се залагале за тесно зближување и со десното крило на МРО на Хр. Матов и со официјална Бугарија која што стоела зад Матов.[890] Во рамките на споменатите залагања, младотурците безуспешно се обидувале да ја смират "левицата" на МРО со десното крило на МРО на Матов.[891]

Покажувајќи се како големи и искрени демократи во почетокот на новововедениот режим, младотурците настојувале да создаваат добри односи со сите народи и нивните националноослободителни и револуционерни движења, особено со "левицата" на МРО и Ј.Сандански со кои уште порано воспоставиле најсрдечни и најискрени пријателски односи и нив ги сметале за свои вистински и единствени пријатели и сојузници во борбата за соборување на стариот и воведување на нов уставен режим. Софискиот в."Камбана" споменатите односи ги забележил со следните зборови: "Односите меѓу нашите револуционери и младотурците тврдат дека биле многу срдечни, а господинот Крум Чапрашиков тие односи ги оценува како мошне искрени..."[892] Со цел уште повеќе да ги развиваат своите и така добри односи со нетурките народи и нивните револуционерни организации, младотурците формирале неколку комисии

кои ќе се занимавале со барањата на тие народи и нивните политички организации.[893] Во тој контекст, уште на самиот почеток од воведувањето на новиот режим, младотурците им предложиле на револуционерите од Серско и Битолско да ги достават своите барања за разгледување од страна на ЦК на нивната партија во Солун.[894] Во тие денови биле одржани и неколку средби меѓу лидерите на МП "Единство и напредок" и "левицата" на МРО.[895] Со одржувањето на споменатите средби всушност почнале и официјалните преговори меѓу претставниците на споменатите политички организации. Преговорите имале големо значење за младотурците од причина што, тие преку нив настојувале своите односи со МОРО и Ј.Сандански да ги постават на една поздрава и поцврста основа и нив да ги придобијат целосно во борбата за зацврстување на уставниот режим и консолидација на општите состојби во Македонија без што не можеле да се консолидираат и состојбите во целата Османска империја. Меѓутоа, преговорите имале големо значење и за МОРО и Ј.Сандански, бидејќи преку нив за првпат во историјата на македонскиот народ една турска политичка организација и влада официјално ја признавале "левицата" на МРО како политички претставник на македонскиот народ, а со самото тоа, тие ја признавале и македонската нација како посебен етнички елемент на Балканскиот Полуостров, која нација се борела за своја државност и национална самостојност и независност. Преговорите значеле обид за усогласување на погледите, ставовите и барањата на споменатите политички организации за фундаментално реформирање на османското општество, што претставувало императив за одржувањето и зацврстувањето на уставниот режим и за сочување на националната независност и територијалната целост на

Османската империја, а во нејзините граници и на Македонија и македонскиот народ. Имајќи ги предвид авторитетот и влијанието на Ј.Сандански на широките маси на македонскиот народ и не само на македонскиот, туку и на турскиот народ, младотурците на преговорите учествувале со голем респект кон Ј.Сандански и неговите другари-преговарачи. Големото влијание на Ј.Сандански и кај Турците во Македонија го забележал и Енвербеј кој во тие денови на бугарскиот кореспондент на весници од Софија, социјалистот Григор Василев му рекол: "... Сандански во Македонија добива големо влијание и меѓу Турците, меѓу кои има десет пати повеќе привржаници отколку меѓу 'Бугарите'". [896]

Во преговорите со младотурците, појдовни документи за МОРО биле на младотурците предадената Декларација и објавената Проект-Програма во август 1908 г. [897] во чиишто основи лежеле барањата за економско, социјално, културно-образовно, национално и политичко преуредување на османското општество при што особено се инсистирало за разрешувањето на аграрното прашање и прашањето за обезбедување на обласна самоуправа на Македонија во составот на Османската империја преку што ќе било разрешено и македонското национално прашање. Со евентуално создавање на македонската самоуправна област ќе биле создадени и основните претпоставки и услови за создавање на нејзина територијална, национална, културно-образовна, економска, социјална и политичка поврзаност и целост, кои биле основни елементи за конституирањето на идната македонска држава, која според младотурците претставувала опасност по територијалната целост на Османската империја.

МП"Единство и напредок" во тоа време сè уште немала некоја подетерминирана политичка програма. Таа, својата прог-

рама ја објавила дури на 2о.Іх 19о8 г., а истата била усвоена на Првиот конгрес во октомври истата година. Од тие причини, таа на преговорите со Ј.Сандански и неговите другари ги истакнала своите дотогаш прокламирани определби и стремежи за обезбедување на слобода, рамноправност, правда, братство, собирање на парламентот, одговорност на министрите пред парламентот, слобода на совеста, конфесијата, говорот, печатот, собирите, здружувањето; обезбедување на рамноправност и тајно избирачко право, пропорционална застапеност во изборниот систем, воведување на задолжително и бесплатно основно образование и воена обврска за сите граѓани, реформирање на даночниот систем, ликвидирање на сите видови привилегии, одземање на султанските и вак'фските имоти и нивна поделба на безимотните селани, воведување мерки за економско зајакнување и културно-образовно издигнување на земјата и др.[898]

Знаејќи ги вистинските далекусежни стремежи на младотурците и по првите отстапувања на нивните лидери од борбата за соборување на султанот Абдул Хамид II и неговиот режим,[899] Ј.Сандански и другите претставници на МОРО биле свесни дека преговорите со нив ќе биле тешки и долготрајни[900] и дека донесените одлуки за реформи немало лесно и целосно да се реализираат, а некои од нив дури и воопшто да не се реализираат.[901] Меѓутоа, без разлика на споменатото, со цел да не ги влоши своите односи и со надеж дека со нив ќе најде заеднички јазик по многу прашања, а особено по аграрното и националното прашање, МОРО преку личноста на Ј.Сандански се обидела да ја развие својата соработка со нив и за таа соработка ги повикувала и другите револуционерни организации во Македонија, без што не можеле да се реализираат потребните ре-

форми и да се подобруваат политичките и другите состојби во Македонија, односно во Османската империја.

Во преговорите со младотурците, Ј.Сандански и др.револуционери на МОРО особено се залагале за радикално економско, политичко и др. реформирање на Османската империја, за сочување на нејзината национална и територијална целост и за спречување на интервенциите на големите европски сили и соседните балкански држави во нејзините внатрешни работи и др. Својот став и однос кон интервенциите на споменатите сили и држави во Македонија односно Румелија, Ј.Сандански ги искажал со следните зборови: "Ние сме,рекол Сандански,за борба која не само што не е во согласност со државните аспирации на балканските државички, дури ниту на Бугарија, туку таа дури е и противна. Ние сме за неделивост на Македонија од Турција. Со македонското население, ние со помош на слобода и децентрализација, во обновена Турска империја ќе гледаме да обезбедиме сè она што нам во текот на пет векови ни беа одземале апсолутистичките режими. Во оваа главна точка ние не се согласуваме со Пенчеб и со Битолчаните, па нека мисли кој како сака..." 902)

Својот искрен однос за вистинско и целосно преуредување на Османската империја, Ј.Сандански го искажал во своите разговори со дописниците и редакторите на некои домашни и странски весници.

Во својот разговор со Бранислав Нушиќ за в."Политика" од Белград, Ј.Сандански ги критикувал големите европски сили и соседните балкански држави за нивните интервенции во внатрешните работи на Османската империја во Македонија при што посебно подвлекол: "...По овие настани, тие ќе останат

таму каде што се, а ние тука ќе ја градиме нашата татковина ...Воведувањето на Уставот е гаранција повеќе за мир и правилен развиток на нашата татковина".[903]

На редакторот на солунскиот в."Yeni Asır"[904] покрај другото, тој му рекол дека ја очекувал победата на Младотурската револуција, дека бил задоволен од резултатите на револуцијата, дека обезбедената слобода не само него, туку ги воодушевила сите, дека ако биле зајакнати слободата не само тој, туку сите "Бугари" ќе работеле за благосостојбата, просперитетот, независноста и единството на татковината, дека таа слобода ќе ги засилила народите на Македонија и ќе ги принудила Бугарија, Грција и Србија да се замислат и дали ќе се стремат да им напакосат на народите во Македонија и дека воведувањето на уставната демократија во Османската империја ги разбило соништата, фантазиите и идеалите на Бугарија,Србија и Грција.[905] На Вл. Бурилков за софискиот в."Дневникъ" покрај другото изјавил: "Ние со младотурците ќе работиме заедно, како рамноправни граѓани на оваа земја, за воспоставување на еден вистински конституционен режим...Ние наполно веруваме во искреноста на младотурските лидери...Ние не гледаме никаква опасност за 'Бугарите' во Турција од денешната екстаза која постои кај младотурците..."[906]

Поради својот искрен и пријателски однос спрема младотурците, Ј.Сандански бил напаѓан, обвинуван и наклеветен од своите лични противници, од врховизираното крило на МРО, од завојувачките кругови на Бугарија и од др. Нему му импутирале рани невистини, со кои сакале да го девалвираат пред очите на широките народни маси во Македонија и пред МОРО односно НФП. Така, припадниците на врховизираното крило на МРО

и на бугарските конституциони клубови во Македонија, преку бугарскиот печат него и неговите другари ги обвинувале дека "се продале на младотурците, дека сакале да ги затворат "бугарските" училишта и цркви, дека сакале да ги потурчат 'Бугарите'...,[907] дека Ј.Сандански бил 'турски агент'..."[908] Вл.Манев, во тие денови во софискиот в."Рѣчь" пишувал:"Сандански и неговите луѓе застанале во ист ред со младотурците на чело на движењето за обновување на отоманското царство, тие ќе бидат 'бугарски' водачи во обновената конституциона Македонија. Во средината на 'Бугарите', младотурците не гледаат подобри отомани од санданистите",[909] а в."Конституция" пишувал: "Го нема веќе царството ни Јане! Нема веќе и Санданисти-сите тие станаа младотурци",[910] односно "Ј.Сандански не е веќе една личност, тој е една општествена појава кај нас-изрод на борб т за слобода. Под какви нови маски да се јавува тој денес пред нашите сојузници во Македонија, неговото име си останува една грозна енигма за странците и едно грозно наследство за македонците..."[911] Пренесувајќи ги обвинувањата на бугарските уставни клубови упатени на Ј.Сандански и НФП, "Работническа искра" на 1 јули 1909 г. пишува : "...'народоволците'[912] се отомански патриоти т.е. патриоти во духот на младотурците...Партијата на клубистите ги обвинува 'народоволците' дека земаат парична помош од младотурците за борба против неа...",[913] а на 1.XI 1909 г. пишувал: " 'отечественициte'[914] ги обвинуваат 'федералистите' дека се продале на Турците..."[915]

По првите средби со младотурците и по објавувањето на Декларацијата и Проект-Програмата, со цел да држат агитациони говори за афирмирање и пропагирање на целите на Деклараци-

јата и Проект-Програмата, најистакнатите револуционерни дејци на МОРО заминале во внатрешноста на Македонија. Според Св. Симиќ, хр. Чернопеев такви говори одржил во Велес, Штип, Скопје, Куманово, Кратово, Кочани[916] на кои, поради неговите анексионистички стремежи, го напаѓал Хр. Матов и го нарекол "агент на бугарската пропаганда".[917] На организираниот собир во Велес во втората половина на јули 1908 г. на кој присуствувале повеќе од 3 000 граѓани, тој во својот говор ги расветлил идеите на Проект-Програмата на МОРО при што особено се задржил на идејата за автономија на Македонија и на нејзината анексија кон Бугарија, подвлекувајќи дека двете споменати идеи биле штетни за македонското население и подвлекол дека тоа население требало да ја почитува уставна Турција, реформирана според поставките на политичката програма на младотурците.[918] На истиот митинг Хр.Чернопеев ги осудил интервенциите на големите европски сили, особено интервенциите на Русија и Англија во внатрешните работи на Османската империја додавајќи: "Слободата е добиена, остварен е идеалот. Слободата ќе стави крај на незаситните стремежи на Русија и на Англија. Тие две сили, кои ги упропастиле своите сопствени поданици... сега сакаат нас да нè усреќат во овие краишта. Ние тоа нема да го допуштиме и еден ден ќе се бориме против нивните барања.[919]

Со цел да развијат агитација против десното крило на МРО и да ги афирмираат и ги пропагираат целите на Проект-Програма на МОРО, П.Делирадев отишол во Битола,[920] Таската Серски во својот реон, а Ј.Сандански во Велес каде воодушевеното "бугарско" население го пречекало со венци и цвеќе.[921]

Во агитационата обиколка низ Македонија, на ~~револуци-~~

револуционерните лидери на МОРО, според Гр.Василев младотурците им давале целосна поддршка, додека пак на агитаторите на другите политички организации им обезбедувале само слободни возни карти.[912]

Односот на МП"Единство и напредок" спрема национално-ослободителните и револуционерните движења на нетурските народи, доаѓал до израз преку говорите и изјавите на лидерите, преку политичките програми и конгресни решенија на споменатата партија и преку постапките на Уставната влада на генералот Камил-паша која работела според инструкциите и контролата на ЦК на таа партија-реализирана преку 7 члениот комитет во Истанбул.

Општо е познато дека Младотурската револуција била дело на Солунскиот центар на МП "Единство и напредок" и дека Парискиот центар бил како "пасивен" наблудувач на таа револуција. Меѓутоа, тој центар на револуцијата ѝ укажал морална поддршка. Без разлика на сето тоа, сепак е мошне значаен односот на Парискиот центар и неговиот лидер А.Р'за-бej спрема националните движења на нетурските народи, а се разбира и спрема МОРО односно НФП.

При својот престој во Виена во август 1908 г. на прашањето на дописникот на виенскиот в."Neue Freie Presse", дали верува во можноста за усогласување на противречните барања на Турците, Ерменците, Албанците, Србите, "Бугарите" и Грците?", А.Р'за-бej одговорил: "Албанците и Ерменците, исто така и другите народности што ги спомнавте вие, порано имале право секоја за себе да бара посебна автонимија, бидејќи тие не уживале ниту слобода, ниту пак правда. Во обновената Турција, сè подруго бидна. Повторно се обезбеди слобода на печа-

тот и се собра парламентот, а парламентот и печатот ќе бидат почва каде што ќе се решаваат националните противречности, исто така како што тоа се прави во Европа и кај вас во Австрија и Унгарија, каде народностите ги решаваат своите конфликти во парламентот. Национални противречности има и во Англија, помеѓу Англичаните и Ирците, во Белгија помеѓу Фламанците и Валонците, во Германија помеѓу Германците и Полјаците".[923]

Под притисок на ЦК на МП "Единство и напредок", на 2. август 1908 г. од султанот Абдул Хамид II објавениот Хат'хумајун, претставувал мошне значаен документ со кој биле официјално и "правно" санкционирани определбите на споменатата партија за обезбедување на слобода, рамноправност, правда, односно уставна демократија на турскиот и на нетурските народи во Османската империја.[924] Преку споменатиот документ дошол до израз позитивниот и правилниот однос на МП "Единство и напредок" и спрема нетурските народи, а меѓу нив и спрема македонскиот народ. Меѓутоа, вистинските идејни и политички определби и ставови на МП "Единство и напредок" спрема народите на Османската империја дошле до израз во нејзината политичка програма објавена на 2о септември 1908 г., а потврдена на Првиот конгрес во октомври 1908 г. Споменатата програма ја сочинувала и појдовните основи на МП "Единство и напредок" во преговорите со нетурските народи односно со МОРО и Ј.Сандански. Со нејзино реализирање, младотурците се обидувале да ја извлечат Османската империја од контролата на големите европски сили и од интервенциите на соседните балкански држави во нејзините внатрешни работи, да ги намалат или целосно ги ликвидираат сепаратистичките стремежи на нетурските народи во Османската империја. При прифаќањето на барањата на нетурски-

те народи за реформирање на општествено-политичкиот систем на Империјата, младотурците подвлекувале дека реформите требале да бидат во интерес на државата. Наоѓајќи позитивни поставки во споменатата политичка програма на МП "Единство и напредок", според Св.Симиќ "ј.Сандански постигнал целосна спогодба со младотурците...".[925] Преговорите и спогодбата меѓу младотурците и Ј.Сандански ги заинтересирале како големите европски сили, така и соседните балкански држави, кои тие преговори ги оценувале од свои аспекти односно од свои економско-политички и други интереси во Македонија и другите делови на Османската империја. Според австро-унгарскиот в.д. цивилен агент во Македонија А.Рапапорт на пример "од преговорите и спогодбата на новиот режим со Ј.Сандански зависела целата акција за пацификација што ја воделе младотурците во Македонија".[926] Според него, во тие преговори "ќе блефирале и Ј.Сандански и младотурците, бидејќи социјалистичките и антиклерикалните идеи на Сандански, барањата за локална автономија и др. биле во целосна спротивност со националните интереси на Турција".[927] Од тие причини тој, преговорите ги нарекол дека личеле на "театарска претстава", а приоѓањето на Ј.Сандански кон младотурците го оценил како политика на "здравиот опортунизам".[928] А.Рапапорт бил во право кога тврдел дека не верувал во долгорочната соработка меѓу младотурците и Ј.Сандански, од причина што тој социјалистичките идеи на Сандански ги сметал како привлечни само за безимотните селани, кои брзо ќе увиделе дека секоја турска влада на крајот ќе ги штителе интересите на муслиманските големопоседници.[929]

Доследното реализирање на некои поставки од политичката програма на МП"Единство и напредок" имало големо значење и за македонското население.Во животот на тоа население значење имало разрешувањето на прашањето за образование, аграрното, националното и прашањето за децентрализација на севкупниот општествено-политички живот на Османската империја, а во тие рамки обезбедување на обласна самоуправа и на Македонија во составот на Османската империја.

Според МП"Единство и напредок" за иднината на османската држава огромно значење имало образованието на младите поколенија. Споменатата определба била вградена во т.16 и 17 од нејзината политичка програма. Според т. 16 образованието станувало слободно, а според т. 17 сите образовни институции ќе биле ставени под контролата на државата, со што младотурците сакале да создадат единствен образовен систем во земјата. Државата ќе отворала училишта за сите слоеви на општеството. Основното образование станувало бесплатно и задолжително, а наставата ќе била изведувана на мајчин јазик, додека во средните и високите образовни институции таа ќе била изведувана на турски јазик. Се предвидувало отворање на земјоделски, трговски и занатски училишта, додека пак верските институции останувале надвор од официјалниот образовен систем на државата.

Според турскиот историчар Сина Акшин, крајната идејно-политичка цел на младотурскиот образовен систем била создавање на единствена османска нација во Империјата.[930] Без разлика на правото за формирање на приватни училишта, сепак државата преку Министерството за образование,поставките од нивните наставни програми кои се коселе со идејата за создавање на

единствена османска нација ќе ги исфрлила и ќе вградувала свои поставки кои ќе придонесувале за реализирање на идејата за создавање на споменатата нација во Османската империја. Во државните и приватните основни училишта наставата ќе се изведувала на мајчин јазик, а учениците на нетурските народи ќе имале задолжителни часови по турски јазик.[931] Во средните училишта и на факултетите наставата ќе се изведувала на турски јазик. Меѓутоа, како требало да изгледа таа настава, не било речено ништо по детерминирано. Тоа било намерно испуштено од причина што, младотурците биле свесни дека преку приватните училишта не ќе можело така едноставно и лесно да се реализира политиката за создавање на замислената османска нација. Таа младотурска политика станала непопуларна, непривлечна и неприфатлива за нетурските народи на Османската империја.[932]

Второто мошне релевантно прашање од животот на народите на Османската империја било и правилното разрешување на аграрното прашање. Со цел да ги придобие, во предвечерието на Младотурската револуција, младотурците им ветиле на селаните дека по победата на револуцијата со разрешувањето на аграрното прашање ќе ја подобрат и нивната тешка економска и социјална положба. Тие им ветиле на селаните во Анадолија дека ќе им дадат земја-одземена од турските и курдските големопоседници, а на македонските селани дека ќе дадат државни и вак'фски земји.[933] Краен резултат на споменатите ветувања било прифаќањето на многу прашања на МОРО и Ј. Сандански во преговорите по победата на револуцијата, меѓу кои и барањето за решавање на аграрното прашање и доделување на македонските селски домаќинства под определени повол-

ни услови на еден минимум од 50 дунуми[934] земја-одземена од турските и др. чифликсајбии.[935]

Во преговорите со младотурците, Ј.Сандански особено инсистирал на решавањето на аграрното прашање подвлекувајќи: "...Не помалку е важно, покрај слободата на луѓето да се обезбеди и леб. Нашата внатрешна организација ги има во своите редови главно сиромашни чифлигари. Потребно е земјата да се даде на оние што ја обработуваат. Се надеваме дека 'Итихад ве Тераки' ќе ни помогне, ќе ја укине ангаријата, ќе ги ограничи правата на чифликсајбиите".[936]

Не треба да се испушти предвид и фактот дека од воведувањето на младотурскиот уставен режим, најзадоволни биле македонските селани, кои со години наназад имале тешки маки и станувале жртви на борбите меѓу четите на вооружените пропаганди на соседните балкански држави и од потерите на војската по тие чети. Од тие причини, македонските селани со сите можни средства го прифатиле новиот режим кој ветувал слобода, рамноправност, правда, братски живот и решавање на аграрното прашање. "Решавањето на аграрното прашање во полза на македонските чифлигари вели М.Пандевски, водеше кон конечно решавање на македонското национално прашање".[937]

Во првите денови по победата на Младотурската револуција и во време кога биле најрадикални настроени, младотурците навистина предложиле, и на Владата ѝ препорачале, некои мерки за ублажување на тешката положба на селанецот во земјата. Решавањето на аграрното прашање било зацртано и во т. 14 од Програмата на МП "Единство и напредок" и разгледано на Првиот конгрес на Партијата во октомври 1908 год. при што била донесена одлука од Владата да се бара "без да

ги засегне законските права за сопственост на големопоседниците врз нивните имоти - да обезбеди услови за давање земја на безимотните селани,[938] за давање кредити со ниски камати, за реформирање на системот на даноци[939] и за отворање на земјоделски училишта во сите делови на земјата, кои ќе придонесувале за развојот на селското стопанство.[940]

Со текот на времето, младотурците постепено почнале да отстапуваат од споменатите барања за радикално реформирање на османското селско стопанство и разрешување на аграрното прашање. По споменатиот нивни "радикален период", тие никогаш повеќе не го поставиле прашањето за давање земја на безимотните селани, ниту пак прашањето за обезбедување кредити со ниски камати. Со тоа, тие, уште на самиот почеток од своето владеење ја испуштиле можноста за разрешување на аграрното прашање, за придобивање на селаните на сите народи на Османската империја создале сите услови за појавувањето на постреволуционите незадоволства кај тие селани.

Покрај сите ветувања, младотурците никогаш не се обиделе да ликвидираат економско-социјалната експлоатација на селаните од страна на големопоседниците,[941] и да го изменат статус-квото на селанецот во османското општество. Тоа било од причина што, секое нарушување на споменатиот статус кво, ќе се создавало голема реакција кај големопоседниците, што претставувало голема опасност за младотурскиот режим.[942] Свесни за таа опасност, младотурците многу не се обиделе да го ликвидираат или да го трансформираат големопоседнички систем во буржоаски. Младотурците дури им овозможиле на големопоседниците во парламентот да воспостават своја контрола над донесувањето на закони за регулирање на

големопоседничко-чифлигарските односи или за решевање на аграрното прашање. На тој начин, во политиката по аграрното прашање дошло до сојузување меѓу младотурците и големопоседниците во парламентот. Таквата младотурска аграрна политика ги изневерила очекувањата на безимотните селани кои од Младотурската револуција очекувале да ја подобри нивната тешка економска и социјална положба и станала причина за остро реагирање на селаните, а особено на македонските селани, кои под раководството на МОРО есента 1908 г. го изразиле своето незадоволство преку организирање на масовни митинзи во Солун, Кукуш, Демир Хисар (Серско), Горна Џумаја, Мелник, Струмица, Велес, Струга и др. места.[943] Слични митинзи биле одржани и во почетокот на 1909 г. во Мелник, Струмица, Горна Џумаја, Неврокоп, Демир Хисар (Серско), Разлог, Лерин и др. градови.[944] На споменатите митинзи биле поставени барања за решавање на аграрното прашање, за реформирање на даночниот систем, отворање на аптеки и болници, давање на политичка амнестија на неослободените политички затвореници, обезбедување работа на четниците кои згрешиле во стариот режим, ликвидирање на анрхијата и др.[945] На митинзите донесените резолуции биле доставени до претседателите на Владата и Парламентот и до весниците за објавување,[946] а во февруари-март истата година до парламентот била испратена една општа петиција потпишана од илјадници селани-чифлигари од Македонија безземјаши во која главно се барало решавањето на актуелната аграрно прашање и др. прашања од животот на македонскиот селанец-чифлигар и беззземјаш.[947]

Во периодот пред победата на Младотурската револуција силно дошле до израз противречностите меѓу нетурските на-

роди од една и режимот на сул. А.Хамид II од друга страна и противречностите меѓу самите нетурски народи во многунационалната Османска империја. Турскиот народ и младотурското движење се бореле за независноста и територијалната целост на Османската империја. Кон тоа се приклучиле и "левицата" на МРО и некои дрганизации од другите нетурски народи. Меѓутоа, некои политички организации на нетурските народи, како што била на пример"десницата" на МРО, се бореле за откинување од османската држава. Споменатите стремежи понагласено дошле до израз во периодот по победата на Младотурската револуција. Ете, во рамките на споменатите стремежи треба да се анализираат перспективите на решавањето на националното прашање во младотурскиот уставно-парламентарен режим.

По доаѓање на власт, младотурците брзо го претставиле османизмот во суштина во своја нескриена и официјална национална идеологија, која била непомирлива во својот однос спрема народите на Османската империја. Таа идеологија, младотурците ја оправдувале со тоа што, периодот на II Конституција според нив криел длабоки и непомирливи противречности меѓу турската буржоазија и буржоазиите на нетурските народи, особено буржоазиите на грчкиот и ерменскиот народ. Без да ги имаат предвид новите историски, општествено-политички и др. услови, младотурците без никакви модификации ги прифатиле младоосманлиските определби за создавање на замислената османска нација. Во споменатиот период, младотурците се обидувале да ги убедат нетурските народи дека обезбедувајќи им слобода, рамноправност, правда и исти права и должности, новиот режим го разрешил и националното пра-

шање во земјата. На организираните манифестации и митинзи по победата на револуцијата, младотурците ги извикувале паролите дека "во Истанбул и Солун немало Турци, 'Бугари', Ерменци, Грци, Албанци, немало христијани или муслимани, туку имало сотатковници кои биле рамноправни пред Султанот и Уставот..."[948] Во првите денови на новововедениот режим, младотурците им дале целосна слобода на нетурските народи во земјата. Тие народи во тие денови навистина се чувствувале дека биле слободни и рамноправни со турскиот народ. Во тие денови младотурците дури не ги игнорирале и барањата на нетурските народи за создавање на автономии во составот на Османската империја.[949] Со своите изјави и работи, според Св. Симиќ, младотурците биле навистина либерални во своите идеи.[950]

Од споменатото се гледа дека во основите на политиката на младотурците по националното прашање, лежеле идејата и стремежите за создавање на единствена османска нација во Империјата. Тоа, според нив , било императив за продолжување на животот на османската држава во своите тогашни територијални граници. Тие, издигнувањето и опстанокот на османската држава го гледале во "претопувањето" на турскиот и нетурските народи во планираната отоманска нација, со чиешто конституирање ќе се ослабнеле или наполно ќе исчезнале сепаратистичките стремежи на нетурските народи за создавање на обласни самоуправи во составот на Османската империја, а подоцна и целосно откинување од неа.

Политиката на МП "Единство и напредок" по националното прашање била доста наивна, нереална и утопистичка. Нејзините лидери не сакале да сватат, а можеби и не биле способни да сватат, дека не можеле да го трансформираат турскиот народ во

османска нација од причина што во тоа време кај тој народ се разбудила националната ~~турска~~ свест и се појавил голем отпор и нетрпеливост па дури и непријателство спрема владејачката многунационална експлоататорска османска класа. Споменатата класа економски и социјално најмногу го експлоатирала турскиот народ во Анадолија и во другите делови на Османската империја. И турскиот народ бил изложен на голем притисок од споменатата класа која според познатиот турски социолог и публициста Зија Гокалп на тој народ му велела: "Ти си само Османлија. Немој случајно угледувајќи се на други народи и ти да побараш да имаш некое свое национално име! Бидејќи од моментот на поставувањето на едно такво барање ќе станеш причина за распаѓањето на Османската империја. Поради тоа, кутриот Турчин од страв да не ја загуби својата татковина бил принуден да рече: 'јас не сум Турчин, туку само Османлија'". [951] Според турскиот историчар Четин Јеткин "нетурските народи во Османската империја можеле да ги употребуваат своите национални имиња без никаква омаловажување, а случајот со употребата на зборот Турчин бил обратно, бидејќи тој збор со големо омаловажување се употребувало за турскиот селанец во Анадолија". [952] Ако односот на младотурците спрема турскиот народ бил толку нереален, тогаш нивната определба за создавање на замислената османска нација од турскиот и нетурските народи била уште помалку реална односно утопистичка. Младотурците изгледа не сватиле дека Османската империја била еден комплекс односно конгломерат од народи со различни јазици, различни етнички и конфесионални потекла, различни култури и други етнички особености и вредности. Тие народи имале само едно заедничко - живееле во границите на една заедничка држава, но,

некои од нив биле географски многу оддалечени едни од други-како што биле на пример народите на Јемен и Македонија и др. Споменатите народи биле бројно големи и донекаде имале и некаква економска поврзаност. Со една таква етничко-конфесионална, културно-образовна и др. дивергентност, илузорно и утопистичко било да се помисли, а не и да се реализира идејата за создавање на единствена османска нација, која всушност ќе била вештачка и политичка нација, а ќе имала за цел да обезбеди единство меѓу разнонационалните и разноверските нации и ќе ги ликвидирала целосно сепаратистичките стремежи на споменатите народи и нивните националноослободителни и револуционерни движења. Меѓутоа, треба да се подвлече и моментот дека, определбата за создавање на единствена османска нација, кај младотурците повеќе била една фикција и носела декларативен карактер, отколку што таа била акција за конкретно реализирање ~~на таа определба~~ во секојдневниот живот. Дотолку повеќе што, покрај сите"настојувања" на младотурците за создавање на спомената нација, тие не ги забраниле употребата на јазиците и
национални имиња на нетурските народи, не ги затвориле нивните образовни, културни, конфесионални и др. институции и сите нивни политички партии и организации, не ги забраниле нивните весници и списанија, им обезбедувале слобода на избор на пратеници за парламентот, а Османската влада назначувала дури и министри од тие народи.

Својата политика по националното прашање, младотурците ја санкционирале и ја пропагирале преку својата политичка програма од септември 1908 г. Во т.9 на таа програма пишувало: "Без разлика на раса и конфесионална припадност, сите сотатковници се рамноправни пред законите; имаат исти права и

должности и подеднакво и целосно ја ползуваат слободата.Според своите способности, сите сотатковници имаат право на вработување во државните служби. Воената обврска е задолжителна и за немуслиманските сотатковници".[953] Од ова се гледа дека младотурците го избегнале употребата на зборот "сите луѓе се османлии" од причина што тие во споменатата политичка програма и воопшто, зборот сотатковник го поистоветувале со зборот"Османлија"или"османски народи". Тие најчесто се повикувале на чл.8 од Уставот во кој пишува: "Без разлика на верска и народносна припадност, сите поданици на османската држава се сметаат за Османлии и под тоа име ги реализираат своите законски и други права".[954] Меѓутоа, реализирањето на вистинската рамноправност меѓу народите во Империјата, било само една зацртана определба, додека пак вистинските желби на младотурците биле сосема друго, што може да се види и од изјавата на еден од лидерите на МП"Единство и напредок"-Талат-паша дадена веднаш по победата на Младотурската револуција. "Сите знаете рекол тој дека со воведувањето на конституцијата е прогласена и рамноправност меѓу муслиманите и христијаните; меѓутоа и вие и сите знаете и осеќате дека нејзината вистинска реализација претставува само еден идеал..."[955]

Со ветената рамноправност меѓу народите на Османската империја според чл.8 од Уставот и т.9 од политичката Програма, за реализирање на своите далекусежни планови, младотурците се стремеле да ги придобијат нетурските народи и да се покажат пред големите европски сили дека биле способни сами да го разрешат националното прашање, што тие со години наназад не успеале да го направат, а со тоа и да ги прекратат нивните и интервенциите на соседните балкански држави во внатреш-

ните работи на Османската империја и да ја спасат неа од распаѓање и распарчување од споменатите сили и држави. На таков начин, младотурците верувале дека ќе го разрешат и "македонското прашање" од што зависела и целата иднина на европските делови на Османската империја, па и нејзиниот општ опстанок, во тогашните географски граници. Меѓутоа, со споменатите политички определби и стремежи, младотурците никогаш не ќе биле во состојба да разрешат ниедно национално прашање, а најмалку македонското, во чиишто основи лежеле економско-социјалните и политичките проблеми. Во врска со решавањето на "македонското прашање" мошне правилна е дадената констатација на А.Рапапорт кога вели дека не гледал никаква можност за реализирање на младотурската желба во "Уставна Турција" повеќе да нема место за "македонското прашање", тој таа желба ја оценил како опасен идеализам на МП "Единство и напредок" и како нејзина предвремена изјава, иако Рапапорт подвлекувал дека пријателите на Османската империја меѓу кои била и Австро-Унгарија, сакале да се разреши и "македонското прашање".[956]

Свесен дека немала никаква реална основа ниту пак перспективи, единствено Мустафа Ќемал (Ататурк) уште од самиот почеток бил против идејата за создавање на единствена османска нација. Тој во врска со тоа на Џемал-паша во Солун му рекол дека тие немале чувство за реалност, дека фантазирале и дека биле во потрага по некои застарени работи, а во 1909 г. истото им го рекол на лидерите на Партијата "Единство и напредок" на нејзиниот II конгрес.[957] Мустафа Ќемал бил турски националист и се залагал за конституирањето на турската нација. Тој не ги негирал другите нации и бил против нивното претопување во замислената вештачка османска нација. Почитувајќи

ги националните особености и вредности на другите народи, М. Кемал се борел за возвишување на турската нација.[958]

II Конституција им дала можност на нетурските народи и нивните националноослободителните движења да поведат легална борба за административна децентрализација на општествено-политичкиот систем на земјата, а некои од нив да поведат борба и за перспективно откинување од Османската империја. Тоа ги принудило младотурците да изградат еден одетерминиран однос и став спрема споменатото прашање односно решавачко да се спротивстават на тие барања и тенденции. Иако во предвечерието на Младотурската револуција, со цел да ги придобијат во борбата за соборување на стариот режим, лидерите на МП"Единство и напредок" им ветиле на нетурските народи дека по победата на Револуцијата ќе им дадат автономии или извесни автономии. Меѓутоа, тие по победата на Револуцијата отворено и јасно не се искажувале или скептички се однесувале по споменатото прашање.[959] Таквиот однос на младотурците дошол до израз и во преговорите меѓу Ј.Сандански и другите претставници на МОРО со младотурците во Солун веднаш по победата на Младотурската револуција. На поставеното прашање на Сандански за давање на обласна самоуправа на Македонија во составот на Османската империја, Нијази-бej се вчудоневидил,[960] од причина што МП "Единство и напредок" по тоа прашање го изградила својот став според чл.1о8,1о9,11о,111 и 112 на Уставот од 1876 г.[961] и точките 5 и 6 на политичката Програма објавено во септември 1ꙋо8 г.[962] Тоа значело дека МП"Единство и напредок" не мислела да им даде обласни самоуправи на нетурските народи во права смисла на зборот, туку да им обезбеди извесно проширување на овластувањата на управителите

на вилаетите. Младотурците наводно биле за извесни национални самоуправувања на нетурските народи во колку тие немале да го нарушат единството на Османската империја.[963] Меѓутоа, за давање на вистински обласни самоуправи не сакале ниту да слушаат и помислат. Тоа го потврдил и Нијази-бej во својот разговор со Гр. Василев на кого му рекол: "Ние сме за извесно самоуправување на вилаетите, со извесна народна контрола. Но, ние не можеме со децентрализацијата; таа е невозможна; таа не води кон добро".[964] Што значи дека децентрализацијата според младотурците значела голема опасност за сочување на територијалната целост и националната независност на Османската империја.

Во првите денови на новововедениот режим, младотурците се плашеле и од најмало незадоволство на која и да е народност, поради што ма Крум Чапрашиков му рекле: "Сакајте што ќе сакате, само мислите дека треба да се запази целоста на Империјата, а во иднина ние ќе бидеме моќни сами да ги спречиме сите агитации и обиди за распарчување на Турција".[965]

Во својата соработка, во периодот пред победата на Револуцијата, младотурците имале можност да се уверат во сојузништвото и искрената поддршка на "левицата" на МРО и Ј.Сандански во борбата за ликвидирање на стариот режим, а по победата на револуцијата во искрената поддршка на МОРО и Ј.Сандански за сочување на територијалната целост на Османската империја, но, овој пат обусловено со децентрализација на наследениот режим и обезбедување на обласна самоуправа на Македонија во реформираната Османска империја. Меѓутоа, без разлика на сета таа искреност и добронамерност на МОРО и Ј.Сандански спрема младотурците, последните сепак кон МОРО и Ј.Сандански

имале еден мошне скептички и неискрен однос. Тие биле убедени дека на сметка на конституциониот режим и рамноправноста меѓу народите во Османската империја, Македонците ќе се зајакнале економски и ќе се издигнале културно-образовно до такво ниво, кога поради нивниот доминантен број во Македонија неминовно ќе требало да се дадаавтономија на Македонија односно нејзино откинување од Османската империја и приклучување кон Бугарија.

Меѓутоа, младотурците сепак не сакале пред изборите во есента на 1908 г. да ги заоштрат своите политички односи со нетурските народи, особено со МОРО и Ј.Сандански, иако тие народи насојувале да се почитува принципот за децентрализација на општетствено-политичкиот систем на Империјата. Младотурците се согласите да изнајдат еден компромис со тие народи, внесувајќи ја во својата политичка програма поставката за извесно проширување на административната власт предвидено со чл.108,109,110,111 и 112 од Уставот. Младотурците се согласиле до извесна степен да го прифатат принципот на децентрализација на административниот систем, но, не и на политичкиот систем и власт. Според сваќањата на младотурците, обезбедувањето на обласна самоуправа за нетурските народи отворало пат за давање политичка автономија, по која следувало и целосното откинување од Империјата. Стремежите и тенденциите за добивање на обласна самоуправа од младотурците биле сватени како сепаратистички и непријателски со што се настојувало да се распарча државата.

Настојувајќи да не ги продлабочат своите разлики по прашањето за училиштата, аграрното и националното прашање како и прашањето за обезбедување на обласна самоуправа и чувствувајќи се како "вечни" должници на МОРО и Ј.Сандански, младо-

турците во летото на 1908 г. и во предизборната и изборната кампања застанале на страната на МОРО и Ј.Сандански. Така во периодот на предизборната кампања, според Св.Ст.Симиќ, на барање на Ј.Сандански, младотурците ги вратиле во Солун некои агитатори што врховизираното крило на МРО ги испратило во Серскиот реон да работат против Ј.Сандански.[966]

Младотурската поддршка на Ј.Сандански дошла до израз и во изборите во Воден. Т.Узер во врска со таа поддршка пишува: "На изборите во 1908 г. за управното собрание на Воден биле кандидирани и двајца 'Бугари' од кои еден бил човек на Сандански, а другиот на бугарските уставни клубови. На изборите двајцата кандидати добиле ист број гласови. Со цел да му се даде предност на неговиот кандидат, Сандански дојде кај мене и ме замоли да се ангажирам за давање предност на неговиот човек. Со моето заземање кај Дан'ш-бej ја задоволивме молбата на Сандански".[967]

Свесни дека обидот за убиство на Ј.Сандански во "Бошнак хан" во Солун било дело на бугарските завојувачки кругови против оние луѓе кои му се испречувале на нивните завојувачки планови, кои ги поддржуваат младотурците во борбата за зајакнување и зацврстување на уставно-парламентарниот режим и се бореле за неделивоста на Македонија од Османската империја и дека тоа дело било насочено и против нив-самите, младотурците застанале на страната на МОРО и Ј.Сандански "и со својот однос вели А.Динев, по внатрешна линија тие ги олеснуваа сите појави на Македонците и во летото на 1908 г. тие им содејствуваа на Костурчани и направија свечен излет на христијани и муслимани до месноста "Братска могила" која што се наоѓаше во с.Апоскел, Костурско...На таа "Братска могила" стана голем братски митинг во присуство на претставители на новата власт..."[968]

5. Военото востание од 13 април 1909 г. во Истанбул и учеството на македонските доброволци во неговото задушување

По победата на младотурската револуција, младотурците не го собориле султанот Абдул Хамид II, туку само му одзеле некои прерогативи односно апсолутистичката монархија ја трансформирале во уставно-парламентарна монархија. Во историската наука се присутни неколку гледишта зошто младотурците не го собориле султанот Абдул Хамид II. Според едно гледиште, тие не го собориле него поради тоа што тој со декрет објавил дека воведувал уставно-парламентарен режим во цела Османска империја. Тоа значело дека тој ја признал и ја санкционирал победата на младотурската револуција и ја прифатил уставно-парламентарната политика на младотурците. Според друго гледиште, младотурците не биле доволно моќни за да го соборат султанот Абдул Хамид II, бидејќи тогаш тие сè уште немале некој свој моќен лидер како што имале на пример младоосманлиите во 1876 г. Според третото гледиште, немало потреба младотурците да го сменат султанот Абдул Хамид II бидејќи тие биле доволно моќни и останувањето на истиот султан на престол не им претставувало никаква опасност, нити пак опасност им претела од другите антиуставни сили во Османската империја. Сите три гледишта наоѓаат свои оправдувања. Поборниците на првото гледиште тврдат дека меѓу младотурците и султанот Абдул Хамид II бил изнајден компромис за управување со земјата кој им одговарал и на првите и на вториот. Второто гледиште било игнорирано од самите младотурци, а третото било прифатено и потврдено со нивните изјави, однесувања и реализирани определби и

и замисли за општо и "радикално" преуредување на Османската империја. Последното гледиште го потврдувале изјавите на некои од најистакнатите лидери на МЊа"Единство и напредок" кои тврделе дека во услови кога војската исцело била на нивна страна и кога тие преку 7 членот комитет во Истанбул ја држеле под своја "целосна" конрола владата на Камил-паша-немало потреба за преземање на сета власт-кога веќе неа и така ја имале во свои раце. Споменатото било потврдено со една изјава дадена од еден истакнат младотурски лидер на некој англиски кореспондент веднаш по победата на Младотурската револуција. "Нашата цел рекол младотурскиот лидер - е воспоставување на конституцијата. Нашиот идеал е создавање на една моќна и независна Турција. Ние немаме никакво користољубие. Ние не сакаме да ги земеме министерските фотели. Ние сме толку моќни за управување со нашата политика што сметаме дека нема потреба од непосредно учество во управувањето со земјата. Доволно е ние да ѝ се јавиме на цензурата на Владата, за таа да го смени секој министер кој не ги почитува нашите препораки. Моќта на нашата власт е резлтат на тајната што ние ја носиме со нас - со нас е војската. На наша страна е и општественото мнение...Со нас се и сите народи. Оној што ја има подшката на народот и војската, нема потреба да се занимава со прашањето за освојување на министерски фотели...Ние имаме таква власт и моќ, што е доволно да испратиме еден емисар во Ј'л д'з сарајот со проект на некој закон - за да биде тој проект веднаш птпишан". 969)

Еден дел од споменатата изјава ја прикажува "вистинската" моќ и власт на младотурците, но останатиот дел од изјавата ја прикажува и вистината дека ~~дека~~ тие наводно не се бореле

за користољубие, за добивање на министерски фотели, а особено тие од министерствата на војната и внатрешни работи на чиешто чело сакале по секоја цена да го назначат нивниот моќен човек-Талат-бej. Борбата за добивање на споменатите министерства претставува доказ дека тие во периодот до соборувањето на Ќамил-паша и неговата влада на 13.II-1909 г., сè уште ја немале сета власт во свои раце. Во споменатиот период младотурците верувале во своето огромно мнозинство во парламентот. Поради тоа тие не се плашеле од никого. Тие им се заканувале на големите везири и настојувале државата да ја водат според своите лични побуди и желби, при што поради немање на свој искусен лидер правеле големи грешки во управувањето со земјата. Своите противници ги прогласувале за непријатели на конституцијата и предавници на татковината. Со таков однос тие предизвикале многу превирања и судири; создале една конфузна и тешка ситуација во земјата. За своите постапки, тие не полагале сметки пред никого, ниту пак сносувале одговорност пред народот и легалните институции на државата. Прибегнале кон организирање на различни политички атентати на своите политички противници, особено на тие од либералната опозиција предводена од принцот Сабахадин-бej, Мизанци Мурад-бej, а подоцна и Ќамил-паша и др. Во земјата создале една атмосфера на страв, напнатост и недоверба. Од војската почнале масовно да ги отпуштаат необразованите офицери при што само од единиците на I армиски корпус во Истанбул отпуштиле 1 4оо такви офицери.[970] Тоа влијаело уште во октомври 19о8 г. да се појави незадоволство меѓу отпуштените офицери кои биле поддржани дури и од командантот на 1 коњичка дивизија во Истанбул ген. Рефик-паша за што тој бил и осуден на затвор од 6 месеци.[971] Тие извршиле реорга-

~~Извршиле~~ ~~реорга~~низација и чистки во државните институции, донеле закон за служење војска и на учениците на верските училишта - софтите. Образованите офицери - младотурци, со омалова-жување се однесувале кон исламската вера и верските луѓе велејќи им на своите војници: "Војската е одделена од верата...Султанот и луѓето околу него се наоѓаат во наши раце..."[972] Тие во земјата се однесувале како "држава во држава".[973] Таквото нивно однесување предизвикало големо незадоволство во земјата, особено меѓу отпуштените офицери и службеници, и меѓу софтите кои требало да служат војска. Споменатите незадоволни елементи со текот на времето се сплотиле меѓусебно, а потоа и со Дервиш Вахдети и некои др. реакционерни и клерикални елементи во Истанбул и ја создале реакционерната опозиција, која станала силна антимладотурска и антиуставна сила. Таа опозиција се борела за ликвидирање на уставно-парламентарниот режим, за враќање на Шеријатот и власта на султанот Абдул Хамид II. Во тоа време во земјата веќе постоела и дејствувала либералната опозиција предводена од Партијата "Ахрар" и нејзините истакнати идејни и политички лидери - принцот Сабахадин-бej, Мизанци Мурад-бej, а по 13.II 1909 г. и Ќамил-паша и др. Треба да се направи дистинкција меѓу реакционерната и либералната опозиција од причина што првата била антимладотурска и антиуставна, а втората била антимладотурска, но, не и противуставна. Првата била составена исклучиво од реакционерни клерикални луѓе и отпуштени офицери и службеници, а втората била составена од мошне"прогресивни" луѓе кои биле против младотурската неправилна и непринципиелна политика, но, тие биле и против поопасната реакционерна опозиција. Нејзините лидери се залагале за воведување на порадикални реформи во османското општество и биле

поголеми конституционалисти и од самите младотурци. Тие биле против младотурското мешање во работите на владата односно државата. Тие се декларирале како големи поборници на административна децентрализација и обезбедување на обласни самоуправи на нетурските народи. Од тие причини, либералната опозиција била поддржувана од нетурките народи, од нивните националноослободителни движења, политички партии и организации и пратеници во парламентот. Борбата меѓу споменатите опозициони групи и младотурците се водела преку нецензурираниот печат, преку своите пратеници во парламентот и на други места и со други средства и начини. Младотурците прибегнале кон вршење на убиства на истакнати личности на опозицијата, особено на Либералната партија "Ахрар" која ги обвинувала младотурците дека султанхамидовскиот апсолутизам го замениле со свој-младотурски и дека се однесувале како што сакале и умееле при што за негативните последици не сносувале одговорност никаде и пред никого. Младотурците пак се фалеле дека тие ја вовеле конституцијата и дека тие биле победници во револуцијата, а се жалеле дека биле обесправени со местото и улогата што им било определено во општетството, што не било адекватно на нивните заслуги во револуцијата. Најголема улога во афирмирањето и пропагирањето на нивните идејно-политички определби и стремежи одиграле весниците "Итихад ве Теракки" во Солун, "Танин" во Истанбул, а на либералната опозиција в."Мизан", в."Сербести" и в. "Волкан" на Дервиш Вахдети и др.[974)]

Не треба да се испушти предвид фактот дека силите на собореният режим не биле целосно победени и ликвидирани. Тие се уште претставувале потенцијална опасност за новиот младотурски режим, тие никогаш не престанале да се борат за поткопу-

вање, соборување и ликвидирање на новиот режим.[975] Времето работело за нив, особено имајќи ги предвид пропустите и недоследностите на младотурската влада. Тие чекале поволен миг за настапување против младотурскиот режим.

Со "Балканската анексионистичка криза" Османската империја, за мошне кратко време, изгубила повеќе територии отколку што изгубила на Берлинскиот конгрес во 1878 г. Анексијата на Босна и Херцеговина од Австро-Унгарија, прогласувањето на целосната независност на Бугарија и приклучувањето на островот Крит кон Грција, во почетокот на октомври 1908 г., претставувало голем удар врз младотурскиот режим, врз гордоста на турската нација и врз територијалниот интегритет на Османската империја. Обвинувајќи го младотурскиот режим дека ѝ дозволил на агресивна Европа да ја распарчи Османската империја, раздвижените антиуставни сили почнале да го бараат враќањето на стариот режим и Шеријатот, кои, според нив, претставувале секаква гаранција за сочувањето на територијалната целост на османската држава. До прво огласување на споменатите сили дошло на 7 октомври 1908 г. во Истанбул.[976] Во споменатиот период се зачестиле незадоволствата во единиците на I армиски корпус во Истанбул,[977] дошло до организирање на протестни собири на клерикални луѓе во Усќудар и Истанбул против воведување на реформи во културата,[978] дошло до немири во Анадолија.[979] Споменатите настани биле доказ дека антиуставните сили не престанале да се борат за соборување на младотурскиот и враќање на стариот режим.[980] Раздвижувањето на реакционерните антиуставни сили, благовремено ги забележиле Ј.Сандански и Т.Паница. При престојот во Истанбул, еден месец пред избувнувањето на военото востание, тие ги предупредиле младотурските лидери за можноста реакционерните сили да организираат некој воен

превратот и ги советувале да преземаат потребни мерки за ~~оп~~ спречување на извршувањето на еден таков удар.[981] Весникот "Политика" од Белград на 1о.I 19о9 г. го пренесувал пишувањето на англискиот в."Дејли Мел" дека во Османската империја почнал заговорот против Младотурската револуција и дека во неа дејствувале околу 2о ооо тајни членови на контрареволуцијата.[982]

Во јануари-февруари 19о9 г. либералната проанглиски ориентирана опозиција преку ген.Ќамил-паша се обидела да им зададе еден сериозен удар на младотурците и со преземање на сета власт во свои раце да го ликвидира младотурскиот политички монополизам и апсолутизам во управувањето со земјата. По добиената доверба и поддршка во парламентот во јануари 19о9 г. Ќамил-паша помислил дека му била дадена можност да им зададе последен удар на своите противници-младотурците и да ја приграби сета власт во свои раце. Во тој контекст, на 8.II 19о9 год. тој му наредил на началникот на генералштабот Али Р'за-паша стрелечките одреди кои од Солун биле префрлени во Истанбул за заштитување на уставниот режим - да ги прекомандува во Јанина каде почнале да дејствуваат некои грчки оружени чети.[983] Меѓутоа, Али Р'за-паша ја одбил неговата наредба, заради што Ќамил-паша и негов и министерот на поморските сили ги сменил од нивните должности и на местото на Али Р'за-паша го назначил командантот на II арм.корпус - Наз'м-паша, а за министер на поморските сили го назначил Хусни-паша.[984] Реагирајќи брзо и одлучно, младотурците на 13.II 19о9 г. со 198 гласа "за" и 8 гласа "против" изгласале недоверба на владата на Ќамил-паша и на негово место го избрале адмиралот Хусеин Хилми-паша,а за ~~министер~~ началник на генералштабот повторно го избрале ген. Али Р'за-паша.[985] Паѓањето на Ќамил-паша и неговата влада

претставувало тежок удар врз либералната опозиција , врз Партијата "Ахрар", врз принцот Сабахадин-бej, Мизанци Мурад-бej, Али Кемал-бej и врз англиската политика во Османската империја. Од тие причини, споменатата опозиција ја зајакнала својата борба против младотурците и нивната политика. Поддржувана од англиските официјални кругови, либералната опозиција ги продолжила своите остри критики и напади на молитиката на МП "Единство и напредок" и на владата на Хусеин Хилми-паша, и ги повикала своите приврзаници и незадоволниците од младотурскиот режим да се обединат во борбата за соборување на тој режим и за воведување на вистински уставно-демократски и парламентарен режим во земјата. Како резултат на споменатиот повик на 26.II 1909 г. избиле масовни демонстрации во Истанбул во кои учествувале и отпуштените офицери и службеници, а меѓу нив се инфилтрирале и многубројни софти и дрверски луѓе. Демонстрантите извикувале дека биле за конституција, слобода, рамноправност, правда, човечност и цивилизација, а биле против младотурскиот монополизам и апсолутизам во управувањето со земјата, против младотурското мешање во работите на државата, против политизирање на војската и ги обвинувале младотурците дека создале неблагонаклоност кај нетурските народи кон османизмот и дека изнајдиле компромис со султанот Абдул Хамид II. 986)

Од споменатите барања се гледа дека во периодот до самото избувнување на Военото востание на 13 април 1909 г., либералната опозиција предводена од Партијата "Ахрар" имала мошне правилни барања, па дури поправилни и попрогресивни и од МП "Единство и напредок". Либералната опозиција имала поправилен и попрогресивен однос и спрема нетурските народи односно спрема секогаш акутното национално прашање. Таа била против секаков

компромис со султанот Абдул Хамид II, а според многу научници историчари дури и негов поголем противник и непријател од младотурците. Од тие причини, султанот Абдул Хамид II повеќе се плашел од либералната опозиција отколку од младотурците.

Исфрлувајќи ја вешто паролата дека Шеријатот бил во опасност, клерикалните и др.реакционерни сили со текот на времето станале помногубројни и поагресивни. Тие се собрале околу Друштвото "İttihad-i Muhamedi "[987] на Дервиш Вахдети, а пропагатор на нивните реакционерни идеи и стремежи станал в."Волкан" истотака на Дервиш Вахдети. Меѓутоа, ни младотурците не останале со скрстени раце. Тие почнале да организираат политички атентати врз истакнати личности на реакционерната и либералната опозиција. Така ноќта на 6/7 април 1909 г. тие го убиле главниот уредник на опозиционниот в."Сербести"-Хасан Фехми-бej[988] со што настаните во Истанбул добиле непредвидлив и драматичен тек. Разгневената реакционерна опозиција на Дервиш Вахдети бескрупулозно се нафрлила врз младотурците и нивната влада, барајќи изнаоѓање и казнување на атентаторот на новинарот Хасан Фехми-бej и осудувајќи ја младотурската политика на терор и репресалии врз своите политички противници од опозицијата, барала тие да престанат со спроведување на таква политика. Незадоволна од преземените мерки на младотурската влада, реакционерната опозиција се инфилтрирала и меѓу стрелечките баталјони во касарната "Ташк'шла" и успеала војниците на тие баталјони да ги поттикне на востание против младотурската влада и нејзината политика.[989]

Ете, од споменатите и од некои сè уште непознати причини, стрелечките баталјони од касарната "Ташк'шла" во Истанбул ноќта на 12/13 април 1909 г. по затворање на своите офицери

во касарната, тргнале кон Плоштадот "Султанахмед" и зградата на парламентот, а патем испратиле свои емисари и по др.касарни во градот и на 13 април 1909 г. во раните утрински часови со пукање во воздух објавиле дека почнало востанието за соборување на младотурската влада. Востанието го воделе Хамди Јашар-чавуш, еден мајстор за изработка на ножеви и одржување на пушки по име Ариф и некој си Мехмед. Меѓу востанатите војници се инфилтрирале и голем број софти. Ползувајќи ја неодлучноста, односно колебливоста на владата на Хусеин Хилми-паша за задушување на востанието уште на самото негово избувнување, [990] востаниците тој ден успеале на своја страна да привлечат извесен број приврзаници и од другите касарни во градот. [991] Додека пак питомците на воените училишта и академии го одбиле предлогот на востаниците за приклучување кон нив и во принцип го прифатиле предлогот на командантот на I арм.корп. Махмуд Мухтар-паша, во случај на потреба да учествуваат во акциите за задушување на востанието. [992]

Разгневените востаници почнале патем да ги убиваат образованите офицери, членовите на владата, младотурските пратеници, новинари и др. [993]

Во прво време, востаниците ја извикувале само паролата "сакаме шеријат". Меѓутоа, со текот на времето нивниот број рапидно се зголемувал. Напладне, истиот ден, кон нив се приклучиле и 1 ооо војници од поморските сили и една поголема група верски луѓе - хоџи и софти. Во тој миг кон нив се приклучила и либералната опозиција предводена од принцот Сабахадин-бој, ген.Камил-паша, Мизанци Мурад-бој Али Кемал-бој и многу други ахрарци. Охрабрени од проширувањето и омасовувањето на востанието, востаниците ги проширале и своите бара-

рања. Од нивно име во зградата на парламентот каде се наоѓале околу 25 пратеници-влегле 5-6 воружени востаници и ги предале своите барања систематизирани во следните точки: 1) се барало враќање на шеријатот; 2) поднесување оставки на Хусеин Хилми-паша, начелникот на генералштабот Али Р'за-паша, командантот на I арм.корп. Махмуд Мухтар-паша, командантот на 2 дивизија-Џевад-паша и командантот на касарната "Ташк'шла"-Есад-паша; 3) поднесување оставка на претседателот на парламентот-Ахмед Р'за-бej; 4) објавување општа амнестија за учесниците во востанието; 5) забрануване одење на муслиманските жени во квартот "Бејоглу"; 6) Отстранување на образованите офицери од нивните единици и нивно прогонување од Истанбул; 7) враќање во војска на отпуштените необразовани офицери; 8) отстранување на некои пратеници од парламентот при што особено се инсистирало на отстранувањето на Ахмед Р'за-бej, Хусеин Џ. Јалч'н, Рахми-бej, Талат-бej и др.[994]

"Немајќи друг избор" Хусеин Хилми-паша ја поднесол својата оставка на султанот Абдул Хамид II на функцијата претседател на Владата, а Ахмед Р'за-бej оставката на својата функција-претседател на парламентот и заедно со Талат-бej и д-р Наз'м-бej се засолнил во куќата на главниот секретар на султанот Абдул Хамид II - Али Џевад-бej. Тој ден и другите младотурски пратеници и министри се разбегале на сите страни на Истанбул, а многу од нив тргнале за Солун. Со тоа, востаниците уште во првиот ден ја постигнале својата цел - ја соборile младотурската влада.

Во присуство на соборениот Хусеин Хилми-паша и по негово особено инсистирање, на 14 април 1909 г. султанот Абдул Хамид II за нов претседател на владата го назначил Ахмед Тефик-

паша,[995] а за претседател на парламентот ахрарецот Исмаил Ќемал-бej.[996] Новата влада веднаш ја објавила својата програма која ветувала дека ќе биде дадена поголема важност на шеријатот, дека ќе биде сочувана конституцијата, ќе бидат сочувани општествениот ред и мир и дека ќе бидат обезбедени услови за издигнувањето и благосостојбата на земјата.[997]

Военото востание од 13 април 1909 г. не било дело на народот, ниту пак на широките воени кругови. На негово чело не застанал ниту еден угледен човек од народот. Востаниците не успеале да изнајдат некој свој лидер меѓу офицерите и високите државни службеници. Тоа било востание на стрелечките баталјони кои од Солун биле префрлени во касарната "Ташк'шла" во Истанбул заради заштита на младотурскиот режим. Меѓутоа, тие набрзо создале една голема недисциплина во своите редови и биле препуштени на самите себе.[998] Таа недисциплина влијаела некои неопитни и необразовани чавуши и на нив слични луѓе да станат влијателни меѓу исто така необразованите војници. Споменатите чавуши набрзо станале и нивни лидери и главни поттикнувачи и организатори на востанието.

Меѓу споменатите сили се инфилтрирале и некои софти и др. злонамерни луѓе кои ги поттикнувале војниците на бунт. Меѓутоа, покрај сето тоа, востанието немало свои големи и моќни водачи и организатори, немало и помош и поддршка ниту од широките маси на народот во Истанбул, ниту пак од војската и државната администрација. Од тие причини, тоа било осудено на неуспех уште на самиот почеток.

Сè уште не се доволно расветлени вистинските причини за избувнувањето на востанието. Сè уште не е доволно расветлено дали тоа било само дело на Друштвото "Итихади Мухамеди" на

Дервиш Вахдети, на отпуштените офицери и службеници кон кои мошне внимателно се приклучила и либералната партија "Ахрар". Се знае точно дека на бунт војниците ги поттикнале верските друштва "Итихади Мухамеди" и "Ел Ислам".[999] Реализатори на идејата за бунтот биле софтите кои се инфилтрирале меѓу војниците на стрелечките баталјони, а и меѓу војниците на останатите касарни во Истанбул. Во поттикнувањето на војниците на востание се вклучиле и од својот статус незадоволните необразовани офицери на единиците во Истанбул. Во периодот пред самото избувнување на востанието, весниците на опозицијата како што биле на пример в."Волкан" и в."Мизан" мошне внимателно го третирале судирот меѓу образованите и необразованите офицери со што се потврдува дека и реакционерната клерикална и либералната опозиција латентно ги поддржувале силите кои се бореле за соборување на младотурската влада и режим. Изворите потврдуваат дека опозицијата ја имала морално-материјалната поддршка на Англија[1000] која се стремела да го собори прогермански ориентираниот младотурски режим и да ги заштити своите економско-политички интереси во Османската империја.[1001] Според Џемал-паша, ген.Рауф Орбај и некои др. сведоци и учесници во задушувањето на споменатото востание, англиската морална и материјална помош го поттикнала принцот Сабахадин-бej и др. ахрарци да го поддржат и да се вклучат во востанието за соборување на младотурскиот режим.[1002] Според планот на опозицијата, побунетата војска требала да ја собори владата на Хусеин Хилми-паша, да ги отстрани младотурските лидери, да ги назначи Камил-паша за голем везир, Наз'м-паша за министер на војната и Исмаил Кемал-бej за претседател на парламентот и за време на извршувањето на споменатите промени да не изврши ни-

какви грабежи, насилства, убиства и др.[1003] Избувнувањето на востанието било поддржано од весниците на опозиција - "Волкан" "Мизан","Икдам", "Сербести", "Неологос", "Продос" и од лондонскиот весник " The Times".[1004]

Во историската наука постојат повеќе теории за причините на избувнувањето на востанието. Од нив најдоминантни се само три теории. Според првата теорија, востанието го организирал султанот Абдул Хамид II кој не бил задоволен од младотурскиот конституционен режим, сакал да го суспендира уставот,да го распушти парламентот, преку реакционерните сили да ги ликвидира младотурските лидери и да го врати својот апсолутистички режим.[1005] Според втората теорија, со цел да го соборат султанот Абдул Хамид II, востанието го организирале младотурците[1006] и според третата теорија востанието било организирано од либералната опозиција и реакционерните сили во главно од отпуштените офицери и службеници, и клерикалните сили предводени од софтите, Дервиш Вахдети и др. луѓе.[1007]

Без разлика на тоа што до денес сè уште не се расветлени многу работи во врска со споменатото востание, сепак последната-трета теорија е најправилна. Додека пак за односот на султанот Абдул Хамид II кон тоа востание, треба да се подвлече дека тој коќетирал меѓу моќните младотурци и "моќната" либерална и реакционерна опозиција. Тој бил свесен дека младотурците немало толку и така брзо да се предадат бидејќи тие сè уште ја имале целосната поддршка на моќната III Армија и на сите народи на Македонија и останатиот дел на Румелија и Османската империја, а дури поддршката и на II Армија.Освен тоа, тој немал причина да им се спротивстави на младотурците затоа што со нив сепак изнашол некаков компромис и

со извесни стеснувања на своите прерогативи, тој и натаму останал султан на Османската империја и халифе на исламскиот свет. Додека пак либералната опозиција, предводена од Партијата "Ахрар", која се борела за воведување на "порадикални" реформи во општеството, се борела за обезбедување на најзначајно место на личната иницијатива во зајакнувањето на стопанството и за почитување и "реализирање" на принципот на административна децентрализација на општествено-политичкиот систем според султанот Абдул Хамид II претставувала поголема опасност и за самиот себе, а и за Османската империја. Административната децентрализација, според султанот Абдул Хамид II, создавала услови за зајакнување на сепаратистичките движења на нетурските народи кои се бореле за откинување од Османската империја. Според тоа, либералната опозиција, со својата политика би придонесувала за распарчувањето на Османската империја од големите европски сили и малите балкански држави Бугарија, Србија, Грција и Црна Гора.

Военото востание од 13 април 1909 г. останало само во рамките на Истанбул. Тоа немало голем одглас во другите делови на Османската империја. До некои безначајни воени немири и судири меѓу младотурците и силите на либералната и реакционерната опозиција дошло во Ерзурум,[1008] а според В.И.Шпилькова, судири имало и во Ајдинскиот вилает, потоа во градовите Мерсин, Тарсус, Мараш, Ван, Битлис, Сиирт, Трабзон, Зејтинли, Дијарбакир, Дамаск, Бејрут и др. места.[1009] Д.Влахов пишува дека биле организирани контрареволуционерни движења и во другите градови на Турција, но тие немале многу агресивен карактер,[1010] а Манол Пандевски пишува дека "контрареволуцијата наишла само на поединечни, но безуспешни обиди за поддршка во внатрешноста,

не успеала да се прошири и вон од Цариград".[1011]

Веста за избувнувањето и победата на востанието во Истанбул се прочула во целата Османска империја. За настаните во Истанбул, во Солун се дознало дури на 14 април 1909 г. од телеграмата на пратеникот Рахми-бej - испратена до командантот на редифската дивизија ген.Хусеин Хусни-паша.[1012] По добиената телеграма, веднаш се пристапило кон преземање на сите подготовки за организирање на поход кон Истанбул, за која цел командантите на III арм.корп. одлучиле по предлог на Мустафа Кемал (Ататурк) да создадат една "Оперативна армија" за брзо дејствување и задушување на востанието.[1013]

Покрај командантите на III арм.корп. на веста за избувнувањето и победата на востанието мошне брзо реагирал и ЦК на МП "Единство и напредок". Тој на вилаетските комитети на Партијата им испратил циркуларно писмо со кое нив ги информирал за настаните во Истанбул. Набрзо на адресата на ЦК на Партијата почнале да пристигнуваат многубројни телеграми од сите делови на земјата во кои се изразувала готовност за вклучување во борбите за задушување на востанието во Истанбул.[1014] Готовност за учествување во борбите за задушување на востанието изразиле дури и командантите на IV и VI армиски корпуси во Ерзинцан односно Багда .[1015] Своја приврзаност кон младотурскиот конституционен режим изразил и II армиски корпус во Едирне[1016] и голем број офицери од командниот кадар на I арм.корпус во Истанбул вклучувајќи ги и офицерите на поморските сили, потоа питомците на воените училишта и академии, учениците и студентите на училиштата односно универзитетот во Истанбул, како и сите најугледни граѓани на Истанбул кои немале некоја посебна полза од враќањето на султанхамидовскиот апсолутистички режим.[1017]

По победата на востанието, во сите делови на Османската империја, особено во Македонија, биле одржани многубројни протестни митинзи[1018] и на адресата на султанот Абдул Хамид во Истанбул биле испратени голем број протестни телеграми од сите народи и од сите политички организации на земјата.[1019] Во нив султанот Абдул Хамид се обвинувал за организирање на востанието, за соборување на младотурската влада, за суспендирање на уставот и за враќање на стариот режим.[1020] Во телеграмата на Централното биро на НФП од 15 април пишувало: "Протестираме за извршениот напад на нашиот Устав, на враќањето и продолжувањето на апсолутизмот и објавуваме дека ние сме решиле заедно со сите сотатковници, да се бориме до последната капка крв, за повторно враќање на одземената слобода".[1021] Во заедничката телеграма од Битола се барало султанот Абдул Хамид лично да оди во поштата и да им даде објаснување за настаните во Истанбул.[1022] На 15 април 1909 г. ген. Махмуд Шефкет-паша испратил телеграма на султанот Абдул Хамид II со која го известил дека во Солун и Македонија се сплотиле народот и војската и дека не ја признавал новата влада.[1023]

Командата на III арм.корпус во Солун ги ставил во состојба на готовност своите 5 активни, 12 резервни и 14 втори резервни дивизии.[1024] Меѓутоа, покрај единиците на споменатиот корпус, за ЦК на Партијата "Единство и напредок" и командата на корпусот во походот за Истанбул големо значење имало и учеството на населението на Македонија и останатиот дел на Румелија, особено подршката на револуционерниот демократ Ј.Сандански.[1025] Вториот ден по извшениот воен превратво Истанбул, ЦК на МП "Единство и напредок" упатил повик до сите политички партии и организации и до сите конституциони клубови во Маке-

донија и др.делови на Румелија за укажување на помош во задушувањето на военото востание и за враќање на конституцијата во земјата.[1026] За ЦК на МП "Единство и напредок" најголемо значење имала подршката на НФП и нејзиниот мошне авторитетен лидер Ј.Сандански кој со својот углед можел да ги раздвижи македонските народни маси. Имајќи го предвид овој момент, ЦК на МП "Единство и напредок" испратил свои емисари кај Ј.Сандански во Солун,[1027] Петре Поп Арсов, Александар Мартулков и Јордан Шурков во Скопје[1028] и кај Т.Паница во Драма.[1029]

На повикот на ЦК на МП "Единство и напредок" за учество во задушувањето на воениот бунт во Истанбул се одзвале широките маси на турското и нетурското население во Македонија. Нетурското население во младотурскиот режим ја гледало можноста и за добивање на обласна самоуправа во рамките на Османската империја, а се надевало дека парламентот ќе им го разреши дури и мошне важното аграрно прашање.[1030] Од тие причини Ј.Сандански и др. лидери на МОРО-НФП ја изразиле својата готовност за укажување на морална и материјална поддршка на младотурците и да создаваат доброволечки одреди.[1031] Придржувајќи се кон даденото ветување, лидерите на НФП веднаш пристапиле кон запишување на доброволци и формирање на одреди од поранешни војводи, четници и милиционери.[1032] Повик за запишување на доброволци и формирање на доброволечки одреди испратило и Централното биро на НФП составено од Д.Влахов, Христо Јанков и Анастас Матлиев.[1033] Треба да се подвлече фактот дека на Повикот на ЦК на МП "Единство и напредок" за учество во задушувањето на военото востание во Истанбул се одзвале само НФП и еден дел ов македонските социјалисти.[1034]

Запишувањето на доброволците се вршело во воените ка-

сарни во Македонија и др. делови на земјата, каде што на доброволците им се давало оружје и муниција и по формирањето одредите ѝ се приклучувале на "Оперативната армија". Во споменатите одреди најмногу се пријавувале турски, а потоа македонски и други доброволци.

На 15 април 1909 г. во Солун биле запишани доброволци кои се вклучиле во составот на првиот борбен ешалон на редифските стрелечки баталјони и под командата на ген. Хусеин Хуснипаша и началникот на Штабот на "Оперативната армија"-Мустафа Кемал (Ататурк), уште истиот ден со воз тргнале кон Истанбул. Со нив бил и еден специјален одред од 100 офицери преоблечени како обични жандари и до заби вооружени околу 200 хоџи меѓу кои имало исто така многу предани офицери на III армиски корпус.[1035] На 17 април 1909 г. кон тие сили во Едирне се приклучила и една дивизија под командата на Шефкет Тургут-паша со кого бил и Каз'м Карабекир.[1036] Од ова се гледа дека основите на "Оперативната армија" ги сочинувале единиците на II и III армиски корпус и голем број доброволци од Македонија односно Румелија.[1037]

На чело на младотурскиот комитет во Битола застанал валијата Фахри-паша. Битолскиот младотурски комитет создал доброволечки одред од околу 3 000 луѓе, а еден одред од доброволци создал и "херојот на Младотурската револуција"-Нијази-беј.[1038]

Во единиците на "Оперативната армија" најмногу доброволци имало од Македонија, а потоа од останатите делови на Румелија. Во нејзиниот состав според турскиот автор Абидин Давер се наоѓал еден баталјон на македонски доброволци командуван од Ј.Сандански.[1039] Неговиот одред броел околу 400 доброволци и бројно бил најголем македонски доброволечки одред.[1040]

Во одредот на Хр. Чернопеев биле запишани доброволци од Солун, Кукуш, Гевгелија, Струмица и др. места.[1041] Во споменатиот одред од Солун имало 79 Македонци меѓу кои и 2о-тина Македонци- студенти на Турскиот правен факултет,[1042] а според в."Отечество" од Солун биле запишани околу 1оо македонски доброволци.[1043] Во одредот на Хр.Чернопеев влегол и познатиот социјалист од Солун, Аврам Бенарој.[1044]

Одредот на Т.Паница броел од 18о-2оо души, претежно од Драмскиот санџак. Одредот се префрлил со воз од Демир Хисар (Серско) до Чаталџа, каде што им се приклучил на останатите единици на "Оперативната армија".[1045]

Четвртиот одред од македонски доброволци бил составен од доброволците од другите градови на Македонија. Во него најмногу доброволци имало од Велес, Кавадарци и други места.

Во Велес, пред одржувањето на споменатиот митинг, била создадена една т.н."Müftelit Komisiyonu"[1046] од 6 члена Турци и 6 члена Македонци.[1047] На повикот за запишување на доброволци во Велес биле запишани 4оо души од кои биле околу 1оо Македонци, а другите Турци.[1048] На Велешкиот одред му се приклучиле и 2о доброволци од Кавадарци предводени од Васил Пачаци.[1049]

Во Гевгелија биле запишани околу 1оо доброволци, кон кои се приклучиле и доброволците од селата Богданци, Стојаково и Гавато. Споменатите доброволци подоцна се приклучиле кон доброволечките одреди на Ј.Сандански, Хр. Чернопеев и Тодор Паница.[1050]

Од Струмица и од околните села Дабиља, Сачево, Ново Село и од другите села биле запишани околу 5о милиционери-доброволци, кои предводени од Атанас Караманов, Костадин Самарџиев и Крсто од Сачево-во Дојран им се приклучиле на одредот на Хр.

Чернопеев.[1051]

Во Дојран биле запишани 7о души доброволци, а од Дојранско на поход кон Истанбул отишле околу 1 ооо доброволци.[1052] За да се прифати бројката од 1 ооо доброволци, треба да провери и од други посигурни извори.

Леринските револуционери Соле Стојчев, Крсто Љондев, Анастас Митрев, Пецо Христев и др. заедно со учителите од Леринско ги одбиле наредбите на карајововци и матовци за неутралност и ја кренале околијата во одбрана на Уставот. Соле Стојчев застанал на чело на милицијата, готов да тргне за задушување на востанието. Меѓутоа, поради брзото задушување на истото, тој ја распуштил милицијата.[1053]

Во одредите на Ј.Сандански, Хр.Чернопеев и Т.Паница имало доброволци и од Кукуш и неговата околина.[1054] Освен во споменатите градови, одреди на доброволци биле создадени и во Штип,[1055] Мелник, Серско, Драмско и од др. градови на Македонија.[1056] Во походот на Истанбул учествувале и Таско Серски,[1057] Костадин Самарџиев-Цемото и др.[1058]

За бројот на македонските доброволци во "Оперативната армија" во историската наука се приведуваат различни бројки. Според В.Стојков, нивниот број изнесувал околу 1 2оо, а според Н. Розгаев, околу 1 ооо души.[1059] Додека пак во турската историографија до денес не е наведена никаква бројка за учеството на македонските доброволци во задушувањето на военото востание. Во врска со тоа познатиот историчар Ј'лмаз Озтуна пишува: "Меѓу силите на 'Оперативната армија' имало и голем број единици од редовната војска. Мнозинството на тие сили ги сочинувале српски, бугарски, грчки, македонски, албански доброволечки чети ... Наоѓањето на толкав број македонски чети...

предизвикало големи реакции и дилеми во Истанбул, поради што командантите на I армиски корпус барале дури и распуштање на 'Оперативната армија'".[1060]

Историчарот Сина Акшин ја цитира изјавата на еден турски офицер-учесник во тие настани кој вели дека во "Оперативната армија" имало 25 ооо војници на регуларната армија и 15 ооо доброволци.[1061] Приведувајќи дека 1 ооо доброволци биле предводени од кајмакамот Салајдин-бej, 1 8оо од Нијази-бej, а останатите од Џемал-бej, мајорот Јусуф Расих-бej, Ремзи-бej, Енвер-бej и др. Сина Акшин пишува: "'Оперативната армија' ја подржуваа и политичките клубови на националните малцинства. Меѓу нив се наоѓаа доброволци од грчкиот политички клуб во Истанбул,[1062] од Бугарската федерација од Солун (се однесува на НФП) и од ерменските клубови..."[1063]

Абидин Давер исто така тврди дека во единиците на "Оперативната армија" се наоѓале многубројни македонски доброволци, но, не наведува никакви подетерминирани показатели.[1064]

Според еден кореспондент од Солун, во Солун се собрале 6 ооо, а во Скопскиот вилает 8 ооо доброволци меѓу кои биле и Ј.Сандански со своите 4оо, Т.Паница со 2оо и Нијази-бej со многубројни македонски доброволци од Битола, Ресен и Дебар.[1065] Според еден друг кореспондент пак во областа на III армиски корпус биле моболизирани вкупно 16 баталјони редовна војска и доброволци од кои од Солун 3 баталјони редовна војска и 1 баталјон доброволци, од Битола, Серез, Драма и Скопје по 2 баталјони; од Гумулџине, Ксанти, Демир Хисар (Серско) и Аврет Хисар по 1 баталјон.[1066]

Францускиот мајор А.Сару, кој бил инструктор во османската жандармерија и бил очевидец на борбите при задушувањето

на востанието во Истанбул, приведува дека во одредот на Ј.Сан-
дански имало 2 ооо, а во одредот на Т.Паница 2оо доброволци.[1067]

Советскиот историчар А.А.Алимов го цитира турскиот автор Јунус Нади кој во врска со тоа пишувал: "...Меѓу доброволците од Македонија имало Грци, Бугари и Евреи. Нивниот број бил 16 ооо. На нивно чело застанал бившиот четнички водач Сандански кој се упатил кон Паница наоѓајќи таму 1о ооо доброволци и заедно тргнале кон Драма".[1068]

За да се прифати тврдењето на Ј.Нади треба да се провери и од други извори, особено во сè уште неревелираните архивски материјали. Од досега наведените податоци за учеството на македонските доброволци во задушувањето на востанието се гледа дека нивниот број бил многу голем и тие во задушувањето на востанието одиграле мошне важна улога.

Првите воени единици и доброволечки одреди чиишто број изнесувал 2 ооо луѓе, со воени возови на 15 април 19о9 г. тргнале од Солун и на 16 април 19о9 г. стигнале во месноста "Чаталца" - 3о км. оддалечено од Истанбул.[1069] Воените возови од 17 до 21 април 19о9 г. непрестано пренесувале војници и доброволци од Солун, Драма, Сер, Гумулџине, Битола и Скопје.[1070] На единиците на "Оперативната армија" во Чаталца, во тие денови почнале да им се приклучуваат и единиците и доброволечките одреди на II арм.корпус предводени од Шефкет Тургут-паша, а командантот на IV арм.корп. во Трабзон побарал транспортни бродови за префрлување на своите регуларни единици и доброволечки одреди во Истанбул.[1071]

Во операциите за задушување на востанието во Истанбул, командата на "Оперативната армија" настојувала да мобилизира 3о ооо војници и доброволци. Таа, според нив, претставувала си-

ла со која ќе можело со успех да се задуши востанието во Истанбул.[1072] А.Мартулков пак наведува дека силите на "Оперативната армија" броеле околу 36 ооо луѓе, а на султанот Абдул Хамид II околу 7о-8о ооо војници.[1073] Според А.Сару, "Оперативната армија" во Чаталџа концентрирала 3о баталјони пешадија, 1 коњички ескадрон, 6 батерии топови, 1 батерија ридски топови и едно митралеско одделение од митралезите "Максим",[1074] односно, според турски извори, 25 пешадиски баталјони, 7 батерии полски, 2 батерии ридски топови и 7 коњички ескадрони.[1075] Кон споменатите сили се приклучиле и единиците и доброволците од Измир.[1076] Така, пред самиот почеток на операциите за задушување на востанието, "Оперативната армија"имала вкупно 32 баталјони пешадиски единици од кои 8 од II и 24 од III арм. корп. и голем број доброволци,[1077] односно вкупно 25 ооо војници од регуларната османска армија и 15 ооо доброволци.[1078]

Со цел правилно да ги информира за целите на "Оперативната армија", командантот на Армијата Хусеин Хусни-паша на 17 и 19 април објавил две прокламации до граѓаните на Истанбул. Прокламациите ги напишал Мустафа Кемал(Ататурк). Во нив било подвлечено дека "Оперативната армија" дошла пред Истанбул од името на народот со цел да го врати уставниот режим во земјата, да го заштити народот и др.[1079]

Некои единици на "Оперативната армија" меѓу 19 и 21 април ги зазеле Јешил Кој (Сан Стефано) и Бакркој, а останатите делови на Армијата го зазеле Кучук Чекмеџе. На 21 април некои единици на "Оперативната армија" стигнале до квартовите "Шишли", "Бешикташ" и "Каг'тхане".[1080]

Од сеуште непознати причини на 21 април 1ѕо9 г. командата над "Оперативната армија" од Хусеин Хусни-паша ја презел

командантот на III арм.корп. Махмуд Шефкет-паша, а должноста началник на штабот на Армијата од Мустафа Ќемал ја презел од Берлин пристигнатиот Енвер-бej. Отстранувањето на Мустафа Ќемал од воената должност и воената сцена, а со тоа и од политичката, подоцна се покажало дека била голема грешка. Неговото отстранување имало тешки последици како за Османската империја, така и за нејзините народи бидејќи на чело на таа Империја застанале луѓе кои нерационално мислеле, биле неопитни, наивни, егоцентрични, кариеристи и авантуристи. Поради тоа Мустафа Ќемал подоцна изјавил: "Јас да ги водев работите Румелија немаше да се испушти од раце".[1081] Иако мошне млад, но, и мошне интелигентен, способен, праведен, искрен и добронамерен, Мустафа Ќемал сигурно не ќе ги направил грешките на лидерите на МП "Единство и напредок" и на Младотурската влада. Тој најверојатно немаше да наседне на провокациите на завојувачките кругови на соседните балкански држави, особено на врховизираните крило на МРО кое било поддржано од официјалните кругови на Бугарија. Прифаќајќи ги провокациите на споменатите земји, младотурците придонеле за создавање на услови за избувнување на Балканската војна со што ја разориле Османската империја до темели, а со тоа била распарчена и Македонија од споменатите балкански држави-завојувачи.

На 22 април 1909 г. во Јешил Ќој се собрале командантите на III арм. корп. и "Оперативната армија"-Махмуд Шефкет-паша, началникот на штабот на III арм.корп.-Пертев-паша, началникот на генералштабот - Али Р'за-паша, командантот на II арм.корп.-Салих-паша, командантот на артилериските единици Хасан Р'за-паша, потоа Џемал-бej, Енвер-бej, Нијази-бej, Јусуф Расих-бej, Ремзи-бej,[1082] Т.Паница и Ј.Сандански со свои

те доброволечки одреди.[1083] Махмуд Шефкет-паша во Јешил Ќој на Ј.Сандански и на хр. Чернопеев им дал задача за напаѓање на султанскиот сарај.[1084]

Во попладневните часови на 22 април во Јешил Ќој одржале заеднички состанок 12о пратеници и 19 сенатори на младотурскиот парламент односно сенат. Состанокот го воделе Саит-паша и Ахмед Р'за-бej. Првата точка од дневниот ред била донесување одлука за детронирање на султанот Абдул Хамид II.Меѓутоа, на тоа реагирал Махмуд Шефкет-паша подвлекувајќи дека било рано за донесување на една таква одлука од причина што на војниците на "Оперативната армија" им било речено дека одат во Истанбул да го спасат султанот Абдул Хамид чијшто живот бил во опасност и да го спасат турскиот народ. Бидејќи, ако војниците ја дознавале намерата на "Оперативната армија" за соборување на султанот Абдул Хамид II тогаш настаните можеле да добијат сосема друг тек, од причина што султанот Абдул Хамид бил мошне сакан[1085] и од војниците и од турскиот народ. На крајот на состанокот пратениците и сенаторите донеле одлука за објавување на една прокламација до граѓаните на Истанбул, која ги уверувала дека "Оперативната армија" се бори за обезбедување на редот, мирот и благосостојбата во земјата, за враќање на конституцијата и др.[1086]

На 22 април 19о9 г. кон единиците на "Оперативната армија" се приклучиле голем број пратеници, угледни граѓани на Истанбул, ученици-меѓу кои биле и учениците на познатата Гимназија "Галатасарај лисеси", студенти, питомци на воени училишта и академии и поморските сили концентрирани на "Босфорот", со што Истанбул бил опколен од сите страни.[1087]

За напад на Истанбул "Оперативната армија" била поде-

лена на 12 оперативни групи кои на 23 април ги почнале операциите за задушување на военото востание и за заземање на градот. Истиот ден биле заземени квартовите"Једикуле","Саматја", "Кумкапи","Јеникапи",касарната во "Давудпаша".[1088] Тој ден жестоки борби се воделе за заземање на касарната во "Фатих" и пред зградата на Владата за чие заземање според очевидецот на тие борби А.Сару со своите доброволци се бореле Нијази-бej и Т.Паница.[1089] Учеството на Т.Паница во борбите за заземање на зградата на Владата го потврдува и турскиот автор Мустафа Муфтуоглу.[1090] Според М.Апостолов во тоа време Ј.Сандански, Хр. Чернопеев, Таско Серски, Ч.Кантарциев и др. македонски доброволци со кои бил и Т.Узер се бореле за заземање на султанскиот Ј'лд'з сарај.[1091]

На 24 април 1909 г. продолжило силното настапување на единиците на "Оперативната армија" на сите делови на градот, при што тие стигнале и до строгиот центар на градот. Тој ден биле заземени квартовите "Галата", "Караќој", "Бејазит","Фатих" и др. делови на градот. Истиот ден, под командата на Махмуд Шефкет-паша, најжестоки борби се воделе во квартовите "Мачка", "Шишли" и "Пангалти" и за заземање на касарните "Ташк'шла" и "Таксим", потоа за заземање на зградата на парламентот, "Топкапи" сарајот и др. Во борбите за заземање на касарната "Ташк'шла" учествувале единиците на Енвер-бej и доброволците на Ј.Сандански.[1092]

По заземањето на касарните "Ташк'шла" и "Таксим" и султанскиот сарај биле скршени последните упоришта на востаниците, а со тоа било целосно задушено востанието на побунетите стрелечки баталјони во Истанбул.[1093]

Во борбите за задушување на востанието "Оперативната

армија" имала 99 мртви и 160 ранети, востаниците имале 297 мртви и 585 ранети.[1094] Не постојат податоци за загинатите македонски доброволци кои според М.Апостолов по барање на Ј. Сандански со сите воени почести биле погребени во гробиштата на Бугарската егзархија во Истанбул.[1095]

По одлука на парламентот на 27 април 1909 г. една комисија составена само од претставници на нетурските народи го детронирала султанот Абдул Хамид II,[1096] а на негово место парламентот го назначил неговиот помлад брат Мехмед Решад ефенди како султан Мехмед Решад V.

По задушувањето на востанието младотурците извршиле масовни апсења меѓу кои се нашле и принцот Сабахадин-бej, Исмаил Ќемал-бej, Низанци Мурад-бej и др., а воените судови по кратка постапка ги осудиле водачите на востанието на смртна казна со бесење. На многу места на градот биле направени многу бесилки. Од нив најмногу на Плоштадот "Ајасофија" каде виселе труповите на 15-20 востаници.[1097]

Во борбите против востанатите стрелечки баталјони во Истанбул голем придонес дале и македонските доброволечки одреди. Во тие борби, особено во борбите за заземање на касарните "Ташк'шла" и "Таксим", зградата на Високата порта, потоа султанскиот сарај голем придонес дале македонските доброволци предводени од Ј.Сандански, Т.Паница, Хр.Чернопеев и др. Имајќи го предвид споменатото, францускиот Рене Пинон пишува дека "без христијаните од Македонија (мисли на Македонците) не би биле можни ни прогласувањето на Уставот во јули 1908 г. ниту пак експедицијата на Махмуд Шефкет-паша во април 1909 година".[1098]

6. Положбата на Османската империја во периодот по задушувањето на Военото востание од 13 април 1909 г.

а. Обидите на МП "Единство и напредок" за приграбување на власта во земјата и донесување на законски акти за правно санкционирање на уставно-парламентарниот режим

Задушувањето на априлското востание во Истанбул било дело на "Оперативната армија" командувана од високите офицери на III и II армиски корпус и голем број доброволци од народите на Македонија и Румелија. По задушувањето на споменатото востание повторно се собрале младотурскиот парламент и сенат, била составена нова влада на чело со Хусеин Хилми-паша и повторно бил воведен собореният конституционен режим во земјата. Меѓутоа, повторното воведување на споменатиот режим, не бил некој настан со кој почнал еден нов период на доминација на МП "Единство и напредок", туку почнал еден период на уставна демократија на чиешто чело застанал моќниот ген. Махмуд Шефкет-паша кој, покрај командата врз воените сили и врз вонредната состојба во Истанбул, ја приграбил и должноста генерален инспектор на I, II и III армиски корпус стационирани во Истанбул, Едирне и Солун. По задушувањето на споменатото востание, ген. Махмуд Шефкет-паша прогласил вонредна состојба во Истанбул, со што поддржуван од војската тој станал главен заштитиик на уставниот режим и судија во борбата меѓу политичарите на победената опозиција и МП "Единство и напредок". Меѓутоа, војската немала некоја посебна идеолигија во управувањето со Империјата. Таа својата задача на заштитиичка на уставната демократија ја вршела во името на законот, редот и дисциплината. Во нивно име таа дури не ѝ дозволила и на МП "Единство и напредок" докрај да ја

уништи либералната опозиција. Војската настојувала да ги спречи политичките судири меѓу МП "Единство и напредок" и нејзината опозиција, бидејќи ниту Махмуд Шефкет-паша, ниту пак другите воени команданти во принцип не биле против либералната опозиција која била поддржана од некои моќни кругови во Империјата, од нетурските народи особено од Грците, Ерменците, Македонците, Арапите и Албанците и од некои големи европски сили, особено од Англија, туку тие биле против употребените методи и средства на либералната опозиција со кои таа ги омаловажувала младотурците и нивниот начин на управување со земјата. Споменатите воени команданти биле и против враќањето на старата султанска власт во земјата. Меѓутоа, со замешувањето на војската во политичкиот живот на Османската империја почнал еден период на воено владеење со неа. Таа воена интервенција создала воена влада на чело со адмиралот Хусеин Хилми-паша и една политизирана воена команда на чело со ген.Махмуд Шефкет-паша со што всушност во Османската империја и современа Турција почнал периодот на интервенција на војската во политиката и работите на државата кој период со извесни прекини траеше до пред неколку години.

По задушувањето на априлското востание од 1909 г. МП"Единство и напредок","настојувала" да се трансформира во граѓанска политичка организација. За да ги поврати својот авторитет и својата моќ, таа настојувала да го усоврши својот систем за прием на членови, да ја усоврши својата организациона поставеност и настојувала да ги усоврши својата политичка програма и др. акти кои биле прифатени од сите народи и слоеви на османското општество. Преку споменатите акти, таа го изразувала својот однос спрема сите актуелни прашања во земјата.

По задушувањето на споменатото воено востание, МП "Единство и напредок" веднаш донела и нова политичка програма која била систематизирана во 34 точки и поделена на два дела по 17 точки.[1099] Најважни биле т.3, 6 - 16 од вториот дел на Програмата.[1100] Меѓутоа, во основите на програмата лежеле поставките на таа од 1908 г. Преку спомената програма МП "Единство и напредок" предлагала да се укине чл.113 на Уставот од 1876 г.(т.3); без разлика на политичка и верска припадност на сите сотатковници им се обезбедувале рамноправност и братски живот. Сите Османлии пред законите на државата биле рамноправни и имале право на вработување во државните институции (т.6); без да го нарушат редот и општата дисциплина сите Османлии имале право да организираат собири, а формирањето на политичките организации би било регулирано со посебен законски акт (т.7); слободата на печатот би била регулирана со посебен акт, а се предвидувало укинување на цензурата врз него (т.8); слободата на образованието станувала еден од важните принципи на Партијата (т.9); основното образование било задолжително и бесплатно, наставата во него би се изведувала на мајчин јазик, а во повисоките училишта на турски јазик. Високите училишта би биле отворени за сите османски деца...Само верските институции би останале надвор од спомената те општи програмски поставки (т.1о); би се препорачувало правно регулирање на односите меѓу работниците и работодавателите (т.11); би се барало правно регулирање и прогресивно реформирање на даночниот систем (т.12); би се работело на унапредувањето на селското стопанство, трговијата и индустријата (т.13) правно би биле регулирани сопственоста врз имотот и би се олеснувало пренесувањето на имотот врз наследно право и ~~за~~ задоволување на потребите на земјоделците со обезбедување на

извесна количина земја на доброволна основа би се подобрувала нивната општа положба (т.14); би се проширувала власта на вилаетските управи при што би биле земени предвид потребите на месното население (т.15); официјалниот јазик на државата и натаму останувал турскиот јазик на кој ќе се водела и целата кореспонденција (т.16).[1101]

Во есента на 1909 г. МП "Единство и напредок" го одржила и својот II конгрес односно четврт по тој од 1902 г. во Париз, на кој бил донесен нов статут од 114 членови распоредени во 17 дела.[1102] Од сите членови, секако најважен бил чл. 1 бидејќи со него биле определени целите и задачите на Партијата и преку него таа го изразувала својот однос и кон нетурските народи во Османската империја. Без разлика на етничка и конфесионална припадност, преку споменатиот член, таа ги повикувала сите Османлии да се обединат во борбата за зачување и зацврстување на конституциониот режим; за обезбедување на слобода и благосостојба за сите Османлии; за морално и материјално издигнување и зајакнување и за зачување на територијалната целост на Османската империја.[1103]

По задушувањето на споменатото априлско востание, МП "Единство и напредок" настојувала да го зајакне веќе "создаденото единство" меѓу народите на империјата. Таа во втората алинеја од споменатиот член на Статутот ја вградила одредбата преку која би се спротивставила со сите уставни средства против сите оние кои би работеле на поделбата на народите на Империјата на етничка и конфесионална основа и кои би се бореле за некаков сепаратизам или ќе организирале востанија и бунтови.[1104]

Со споменатиот статут биле извршени и некои измени и

дополненија во организационата структура и поставеност на МП "Единство и напредок". Таа и натаму имала свој ЦК од три члена, имала вилаетски центри, околиски, нахиски и селски клубови. Според неговите одредби, секоја година на 5 септември, Партијата би одржувала конгрес, а по него би биле одржани и вилаетските конгреси за кои делегатите би биле избрани од околиските, нахиските и селските клубови. Со статутот се барало членовите на Партијата да бидат Османлии и добри сотатковници. Се укинувало полагањето заклетва при зачленување во неа, се укинувале федаиските групи и смртните казни со бесење.[1105]

Во периодот пред победата на Младотурската револуција МП "Единство и напредок" била тајна политичка организација. Меѓутоа, таа така останала и по победата на Револуцијата. Нејзините конгреси во 1908, 1909, 1910, 1911 биле тајни и се одржале во Солун, а на конгресите во 1908 и 1909 г. избраните Централни комитети останале во тајност. Сè уште не се знае точно зошто спомнатата Партија и по победата на Младотурската револуција и задушувањето на априлското востание во 1909 година дејствувала како тајна организација. Тоа денес се објаснува со тоа дека таа пред своите противници се чувствувала немоќна политичка организација и со цел да ја прикрие таа немоќ — се држела во тајност. Не знаејќи ги нејзините лидери, противниците не знаеле кого да го критикуваат или да го обвинуваат за водената политика во земјата. Според второ објаснување, нејзиниот ЦК се држел во тајност поради тоа што тој се борел за создавање на османско единство, а во својот состав немал ниту еден претставник од нетурските народи. Според третото објаснување пак, за да ги постигне своите цели таа прибегнала и кон применување на насилни методи и средства при

што организирала атентати и убиства врз своите политички противници. Такви атентати таа организирала за време на Младотурска револуција, но и по нејзината победа. Во тие рамки таа ги убила Исмаил Махир-паша, Хасан Фехми-бej, Ахмед Самим-бej и др. Од тие причини таа чувствувала потреба и натаму да остане во"илегалност". Меѓутоа, ЦК од своите пратеници во парламентот ја создал легалната МП "Иттихад ве Теракки" и неа ја ползувал како своја обична играчка, не давајќи ѝ никаква слобода на политичко дејствување.

По ликвидирањето на партиите "Ахрар" и "Итихади Мухамеди" во априлските настани во 1909 г. МП "Единство и напредок" во парламентот пред себе ја имала само мошне слабата Османска демократска партија. Од тие причини борбата за власт во парламентот и надвор од него се водела само меѓу МП "Единство и напредок" и моќниот командант Махмуд Шефкет-паша. Со назначување на младотурците Давид-бej за министер за финансии и Талат-бej за министер за внатрешни работи, младотурците до извесна степен го зголемиле своето влијание во владата и земјата воопшто. Меѓутоа, вистински владетел во земјата и натаму останал ген. Махмуд Шефкет-паша. Махмуд Шефкет-паша настојувал војниците да ги држи подалеку од политиката и од влијанието на МП "Единство и напредок". Од друга страна пак, тој се борел и против политиката на владата на Хусеин Хилми-паша која се обидувала да го стави под своја контрола воениот буџет и војската воопшто. Останувајќи под контролата на владата и војската, младотурските пратеници во парламентот не успеале да го зачуваат своето единство. Така во февруари 1910 г. еден дел од нив "дезертирале" од својата партија и ја создале Османската народна партија.[1106] Набрзо некои пратеници од нетурските народи се

здружиле со некои младотурски пратеници со полиберални определби и ја создале Партијата на умерените либерали.[1107] Поради владеењето на вонредната состојба во Истанбул, споменатите пратенички групи не успеале да дејствуваат како политички партии, туку во парламентот останале и дејствувале само како политички групи кои се бореле и против МП"Единство и напредок" и против владата на Хусеин Хилми-паша, а подоцна и против владата на ген. Хаки-паша. Дејствувањето на споменатите политички групи во парламентот се зајакнало по конституирањето на Партијата "Хуријет ве Итилаф" во ноември 1911 г.[1108]

Денес сè уште не се доволно расветлени многу работи околу создавањето и дејствувањето на "Оперативната армија" и нејзиното дејствување во задушувањето на воен БУНТ од 13 април 1909 г. во Истанбул. Според едни историчари "Оперативната армија" била дело на ЦК на МП "Единство и напредок", а според други таа била дело на уставно-демократски настроени високи воени команданти на III и II Армија во Солун и Едирне. Во секој случај,не може да се омаловажи улогата на ЦК на МП "Единство и напредок" во создавањето на споменатата армија и во задушувањето на априлското востание во Истанбул. Поради тоа, МП "Единство и напредок" се сметала како политичка организација која ја организирала Младотурската револуција и го задушила априлското востание во 1909 г.

По победата на есенските избори во 1908 г. МП "Единство и напредок" станала владејачка партија во османскиот парламент. Иако се сметала како таква, таа сепак не ја презела сета власт во свои раце. На чело на владата застанале познати генерали, адмирали и големи везири од времето на султанот Абдул Хамид II. Таа ситуација траела сè до соборувањето на

тогашната влада од страна на Енвер-бej во јануари 1913 г. Меѓутоа, денес сите се единствени во оценката дека политичкиот живот на II Конституција завршил со убиството на ген. Махмуд Шефкет-паша на 12 јуни 1913 г.[1109]

Во историската наука постојат различни претпоставки зошто МП "Единство и напредок" не ги поставила своите луѓе на чело на владата? Според едни, младотурците не сакале да застанат на чело на државата, тие ги оставиле работите да течат по нивен тек. Впрочем, тие и неможеле да направат нешто повеќе од тоа што направиле, бидејќи самите биле свесни дека со ситни поштенски и др. службеници како што бил Талат-бej, млади п. поручници и капетани не можеле да формираат влада на една таква голема империја. Тие биле неискусни и наивни политичари кои немале никаква врска со револуцијата. Меѓутоа, покрај сето тоа, тие сепак по секоја цена настојувале да ги заземат многу важните министерски ресори за внатрешни работи, финансии и оружените сили во владата на Хусеин Хилми-паша. Незадоволна од Хусеин Хилми-паша и неговиот начин на управување со земјата, користувајќи го своето огромно пратеничко мнозинство во парламентот, МП "Единство и напредок" почнала да ја напаѓа него и неговите министри дека биле луѓе на стариот режим и дека меѓу нив немало министри - младотурци. Како резултат на тој притисок, на местото на Ферид-паша, за министер за внатрешни работи бил назначен Талат-бej, за министер за финансии Џавид-бej, а за министер за трговија Халачијан-ефенди. Изборот на овие тројца министри претставувало голем успех и прв позначаен чекор на МП "Единство и напредок" во борбата за преземање на власта во свои раце во Османската империја.

Од Хусеин Хилми-паша разочараните и незадоволните мла-

дотурци под услов да се откаже од поддршката на Англија, му понудиле на Камил-паша да го назначат за претседател на владата на местото на Хусеин Хилми-паша. Меѓутоа, Камил-паша, како и дотогаш, со својот омаловажувачки однос спрема младотурците, го одбил нивниот предлог.[1110] По тој неуспешен обид, младотурците на 12.I 191о г. на местото на Хусеин Хилми-паша за претседател на владата го назначиле ген. Хаки-паша, а во неговата влада министер за внатрешни работи повторно станал Талат-бej, за финансии-Џавид-бej, за образование-Исмаил Хаки-бej, за надворешни работи-Рифат-паша, за правда-Нецмедин Мола, на Управата за вак'фи-Нури-бej, а министер на војната станал Махмуд-Шефкет-паша. Со тоа, МП "Единство и напредок" ги зазела најважните министерски ресори во владата што претставувало знак дека таа сè повеќе ја зголемувала својата политичка и владејачка моќ во управувањето со земјата. Меѓутоа, МП "Единство и напредок" и со назначувањето на Хаки-паша за претседател на владата, не го решила прашањето за намалување на влијанието и моќта на Махмуд Шефкет-паша во земјата, бидејќи, младиот Хаки-паша не бил во состојба да му се спротивстави на моќне искусниот воен командант-како што бил Махмуд Шефкет-паша. Во есента на 191о г. за потребите на оружените сили Махмуд Шефкет-паша побарал дополнителни средства во износ од 3 милиони т.л. По одбивањето на неговото барање, тој поднесол оставка, за што младотурците се растревожиле и кај него ги испратиле д-р Наз'м-бej, Рахми-бej и Халил-бej да го замолат да ја повлече својата оставка. По задоволување на неговото барање со обезбедување на 3 милиони т.л. тој ја повлекол својата оставка за што овој пат младотурците се радувале. Тоа е доказ дека, иако во владата на Хаки-паша младотурците

имале неколку мошне значајни министерски ресори, тие сé уште биле далеку од тоа сета власт да ја приграбат во свои раце. Тие сé уште имале потреба од еден моќен човек каков што бил Махмуд Шефкет-паша, со кого не биле во добри односи. Оставката на Махмуд Шефкет-паша ги растревожила младотурците бидејќи, настаните од 13 април 1909 г., зајакнувањето на опозицијата, внатрешните немири на нетурските народи, ги вознемирувале и ги растревожувале.

Во периодот до избувнувањето на априлското воено востание во Истанбул, поради своето неискуство и незнаење, младотурскиот парламент не успеал да направи нешто порадикално за општото преуредување на османското општество. Меѓутоа, по задушувањето на споменатото востание, тој пристапил кон "потемелно" преуредување на стариот режим, кон исправање на своите пропусти и кон "револуционерно" решавање на актуелните проблеми во земјата. Парламентот пристапил кон уставно реформирање на османската држава. Во споменатиот период тој изгласал низа закони и извршил промени на одредбите на Уставот од 1876 г.[1111)] Со донесените закони, парламентот всушност правно го санкционирал уставно-парламентарниот режим односно старата апсолутистичка монархија ја трансформирал во уставно демократска монархија. Некои закони од нив се однесувале за административно и правно-политичко регулирање на односите во општеството, некои од нив претставувале обид за трансформирање на феудалните односи во уставно-демократски и капиталистички, а некои од нив пак се однесувале за регулирање на слободата, правата и должностите на нетурските народи во Османската империја. Споменатите закони всушност го изразувале и односот на МП "Единство и напредок" спрема акутните прашања во осман-

ското општество. Од актуелните прашања сепак најактуелни биле националното, аграрното, работничкото, административната децентрализација и др. прашања. Решавањето на споменатите прашања значело консолидирање на општите состојби, зајкнување и зацврстување на единството меѓу народите, зацврстување на новиот уставен поредок, спречување на интервенциите на големите европски сили и соседните балкански државички во внатрешните работи на Османската империја, а сето тоа би придонесувало да се сочува националната независност и територијалната целост на Османската империја, а во нејзините граници и на Македонија.

По задушувањето на априлското востание не дошло до некои радикални промени во односот на МП "Единство и напредок" спрема националното прашање, туку дошло до промени во изборот на методите и средствата за решавањето на тоа прашање.Во периодот до избувнувањето на споменатото востание, за реализирање на идејата за создавање на единствена османска нација, споменатата партија водела преговори со националните малцинства и се обидувала да ги убеди нив за прифаќање на нејзината идеја за создавање на османсака нација. Во тој контекст,со цел да го зајакнат својот авторитет меѓу националните малцинства, и со цел да го спречат нивното евентуално настапување против владата и државата, по задушувањето на априлското востание во Истанбул, младотурците решиле да изнајдат некаков компромис со нетурските народи во земјата. Младотурците сакале да докажат дека не биле против почитувањето и реализирањето на принципот за административна децентрализација и дека биле расположени и подготвени да прават и некои остапки на тој план. Од поднесениот извештај на рускиот конзул во Скопје А.А.Орлов, до Зиновјев, на 16 јуни 1909 г. може да се види

дека во почетокот на јуни 1909 г. во Скопје стигнале два ца видни претставници на ЦК на МП "Единство и напредок" - д-р наз'м-бej и Наци-бej кои биле задолжени од владата, да ја обезбедат поддршката на месните бугарски национални клубови (најверојатно се однесува за придобивање на НФП). Тие биле овластени дури за време на преговорите да внесат и неколку предлози кои биле блиски на принципот на административната децентрализација.[1112] Д-р наз'м-бej и Наци-бej биле задолжени да ги запознаат граѓаните на Скопје со целите и задачите на политичката програма на МП "Единство и напредок", а потоа од претставниците на Скопскиот вилает да формираат месни комисии, кои би имале задача да се зафатат со разрешување на спорните училишни и црковни прашања. За таа цел биле формирани девет комисии и во секоја од нив влегол по еден офицер-член на месната организација на Партијата "Единство и напредок".[1113]

Неуспехот на МП "Единство и напредок" преку преговори да ги придобие нетурските народи за реализирање на идејата за создавање на единствена османска нација во Османскат империја "ја принудил" споменатата партија, таа идеја да ја реализира преку своето големо пратеничко мнозинство во парламентот. Поради тоа, од јуни 1909 г. со изгласување на низа закони, младотурскиот парламент почнал да ги ревидира или да ги стеснува политичките права на нетурските народи.

Политиката на младотурскиот парламент по прашањето за создавање на единствена османска нација всушност била политика на МП "Единство и напредок". Таа политика во споменатиор период честопати се нарекувала и како политика на "отоманизирање" на нетурските народи во Османската империја. Меѓу-

тоа, младотурската политика за "османизирање" на нетурските народи немала иста цел и исто значење како таа на Австро-Унгарија за "германизирање" или "унгаризирање" на словенските народи во споменатата империја. Зборот "Османлија" значело име на една династија. Поради тоа, тоа име немало никакви национални белези и вредности. Впрочем, во тоа време еден дел од нетурските народи кои во свои раце ги држеле основните позиции во производството и трговијата односно капиталот и внатрешните и надворешните финансиски операции, биле во служба на државните институции и веќе тогаш биле "османизирани". Тоа "османизирање" било реализирано без да се бара од нив да се откажат од своите етнички и конфесионални припадности. Ете, споменатото "османизирање", младотурците сакале, и се обидувале да го прошират и со него да ги опфатат сите делови, народи, конфесии и социјални слоеви на османското општество. Поради тоа, некои критичари и историчари, споменатата младотурска политика на "османизирање" на нетурските народи ја поистоветуваат со политиката за потурчување на тие народи.[1114] Меѓутоа, младотурците тогаш веќе го османизирале и самиот турски народ, кој не можел дури да го употребува своето национално име и својот мајчин турски јазик. Не треба да се испушти предвид и фактот дека во 1909 г. сеуште било рано да се заборува за еден општ турски национализам односно турцизам. Таква една свест кај младотурците се појавила по "анексионистичката криза" во октомври 1908 г., а кај широките маси на турскиот народ дури по турско-италијанската војна во 1911 г. односно за време на Балканската војна во 1912 г.[1115] Додека пак употребата на османско-турскиот јазик не ја сочинувала суштината на проблемот за создавање на

замислената османска нација, бидејќи образованите луѓе на нетурските па дури и на христијанските народи подобро го знаеле говорниот и писмениот османско-турски јазик од мнозинството ообразовани Турци. Тоа било резултат на фактот што христијанските училишта надвор од државните елитни училишта и од новите младотурски уставни училишта-биле подобри од општите турски училишта.[1116)]

Идејата за создавање на османско единство во Османската империја се поистоветувала со поимите рамноправност, слобода, правда и братски живот меѓу сите народи на заедничката османска татковина. Има многу случаи во кои дошле до израз и јавното манифестирање на таа желба и определба од страна на најистакнатите лидери на МП "Единство и напредок", па дури и од самиот султан Мехмед Решад V.

По задушувањето на априлското воено востание во 1909 година, околу 50 загинати војници и доброволци од разни народносни и верски потекла, со сите почести биле закопани во една заедничка гробница во Истанбул. По извршениот закоп,присутниот Енвер-бej одржил говор во кој меѓудругото рекол: "Муслиманите и христијаните и кога живеат и кога умираат,без разлика на нивната расна припадност и убедување се закопуваат еден до друг како другари-патриоти".[1117)]

За време на својата турнеја по Македонија и Косово во јуни 1911 г. султанот Мехмед Решад V од 11-15 јуни се задржал во Скопје каде бил сместен во Училиштето " Mektebi Sultani "[1118)] Со него бил и големиот везир кој пред присутните граѓани одржил и говор. Пред присутните граѓани била построена и една група деца-ученици, Турци, муслимани и христијани. Султанот Решад разговарал со построените ученици, нив ги

милувал, им поделил златници и на крајот им рекол: "Ете секогаш вака како браќа бидете, а јас сум ви татко!..." 1119)

Идејата за создавање на османско единство како императив за сочување на територијалната целост на Османската империја, а во нејзините граници и на Македонија била прифатена и од НФП, Ј.Сандански, хр. Чернопеев, Т.Паница, Димо Хаџи Димов и др. лидери на МРО. На одржаниот митинг во Лерин на 3о. хII 19о9 г.,во врска со споменатата определба истакнатиот лидер на Леринското народно движење - Соле Стојчев рекол: "Браќа треба да заработиме за отоманизам, во смисла на дело, да се збратимиме, за да ја запазиме територијалната целост на Македонија, зошто таму е нашиот спас, инаку ние ќе станеме плен на завојување на диви инспиратори и претенденти на Македонија, кои што бараат богатство во нашата земја". 1120)

Меѓутоа, треба да се подвлече и фактот дека покрај сите желби и настојувања на МП "Единство и напредок", на младотурскиот парламент, владата и на др. државни институции за создавање на османска нација во Империјата, претрпеле неуспех, а вината за тој неуспех била префрлена на христијанските народи и на завојувачките кругови на соседните балкански државички Бугарија, Грција и Србија. Во врска со споменатото претставникот на англискиот конзулат во Битола во август 191о година приведува дека на еден затворен состанок на ЦК на МП "Единство и напредок" во Солун, Талат-бej рекол: "...Ние во нашата историја преку шеријатот успеавме кај стотини илјади муслимани да го создадеме чувството за припадност кон отоманската нација. Единствено христијаните тврдоглаво се спротивставуваа кон тоа и станаа причина за необезбедување на вистинска рамноправност меѓу сотатковниците. Ние направивме неуспеш-

ни обиди за отоманизирање на христијаните. Впрочем нашите обиди за отоманизирање на христијаните беа осудени на неуспех од причина што соседните балкански независни држави успеа да всадат сепаратистички идеи и стремежи кај христијанското население во Македонија. Поради тоа, не може да стане збор за обезбедување на вистинска рамноправност меѓу сотатковниците во Македонија и за нивно отоманизирање, сé додека не ги ликвидираме поттикнувањата и пропагандите на соседните балкански држави".[1121)]

По задушувањето на военото востание од април 1909 г. младотурците ја анализирале својата дотогашна аграрна политика и решиле да одат по линија на помал отпор спрема големопоседниците и нивниот однос спрема аграрната политика значело законско санкционирање на танзиматската политика за зајакнување на владеењето на големопоседниците во Османската империја.[1122)] Младотурците ги поттикнувале споменатите големопоседници за модернизирање на селското стопанство. Тоа станало и официјална политика по аграрното прашање на младотурците. Таа младотурска аграрна политика била потврдена на сите конгреси на Партијата "Единство и напредок" до Балканската војна. По задушувањето на споменатото априлско востание, младотурските пратеници повеќе не го споменувале во парламентот прашањето за доделување земја на безимотните селани, туку донесувале одлуки за отворање на земјоделски училишта, за обезбедување на подобри услови за унапредување на селското стопанство и одлуки за ликвидирање на сите пречки кои го попречувале поттикнувањето и унапредувањето на селското стопанство, трговијата и индустријата во земјата. Тие ветувале дека со закони ќе ги регулирале односите меѓу големопоседниците и безимот-

нните селани и купопродажните односи во селското стопанство.[1123] Тие исто така ветувале дека зависно од материјалните можности на државата, би го намалиле ашарот за 5о% и неговото собирање би се вршело според катастарски приходи. Тие давале и др. ветувања кои оделе во прилог на подобрувањето на општата состојба на безимотните и малоимотните селани. Нивната политика не била насочена кон реформирање на селското стопанство и кон разрешување на аграрното прашање, туку таа била насочена кон модернизирање на методите и средствата за работа и производство на селското стопанство. Меѓутоа, споменатото модернизирање било помалку значајно од развојот на индустријата и трговијата во земјата со што тие забрзано работеле за воведување на капиталистичките односи во османското општество. Младотурците планирале со создавање на една подобра сообраќајна мрежа во земјата да го унапредат селското стопанство. Тоа го потврдил и министерот за финансии Цавид-бej во својот говор на 11 август 191о г. во Солун кога рекол: "... во наредните 5 години ќе бидат изградени патишта во должина од 3о ооо км и на постојните 6 ооо км. железнички линии ќе бидат додадени уште 9 ооо км железнички линии, со што османските земјоделци подобро ќе ги пласираат своите производи и во внатрешниот и во надворешниот пазар."[1124] Освен споменатите сообраќајници, младотурците планирале, покрај тие во Коња и Киликија да градат и нови системи за наводнување во Анадолија и Месопотамија, да воведат механизација во селското стопанство при што тие во 1911 г. во Измирскиот вилает веќе имале 4 ооо метални плугови, 15о моторни драсканици, 5о култиватори и 1оо комбајни.[1125]

Во периодот од почетокот на мај 19о9 г. до крајот на

септември истата година во османскиот парламент биле разгледани 73 законски проекти од кои 53 биле прифатени и изгласани, а од 668 дадени предлози од пратениците за изготвување на нацрт закони биле прифатени само 158 и истите за изготвување биле поделени на министерствата на османската влада.[1126]

Од споменатите закони најважни биле законите "Serseri ve Mazanne-i Sû' Eşhas Hakkında Kanun"(26.IV 1909),[1127] "Anâsır-ı Gayri Müslimenin Kur'aları Hakkında Kanun"(25.VII 1909),[1128] "Taatil-i Eşgal Kaanunu"(27.VII 1909),[1129] "Cemiyetler Kanunu" (3.VIII 1909),[1130] "Kamu Toplantıları Kanunu" (27.V 1909),[1131] "Rumeli Vilâyatında Şekâvet ve Mefsedetin Men'i Mütecasirlerinin Takip ve Tedibi Hakkında Kanun-u Muvakkat" (14.IX 1909),[1132] "Maarif Kanunu" (8.VI 1909),[1133] "Matbuat ve Matbaalar Kanunu" (16.VII 1909),...[1134]

Со донесување на споменатите и многу др. закони младотурскиот парламент ѝ обезбедил право на владата да интервенира во ситуации кога незадоволните елементи во Империјата би организирале бунтови или востанија со кои би биле нарушени општествениот ред, мир и дисциплина или би претставувале опасност за уставниот поредок и територијалната целост на османската држава.

За обезбедување на единство и напредок во Империјата според младотурскиот парламент единствена формула за сите народи на Османската империја било создавање на единствен образовен систем во неа. Поради тоа, парламентот и владата се стремеле целиот систем на образование да го стават под непосредната контрола на Министерството за образование. За таа цел, по отклонувањето на стравот кај некои христијански пратеници дека со законот за образование не ќе биле нарушени

правата на христијанските народи за верската настава, на 8 јули 1909 г. Законот бил разгледан и изгласан во парламентот.На донесувањето на споменатиот закон се спротивставиле грчките, ерменските, македонските и српските пратеници, додека пак еврејските пратеници гласале за законот. Споменатите христијански пратеници барале Законот да се дополни со зборовите "ќе се сочува стариот систем на образование".[1135] Грчкиот пратеник од Истанбул - Козмиди-ефенди тврдел дека единствениот систем на образование во земјата можел да одигра значајна улога во создавањето на единство меѓу народите, но, тој истовремено барал етничките заедници да го организираат своето образование според своите дотогашни наставни програми. Барањето на пратеникот Козмиди-ефенди го подржале и пратениците Јорго Хинејос (Солун), Панче Дорев (Битола), Крикор Зохраб (Истанбул) и Бошо-ефенди кој подвлекол дека новиот закон ги доведувал во опасност традиционалните и старите национални особености и вредности на христијанските народи на што од името на МП "Единство и напредок" реагирал Давид-бej со зборовите: "...Основното образование за сите народи ќе биде задолжително и бесплатно и тоа ќе се изведува на мајчиниот јазик на нетурските народи".[1136]

Предмет на големи расправии во парламентот станал и Законот за служење војска и на христијанските народи. Христијанските народи во принцип не биле против донесувањето на споменатиот закон. Меѓутоа, барале да се обезбедат некои услови за христијанските војници во османската војска. Грчкиот патријарх на пример барал за христијанските војници да се формираат посебни воени единици и касарни и да се дадат гаранции дека немале да бидат исламизирани.[1137] Законот предвидувал ослободување од служење војска на христијаните кои ќе плаќале

данок за таа цел, со што владата планирала годишно да собира средства во износ од 12о ооо т.л.[1138] Од друга страна пак, прифаќањето на барањата на грчкиот Патријарх не претставувало никаков проблем за османската држава. Така и споменатиот закон бил изгласан со што била реализирана и уставната одредба за обезбедување на рамноправноста меѓу сотатковниците кои имале исти права и должности во одбраната на земјата. Со плаќање на воениот данок, многу христијани се ослободиле од служење војска, но, имало и многу од нив кои се запишале во османската војска.[1139]

Предмет на бурни расправи во османскиот парламент станал нацрт-законот за здруженија.[1140] На споменатиот нацрт реагирале младотурските пратеници - "дезертери" од МП "Единство и напредок" и приклучени на либералната опозиција, и пратениците на нетурските народи, особено грчките, ерменските и македонските пратеници. Најважни членови со кои се стеснувале или ограничувале политичките права на османските сотатковници биле чл.3,4,6,13,15,18.[1141] Со донесување на овој закон парламентот и владата имале за цел да ги стават под своја контрола сите културно-уметнички, литературни и др. неполитички друштва и да ги забранат политичките партии и организации кои биле создадени на етнички и конфесионални основи. Во расправата при донесувањето на законот, младотурските пратеници нагласувале дека политичките организации кои биле создадени на верски и национални основи, имале сепаратистички стремежи и вршеле диверзија врз единството на османската држава. Според младотурските пратеници законот не бил донесен за културна и политичка доминација на турската нација односно МП "Единство и напредок", туку за спречување на нивната културна

и др. доминација. Според нив, законот не го спречувал натамошното постоење на културно-уметничките, литературните, добротворните и др. неполитички друштва и организации во Османската империја. Според чл.4 од законот, политичките здруженија не можеле однапред да имаат народносни обележја т.е. не ќе можеле повеќе да постојат ни српската организација, ниту пак бугарските и другите конституциони клубови под тие имиња. Меѓутоа, принципот на политичкото здружување со законот не бил укинат. А што се однесува на програмата на работата на здруженијата, тенденцијата на законот била да ја ограничи нивната политичка работа и што повеќе да ги стави под контролата на владата.[1142]

Нетурските народи, особено христијанските, не ги прифатиле објаснувањата на младотурските пратеници во врска со целите на законот за здруженија. Ерменскиот пратеник од Ерзурум - Вартакес-ефенди, во својата дискусија подвлекол дека целта на законот била со сила создавање на планираното османско единство и ја предупредил владата дека изгласувањето на законот ќе предизвикало големо незадоволство кај христијанските народи па дури ќе избувнале и востанија.[1143] Битолскиот пратеник Панче Дорев во својата дискусија подвлекол: "Треба да се обезбедат услови за слободен развиток на сите национални малцинства во Османската империја. Нивниот слободен развиток продолжил Дорев, истовремено значи и придонес за општиот развиток на османската држава и османското општество. Турците и Бугарите се земјоделци, а Грците и Ерменците се трговци. Поради тоа, обединувањето на овие разнонародни елементи ја создава и силата на османската нација".[1144]

Против донесување на споменатиот закон бил и пратеникот од Серез - Христо Далчев кој во својата дискусија рекол: "не

може со изгласување на закони да се обединат разнородните елементи во земјата, туку, тоа може да се постигне само со обединување и реализирање на нивните заеднички интереси".[1145]

Изгласањето на Законот за здруженија го манифестирало односот на МП "Единство и напредок", парламентот и владата кон нетурските народи во Османската империја, а нетурските народи пак требало да сватат дека напоредно со преговорите за зближување и спогодување со разни народности, младотурците ќе донесувале и програми за уништување на сите националистички организации во кои тие никогаш не престанале да гледаат сепаратиртички тенденции. Тоа го правеле поради тоа што, тие во тоа време уште не биле доволно моќни и поради општите состојби во Османската империја за што тие ~~тие~~ одлучиле на тој план да преземаат порешителни мерки.[1146]

Донесувањето на Законот за здруженија, особено неговиот чл.4 според кој се предвидувало затворање на уставните клубови на нетурските народи, ги растревожило и ги раздвижило споменатите народи. Според српскиот конзул во Битола-Љуб.М. Михаиловиќ, освен претставниците на еврејскиот клуб, претставниците на бугарскиот, српскиот, грчкиот и влашкиот клуб, кон кои подоцна се приклучиле и претставниците на албанскиот уставен клуб, се договориле да преземаат заеднички чекори за енергично протестирање на донесувањето на споменатиот закон, да побараат во сенатот да се измени тој закон, да организираат протестен митинг против негово донесување во парламентот, да бараат од парламентот да не го изгласа, сенатот и султанот да не го одобрат и да разговаат со валијата на вилаетот од кого преку претставникот на бугарскиот уставен клуб д-р Николов биле известени дека тој бил против затворањето на

народносните клубови и дека тој не би смеел да примени таков закон во својот вилает.[1147] Од извештајот на конзулот Михаиловиќ од 25 јули 1909 г. може да се види дека младотурскиот комитет во Битола ја одбил поканата за учество во заедничкиот протестен митинг со другите христијански народи. Истото го направиле и претставниците на албанскиот и влашкиот клуб, а по заедничкиот разговор со валијата на 19 јули 1909 г. протестна телеграма до сенатот била испратена само од бугарскиот, грчкиот и српскиот клуб, на што завршил и целиот протест на конституционите клубови во Битола околу изгласувањето на чл.4 од Законот за здруженија.[1148]

Донесувањето на споменатиот закон предизвикало големо незадоволство и меѓу нетурските конституционите клубови и народи во Солун. Српскиот вице конзул во Солун, С.Ј.Томиќ во врска со тоа незадоволство во својот изнештај до МИД на Србија од 31 јули 1909 г. пишува: "...овдешните Бугари, кои и припагаат на Демократската партија, закажуваат за оваа недела митинг, на кој ќе се донесе протестна резолуција против изгласаниот закон за здруженија заедно се чл.IV. на овој митинг не се поканети Србите и Грците".[1149]

Од извештајот на вице-конзулот Томиќ од 1 август 1909 г. може да се види дека претставниците на уставните клубови на 31 јули 1909 г. одржале конференција на која донеле одлука на претседателите на сенатот, владата, парламентот и на министерот за внатрешни работи да испратат депеша со следнава содржина: "Четвртиот член на Законот за здруженијата наместо да го зацврсти единството и спогодбата меѓу отоманските народи кои се синови на истата татковина, ќе биде причина за расправии несогласувања. Тој член е совршено противен на основните принципи на уставноста, на секоја слобода и интересите на

татковината. Поради тоа, во името на среќата и спасот на нашата татковина, протестираме против него и ве молиме тој да не се однесува (нечитлив) на санкции. Потписи: за арнаудскиот клуб-Митад, за бугарскиот-Геров, за демократскиот-Мирасчиев, за грчкиот-Д.Ризов, за српскиот клуб-Чемерикиќ". 1150)

Периодот по задушувањето на априлското востание во 1909 година во Истанбул, се карактеризира со продлабочувањето на поделбата и разликите меѓу ЦК на МП "Единство и напредок" и младотурските пратеници во парламентот кои ја конституирале МП "Единство и напредок" како дел на ЦК на Партијата во Солун. Така МП "Единство и напредок" била поделена на две фракции - на "десницата" предводена од нејзиниот ЦК во Солун, околу кој се собрале постари луѓе кои биле повеќе настроени за зацврстување на централизмот и авторитаризмот во управувањето со земјата и на "левицата" која била помногубројна, била составена од помлади луѓе кои се залагале за зајакнување и зацврстување на уставната демократија, се залагале за воведување на порадикални и полиберални реформи во земјата, а во нејзините граници обезбедување на вистинска слобода, рамноправност, правда и др. права на нетурските народи во една преуредена Османска конфедерација. 1151)

Видни разлики меѓу споменатите младотурски фракции се појавиле веднаш по победата на Младотурската револуција, а се продлабочиле по прашањето за односот на МП "Единство и напредок", парламентот и владата спрема Австро-Унгарија, Бугарија, Крит и Грција во "Балканската анексионистичка криза" во почетокот на октомври 1908 г.. Додека "десницата" се залагала за еден поумерен однос спрема споменатите земји, полибералната "левица" се залагала за преземање на поенергични па дури и

воени акции против споменатите земји, особено против Бугарија, Крит и Грција.

Разликите меѓу споменатите младотурски фракции дошле до израз и во односот на МП "Единство и напредок" спрема нетурските народи во Османската империја. Српскиот вице-конзул во Солун-С.Ј.Томиќ во еден свој извештај пишува дека младотурската "десница" се залагала преку законот за образование во училиштата-наставата да се изведува само на османско-турски јазик, дека младотурската "левица" одлучно се спротивставила на тие и на намерите на "десницата" за изгласање на чл.4 на законот за здруженија, барајќи сите прашања да се решаваат во духот на демократијата и либерализмот и да не се посегнува по националните чувства на народите.[1152] Од тие причини продолжува вице-конзулот Томиќ "младите членови на МП 'Единство и напредок' се постојано во судир со останатите членови на партијата кои се помалку либерални...До целосно раскинување меѓу овие групи од кои помладата е појака - уште не дојде...Но некоја посериозна грешка на постарите, младите повторно ќе стапат во акција и јасно ќе се откинат од првата група".[1153]

Од сигурни извори информираниот вице-конзул Томиќ, тврди дека и на конгресот на Партијата "Единство и напредок" во 1909 г. се расправало за законот за здруженија и дека одредбите на чл.4 од тој закон ги поделиле делегатите на конгресот на три групи. Младотурците од првата група се залагале за неодложната примена на закнот; делегатите од втората група сметале дека не требало тој закон да се примени сè додека по редовен пат не бил усвоен во парламентот; а делегатите од третата група сметале дека чл.4 од законот требало да се измени во полиберална смисла или целосно да се исфрли. На конгресот не

била донесена никаква резолуција по тоа прашање, меѓутоа, вице-конзулот Томиќ подвлекува дека ~~прифаќањето на~~ ставот на третата група имало малку изгледи да биде прифатено бидејќи таа била најмалубројна.[1154]

По долги дебати во парламентот, каде извесен број полиберално настроени младотурски пратеници биле против донесувањето на споменатиот закон, особено неговиот чл.4; по бурни реакции и протести на нетурските народи во сите делови на Османската империја, сепак Законот за здруженија бил изгласан, и од почетокот на ноември 1909 г. стапил во сила со што почнало и затворањето на конституционите клубови и др. политички организации на нетурските народи во Османската империја кои биле формирани на етнички и конфесионални основи.[1155] Српскиот конзул во Битола Љуб.М.Михаиловиќ приведува дека валијата на Битолскиот вилает ги повикал кај себе претседателите на сите национални клубови во градот и им наредил во рок од три дена да се усогласат со Законот и да ги затворат своите клубови.[1156] Незадоволни од наредбата на валијата, претседателите на конституционите клубови во градот, на 6.XI 1909 г. му предале на валијата една заедничка протестна преставка, по која преставка изнервираниот валија изјавил дека клубовите ќе бидат затворени во рок од 24 часа и дека подносителите на преставката не требале да очекуваат некаква помош од Истанбул по испратените депеши кои се споменувале во дадената преставка.[1157] По одбивањето на преставката на уставните клубови, властите го затвориле бугарскиот клуб, ги одбиле правилата на Грците за создавање на ново политичко здружение, а со некои измени ги прифатиле правилата на Србите за создавање на неполитичко Добротворно односно Просветно друштво.[1158]

Полицијата во Скопје побарала од конституционите клубови да ги почитуваат одредбите на законот за здруженија, да ги извадат своите фирми и да престанат да постојат како национални институции. Својата фирма најнапред ја извадил бугарскиот, а по него српскиот и најпосле арнаутскиот клуб.[1159] Потоа во Скопје пишува српскиот весник "Вардар" - "останаа само турски клубови и организации. Во нив како и досега ќе влезат такви луѓе од немуслиманските народи кои во редовите на својот народ и така нема место, со што народностите за секогаш ќе бидат отстранети од секакво влијание на политичкиот живот на својата сопствена земја и држава. Слободата и уставниот поредок од сега ќе постојат само за муслиманите, а ние ќе бидеме подредена класа на сотатковници, како што бевме за време на стариот режим..."[1160]

Според Д.Влахов, Законот за здруженија[1161] бил насочен против социјалистичките, републиканските и националните партии во Османската империја.[1162] Поаѓајќи од убедувањето дека МП "Единство и напредок" била партија на сите народи на Османската империја без разлика на нивната етничка и конфесионална припадност, дека таа ги изразувала и ги заштитувала интересите на тие народи, поради што немало потреба од создавање и постоење на други политички партии и организации особено такви кои биле засновани на етнички и конфесионални основи, ЦК на МП "Единство и напредок", младотурскиот парламент и влада, законот за здруженија го насочиле против политичките организации на нетурските народи вклучувајќи ги и тие на муслиманските народи-Арапите, Албанците, Курдите и др. Меѓутоа, треба да се подвлече и фактот дека сепак тој закон првенствено и најмногу бил насочен против политичките

организации на нетурските народи во Македонија каде освен НФП сите други биле всушност орудија на завојувачките кругови на соседните балкански држави Бугарија, Србија и Грција-претенденти врз османската територија-Македонија. Освен НФП, споменатите политички организации, особено бугарските, српските и грчките уставни клубови навистина биле сепаратистички организации, кои имале далекусежни стремежи за подготвување почва за оружена интервенција на своите покровители во Македонија и др. делови на Румелија и нивната меѓусебна поделба. Преку споменатите уставни клубови всушност почнале и легалните политички и др. интервенции на Бугарија, Србија и Грција во Македонија односно европските делови на Османската империја. Тие интервенции претставувале и најголема опасност по територијалната целост на Османската империја, а во нејзините граници и на Македонија. Впрочем, за спречување на споменатите интервенции и тие на големите европски сили била организирана и Младотурската револуција во 1908 г. Не треба да се испушти предвид и фактот дека и собореният султански и новиот уставно-парламентарен режим во периодот по завршувањето на Големата источна криза во 1878 г. биле најосетливи кога се работело за сочување на територијалната целост на Македонија односно Румелија. Тоа доаѓало оттаму што во споменатите османски територии доаѓало до најчести и најголеми политички и оружени интервенции на големите европски сили и на соседните балкански држави-Бугарија, Србија и Грција, со што се доведувал во прашање и општиот натамошен опстанок на Османската империја. Поради тоа, со затворањето на политичките организации на нетурските народи во Македонија и Румелија, младотурскиот парламент и влада верувале дека ќе го спречеле ме-

мешањето на споменатите балкански државички во внатрешните работи на Османската империја преку нивните легални политичко-пропагандни организации-конституционите клубови. Меѓутоа, со укинувањето на политичките организации кои биле засновани на верски и национални основи, не биле укинати и културно-уметничките, образовните, добротворните и др. неполитички организации на нетурските народи, кои преку споменатите легални организации честопати ги реализирале и своите политички цели. Со донесувањето на законот за здруженија, бугарската Егзархија[1163] и грчката Патријаршија ги повратиле прерогативите врз своите припадници во Македонија.[1164]

Големи реакции кај нетурските народи предизвикал и спроведувањето на законот за забрана на разбојништвото и анархијата и следење на четите во вилаетите на Румелија од октомври 1909 г. Преку споменатиот закон, властите сакале да ги ликвидираат разбојништвото и анархијата во Румелија кај сите народи, вклучувајќи ги и турските и муслиманските разбојнички чети,[1165] но сепак законот бил донесен првенствено за следење и ликвидирање на четите на МРО и пропагандите на соседните балкански држави. На спроведувањето на овој закон особено се спротивставиле македонските и грчките чети кои по донесувањето на законот се обединиле во борбата против властите.[1166]

Меѓутоа, треба да се подвлече дека споменатиот закон и споменатата политика не била донесена од младотурците, туку од ген. Махмуд Шефкет-паша и др. генерали кои по задушувањето на априлското воено востание ја приграбиле сета власт во свои раце и честопати дури му диктирале на парламентот какви закони и др.акти требало да изгласа. Младотурците мошне добро знаеле дека борбата против четите во Македонија односно Румелија не

можела да биде добиена никако и никогаш.[1167] Дека тој закон бил дело на Махмуд Шефкет-паша може да се потврди со фактот што тој закон почнал да се спроведува без да се изгласа во парламентот.[1168] Од тие причини, младотурците биле принудени преземените мерки во Македонија да ги поддржат против своите желби. Младотурците во тоа време поактивно се вклучиле во организирање на бојкотот против производите на Грција која според нив во октомври 1908 г. го анектирала Крит. Меѓутоа, бојкотот немал големи ефекти сред широките ~~народни~~ маси на турскиот народ.

Како резултат на низа новосоздадени ситуации и услови, од втората половина на 1910 г. младотурците почнале да водат една"поумерена" и "поблага" политика спрема нетурските особено спрема христијанските народи меѓу кои и спрема македонскиот народ. Во тие рамки, по повод одбележувањето на 2-годишнина од победата на Младотурската револуција, МП "Единство и напредок" во јули 1910 г. објавила една прокламација до народот во која признала дека во тие две години употребените методи за обединување на народите на Османската империја биле неуспешни, дека националните малцинства биле против политиката за "османизирање" на народите и во неа подвлекувала дека во иднина националните малцинства ќе можеле да се однесуваат како што сакале, а таа со цел да ги обедини народите на Империјата би употребувала други методи и средства од кои најважни би биле тие кои ќе придонесувале за економското зајакнување на земјата, за унапредување на образованието и ќе ги обединувале народите во нивните заеднички интереси.[1169] Од прокламацијата може да се заклучи дека МП "Единство и напредок" во тоа време сè уште верувала дека нетурските народи

чекор по чекор ќе работеле за создавање на османското единство во земјата.[1170] Меѓутоа, од прокламацијата може да се види и тоа дека МП "Единство и напредок" не предлагала воведување на некои измени во политиката на општествено-политичкиот систем. Преку споменатата прокламација, таа ја повикувала Високата порта да ги принуди да дадат данок и да одат во војска сите оние луѓе и области кои не сакале да дадат данок ниту пак да одат во војска; да изврши обезоружување на народот; да ги ликвидира разбојништвото и анрхијата; да ги следи, растури или целосно ги уништи сите чети кои имале политички или било какви др. стремежи.[1171] Во врска со споменатото во прокламацијата пишувало: "...Обезбедувањето на војската и парите ги сочинуваат основите на владеењето односно господството на еден народ, на националната безбедност и на државниот општествено-политички и уставен систем. Оној што не дава данок и не оди во војска, значи не направил ништо за татковината...Господството е едно политичко и свето право кое не се пренесува од татко на син, ниту пак се подарува. Господството го имаат само тие, кои што се достојни за него".[1172]

Изгласаниот закон за ликвидирање на разбојништвото и анархијата и следење на четите во румелиските вилаети предвидувал создавање на специјални воени единици за следење и за обезоружување на четите во Македонија односно Румелија и др. делови на Османската империја.[1173]

Споменатите закони биле донесени по претрпениот неуспех на дотогаш употребените методи и средства на Високата порта за обединување на народите на Империјата. Тие закони биле краен резултат на неуспехот на политиката на Портата во Македонија односно Румелија и останатите делови на Империјата. Ни-

ното донесување било резултат на немоќта на МП "Единство и напредок" пред семоќниот ген. Махмуд Шефќет-паша. Таа нејзина немоќ влијаела за зајакнувањето на опозицијата која во почетокот на 1911 г. се појавила со името " Hizb-i Cedid" [1174] на чиешто чело застанале полк. Сад'к-бej, Абдулазиз Мецди-бej и други.

Поради својата остра политика во румелиските вилаети, која предизвикала големо незадоволство кај нетурските народи на тие вилаети, МП "Единство и напредок" на 1о.II 1911 г. го повлекла Талат-паша од должноста министер за внатрешни работи, а на негово место го назначила претседателот на пратеничка група во парламентот-пумериот Халил-бej, кој веднаш извршил некои измени во политиката на Партијата, односно тој тивко почнал да се откажува од принципот на централистичкиот начин на управување и да не се спротивставува толку на системот на капитулациите. [1175]

По поднесената оставка на Талат-бej, [1176] иако ослабена МП "Единство и напредок" сепак се обидела да ја преземе иницијативата во свои раце. Меѓутоа, моќниот Шефкет-паша ја спречил во тие намери и останал најважниот човек во Империјата. Тој некогаш се покажувал како поддржувач на младотурците, а некогаш останувал неутрален. [1177] Меѓутоа, младотурците не можеле да му се спротивстават на Шефкет-паша бидејќи тој бил мошне сакан и почитуван и од народот и од воените команданти.

Со цел да не се конфронтира, МП "Единство и напредок" се обидела да изнајде компромис со опозицијата. Во нејзино име Талат-бej преговарал со лидерот на опозицијата Сад'к-бej, кој ги обвинувал младотурците дека биле атеисти, масони, дека соработувале со ционисти и ги заштитувале само сопствените

интереси и др. и за да се спогодат тој побарал од Талат-бej, младотурците да се повлечат од владата и парламентот.[1178]

По неуспехот на преговорите со опозицијата, МП "Единство и напредок" на 23 април 1911 г. објавила една своја Нова програма од 1о точки.[1179] Од т.6,7 и 9 на Програмата може да се види дека Партијата "Единство и напредок" ги прифатила барањата на опозицијата.[1180] Најважни точки на Програмата преку кои дошол до израз односот на МП "Единство и напредок" спрема нетурските народи биле т. 5 и 1о. Според т.5, Партијата "Единство и напредок" ќе работела за реализирање на идејата за создавање на османско единство, а со т.1о, таа предвидувала забранување создавање и дејствување на тајни здруженија во земјата.[1181]

Новата програма на "Единство и напредок" ја смирила опозицијата за извесно време. Како резултат на тоа, владата на Хаки-паша на 27 април 1911 г. добила доверба во парламентот, а неколку дена потоа, водачот на опозицијата полк.Сад'к-бej бил прекомандуван во Солун.

Меѓутоа, споменатите чекори не значеле ништо за подобрувањето на местото и улогата на МП "Единство и напредок" во управувањето со земјата. Воената состојба била продолжена и натаму со што продолжила и воената диктатура на Махмуд Шефкет-паша.[1182]

По низа оставки на младотурските министри и големи недоразбирања во редовите на МП "Единство и напредок", на 18 мај 1911 г. Воениот совет во Истанбул го забранил в."Танин" со што всушност бил зададен и последниот удар врз спомената-та партија.[1183] Со заминувањето на Рифат-паша за амбасадор во Франција, целосно била намалена влијанието на МП"Единство

и напредок" во управувањето со Османаката империја. Сметајќи дека ситуацијата била поволна за неа, опозицијата поминала во решавачки напад врз МШ "Единство и напредок". Лидерот на опозицијата Сад'к-бej објавил едно соопштение со кое ги повикал сите Османлии-без разлика на нивната верска и народносна припадност да се обединат, а на војската ѝ порачал да не се меша во политиката и да не биде обична играчка во рацете на политичарите.[1184)]

Положбата на МП "Единство и напредок" во летото на 1911 г. била толку тешка што ако не избувнала војната со Италија кон крајот на септември 1911 г. таа ќе била целосно ликвидирана. Споменатата војна колку била уништувачка за Османската империја, толку била"полезна" и "придонела" за повторното зајакнување на МП.Единство и напредок" која до почнувањето на Првата балканска војна во 1912 г. била во постојана офанзива и како резултат на тоа, таа дури победила и на парламентарните избори во 1912 г.

б. Уставните промени од 8/21 август 19о9 г.

Во периодот по задушевањето априлското востание од 19о9 година, покрај изгласање на низа нови закони, со цел да му се даде физиономија и функција на еден вистински демократски устав, парламентот го покренил прашањето за негово изменување и дополнување. Тоа прашање било покренато од причина што Уставот на Митхад-паша од 1876 г. немал добри правно-политички одредби, му обезбедувал големи прерогативи на султанот, не обезбедувал право на организирање собири, формирање на политички здруженија, а со втората алинеја на чл. 113 ги ограничувал личните права и слободи на луѓето и др.[1185]

Имајќи ги предвид ограниченото време и потребата од вистинско поминување на уставно-парламентарен начин на управување со земјата, при иницирањето на прашањето за воведување на измени и дополнувања на митхадпашиниот Устав, парламентот подвлекол дека условите диктирале прво да се извршат измени и дополненија само на неговите најважни одредби, а со текот на времето изменување и дополнување и на останатите негови одредби. Така на 8/21 август 19о9 г. од дводомното собрание-парламентот и сенатот биле прифатени и изгласани измените и дополненијата на членовите 3,6,7,12,27,28,29,3о,35,36,38,43,44,53,54,76,77, 8о, 113, а чл.119 бил целосно исфрлен, но, на Уставот биле додадени нови 3 членови-чл.119, 12о и 121.[1186]

Од споменатите членови, секако најважни измени претрпиле членовите 3,7,3о,35,53,54,113,12о и 121. Со измените на споменатите членови биле ограничени правата на султанот, се проширувале овластувањата на парламентот, сенатот и владата, се ре-

гулирале односите меѓу споменатите институции, се проширувале правата на сотатковниците за организирање собири, за создавање политички организации, но, не на етнички и конфесионални основи, создавање на културно-уметнички, литературни, добротворни и др. друштва, се забранувало создавање на тајни политички организации кои претставувале опасност по територијалната целост и уставен поредок на земјата. Инаку и со споменатиор Устав, без разлика на нивното етничко потекло и конфесионална припадност, сотатковниците и натаму останувале како Османлии кои имале исти права и должности во одбраната и издигнувањето на земјата, а турскиот јазик останувал официјален јазик на земјата на кој би се водела и официјалната кореспонденција.[1187]

Чл.3 на новиот Устав бил дополнет со нова алинеја според која Н.В.Султанот би полагал заклетва пред Генералното собрание за својата верност кон Шеријатот, Уставот, таткоината и народот.[1188]

Според чл.7, султанот ги задржувал само правата за потврдување на назначувањето на големиот везир и шејхулисламот,а би можел да разреши и министри, но, само според Уставот "утврдениот" ред. Со споменатиот член биле воведени три мошне значајни ограничувања на султанската власт. Првото било тоа според чл.3. Второто било тоа што во случај на распуштање на парламентот, тој бил должен во рок од 3 месеци да закаже нови избори. Според овој член, согласност за распуштање на парламентот или сменување на владата требало да дадат и парламентот и сенатот каде 2/3 од сенаторите ги назначувал парламентот, а само 1/3 султанот. Третото ограничување предвидувало, разгледување и потпишување од Генералното собрание-спогодбите и од-

луките кои се однесувале за мир и примирје, за трговија, за откажување или припојување на територии, за правата и слободите на сотатковниците, како и за буџетот и др. трошоци на државата.[1189]

Мошне значајни измени претрпел и чл.50 на Уставот, според кој за својата политика владата би била одговорна пред парламентот, а за работата на своите министерства, министрите исто така би биле одговорни пред парламентот.[1190]

Со чл.35 биле регулирани односите меѓу владата и парламентот. Во случај на спор меѓу споменатите институции, додека според стариот чл.35 ако сакал султанот можел да ја смени владата и да го распушти парламентот, со изменетиот член владата била должна да ја прифати одлуката на парламентот или да ја поднесе својата оставка. Ако новата влада инсистирала за почитување на одлуките на сменетата влада, а парламентот не ги прифакал тие одлуки, тогаш султанот имал право да го распушти парламентот и да ги почитува одредбите на чл.7 од Уставот. Меѓутоа, ако новоизбраниот прламент инсистирал за спроведување на одлуките на распуштениот парламент, тогаш и султанот морал да ги прифати одлуките на тој парламент.[1191]

Според чл. 53, право за покренување постапка за изменување или дополнување на некој закон или член на Уставот имале и парламентот, и сенатот и владата. Предлог-законот можел да се смета дека бил изгласан само ако за него гласале и сенатот и парламентот, а го одобрувал султанот.[1192]

Последната алинеја на чл.113 била целосно исфрлена. Според таа алинеја, во интерес на безбедноста на државата, султанот им давал овластување на властите да ги следат сомнителните луѓе, да ги затворат или ги прогонат во и надвор од земјата

сите луѓе кои се огрешиле на законите на државата или претстављувале опасност по нејзината безбедност.[1193]

На местото на целосно исфрлениот чл.119, биле донесени нови одредби според кои, без судска одлука не можеле да се отвораат поштенските пратки.[1194]

Со чл.12о, согласно одредбите на посебниот закон, на османските сотатковници им се обезбедувало право за организирање на собири. Меѓутоа, со одредбите на споменатиот член,се забранувало формирање на тајни здруженија кои имале за цел распарчување на целоста на османската држава, менување на нејзиниот уставен поредок, нејзината влада и кои биле противни на одредбите на новиот Устав.[1195] Со овој член бил правно санкциониран законот за здруженија.

Според чл.121, дебатите во сенатот би биле јавни, но ако 5-мина сенатори барале тие да се водат тајно, тогаш со мнозинство на гласови ќе се одлучувало како би се воделе дебатите по некој уставен амандман, закон или др. акт.[1196]

Во 19о9 г. изменетиот и дополнетиот Устав, не можел да биде целосно применуван поради низа политички настани во Империјата, како што биле востанијата на некои нетурски народи, Турско-италијанската и I Балканска војна. Во еден уставно-парламентарен систем со развиена демократија, владите се составувале од лидерите и водечките луѓе на победничката партија. Додека пак тоа во Османската империја било сосема поинаку. Општо земено, водечките луѓе и лидерите на МП "Единство и напредок" не ги заземале челните позиции во владите, туку се бореле за застанување на чело на некои важни министерства како што биле на пример министерствата за внатрешни работи, за финансии, на војната и др.Тие луѓе на чело на владите назначува-

ле "добронамерни, чесни и способни" луѓе и со диктирање однадвор мислеле дека ќе можеле да управуваат со пространата Османска империја-оптоварена со многубројни и различни проблеми. Впрочем, општо е познато дека сè до 1913 г. МП "Единство и напредок" не била една партија во ВИСТИНСКАТА смисла на зборот. Нејзините членови-пратеници во парламентот ја создале Партијата "Единство и напредок" која била под строга контрола на ЦК на самонарекуваната "Османско друштво за единство и напредок" во Солун, кое сè уште немало некоја подетерминирана политичка идеологија за создавање на еден демократски парламентарен механизам. Од друга страна пак, во споменатиот период еден добар дел од воената и граѓанската интелигенција била преокупирана со реализирањето на идејните и политичките определби за создавање на "исламско единство", за преориентирање кон Запад и со турскиот национализам. Уставната демократија создала услови за појавување на голем број заштитници на конфесиите, на слободата, рамноправноста, правдата, братскиот живот меѓу народите и др. Споменатите заштитници ја создале т.н.здружена либерална опозиција предводена од Партијата "Хуријет ве Итилаф". По зајакнувањето на споменатата опозиција во 1911 г. МП "Единство и напредок"извесно време ја изгубила својата власт, но, користувајќи ја за неа поволно создадената атмосфера и ситуација по I Балканска војна, таа со воен преврат во јануари 1913 год. повторно ја приграбила сета власт во свои раце, со што почнал периодот на нејзина диктатура во Османската империја кој период траел до крајот на I Светска војна во 1918 г.

По извршените уставни промени, османската држава и натаму останала теократска институција. Се прифатило уставната-монархија како модел за управување со земјата, но, во системот

сепак биле вградени многу елементи од уставната демократија. Одредбите на Уставот од 1876 г. во врска со слободата и правата на сотатковниците биле проширени со права за организирање на собири и формирање на политички организации кои не се заснивале на национални и верски основи, а одредбите кои ги стеснувале слободата и правада на луѓето од чл.113 биле целосно исфрлени.

Со извршените уставни промени, навистина биле стеснети и одземени мнозинството од прерогативите на султанот. Владата станала одговорна пред парламентот, а парламентот пак станал самостоен и независен.

Меѓутоа, покрај сите споменати промени, положбата на Османската империја не била подобрена. Во споменатиот период се зголемиле економско-социјалните, националните, политичките и другите проблеми во неа, кон кои се додале и востанијата на некои нетурски народи како што биле тие на Арапите, Албанците и другите народи. 1197)

в. Населеување на турско и муслиманско население во Македонија (1908-1912)

Додека во периодот пред победата на Младотурската револуција во 1908 г.[1198] иселувањето на Турците и муслиманите од откинатите османски територии Србија, Грција, Босна и Херцеговина, Бугарија, Црна Гора , Крит, Добруџа и др. било стихијно, во периодот по победата на споменатата револуција тоа се спроведувало по барање на младотурската влада и со согласност на земјите од кои се иселувале споменатите население.Францускиот дипломатски службеник во Белград-Г.Гравиер наведува дека муслиманите од Босна овојпат се иселувале во групи од дв три стотини и повеќе лица.[1199]

"Балканската анексионистичка криза" од почетокот на октомври 1908 г. влијаела за зголемување на дотогашното иселување турското и муслиманското население од Босна и Херцеговина што била анектирана од страна на Австро-Унгарија, од целосно откинатата Бугарија и од др. некогашни османски територии.

Иселувањето на муслиманското население од Босна и Херцеговина било поттикнувано од владите на Австро-Унгарија и Османската империја. Владата на Австро-Унгарија тоа го правела затоа што сметала дека босанското муслиманско население не можело да биде покорено ниту социјално, ниту пак верски. Од тие причини, со обезбедување на парични средства и на низа др олеснувања, таа го поттикнувала споменатото население да се и сели од Босна и Херцеговина,[1200] а на негово место населувала Германци и Унгарци,[1201] со што се обидувала да ги измени етничкиот и конфесионалниот состав на населението на Босна и Херцеговина.

Поттикнувањето од владата на Османската империја пак било резултат на неуспехот на нејзината политика за создавање на единствена османска нација во земјата. Тој неуспех "ја принудил" неа да примени и др. методи и средства за реализирање на поставената цел. Имено, со доселување на турско-муслимански преселници од своите некогашни територии, таа се обидела и насојувала да го измени етничкиот состав на Македонија во своја полза. За неа најважно било разрешувањето на секогаш акутното "македонско прашање" бидејќи тоа и задавало најголемо главоболие. Во рамките на споменатите стремежи, младотурската влада настојувала во Империјата да насели што повеќе муслимани од Босна и Херцеговина, а Турци-од Бугарија, Крит, а според Д.Влаховиќ дури и од Кавказ, Крим и др. места.[1202] Огромното мнозинство од преселниците од Босна и Херцеговина, Бугарија, Грција и од др. места, младотурската влада планирала да ги насели во румелиските вилаети, а особено во Солунскиот, Скопскиот и Битолскиот вилает. Таа планирала од споменатите земји во Македонија да насели околу 2оо ооо,[1203] а А. Андонјан ја споменува и бројката од 2 ооо ооо преселници.[1204] Претседателот на Државниот комитет за преселнички прашања познатиот младотурски лидер д-р Наз'м-бej пак во Македонија освен Турци и мулимани сакал да насели дури и Евреи[1205] с о што младотурската влада сакала еднаш засекогаш да го "разреши" македонскотот прашање во своја полза и така да ги оневозможи интервенциите и претензиите на завојувачките кругови на соседните балкански држави врз Македонија и Османската империја.[1206]

Најмасовно населување на муслимански преселници во Македонија односно Румелија имало од Босна и Херцеговина. Нивното населеување во Македонија почнало веднаш по победата на

Младотурската револуција, а се зголемило по Балканската анексионистичка криза" и со донесување на Законот за ликвидирање на разбојништвото и анархијата и следење на четите на румелиските вилаети од октомври 1909 г. кој закон на муслиманските доселеници им обезбедувал помирен живот заради што во споменатиот период околу 50 000 босанско-херцеговски муслимани поднеле молби до австроунгарските власти за добивање пасоши за иселување во Османската империја.[1207] Според в."Новое Время" од 17 март 1910 г. во последните два месеци на 1909 г. и првите два месеци од 1910 г. од Босна и Херцеговина се иселиле 3 295 муслимани; според турската статистика од август 1909 до март 1910 г. во Османската империја се доселиле 5 672 муслимани, а според пишувањето на сараевскиот в."Српска ријеч" на 23.III 1909 г. само во тој ден од градот се иселиле 30 семејства и повеќе од 1 600 семејства од останатите делови на Босна иоднеле молби до австроунгарските власти за добивање пасоши за иселување во Османската империја.[1208]

Турско-муслиманските преселници биле населени по цела Македонија, Косово и Метохија и останатите делови на Румелија. Меѓутоа, сепак огромното мнозинство од нив биле сместени во Македонија - во Куманово, Малешевијата-Берово и Беровско, Кочанско, покрај границата со Бугарија, потоа во Петричко, во Злетово, Скопје и Скопско, Св. Николско, по долината на р.Вардар, Гевгелиско, Прилепско и во многу др. места.[1209]

Во споменатиот период, секој ден во Македонија пристигнувале стотини турско-муслимански преселници од Босна и Херцеговина и од др. откинати територии на Османската империја. Од

специјални комисии, преселниците биле распоредени по многу села и градови на Македонија.[1210] Мнозинството од нив биле сместени во тие делови на Македонија, каде турско-муслиманскиот елемент не бил повеќе од 1о-15% од месното население и со населување на споменатите преселници властите се ббидувале и настојувале да воспостават една рамнотежа со бројот на месното население кое најизразено било во Скопскиот санџак.[1211]

Потпомогнат од специјални селски и градски преселнички комисии формирани на територијата на цела Македонија и Одринско[1212] Државниот комитет за преселнички прашања на д-р Наз'м-бej им обезбедувал на доселениците бесплатна државна земја и неколку години ги ослободувал од плаќање данок,а на старешините на занаетчиските семејства дури им ветил дека од денот на доселувањето дневно ќе им обезбедувал по пет т.л.[1213]

Освен во државните имоти, споменатиот преселнички комитет, доселениците ги сместувал и во откупените имоти од разни големопоседници, а според генералниот конзул на Србија во Солун-Жив. Балугџиќ, д-р Наз'м-бej подоцна наместо да купува готови чифлици, планирал на државни утрини да подигнува нови села при што тој имал предвид 2 утрини во близина на Струмица, 1 кај Гевгелија, а 1 кај Катарина, и на споменатите утрини тој планирал да подигне села со по 3оо куќи.[1214] Така споменатиот Комитет во Петрич на р. Струма сместил 5оо доселенички семејства ,[1215] а во мај 191о г. тој имал намера во Стара Србија и во скопската област да насели 1 7оо семејства.[1216] Во тоа време во Скопје и Скопско веќе биле сместени 56о, а во околината на Куманово 23о семејства.[1217]

Од извештајот на Жив. Балугџиќ испратен до МИД на Србија на 4 мај 1911 г. се гледа дека во Солунскиот и Скопскиот

вилает биле населени 2 284 семејства од кои 431 од Бугарија и 1 755 од Босна и Херцеговина и тоа во Аврет Хисар 36о семејства со 1 47о души, во Струмица 3о6 со 1 32о, во Ѓевгелија 233 со 1 о15, во Тиквеш 295 со 1 25о, во Петрич 222 со 822, во Солун 248 со 868, во Катарина 252 со 841, Воден 9о со 38о , во Скопје 1о2 со 42о и во Куманово 76 семејства со 35о души.[1218] Во истиот извештај Балугџиќ го дава и податокот дека до крајот на март 1911 г. во споменатите градови умреле 1о79 преселници со што нивниот број од 8 744 се намалил на 6 893 преселници.[1219]

Преселничкиот комитет на д-р Наз'м-бej планирал извесен број преселници да насели и на државните имоти во Јанина, Битола и Скадар и да им даде по 4о дунуми земја.[122о]

Населувањето на турско-муслиманските преселници во селата и градовите на Македонија предизвикало негодување кај месното население кое почнало да мигрира во поголемите градови на земјата каде животот бил побезбеден, а еден добар дел од тоа население емигрирал во соседните балкански држави Бугарија, Србија, Грција, Романија и во Америка.[1221] Меѓу доселениците и месното население била создадена една напната атмосфера, а како краен резултат на таа атмосфера честопати доаѓало и до оружени судири меѓу нив, во кои судири имало и жртви.[1222]

Осудувајќи ја владината преселничка и друга политика, пратениците Димитар Влахов, Христо Далчев и Тодор Павлов во јуни 191о г. испратиле мемоар до младотурската влада во кој покрај другото, тие ја критикувале и ја обвинувале неа за спроведување на политиката за населување

на турски и муслимански преселници во Македонија.[1223] За споменатото и за многу други прашања пратеникот Д.Влахов зборувал и пред младотурскиот парламент во есента 1910 и 1911 година.[1224] Своето незадоволство од владината политика, со мемоар од 4 точки го изразиле и грчките пратеници во младотурскиот парламент кон крајот на 1910 г.[1225]

Политиката за изменување на етничкиот состав на Македонија и останатите делови на Османската империја односно според Д.Влахов "да ѝ даде турски карактер на Турската империја",[1226] Високата порта планирала да го реализира преку доселување на турско-муслимански преселници во Македонија. На тој начин, со текот на времето доселените нетурски муслимани би биле потурчени, би бил зголемен турско-муслиманскиот елемент во Македонија, би било разрешено "македонското прашање", би биле спречувани интервенциите на големите европски сили и соседните балкански државички, а со тоа би била сочувана националната независност и територијалната целост на Османската империја.

Истакнувајќи ги целите на политиката на населување на муслиманските преселници во Македонија, лидерот на младотурската пратеничка група во парламентот Халил Ментеше-бej, на III Конгрес на Младотурската партија "Единство и напредок" во 1910 година во Солун меѓу другото рекол:"За зајакнување на муслиманското население во Македонија, преселничките комисии под претседателство на д-р Наз'м-бej, населиле во неа повеќе од 12 ооо луѓе. Како и досега, тие комисии ќе ја имаат довербата на Владата, поради што треба да се очекува дека уште голем број муслимани ќе дој-

дат во овие краишта.[1227)]

На III.Конгрес на Младотурската партија "Единство и напредок" било разгледано и преселничкото прашање за кое конгресот донесол и посебна резолуција во која меѓу другото се велело: "За да се спречи влегувањето на чети од Бугарија и Грција, треба да се создадат силни муслимански колонии покрај границите спрема тие држави. Бидејќи досега населените 12 ооо мухаџири во Македонија не се доволни, Преселничкиот комитет ќе побара од Владата да го зголеми буџетот за населување на мухаџири. Во оваа година во Македонија треба да се населат уште 2о ооо мухаџири за што треба да се обезбеди нов кредит од 22о ооо т.л...."[1228)]

Покрај големите ангажирања на преселничките комисии и други владини органи, населувањето на преселниците во Македонија создавало големи проблеми и на споменатите комисии, кои поради недоволна организираност и ограничени материјални средства, биле изненадени кога почнало масовното пристигнување на преселниците во Македонија. Преселниците кои стигнале кон крајот на 191о г. биле сместени во лоши услови и им била обезбедена лоша исхрана. Од тие причини извесен број преселници-незадоволни од условите за сместување односно од реализирањето на дадените ветувања од Високата порта и Преселничкиот комитет на д-р Наз'м-бej, почнале да се враќаат во Босна и Херцеговина и др. места.[1229)] Така, кон крајот на 191о година, се случило во Белград да се сретнат преселниците кои оделе за Македонија и тие кои се враќале од таму.[123о)] Дека новодојдените преселници биле излажени и дека на нив не им биле обезбедени ниту минимални

услови за живот пишува и Д.Влахов: "Самите емигранти-мухаџири вели Влахов страдаат повеќе од месните жители. За нивното настанување не се земаат под внимание дури и климатските услови. Според официјалната статистика смртноста на имигрантите во Солунскиот вилает е 75 на илјадата, додека кај останатото население тое е од 25-3о на илјада..."[1231] Споменатите и низа др. причини ја принудиле младотурската влада во 1911 г. да им дозволи на преселниците, кои сакале, да се вратат во Босна и Херцеговина и др. места, за што таа дури водела и преговори со австроунгарските власти.[1232] Во почетокот на 1911 г. преселничката комисија во Солун изјавила дека наводно поради грозница во таа година[1233] не ќе имало населеување на мухаџири во Македонија.[1234] Иако д-р Наз'мбеј не признавал и натаму тврдоглаво изјавувал дека населувањето на исламски елементи во Македонија и Стара Србија претставувало секаква гаранција за мирен развиток на Османската империја и 3оо-4оо ооо вредни муслимани требале да бидат чувари на редот и бранители на Империјата,[1235] сепак преселничката политика на младотурската влада претрпила целосен неуспех.[1236] За реализирање на својата преселничка политика, младотурската влада во 19о9 г. и 191о г. потрошила 3оо ооо т.л., а со буџетот за 1911 г. се предвидувало уште 2оо ооо т.л. кој износ Комитетот за преселнички прашања бил во состојба да го зголеми уште за 1оо ооо т.л.[1237]

Освен кај македонското население, преселничката политика на Високата порта предизвикала реакции и сред демократските кругови на Османската империја. Весникот на Демократската партија "Neyyir-i Memleket"[1238] во 191о г. пишувал:

"Ние сме против прифаќање на мухаџири, бидејќи населението на Македонија умира од глад и не може нивното право да се даде на другите. Најнапред треба да се задоволат потребите на "Бугарите", Грците и Власите, а ако остане нешто, може да им се даде и на мухаџирите". 1239)

Населувањето на преселниците во Македонија, предизвикало страв, реакции и протести и кај владите на соседните балкански држави-претенденти врз Македонија. Стравот и протестите кај споменатите влади се појавиле од причина што според нив населувањето на турско-муслиманските елементи претставувало голема опасност за изменување на етничкиот карактер на Македонија во полза на Османската империја. Изменувањето на етничкиот состав на населението на Македонија според младотурската влада и Партијата "Единство и напредок" претставувало основен услов за "разрешување" на секогаш актуелното "македонско прашање" кое било повод и причина за интервенциите на големите европски сили и соседните балкански држави во Македонија односно Османската империја. Со "разрешувањето" на "македонското прашање" би биле спречени интервенциите на споменатите сили и држави во Македонија, а со тоа би била сочувана територијалната целост на Османската империја.

Со цел да го спречат натамошното населување на турско-муслиманските преселници во Македонија, според британски документи-ревелирани од турскиот историчар Ј.Х.Бајур, кон крајот на 1910 г. Грчката влада ја повикала Српската влада да се приклучи кон заедничкиот грчко-бугарски протест до младотурската влада поради населување на преселници од Босна и Херцеговина. Српската влада го одбила повикот, но, истовремено ја запознала Грчката влада дека таа во Босна вршела тајна пропаганда за спирање на иселувањето на Муслиманите во Македо-

нија.[1240] Како одговор на преселничката политика на младотурската влада, соседните балкански држави во 1910 г. почнале во Македонија да уфрлуваат свои оружени чети. Во таа година во Малеш и Струмичкиот и Солунскиот крај се појавиле бугарски оружени чети кои ги спалиле селата Драгуново и Русиново во кои биле населени муслимани од Босна.[1241]

Политиката за доселување на муслимани во Македонија била една од многубројните причини за зголемувањето на недовербата,а подоцна и нетрпеливоста меѓу младотурските власти и македонското и др.христијанско население во Македонија. Споменатата политика на младотурската влада придонела во Македонија да се сплотат христијанските елементи против неа. Таа политика придонела да се зближат и да се здружат со векови непријателски настроени една против друга Бугарија и Грција. Споменатите држави кон кои се приклучила и Србија, со децении воделе меѓусебна политичка,а во почетокот на XX век и оружена борба за Македонија. Во нивната меѓусебна борба најмногу настрадало македонското население. Ете, преселничката и др. политика на младотурската влада, споменатите земји ги обединила токму во Македонија и за Македонија. Преселниците[1242] давале повод и материјал на споменатите балкански држави да го искористат незадоволството на македонското население за реализирање на своите дамнешни планови за меѓусебно распарчување на Македонија. Анализирајќи ја политиката на Младотурската влада и на МП "Единство и напредок" во Македонија в. "Работническа искра"на 4 мај 1910 г. пишува: "Општо земено, младотурската политика на 'мегали идеа' води кон несреќа и не дава на несреќното население во Империјата да живее еден спокоен и мирен живот, за да има ред и стабилност во државата за и тоа да започне и тргне по патот на културата и напредокот".[1243]

г. Акција за обезоружување на населението во Македонија (1909-1910 г.)

Оружено-политичките и др. интервенции на соседните балкански држави Бугарија, Србија и Грција во акедонија не престанале целосно и по победата на Младотурската револуција. Грција уште во почетокот на 1909 г. почнала со уфрлување на свои оружени чети во Македонија. Такви чети во споменатиот период се појавиле во Јанинско поради што владата на Ќамил-паша во почетокот на февруари 1909 г. дури се обидела таму да ги врати од Солун во Истанбул префрлените стрелечки баталјони. А.Динев приведува дека во почетокот на 1909 г. грчки андарти се појавиле и во Гевгелиско,[1244] а на 13.X 1909 г. една врховистичка чета на Ѓеорги Занков и Динката влегла на територијата на Санданистите при што дошло и до борба меѓу споменатата чета и месните револуционерни сили предводени од Т.Серски и Владимир Икономов кои биле потпомогнати и од месната жандармерија.[1245] Во споменатиот период, своите завојувачки стремежи кон Македонија[1246] и др. европски територии на Османската империја, освен Грција ги искажале и Бугарија и Србија. Со своите вооружени акции, уфрлените чети на споменатите држави настојувале Македонија повторно да ја претворат во арена на крвави пресметки и да ја подготват почвата за започнување на, за Македонија, завојувачката I Балканска војна.

Како резултат на зајакнувањето на сепаратистичките стремежи дошло до организирање на многубројни востанија на нетурските народи во Османската империја. Во април 1909 г. избувнало востанието на Албанците на Косово,[1247] на Арапите

и Друзите во Сирија и др. арапски територии [1248] и биле организирани многубројни оружено-терористички акции на Ермениците во Источна Анадолија.

Споменатите настани предизвикале страв кај Високата порта и МП "Единство и напредок" од избувнување на некој помасовен оружен отпор и влијаеле врз младотурскиот парламент и влада за донесување на низа закони за средување на општите, особено политички состојби во земјата. Од донесените закони, секако најголемии реакции предизвикал Законот за ликвидирање на разбојништвото и анархијата и следење на четите во румелиските вилаети. Споменатиот закон имал за цел да ги ликвидира терористичките и др. оружени акции во Македонија и Источна Анадолија. Со тој закон, Високата порта обезбедила за себе право за дејствување против луѓето кои работеле против интересите на државата. Според одредбите на тој закон, луѓето кои не ќе имале некој извор за издржување, властите ќе ги осудувале на принудна работа од 2-4 месеци. Луѓето кај кои ќе било најдено оружје можеле да бидат осудени на затвор од 6 месеци, а тие кои биле активни членови на оружени чети ќе биле осудени на 1о години затвор односно на смртна казна-лидерите и организаторите на споменатите чети. [1249]

Во операциите за задушување на востанието на Албанците на Косово и во Северна Албанија, воените единици на генералите Шефкет Тургут-паша и на Махмуд Шефкет-паша извршиле и обезоружување на албанското население. [1250]

Стравот од можното оружено востание и на населението во Македонија и провокативните акции на грчките андарти, српските четници, а според Т.Влахов "на четниците на Хр.Матов и Тодор Александров послужиле како претекст, младотурската

влада да преземе во 1910 г. широка акција за разоружување на бугарското население во Македонија".[1251] "Од тие причини, на Косово започнатата обезоружителна акција (вели Св. Тошев) се проширила и во Македонија и Тракија со што Високата порта сакала да ги заплаши и да ги држи во респект Бугарите кои дигнале глава."[1252]

Наоѓањето на големо количество оружје во рацете на населението во Македонија[1253] претставувала голема опасност за младотурскиот режим, а според Гл.Тодоровски "не било можно да се изведуваат и соодветни замислени реформи од Младотурците до колку не се извршело разоружување на целокупното население како христијанско, така и муслиманско во Македонија..."[1254] Обезоружувањето на населението на румелиските вилаети, на Истанбул,[1255] Анадолија и др. делови на Османската империја претставувало стремеж на Високата порта и МП "Единство и напредок" за ликвидирање на самоволието и тероризмот, и за обезбедување на потребни услови за воведување на уставно-демократски реформи во земјата. Обезоружителната акција според Гл.Тодоровски "била нужна превентивна мерка и последица на настаните по 1908 г.",[1256] а според Л.Милетич "оружјето требало бездруго да се собере...но сето тоа требало да се направи на општо задоволство..."[1257]

Акцијата за обезоружување на населението во Македонија и Тракија почнала по донесувањето од Високата порта на законот за ликвидирање на разбојништвото и анархијата и следење на четите во румелиските вилаети во октомври 1909 г., а се интензивирала во летните месеци на 1910 г. Таа имала за цел да го обезоружи и турско-муслиманското[1258] и христијанското население во споменатите области. За нејзино спроведување, во средината на мај 1910 г. ген. Шефкет Тургут-паша објавил "Правилник за разоружување",[1259] прогласил вонредна состојба во

многу места на Македонија,[1260] создал преки судови,[1261] а во околиските и нахиските центри создал комисии за собирање на оружје,[1262] односно за таа цел биле создадени и специјални воени баталјони т.н. авџи табурлари и секој сотатковник бил повикан на соработка со војската.[1263]

Акцијата за обезоружување на населението била пропратена и со разни притисоци врз оние луѓе-кои не го предавале оружјето во рокот определен според т.5 од Наредбата за бонредна состојба на ген. Шефкет Тургут-паша.

Со нееднаков интензитет, споменатата акција ја зафатила цела Македонија и Тракија. Таа во Јенице Вардар и неговата околина почнала во април 1910 г. и траела до крајот на истата година при што до 1.X биле собрани 1 238 пушки, 1445 револвери, 31 ооо разни метци и 26 мали и големи бомби за рушење на мостови.[1264] Со неа биле зафатени и Берско,[1265] Дојранско,[1266] Гевгелиско,[1267] Кратово,[1268] Скопска околија,[1269] Кумановска околија,[1270] Крива Паланка,[1271] Штип и Штипско,[1272] Воденско,[1273] Прилеп и Прилепско,[1274] Велешка околија,[1275] Леринско,[1276] Битолско,[1277] Крушевско,[1278] Дебарско,[1279] Тетовска околија,[1280] Гостиварска околија,[1281] Злетовска област,[1282] Кочанско,[1283] Скопска Црна Гора,[1284] Порече,[1285] Кичевско,[1286] Радовишко[1287] и др. места на Македонија.[1288]

Поради одлучното противење на Ј.Сандански со кого Младотурците не сакале докрај да ги влошат своите односи, обезоружувањето на населението не било извршено единствено во Мелник и др. места на поранешниот Серски револуционерен округ.[1289] Тоа не било масовно извршено и на населението на Струмица,[1290] а најверојатно поради својата близина до Солун, во Кукушкиот крај било спокојно и таму властите не извршиле насилства.[1291]

Од извештаите на српските дипломатски претставници во Македонија, ревелирани од Гл. Тодоровски, може да се види дека во обезоружителната акција на населението во Македонија биле собрани повеќе од 2о ооо пушки, над 83 ооо метци, околу 4 ооо револвери и над 6о мали и големи бомби.[1292] Споменатите бројки ги зачудиле османските власти што може да се види и од зборовите на д-р Наз'м-бej кој на српскиот генерален конзул во Солун Ж.Балугџиќ во еден разговор му рекол дека тие не можеле ниту да сонуваат дека во Македонија имало толку оружје и дека Турција лежела на "вулкан" кој можел секој миг да се активира.[1293]

Наоѓањето на толку оружје и муниција кај населението претставувало голема опасност за избувнување на некое масовно оружено востание во Македонија. Тоа би било повод и причина за уште поголеми интервенции на големите европски сили и соседните балкански држави во Македонија односно Румелија или за евентуален воен напад на последните држави на Османската империја за завојување на нејзините европски територии. Од тие причини, Високата порта, младотурскиот парламент и сенат, и лидерите на МП "Единство и напредок" оправдано биле толку загрижени за состојбите во Македонија односно Румелија бидејќи од нивната консолидација зависела и иднината на целата Османска империја. Имајќи го тоа предвид, ЦК на МП "Единство и напредок" прашањето за обезоружување на населението го поставил на разгледување и на III Комгрес на Партијата во есента ~~на~~ 191о г. Официјалниот однос на споменатата партија спрема обезоружувањето на населението, на конгресот го изложил Халил Ментеше-бej кој во својот говор меѓудругото рекол:"Кога ќе заврши и целосното обезоружување , кога Егзархистите и

Патријаршистите постепено ќе се иселат, а на нивно место ќе се доселат преселници, тогаш населението ќе ги заборави и Голема Бугарија, и Стара Србија и Грчка Македонија, па дури и независна Албанија. Ако тоа население ниту тогаш не ги заборави споменатите земји, тогаш ќе се изнајдат други средства со кои ќе се покаже дека воениот буџет од единаесет милиони лири годишно не е потрошен напразно...Новиот режим мора најенергично да го задуши секој изгред на било која народност, кој би можел да го скрене вниманието на европскиот христијански свет, кој е секогаш настроен антитурски..."[1294]

Политиката за обезоружување на населението во европските вилаети на Османската империја, станала причина многу луѓе да емигрираат во странство или да се одметнат во планина. Според Александар Мартулков, најмногу бегалци имало од Штипска, Кочанска, Кратовска, Криво-паланечка и Царево-селска околија, а во другите делови на Македонија, од властите било собрано големи количини оружје.[1295]

Акцијата за обезоружување на населението предизвикало големо незадоволство кај христијанското население во местата каде се спроведувала таа акција. Тоа предизвикало незадоволство и кај пратениците во младотурскиот парламен Д.Влахов, Хр. Далчев и Т.Павлов.[1296] Т.Павлов и Д.Влахов во своите говори во парламентот ги запознале пратениците со употребените мерки од властите при собирањето на оружјето од населението, со емигрирањето и одметнувањето на населението во странство односно во планини.[1297] Пратени-

кот Т.Павлов го завршил својот говор со следните зборови: "Вие гледате рекол тој впрочем, какви големи материјални и морални жртви даде таа акција...за да се одземат неколку илјади стари 'госани и повеќето од нив неупотребливи пушки! Да, господа продолжил тој, владата ги собра пушките на населението, меѓутоа, со своите незаконски дејствија таа намести во срцето на секого по една нематеријална, невидлива пушка чиешто одземање е тешко и можеби невозможно..."[1298]

д. Заоштрувањето на "македонското прашање" во 1911 г. - повод за избувнување на Првата балканска војна (1912 г.)

Во последните две години од своето владеење во Македонија и др. делови на Румелија, Османската империја се соочила со мошне тешка економска и политичка криза. За санирање на својата економска положба, Високата порта била принудена да земе нови заеми од развиените европски држави,[1299] кои со систематски спречувања на сите реформи, придонеле во Османската империја да се создаде една неподнослива економска, национална и политичка ситуација, што неминовно морала да доведе и до револт и војна.[1300] Раздвижувањето на нетурските народи во Империјата и зголемувањето на завојувачките стремежи на соседните балкански држави за Македонија, ја принудиле османската држава еден голем дел од своите приходи и добиените странски заеми да ги употреби за модернизација и зајакнување на своите оружени сили. За реорганизацијата на своите оружени сили, таа ангажирала голем број германски воени советници на чело со ген. Фон Дер Голц, а реорганизацијата на поморските сили била доверена на еден англиски адмирал. Генералштабот на оружените сили на Османската империја пристапил кон утврдување на стратешки важните места на Балканот за евентуална војна со балканските држави. Османските оружени сили есента 1910 г. одржале големи маневри на границата кон Бугарија.[1301] Една таква воено реаорганизирана и засилена османска држава секако дека претставувала "голема опасност" за соседните балкански држави и пречка за реализирање на нивните завојувачки стремежи во Македонија, Тракија и др. османски балкански територии. Воведувањето на уставната демократија во летото 1908 г.

за соседните балкански држави значело "губење" на Македонија, Тракија и др. балкански територии, заради што споменатите земји своите активности ги насочиле кон предизвикување на незадоволство, анархија и др. настани во Македонија, кои ќе придонеле за дестабилизација на состојбите во неа, за слабеење на османскиот владејачки систем и за создавање на поволна почва за сопствена воена интервенција во Македонија и др. делови на Румелија. За таа цел, завојувачките кругови на споменатите држави почнале поактивно да го поттикнуваат христијанското население во Македонија против властите со што сакале да ги предизвикуваат за вршење одмазди над тоа население. За реализирање на тие цели, наведувајќи како повод незадоволството на македонските христијани од населувањето на турски и муслимански преселници, од извршената обезоружителна акција и од донесувањето на законот за ликвидирање на разбојништвото и анархијата и следење на четите во румелиските вилаети, завојувачките кругови на Бугарија, Србија и Грција во споменатиот период почнале со помасовно уфрлување на свои оружени чети во Македонија. Тие чети имале за задача да го зголемат незадоволството и да го придобијат христијанското население, како и да го компромитираат турскиот конституционен режим во Македонија. Отстапувањата на итихадџиите од дадените ветувања за вистинско реформирање на Османската империја влијаеле во почетокот на 1911 г. да се обединат едноверско-разнонационалните народни организации во Македонија кои дотогаш биле настроени непријателски едни спрема други. Тие ги оставиле настрана дотогашните меѓусебни етнички и конфесионални кавги и се сплотиле во борбата против османската власт. Во надминувањето на споменатите кавги меѓу македонските христијани секако најго-

лема улога одиграло помирувањето и зближувањето меѓу Бугарската егзархија и Грчката патријаршија по донесувањето на Законот за спорните цркви и училишта во јули 1910 г.

Најмасовно уфрлување на оружени чети во Македонија се вршело од Бугарија.[1302] Нив ги раководеле кадрите на врховизираното крило на МРО на чиешто чело застанале Хр.Матов, Т.Александров, А.Протогеров и др. Тие всушност МРО ја трансформирале во четничка и терористичко-диверзантска организација која била ставена под покровителството на бугарските санстефански настроените завојувачки кругови. Како пандан на врховистичките чети во Македонија во прво време се појавиле и грчките андарти и српските четници кои подоцна создале сојуз против османската власт. Споменатите чети, особено врховистичките толку се омасовиле што тие се простирале и до најмалите и најодалечените села во Македонија каде што најчесто наоѓале оружје и свои сомисленици. Според Д.Влахов "врховистичките чети уфрлени од Бугарија се множеле сè повеќе и кон нив почнал да се приклучува и не малку народ од самата внатрешност".[1303] Во врска со уфрлувањето на чети од Бугарија и Србија во 1911 и 1912 г. во Македонија, околискиот началник на Серез и поранешен валија на Солунскиот вилает, Хусеин Ќаз'м-бej во едно свое писмо до Високата порта во 1912 г. пишувал: "...Бугарската и Српската влада во Македонија уфрлуваат свои чети кои секаде предизвикуваат вознемиреност...Селаните во Македонија со најголема желба сакаат да се фотографираат под бугарското, српското и грчкото знаме...Во многу места селаните изјавуваат дека се заморени од пропаганди и дека сакаат да живеат во мир. Меѓутоа, владата не беше во состојба да ги заштити тие селани и таа нив ги препушти на милоста и немилоста на ору-

жените чети на пропагандите...Со тоа, владата споменатото население го изгуби засекогаш".[1304] Таквиот индолентен однос на Високата порта "придонесол христијанските маси да се издвојат од неа и да не направат никаква разлика меѓу постојниот и новиот режим".[1305]

Во споменатиот период Македонија повторно станала арена за дејствување на грчки, српски, врховистички, централисчки и др. чети. Од сите нив, секако најголема улога во влошувањето на состојбите во Македонија одиграле врховистичките чети кои се бореле за откинување на Македонија од Османската империја и за приклучување кон Бугарија. Спротивно на нив,централистичките односно санданистичките сили се бореле за обезбедување обласна самоуправа на Македонија во границите на Османската империја, а подоцна можеби и за независна Македонија. Како и дотогаш, санданистите настојувале да одржуваат добри односи со младотурците и со нивна поддршка да ја обезбедат "доминацијата на Македонците" над др. христијани во Македонија. Тие оставале впечаток дека биле принудени да имаат добри односи со младотурците, со цел да извлечат од нив што поголеми привилегии. Младотурците пак ги прифатиле санданистите како свои сојузници и им дале мошне големо значење. Меѓутоа, тоа нивно сојузување имало привременен и тактички карактер. Додека султанот Абдул Хамид II во Македонија го одржувал својот режим со поттикнување на непријателствата меѓу Македонците, Србите, Грците, Власите и др. народности во неа,[1306] младотурците се надевале дека ако кон спомената непријателства се приклучувало и непријателството меѓу врховистите и санданистите, тогаш, тие народи и организации никогаш не би можеле да се обединат во борбата против нив. Меѓутоа, младо-

турските надежи и планови не се остварале од причина што набрзо христијаните во Македонија и нивните организации се отказале од меѓусебните етнички и конфесионални борби и создале единствен борбен сојуз против младотурците во Македонија . Лидерите на МП "Единство и напредок" верувале дека Јане Сандански и неговите сомисленици им биле вистински привржаници и пријатели. Тие преку санданистите "планирале" да предизвикуваат оружени востанија во Бугарија. Санданистите би фрлеле бомби во Софија, би уфрлеле оружени чети во Бугарија со што младотурците планирале да ѝ се осветат на Бугарија за мешањето во Македонија. Младотурците мислеле со предизвикување востание и револуција во Бугарија би ги ликвидирале разбојништвото и анархијата во Македонија.[1307]

Во врска со односите меѓу МП "Единство и напредок" и санданистите во 1911 и 1912 г. споменатиот Ќаз'м-бej во цитираното писмо пишувал: "Владата ги поддржуваше централистите против врховистите...Централистите се претставуваа како големи поборници за реформи...Меѓутоа, тие мошне малку се разликуваа од врховистите и немаше ништо заедничко меѓу нивните и нашите стремежи во Македонија. Штета што ние им верувавме на централистите, ги сметавме за свои пријатели, па дури станавме и нивни покровители и заштитници...Оваа политика уште од самиот почеток предизвика сомневање и незадоволство кај народот. Приврзаник на оваа политика беше валијата на Солунскиот вилает, а подоцна Министер за правда-Ибрахим-бej...Тој подлегна на предупредувањата и советите на Ј.Сандански...кој за време на Македонската војна[1308] со своите колежи и убиства над турското население ги изненади своите стари пријатели..."[1309]

Во втората половина на 1911 г. во Македонија била создадена тешка односно хаотична ситуација. Уфрлените чети од Бугарија, Србија и Грција, вршеле масовни убиства, палежи и грабежи над невиното турско и муслиманско население, минирале железнички пруги и мостови, вршеле атентати и диверзии врз значајни верски и државни објекти во кои жртви станувале невини луѓе, најмногу Турци и Македонци. Врховистичките терористи на Т.Александров, Хр. Матов, А.Протогеров и на бугарските империјалистички кругови извршиле многубројни т.н. магарешки атентати. Тие атентати се вршеле со адски машини сокриени во вреќи и натоварени на магарија во пазарни денови се оставале на пазар сред народот каде што од нивните експлозии страдале многубројни пазарции.

Во 1911 г. најмногу такви атентати и убиства се случиле во периодот октомври-декември. Во октомври во Гребен биле убиени месниот епископ и неговите луѓе; пренесувачите на поштата од Елбасан за Битола, а на 4.XII 1911 г. близу Чаршиската џамија во Штип, експлодирала една вреќа со бомби од што загинале 2 Турци и биле ранети 25 Турци, 1 Евреин и 1 "Бугарин".[1310] "По експлозијата на бомбите пишува Ј.Х.Бајџр некои Бугари почнале да пукаат од своите оружја. Мислејќи дека било изложено на некој бугарски напад, турското население ги нападнало Бугарите при што убиле 17 и раниле 149 души. По интервенцијата на властите за 15-2о минути бил воспоставен ред и мир во градот."[1311]

Настаните во Штип предизвикале големо вознемирување во цела Македонија, Истанбул, Бугарија и Европа каде била покренатa голема антимладотурска пропаганда. Во Софија и др. градови на Бугарија биле одржани многубројни протестни митинзи на кои била мошне остро критикувана младотурската политика

во Македонија. Со настаните во Штип "македонското прашање" повторно станало едно од најактуелните прашања во Европа. Таа повторно го привлекло вниманието на големите европски сили и соседните балкански држави.[1312]

Во 1911 г. врховистичките чети извршиле атентати, диверзии и др. оружени акции и во други места во Македонија.[1313] По извршените оружени акции од страна на врховистичките четничко-терористички групи "властите вели М.Пандевски силно се раздвижиле и преземале различни мерки за да се спречат нови атентати и масакри".[1314]

Атентатите, диверзиите и др. оружени акции на четниците-терористи на Хр.Матов, Т.Александров, А.Протогеров, Тодор Лазаров и др. биле поттикнувани, подржувани и потпомогнати со сите можни средства од бугарските завојувачки кругови, кои од друга страна барале од големите европски сили да издејствуваат кај Османската влада да преземе потребни мерки за сопирање на споменатите акции. Кон врховистичките оружени акции во Македонија се приклучиле и грчките андарти подржувани од Грчката влада и српските четници подржувани од српските завојувачки кругови.

Споменатите врховистички акции имале за цел да ги провоцираат властите на одмазда и репресалии над христијанското население во Македонија. Освен тоа, тие биле насочени и против побудните и свесните Македонци. Со атентати и убиства врховистите "се труделе да ги ликвидираат некои влијателни луѓе од бившата НФП,[1315] во што активно била вклучена и Бугарската егзархија која според М.Пандевски "прибегнала кон морално угнетување на македонската родољубива интелигенција против која употребувала и орворени насилни средства со што

таа сакала да се протера надвор од Македонија нејзината најборбена интелигенција, да се обезглави македонскиот народ... да му ја скрши волјата на тој народ или да го протера сето она што било побудна..."[1316] За реализирање на споменатата цел, Егзархијата почнала масовно да ги отпушти или да ги премести побудните македонски учители, при што таа есента 1911 година разместила и отпуштила околу 2оо учители.[1317] Освен отпуштање и преместување на учители од страна на Егзархијата и врховистите почнале да ги убиваат побудните Македонци.[1318]

Кон настаните во Македонија во 1911 г. се приклучиле и албанското востание на Косово и Северна Албанија, арапското востание во Јемен, ерменеските терористички акции во Источна Анадолија и војната меѓу Османската империја и Италија за Либија.[1319]

Споменатите настани , зајакнувањето на здружената либерална опозиција предводена од Партијата "Хуријет ве итилаф" и осмабените позиции на Високата порта ја принудиле неа кон крајот на 1911 г. да заземе еден поблаг, поумерен и пофлексибилен став спрема нетурските народи во Империјата и да ги прифати нивните барања за обезбедување на извесни привилегии за нив. Од записниците на Високата порта објавени од турскиот историчар Ј.Х.Бајур се гледа дека таа ги прифатила барањата на "Бугарите", Грците, Ерменците, Србите и др. христијански народи и нивните конфесионални институции за обезбедување на некои воени и училишни привилегии и на 4.XI 1911 г. истите ги санкционирала со свои одлуки.[1320]

Со споменатите владини одлуки всушност им биле признати официјални права на јазиците на христијанските народи, им биле признати права и на нивните верски водачи да посредуваат меѓу нив и државата по прашања кои се однесувале за нивното

образование и служење во османската војска, со што на некаков начин верските водачи и институции на христијанските народи станале како држави во османската држава. Со споменатите одлуки кои биле донесени по препорака и согласност на МП "Единство и напредок", Високата порта правела последни обиди за смирување на христијанските народи во Империјата, особено на Балканот тие во Македонија, што претставувало и императив за спречување на странското мешање во внатрешните работи на земјата и за сочување на нејзината толку сакана територијална целост.

Споменатиот однос на Високата порта спрема христијанските народи во Османската империја најверојатно бил резултат на одлуките и статутарните одредби донесени на конгресот на МП "Единство и напредок" есента 1911 г. [1321] Најважни членови на донесениот статут на споменатиот конгрес биле чл. 1,2,55, 63,64,67 и 68, а од нив чл.1,2,55 и 63 го изразувале односот на Партијата "Единство и напредок" спрема нетурските народи во Османската империја. [1322]

Во чл. 1 од Статутот пишувало: "Без разлика на политичка и верска припадност се повикуваат сите османски сотатковници да работат за сочување на уставниот систем, слободата, рамноправноста и правдата...'Османското друштво за единство и напредок' има за задача да ги заштити општите интереси на своите народи без разлика на нивната полова и верска припадност и ќе се бори со уставни средства да ги спречи нивните меѓусебни недоразбирања..." [1323]

Во чл. 2 од Статутот пишувало: "'Османското друштво за единство и напредок' има политичка и социјална секција. Според својата политичка структура Друштвото е една партија.

Членови на Партијата можат да бидат сите османски сотатковници кои ја прифаќаат нејзината политика..."[1324]

Според чл.55 на Статутот, членови на младотурските клубови можеле да бидат сите сотатковници без разлика на нивната верска, народносна и полова припадност и од сите социјални слоеви на општеството.[1325]

Според чл.63, младотурските клубови ќе се бореле за реализирање на стремежите на Партијата за обезбедување на среќа и благосостојба на целиот народ...[1326]

Неуспехот во војната со Италија, врховистичките атентати и диверзантски акции во Македонија, ерменските терористички акции во Источна Анадолија, албанското и јеменското востание и лошата економска ситуација на земјата ги разнишале позициите на МП "Единство и напредок" и Високата порта и тоа не само во земјата, туку и на Балканот и во Европа. Тоа претставувало поволен миг за поактивно настапување на новосоздадената здружена либерална опозиција предводена од Партијата "Хуријет ве Итилаф". Како резултат на незадоволството од политиката на МП "Единство и напредок" и Високата порта, голем број младотурски пратеници поминале на страната на споменатата здружена опозиција, со што тоа во декември 1911 г. обезбедила дури и пратеничко мнозинство во парламентот што довело и до влошување на односите меѓу парламентот и Високата порта на чиешто чело стоел ген. Саид-паша. Доведена во една таква ситуација, за власт желната МП "Единство и напредок" согласно одредбите на Уставот од 1909 г. и добивајќи ја согласноста на Сенатот, во почетокот на јануари 1912 г. го принудила султанот Мехмед Решад V да издаде наредба за распуштање на парламентот и за свикување на вон-

редни парламентарни избори, кои траеле од јануари до крајот на март 1912 г. Ползувајќи ја власта што сè уште ја имале, младотурците примениле различни притисоци над избирачите без разлика на нивната народносна припадност, вклучувајќи ги и самите Турци поради што тие ибори биле нарекувани и "Sopa Seçimleri".[1327]

Во предизборната кампања се водела жестока борба меѓу МП "Единство и напредок" и здружената опозиција во сите делови на Империјата. Меѓутоа, таа борба, поради своето огромно значење за младотурците односно османската држава, сепак најжестока била во Македонија каде според М.Пандевски "против владејачката партија излегол здружениот егзархиско[1328] врховистичко-патријаршиско-итилафчиски изборен блок чиишто заедничка цел била да се собори од власт Младотурскиот комитет.[1329] За разлика од споменатиот блок, Ј.Сандански и неговите сомисленици им останале лојални спрема младотурците, но и натаму дејствувале самостојно и независно од нив, го отфрлиле егзархиско-патријаршискиот блок и успеале да ја спречат егзархиско-врховистичката организација на изборите во Серскиот и Драмскиот санџак.[1330] Младотурците се согласиле да ги поддржуваат кандидатите на санданистите-Стојо Хаџиев и А.Бујнов.[1331] Во Македонија П.Дорев ја исфрлил тезата за создавање на македонско-турски изборно-политички сојуз кој да му се спротивстави на грчко-бугарскиот блок. Меѓутоа, младотурците тоа не ги искористиле и се обиделе по пат на војна да го решат македонското прашање.[1332]

Под притисок спроведените избори ги добила МП "Единство и напредок", а здружената опозиција претрпила голем неуспех. Според М.Пандевски од 29о пратенички места, опозицијата

добила само 15.[1333] На изборите од Македонија биле избрани 5 Македонци и 2 Срби,[1334] а не бил избран ниту еден егзархиско-врховистички кандидат што "претставувало протест на македонскиот народ против политиката на Бугарија во Македонија...Македонскиот народ го отфрлил патот на 'ослободување' од Бугарија со чети, атентати, провокации и војна".[1335]

Со сила извојуваната младотурска победа на споменатите избори не ја подобрила мошне лошата економска и политичка ситуација на Османската империја. Како резултат на неуспешната младотурска внатрешна и надворешна политика, оддалечувањето на воената и граѓанската интелигенција од младотурците, спротивставувањето на војската на нивната политика, продолжувањето на војната со Италија, раздвижувањето на нетурските народи во Македонија, Анадолија и арапските територии, избувнувањето во почетокот на мај 1912 г. востанието на секогаш незадоволните, агресивните и разбојнички и насилнички настроените албански националисти и сепаратисти на Косово и во Албанија,[1336] појавувањето и омасовувањето на офицерското движење "Halaskâr Zabıtan Grubu"[1337] и стравот да не биде обвинета од народот за споменатите состојби, ја принудиле МП "Единство и напредок" на некаков начин тивко да помине во опозиција, а владата на ген.Саид-паша на 16 јули 1912 г. да поднесе оставка. На 21 јули 1912 г. за нов голем везир на Османската империја бил назначен 73 годишниот Гази Ахмед Мухтар-паша. Поради наоѓањето на тројца поранешни големи везири во неговата влада, таа била нарекувана "Büyük Kabine".[1338] Владата на Гази Ахмед Мухтар-паша била антимладотурска. Тој веднаш ги сменил началникот на полицијата на Истанбул, командантот на I Армија и на нивни места назначил свои луѓе, а извршил големи сменувања скоро во

сите владини институции. Меѓутоа, за целосно исфрлување на МП "Единство и напредок" од власт, требало Владата да се ослободи и од младотурскиот парламент. Поради тоа, Г.А.Мухтар-паша пред да го распушти парламентот прво побарал изгласање доверба на неговата влада при што добил 113 гласови "за" и 45 гласови "против".[1339] Веднаш по таа победа, Владата во почетокот на август 1912 г. го распуштила парламентот и распишала нови парламентарни избори кои требале да се одржат есента 1912 г. Отстранувањето на младотурците од власт било предоцна, бидејќи во втората половина на 1912 г. со организирање на нови врховистички атентати и диверзии во Македонија, "македонското прашање" добило нови димензии во чиешто решавање веќе "активно" се вклучиле и соседните балкански завојувачки држави. Тогаш веќе бил создаден и сојузот меѓу балканските држави Бугарија, Грција, Србија и Црна Гора.

Од споменатите земји уфрлените чети од почетокот на 1912 г. до избувнувањето на Првата балканска војна организирале многубројни атентати, диверзии и др. оружени акции на целата територија на Македонија при што жртви станувале невини Турци и Македонци.

Во периодот од 1 до 10 мај 1912 г. врховистичките чети извршиле 2 атентати на железничката линија Солун-Скопје кај Гевгелија и против Комисијата за реформи во Румелија кај Битола.[1340]

Уфрлените врховистички атентатори и диверзанти од почетокот на 1912 г. извршиле оружени напади во Битола (30 јануари и 24 септември), Кичево (17 февруари), Охрид (25 април и 30 јули), Ресен (31 јули), Прилеп (2 септември), Кавадарци[1341] и Крушево (9 февруари и 6 септември).[1342]

Во летото 1912 г. во Македонија (биле организирани) масовни четнички акции против османските власти. Биле минирани железнички линии, мостови и др. државни објекти. Со тие акции, врховистичките четници сакале да ги предизвикат властите на одмазда и крвопролевање. Со таква цел, врховистите на 1 август 1912 г. фрлиле две бомби во пазарот во Кочани од чии експлозии загинале 28 и биле ранети многу други пазарџии.[1343] "Предизвикаците Турци и војската (шпионирани од Ј.Х.Бајџр) ги нападнале Бугарите и убиле 21, а раниле 190 души."[1344]

Како што било и планирано, споменатиот настан отворил пат на многу реакции во соседните балкански држави и Европа. Во Бугарија биле одржани многубројни протестни митинзи и преземени дипломатски активности. Бугарската влада официјално побарала од Високата порта да ги анализира, да ги пронајде и да ги казни со смртни казни виновниците и да не дозволи во иднина да се случуваат слични настани. По настаните во Кочани биле забрзани подготовките на балканските сојузени држави за војна против Османската империја.

По наредба на Т.Александров, кон крајот на август истата година врховистичкиот терорист Борис Демирџиев[1345] во еден пазарен ден, во пазарот на Дојран активирал пеколна машина од чијашто експлозија според едни податоци загинале 60 Турци и 5-6 Македонци,[1346] а според М.Пандевски загинале 13 Турци, биле ранети 42 Турци и 3 Македонци.[1347]

По наредба на Т.Александров во 1912 г. во Македонија биле убиени и многу прогресивни Македонци.[1348]

За разлика од младотурската влада, Владата на Мухтар-паша настојувала да не подлегне на провокациите на врховистите, туку таа се обидувала да ги спречи и атентатите на врховистичките чети и одмаздите на Турците и властите.

Со цел да ги спречи подготовките на балканските држави за војна и да ги смири состојбите во Македонија, Владата на Гази Ахмед Мухтар-паша на 18.IX 1912 г. објавила, а на 25 IX 1912 г. ја известила Бугарската влада дека и на христијанските народи во Румелија ќе им даде исти привилегии како на Албанците дадени на 4 мај и 3о јули 1912 г.[1349] Меѓутоа, споменатите обиди на владата на Мухтар-паша биле направени со големо задоцнување, бидејќи веќе тогаш се знаело дека војната ќе почнала кон средината на октомври истата година. Од тие причини, Високата порта на 15.IX 1912 г. презела мерки за обезбедување на границата со Бугарија, а на 22.IX објавила и делимична мобилизација. На 3о.IX објавиле општа мобилизација и балканските државички, а на 5.X Црна Гора[1350] ѝ објавила војна на Османската империја. По одбивањето на неприфатливиот ултиматум од Високата порта, балканските сојузени држави-Бугарија, Србија и Грција на 17.X 1912 г. ѝ објавиле војна на Османската империја,[1351] која на 15.X потпишала примирје со Италија според кое таа се повлекувала од Либија, а Италија од 12 егејски острови.

Првата балканска војна се водела за завојување на европските територии на Османската империја, особено на Македонија. Таа војна претставувала голема трагедија за македонскиот народ и Македонија која била поделена меѓу балканските др. држави Бугарија, Грција и Србија. Македонскиот народ ја изгубил својата национална самобитност, а Македонија својата економска, трговска, национална и територијална целост. По спомнатата војна македонскиот народ бил изложен на невидени притисоци, репресалии и други злосторства од завојувачките режими на споменатите држави. Тој народ бил изложен на денациона-

ционализација како што не било забележано во историјата. Режимите на споменатите завојувачки држави почнале со терор и др. репресалии да ги асимилираат Македонците во "Бугари", "Срби" и "Грци".

Балканската војна претставувала голема трагедија и за Турците во Македонија и другите делови на Румелија окупирани од бугарските, српските и грчките војски. И Турците биле изложени на големи притисоци и репресалии на споменатите војски кои извршиле масовни убиства и колежи над нив, нивните злоства во многу случаи попримиле карактер на геноцид.[1352] Освен војските, големи насилства, убиства и грабежи над Турците во Македонија, Тракија и др. места извршиле и врховистичките чети на Т.Александров и др. врховисти.[1353]

Ч Е Т В Р Т И Д Е Л

Одразот на Младотурската револуција во турската и македонската литература

Во сите свои развојни фази, помалку или повеќе Младотурската револуција имала свој одраз и во литературите на народите на Османската империја, особено во турската уметничка литература. Интересот на литературните творци во Османската империја и надвор од неа за споменатата револуција бил мошне разновиден и изразит во сите нејзини развојни фази. За турските литературни творци таа станала извор на инспирација и една од "најмногу" пишуваните теми. Споменатите творци настојувале револуционерните настани од јули 1908 г. да ги транспонираат во песни, раскази, романи, спомени, драмски и други литературни творби.

По победата на Младотурската револуција во општествениот живот на Османската империја се појавиле некои идејни и политички струења кои станале најчести теми и извори на инспирација во турската уметничка литература. Од нив порано постоеле османизмот и исламизмот односно панисламизмот, а како "нови" се појавиле турцизмот, пантурцизмот и пантуранизмот. Споменатите струења имале силен ~~силен~~ одраз во турската уметничка литература и влијаеле во неа да се појават писатели и поети - османисти, исламисти и панисламисти, турцисти, пантурцисти и пантуранисти, како и на појавувањето на нови национални литературни творци.

За разлика од периодот пред победата на Младотурската револуција кога не постоела слобода на говорот, печатот

и творештвото, по победата на споменатата револуција почнале да се издаваат многубројни литературни списанија и да се формираат литературни друштва; да се објавуваат песни, раскази и др. литературни творби во кои се осудувал стариот и се одржувал новововедениот младотурски режим, а кои биле радосно прифатени од широките маси на сите народи на Османската империја. Треба да се подвлече и фактот дека еден добар број од тие творби ги афирмирале и ги пропагирале принципите, определбите и стремежите на споменатите идејни и политички струења. Во периодот до избувнувањето на "Балканската анексионистичка криза", односно Османско-италијанската и Првата балканска војна доминирале определбите и стремежите за создавање на османско и исламско единство, а напоредно со нив биле присутни и определбите за сеопшто издигнување на турскиот народ по примерот на народите на Западна Европа. Меѓутоа, по споменатата криза и споменатите војни кога на османизмот и исламизмот им биле зададени дефинитивни удари, се појавиле односно се засилиле идејно политичките струења и движења-турцизмот, пантурцизмот и пантуранизмот. Ослабнувањето односно исчезнувањето на османизмот, а до извесна степен и на исламизмот влијаело на зајакнувањето и на целосната доминација на турцизмот, пантурцизмот и пантуранизмот. Од тие причини некои турски поети и писатели се појавувале и како поборници на османизмот и како поборници на турцизмот, пантурцизмот и пантуранизмот, а некои од нив и поборници и на исламизмот и панисламизмот. Мнозинството од споменатите творци во сите развојни фази на Младотурската револуција биле големи критичари на стариот и поборници на уставно-парламентарниот режим. Тие биле воодушевени од победата на Младотурската револуција. Мнозинството од нив биле членови на МП"Е-

"Единство и напредок" чијашто политичка борба станала извор на инспирација и имала евидентен одраз во нивните творби. Повеќето од нив дури активно се вклучиле во реализирањето на политичките стремежи на споменатата партија. Така на пример познатиот турски поет-османист, турцист и пантуранист-Мехмет Емин[1354] на неа ѝ ја посветил творбата "lo Temmuz"[1355] во која во стиховите

. . . . . .

"Bu gün eski bir dünyânın yıkıntısı üzerine
Doksanüç'ün meşrûtiyyet saltanatı yükseliyor;"[1356]

. . . . . .

превод на македонски:

"Денес на рушевините на еден стар свет
Се возвишува уставната великалепност од 1293"

го испеал своето воодушевување од победата на Младотурската револуција во јули 1908 г., а со стиховите

"Bundan sonra her Osmanlı şu Türkiya toprağında
Ma'bediyle, mektebiyle, her şeyiyle hür olacak;
Bir ak-mermer saray kadar emin olan ocağında
Bir padişah gibi ömür sürmek için hak bulacak".

. . . . . .

превод на македонски:

"Од денес секој Османлија во оваа земја на Турција
Со својата црква, училиште, со сè ќе биде слободен;
Во својот безбеден дом како сарај од бел-мермер
Ќе има право да живее како еден султан"

од истата творба тој се вклучил во реализирањето на идејно-политичкиот стремеж на МП "Единство и напредок" за обединување на сите народи на Османската империја во замислената

османска нација подвлекувајќи при тоа дека секој османски сотатковник без разлика на својата етничка и конфесионална припадност ќе имал право на своја конфесионална институција, на свое училиште и др. и дека на секој сотатковник ќе му било гарантирано безбедност на животот, имотот и честа и ќе живеел слободно како еден султан на Османската империја.

Определбата на М.Емин за создавање и развивање на чувството за создавање на братство меѓу народите на Османската империја во рамките на планираната османска нација ќе била искажана и во стихот

"Ben hakir bir insanı kardeş duyan bir ruhum"

(Јас за свој брат го сметам и најништожниот човек)

на песната "Bırak Beni Haykırayım".[1357]

Победата на Младотурската револуција влела радост, оптимизам и голема надеж и кај големиот турски поет, критичар на режимот на султанот Абдул Хамид II и поборник за воведување на уставна демократија во Османската империја-Тефик Фикрет.[1358] Т.Фикрет бил возвишена фигура, претходник на турската демократска литература и голем реформатор на турската поезија. Инспириран од воведувањето на уставниот систем, надевајќи се дека тој систем ќе ги разрешил сите акутни и актуелни општествени проблеми и ќе придонесол за надминување на дотогашните лоши состојби во Османската империја, еден ден по победата на Младотурската револуција тој ја напишал песната "Rücû "[1359] со која всушност се откажал од својата можеби најубава творба "Sis "[1360] напишана во 1902 г. во која тој мошне остро го критикувал тогашниот султански режим.

Творбата "Повторно враќање" не треба да се смета само како плод на личниот интерес на поетот за Младотурската револуција, туку таа треба да се гледа во контекстот на воодушевувањето на луѓето од победата на споменатата револуција и на протестот против собориниот режим на султанот Абдул Хамид. Споменатата песна била инспирирана од идејно-политичките определби на МП "Единство и напредок" и претставувала всушност транспозиција на нејзините идејни и политички стремежи. Таа била инспирирана од тешката положба на Османската империја и го изразувала во поетска форма ставот на Т.Фикрет спрема народите на Османската империја кои се бореле за слобода, рамноправност, правда и братски живот.

Покрај споменатото, Т.Фикрет со стиховите

"Koş ittihâda, teâliye, sa'ye, ikbâle;
Fakat unutma ki yol intizam-ı meşyetle
Yakınlaşır, kısalır...Doğru at adımlarını.
Düşün: bugünkü adımlar hazırlıyor yarını!" [1361]

превод на македонски:

"Бори се за обединување, возвишување, работа и среќа;
Не заборави дека патот на редот и поредокот
Се доближува и се скратува зависно од начинот на одот.
Поради тоа размисли: денешните чекори ја подготвуваат иднината"

ги повикувал народите на Османската империја на обединување, издигнување и работа со што освен за сопствената ќе придонеле за среќата и благосостојбата и за идните поколенија на земјата.

На барање на МП "Единство и напредок", Т.Фикрет 15 дена пред победата на Младотурската револуција ја напишал песната "Millet Şarkısı" [1362] која во текот на Револуцијата се пее-

ла како национален марш од страна на младотурските револу-
ционери.

Со стиховите

Çiğnendi, yeter, varlığımız cehl ile kahre;
Doğrandı mubarek vatanın bağrı sebepsiz.
Birlikte bugün bulmalıyız derdine çare;
Can kardeşi, kan kardeşi, şan kardeşiyiz biz.

Millet yoludur, hak yoludur tuttuğumuz yol;
Ey hak, yaşa, ey sevgili millet, yaşa...var ol!

Gel kardeşim, annen sana muhtaç; ona koşmak...
Koşmak ona, kurtarmak o bî-bahtı vazifen [1363]
. . . . . .

превод на македонски јазик:

Доста, се газеше, со сила нашето постоење;
Се раздроби без причина утробата на нашата света татковина

Денес заедно треба да изнајдеме решение за нејзините проблеми

Мили браќа, крвни браќа, славни(добри) браќа сме ние.

Нашиот пат е патот на народот, патот на правдата;
Живеј правдо, живеј мили народе, живеј...посто !

Дојди брате, мајката те вика, трчи кон неа...
Должност ти е да трчи и да ја спасиш таа несреќна.

од споменатата творба, тој го критикувал тогашниот режим, а нарекувајќи ги мили, крвни и добри браќа, ги повикувал сите народи во Империјата, без разлика на нивната народносна и конфесионална припадност да се сплотат во започнатата праведна борба за уривање на султанскиот и за воведување на конституционен режим кој на сите луѓе во земјата ќе им обезбеди

слобода, рамноправност, правда и заеднички живот. Во песната мошне значајно место зазема и изградувањето на чувството за припадност кон заедничката татковина кај народите на Османската империја нарекувајќи ја неа мајка на сите луѓе што живеат во неа. Т.Фикрет ги повикувал сите народи и сметал дека тие биле должни да притрчат на помош и да ја спасат нејзината татковина од тешката положба во која се наоѓала. Во споменатата песна, тој дури и повеќе се залагал за реализирање на идеите и стремежите за создавање на толку саканото османско единство од народите на Османската империја. И кај него идејата за создавање на споменатото единство била издигната до еден идеал во борбата за уривање на стариот и воведување на уставен режим што претставувало императив за спасување на Османската империја од пропаѓање и распарчување од странските сили.

Отстапувањето на младотурците од своите дадени ветувања за воведување на вистинска уставна демократија во Османската империја, предизвикало разочарување кај турската интелигенција која истото го искажала нескриено во своето литературно, културно-уметничко и др. творештво. Своето незадоволство и разочарување од резултатите на Младотурската револуција и од непринципиелната политика на МП "Единство и напредок" најотворено го искажал и Т.Фикрет во својата песна "Doksanbeş'e Doğru".[1364] Во споменатата песна тој го искажал својот страв, дека појавените тенденции за стеснување и ограничување на воведената уставна демократија претставувале предзнак за враќање кон 1293 (1878) г. кога бил укинат Уставот од 1876 г. и бил воведен 33-годишен недемократски режим на султанот Абдул Хамид II.[1365]

Со песната "Han-ı Yağma "[1366] Т.Фикрет го искажал своето незадоволство и разочарување од експлоатацијата на државата и народот од страна на некои поединци и општествени групи.[1367]

Напоредно со идеологијата на османизмот[1368] во видоизменета форма постоела и идеологијата на исламизмот која исто така имала одраз во споменатата литература. Со текот на времето исламизмот се трансформирал во панисламизам кој до победата на Младотурската револуција имал мал број приврзаници меѓу членовите на МП "Единство и напредок", а по победата на споменатата револуција панисламизмот бил прифатен и од голем број младотурци. Панисламизмот и османизмот биле доминантни идејно-политички доктрини сè до анектирањето на Босна и Херцеговина од страна на Австро-Унгарија, прогласувањето на целосната независност на Бугарија во октомври 1908 година, Османско-италијанската војна во 1911 и I Балканска војна во октомври 1912 г. Зајакнувањето на националноослободителните движења на нетурските народи, особено на нетурските муслимански народи - Арабите, Албанците и др. и споменатите војни задале голем удар на османизмот, а во значителна степен го деградирале и исламизмот односно панисламизмот.

Исламизмот и панисламизмот имале одраз и во турската уметничка литература. Стремежите на споменатите доктрини се афирмирале и се пропагирале преку различни весници, списанија и литературни творби. Најголеми поборници за обединување на сите муслимани во светот, односно само на Османската империја биле авторот на турската национална химна-поетот Мехмед Акиф Ерсој[1369] и писателите М.Шемсеттин Гуналтај, Саит Хилми, Ешреф Едип и др.

Младотурската револуција имала свои рефлексии и во

творештвото на Мехмед Акиф Ерсој. Според негово искажување, таа во неговиот живот значела повторно негово раѓање.[1370] Во периодот 1908-1910 г. ја напишал првата книга од своето мошне значајно дело "Safahat".[1371] Иако уште од самиот почеток бил поборник за создавање на исламско единство, сепак во првата книга од споменатото дело тој поместил поетски творби со социјални и историски мотиви, творби со кои го критикувал султанскиот апсолутизам и творби преку кои го изразувал своето воодушевување од воведувањето на конституцијата во Османската империја. Од нив најпознати се песните "İstibdad"[1372] и "Hürriyet".[1373]

Со стиховите

Yıkıldın, gittin ammâ ey mülevves devr-i istibdad,
Bıraktın milletin kalbinde çıkmaz bir mülevves yad![1374]

превод на македонски:

Падна и отиде на крај ти нечисто апсолутистичко бреме,
Оставајќи во срцата на народот неизбришливи траги.

во песната "İstibdad"[1375] го опишува соборувањето на стариот режим и последиците што тој режим ги оставил во срцата на луѓето. Додека пак своето воодушевување од воведувањето на младотурскиот уставен режим тој го искажал во стиховите

Beyaz entarisiyle kar gibi kız,
Sanki cennetten inme zâde-i hûr;
. . . . . .
Kuşanıp bir nitaak-ı hürriyet
Geziyor hâk - dânı dûra - dûr!
. . . . .

превод на македонски:

Со својата бела халјина, како снег девојка
Како да се симна од рајот ќерката на самовилата;
. . . . . .

Се опаши со појасот на слободата
Се шета по земјата на долго и широко!

во песната песната "Hürriyet".[1376]

Во периодот по победата на Младотурската револуција како резултат на уставната демократија почнале да се издаваат многубројни литературни весници и списанија околу кои со текот на времето се конституирале и истоимени литературни друштва. Од нив најпознати биле солунското друштво "Genç Kalemler",[1377] потоа литературните списанија-друштва: "Türk Yurdu",[1378] "Türk Ocağı",[1379] "Yeni Mecmua",[1380] и др.[1381]

Од споменатите списанија и литературни друштва најзначајна улога во афирмирањето и пропагирањето на идеите и стремежите за ослободување на турскиот јазик и литература од влијанието на арапскиот јазик и литература одиграло списанието "Генч Калемлер" околу кое се собрале раскажувачот Омер Сејфеттин, социологот и публицистот Зија Гокалп и критичарот и полемичарот Али Канип, а во пробудувањето на турската национална свест и во конституирањето на турската нација списанието "Турк јурду".[1382]

Турските поети, писатели, критичари, полемичари и др. творци собрани околу списанието "Генч Калемлер" се бореле за ослободувањето на турскиот јазик и литература од влијанието на арапскиот и персискиот јазик и литература. Споменатите творци настојувале темите на литературните творби да се земаат од животот на широките маси на турскиот народ, ја ~~бр~~ бранеле националната и социјалната идеја, а во поезијата се бореле за употребата на националната ритмичка единица. Напорите на групата околу списанието "Генч Калемлер" вродиле моќне плодни резултати. Споменатата група ги поставила основите на Движењето за чистотата на турскиот јазик т.н "Türçecilik",

кое движење одиграло можеби најрелевантна улога во конституирањето и развитокот на турската буржоаска нација т.н. "Türkçülük" односно турцизам. Споменатата група придонела за свртувањето на турската нација кон своите изворни национални вредности и национална култура.

Турската буржоаска нација го нашла во турцизмот своето историско, економско, политичко, морално, културно-образовно и др. обоснование. Меѓутоа, турцизмот уште од самиот почеток се појавил со елементи на пантурцизмот и панисламизмот и бил прогласен за официјална идејно-политичка доктрина на МП "Единство и напредок" односно на младотурскиот режим. Споменатата доктрина по Османско-италијанската и I Балканска војна била дополнета уште со стремежот за обединување на сите турски народи во Азија.- Азербејџанците, Туркмените, Узбеците, К'рг'зите, Ујгурците, па дури и Унгарците и Финците во една замислена туранска држава под турско управување. Таа била пантуранистичка доктрина создадена од нејзиниот идеолог З.Гокалп кој неа најзабележливо ја изложил во стиховите

Vatan ne Türkiyedir, Türklere, ne Türkistan.
Vatan büyük ve muebbed bir ülkedir: Turan...

превод на македонски:

Татковината на Турците не е ниту Турција, ниту пак Туркистан;
Татковината на Турците е една голема и пространа земј со име: Туран...

на песната "Tûran"[1383] објавена во 1910 г. во списанието "Генч Калемлер".

Според пантурцистите и пантуранистите единствен пат

за спасување на османската држава која се наоѓала во мошне тешка економска и политичка ситуација, се наоѓала под целосната европска економска експлоатација и политичка контрола и на која ѝ претело брзо и "целосно" пропаѓање, распаѓање и распарчување од големите европски сили и малите балкански држави - било пантурцизмот. Со тоа делумно можат да се објаснат тогашните услови што во делата на ревносните пантурцисти односно пантуранисти З.Гокалп[1384], Халиде Едип-Ад'вар,[1385] Купрулизаде Мехмед Фуад, Мехмет Емин,[1386] Ахмед Хикмет Муфтуоглу, Изет Улви, Ака Гундуз, потоа во статиите на Ахмет Агаоглу, Јусуф Акчура и др. реализирањето на пантурцистичките и пантуранистичките стремежи претставувале императив за ~~еп~~ спасот и судбината на Османската империја, а подоцна и на Турција.[1387]

Турцизмот, пантурцизмот и пантуранизмот имале голем одраз во турската уметничка литература во сите развојни фази на Младотурската револуција. Со тематика за пробудување на турската национална свест, за ослободување на турскиот јазик, литература и култура воопшто од влијанието на арапскиот и персискиот јазик и литература, како и создавање на туранската држава како замислено национално единство на сите турски народи во Азија, што била истоветна замена на националниот идеал со митската идеја за создавање на турската нација-биле напишани многубројни романи, раскази, песни, драмски и др.литературни творби.

Во контекстот на споменатите определби, многу јунаци од своите раскази ги создал според своите национални идеали и стремежи и Омер Сејфеттин-еден од водачите на струењето за чистотата на турскиот јазик и еден од првите соз-

давачи на класичниот турски расказ.[1388] Во поголемиот број негови раскази присутна е една отворена теза за пробудување на турската национална свест, за ослободување на турскиот јазик и литература од повеќевековното влијание на арапскиот и персискиот јазик и литература и за конституирањето на турската нација. Тој напишал песни, раскази, спомени и статии.[1389] Со тематика за пробудување на турската национална свест е неговата новела "Primo Türk Çocuğu",[1390] за немоќноста за создавање на замислената османска нација и за односот на македонското население спрема младотурската власт е расказот "Hürriyet Bayrakları",[1391] а за военото востание од 12/13 април 1909 г. во Истанбул тој го напишал расказот "İrtica Haberi".[1392] Младотурската револуција имала одраз и во некои други негови литературни творби.

Борбата на МП "Единство и напредок" за соборување на стариот и воведување на уставно-парламентарен режим во Османската империја имала одраз и во делата на познатата турска писателка Халиде Едип-Ад'вар. Преку синот на Селим-паша младиот Хилми-бej, таа во својот социјален роман "Sinekli Bakkal"[1393] ја насликала борбата на младотурците против тогашниот режим и оние настани во една махала на Истанбул што непосредно и претходеле на Младотурската револуција од 1908 година.[1394]

И пантуранизмот имал одраз во турската уметничка литература. Занесена од идеалот за обединување на сите турски народи од Азија во замислената туранска држава, Х.Е.Ад'вар го напишала романот "Yeni Tûran",[1395] а Ахмед Хикмет Муфтуоглу го напишал романот "Gönül Hanım".[1396]

Во сите свои развојни фази, Младотурската револуција

влијаела и на развитокот на турската мемоарска литература. Скоро сите основачи, идеолози и лидери на МП "Единство и напредок" напишале спомени за формирањето, развојот и политичкото дејствување на споменатата партија особено во првата и втората развојна фаза на Младотурската револуција.[1397]

Младотурската револуција имала одраз и во турското народно творештво. Така во деновите на револуционерните настани и по нив широките народни маси ја пееле песната

Yaşasın hürriyet, adalet, musavvat, uhuvet[1398]

По зголемениот интерес за МП "Единство и напредок" во периодот пред победата на Младотурската револуција, се очекувало дека таа револуција ќе го привлекла вниманието и на тогашните македонски литературни творци, ќе го нашла своето место како извор на инспирација во македонската уметничка литература. Меѓутоа, или такво нешто не се случило и или ние не бевме во состојба да изнајдеме некоја литературна творба во која дошло до израз одразот на споменатата револуција. Треба да се подвлече и фактот дека во македонската литература не е досега пишувано за одразот на споменатата револуција во неа или доколку е пишувано тоа е направено мошне фрагментарно и површно. Тоа е интересно од причина што во периодот пред избувнувањето и победата на Младотурската револуција македонската интелигенција била мошне гласна во своите барања за фундаментално и радикално реформирање на Османската империја вклучувајќи ја и нејзината административна децентрализација во чиишто рамки Македонија требало да добие и обласна самоуправа. Меѓутоа, Младотурската револуција останала како периферен настан во интересирањето на македонските интелектуалци односно литературни

творци, од причина што тие имале скептичен однос кон таа революција.

За разлика од македонското уметничко литературно творештво, Младотурската револуција имала незначителен одраз во македонското народно творештво. Во манифестациите организирани во деновите по победата на револуцијата и македонското население заедно со Турците и др. народи во Македонија ја пеело песната "да живее слободата, рамноправноста, правдата и братството".

Брзото отстапување на младотурците од прокламациите за целосно и радикално преуредување на Османската империја, освен кај литературните творци на турскиот народ и др. османски народности, незадоволство и разочарување предизвикало и кај македонските литературни творци кои истите ги искажале преку своите творби. Така според познатиот војвода Аргир Манасиев, учителот Иван Брдаров од Штип во 1909 г. ја напишал творбата "Песна за младотурскиот парламент" во која со стиховите

Од Вардар до Стамбол
Голем шум се крева
Македонија се арзовала 1399)
Парламентот го прашува:
'Хилми-паша повторно царува
Со своите стари паши,
Нови планови мудрува
Како да не исплаши.
Нејќам повеќе да сме робови,

Сакаме да сме слободни
Во нашите домови!',1400.)

го искажал незадоволството на народот од повторното назначување на Хусеин Хилми-паша за голем везир на Османската империја. Хусеин Хилми-паша пред победата на Младотурската револуција бил генерален инспектор на румелиските вилаети и бил заштитник на тогашниот режим. Од тие причини неговото повторно назначување за претседател на Владата за широките народни маси значело враќање на периодот пред победата на Младотурската револуција.

Младотурската револуција имала значителен одраз во развојот на македонската мемоарска литература. За македонската историографија и литература од голема важност се мемоарите, огледите, спомените и статиите на учесниците и современиците на таа револуција А.Митрев, А. Мартулков, А.Динев, Д.Влахов и др.

З А К Л У Ч О Ц И

1. На преминот од XIX во XX в. многунационалната Османска империја преживувала тешка економска и политичка криза.Со системот на капитулациите, со огромни надворешни долгови , со огромен буџетски и трговски дефицит и со многубројни странски инвестиции, таа била претворена во "колективна полуколонија" на развиените европски држави. Таа била претворена во дел на колонијалниот систем на европскиот империјализам т.е. капитализам во епохата на господството на финансискиот капитал. Меѓутоа, наместо да се модернизира, развива и демократизира, во неа во споменатиот период владеел султански централистички режим кој го попречувал навлегувањето и развитокот на демократијата. Од тие причини османската држава имала потреба од радикално реформирање и модернизирање односно европеизирање;

2. Првите отпори против султанскиот режим и тенденциите за реформирање на Османската империја почнале во високообразовните институции во Истанбул каде младите почнале да формираат тајни друштва во кои со текот на времето се вклучиле офицерите и граѓанската интелигенција. Со име "Итихади Османи" прво такво друштво било формирано во мај 1889 г. во Истанбул. Друштвото подоцна го променило името во "Османско друштво за слобода" за на крај да стане МП "Единство и напредок";

3. По претрпениот удар во 1895 г. од султанот А.Хамид, основачите на Партијата емигрирале во странство, каде неа ја развиле и ја масовиле. Освен ЦК во Истанбул, таа создала свои секции скоро во сите поголеми европски центри, на Балканот,на Крим, Кавказ и Бухара, во Египет и др. северноафрички земји. Во периодот до 1912 г. таа издавала околу 15о весници, многубројни списанија и брошури, објавила многубројни манифести,упатила повеќе отворени и протестни писма и телеграми до официјалните личности и институции на османската држава, учествувала на меѓународни конференции за мир и др.;

4. Во периодот 1889-1912 г. МП "Единство и напредок" одржала 7 конгреси. На конгресите во 19о2 и 19о7 г. биле донесени резолуции за изборот на методите и средствата за бората

за борување на султанскиот и воведување на уставен режим, на конгресот во 1908 г. биле зацртани политичките и управните основи на новиот режим, а на тој во 1909 г. резолуции за зацврстување и правно санкционирање на споменатиот режим. Конгресите од 1910, 1911 и 1912 г. всушност значеле повторување на тие од претходните години;

5. Во 1891, 1895/96, 1902, 1907, 1908, 1909 и 1911 г. Партијата "Единство и напредок" донела свои статути, а во 1895,1897,1902,1907 и 1908 г. свои најзначајни политички програми;

6. Поради разликите во изборот на методите и средствата на борбата за реализирање на своите политички цели, на I Младотурски конгрес во 1902 г. во Париз дошло до недоразбирање и до создавање на две младотурски групи - групата на А.Р'за-бej со име МП "Напредок и единство" и групата на принцот Сабахаддин-бej со име "Лига за лична иницијатива и административна децентрализација". Политичката борба меѓу споменатите групи особено се засилила по победата на Младотурската револуција кога тие се трансформирале во легални политички партии - "Единство и напредок" односно ЛП "Ахрар", од крајот на 1911 г. ЛП "Хуријет ве Итилаф";

7. Младотурските фракции имале различни идејни и политички определби и политички програми за реформирањето на Османската империја. Споменатите организации не се појавиле како резултат на потребите на народот, туку се појавиле како резултат на стравот од интервенцијата на големите европски сили и нивниот притисок врз Османската империја. Тие не претставувале одговор на економско-социјалните потреби на народите, ниту пак биле одговор на револуционерните потреби на народните маси. Тие всушност биле политички организации кои барале воведување на некои нецелосни реформи и имале за цел само со намалување на странскиот притисок да и го продолжат животот на Османската империја. Партиите не воспоставиле врски со широките народни маси; останале изолирани од тие маси поради што останале и како вештачки реформски и револуционерни организации. Од нивните крајни резултати немала полза за османската држава, туку големите европски сили и соседните балкански држави. Нивните водачи немале некои подетерми-

политички цели. Немале некои пореални погледи за реформирање и за раководење со османската држава, ниту пак го познавале народот. Тие се задоволувале само со копирањето на западниот начин на мислење и живот. Биле мошне разединети и др.;

8. По своето формирање во септември 1906 г. "Османското друштво за слобода" од Солун кое од 1907 г. станало Солунски центар на МП "Единство и напредок" во својата организациона структура и поставеност наместо од италијанските"карбонари" се изградувало и дејствувало угледувајќи се на МРО. Младите турски офицери на III Армија борејќи се против оружените чети во Македонија увиделе дека сите тие чети не биле разбојнички, ниту биле бугарски, грчки, српски, влашки или др. туку мнозинството од нив биле македонски кои имале своја политичка цел и во својата борба применувале такви методи на герилско војување што младите турски офицери во своите воени академии не ги училе. Младите турски офицери увиделе дека борбата на "бугарските" чети не била борба за христијанство, бугарство или српство, туку била борба за обезбедување на слобода, рамноправност, правда, демократија за сите народи. За младите турски офицери Македонија станала револуционерно училиште каде тие се прекалиле и се подготвиле за организирање на Младотурската револуција;

9. Во периодот до одржувањето на II Младотурски конгрес во 1907 г. МП "Единство и напредок" имала контрадикторен однос кон нетурските народи, а меѓу нив и кон македонското националноослободително движење и МРО. Таа формално ги повикувала сите нетурски народи да се обединат во борбата за соборување на султанскиот и за воведување на уставен режим; ги признавала нивните права за самостојно национално постоење и ги нарекувала браќа и деца на заедничката османска татковина. Меѓутоа, таа не ги прифаќала нивните барања за воведување радикални економско-социјални и национални реформи во земјата вклучувајќи ја и реформата за создавање на автономни или обласни самоуправни територии во границите на Османската империја. Од тие причини, таа, револуционерните организации на нетурските народи, кои го истакнувале тоа барање, ги сметала за сепаратистички и непријателски организации на народот и државата. Меѓу нив ги ставила и МРО. Без разлика на сето тоа, таа во рамките на стремежот за обезбедување на единатвен борбен

сојуз против султанскиот режим сепак воспоставила некои инцидентни врски со МРО и со некои нејзини истакнати лидери;

1о. Континуитетот на воспоставените врски меѓу МП"Единство и напредок" и МРО особено нејзината "левица" и Ј. Сандански се одржил и по одржувањето на II Младотурски конгрес. На споменатиот конгрес била поканета и МРО. Меѓутоа, поканата паднала во рацете на големиот врховистички експонент Хр.Матов кој од веќе познати причини одбил да учествува на конгресот;

11. Иако не учествувала на споменатиот конгрес, наоѓајќи позитивни елементи во политичката програма на МП "Единство и напредок", "левицата" на МРО и Ј.Сандански ги прифатиле конгресните резолуции и решиле да создадат политички сојуз со спомената младотурска организација. Трансформирајќи ги своите политички стремежи од барањето за создавање на Автономна Македонија во барањето за создавање на обласна самоуправа во Македонија во границите на Османската империја, "левицата" на МРО и Ј.Сандански нашле свој сојузник во Солунскиот центар на МП "Единство и напредок". По спомнатите промени во меѓусебните односи, во почетокот на 1908 г. биле воспоставени директни контакти и соработка меѓу месните младотурски комитети и комитетите на "левицата" на МРО;

12. Краен успех на борбата на МП "Единство и напредок" била победата на Младотурската револуција, која избувнала и како резултат на пробудувањето на националното самосознание на турскиот народ. Тоа самосознание одиграло многу важна улога во процесот на создавањето на турската буржоаска нација. Тоа дало силен поттик на развитокот на турскиот буржоаски национализам во неговите различни форми. Во основата на спомнатата младотурска партија лежеле стремежите на либералниот слој на турската национална буржоазија и со него поврзаните големопоседници, интелигенцијата, дел од офицерството и службениците-незадоволници од режимот на султанот А.Хамид II. Турската трговска буржоазија била движечката сила на МП "Единство и напредок" односно на Младотурската револуција, турската интелигенција била идеологот, а офицерството извршителот на спомнатата револуција. Целта на спомнатата револуција била соборување на султанскиот и воведување на уставен режим; обезбедување на економска и политичка независност на земјата од развиена Европа; сочување

на територијалната целост на државата од агресивните напади на големите европски сили и соседните балкански државички; создавање на турска национална буржоазија и обезбедување водечко место на таа буржоазија во економскиот и политичкиот живот во османско-турското општество во кое основните позиции во економијата, трговијата, финансиите, увозот и извозот ги држеле во свои раце османските Грци, Ерменци, Евреи и др. нетурски народи;

13. Паролите за слобода, рамноправност, правда и братски живот исфрлени за време на Младотурската револуција отвориле светли перспективи за создавање на единство меѓу народите на Османската империја и придонеле за надминување на дотогашните нивни меѓуетнички и меѓуконфесионални недоразбирања. Меѓутоа, таа револуција имала тесна класна и социјална структура. Во неа не учествувале широките маси на турскиот народ, а нетурските народи во почетокот со резерва ги следеле нејзиниот развој. Широките народни маси во Македонија и др. делови на Османската империја учествувале само во манифестациите организирани по победата на револуцијата, која било дело на младите офицери на III Армија кон која се приклучила и II Армија, а останатите армии биле пасивни набљудувачи на револуционерните настани во Македонија;

14. Во периодот по победата на Младотурската револуција МП "Единство и напредок" не ја презела власта во свои раце од причина што таа немала свој кадар за управување со територијално распространетата и разнонационалната Османска империја. Нејзините лидери биле млади и неискусни луѓе. Поради тоа, таа била принудена да изнајде прекутен компромис со "собориот" султан и неговиот административен апарат. Тоа довело до младотурско-султанско двовластие од кое најголема полза имале клерикалните кругови кои во младотурците гледале свој опасен верски непријател;

15. Покажувајќи се како големи демократи, младотурците по победата на Револуцијата им препуштиле на сите народи доволно слобода за поактивно вклучување во стопанскиот, културно-образовниот и политичкиот живот на земјата. Освен турскиот и нетурските народи стекнале право да бидат слободни творци на своите култури. Тие почнале да издаваат свои весници и списанија, да создаваат свои културни, уметнички и литературни друштва и да формираат свои политички органи-

зации. Младотурската револуција ја донела политичката партија како една мошне значајна демократска новина. Освен султанот, сарајот, бирократијата и муслиманските и христијанските конфесионални институции, таа во историјата на Османската империја за првпат ја донела и политичката партија која била дообликувана од употребата на поимите татковина, слобода, рамноправност, правда, спогодување, единство, напредок, демократија и др.;

16. Освен Турците и претставниците на нетурските народи кои сакале да се издвојат од османското единство, на почетокот создале свои политички партии и уставни клубови кои исто така биле политички организации. Од политичките партии на нетурските народи најпознати биле НФП, потоа ерменските партии "Дашнакцутијон" и "Х'нчак", а од уставните клубови-бугарските, српските, грчките, влашките, еврејските, албанските и др. По донесувањето на Законот за здруженија, споменатите политички организации се трансформирале во културно-уметнички, литературни, добротворни и др. друштва или поминале во нелегалност;

17. Работниците стекнале право за создавање свои синдикални и др. работнички организации и право за организирање штрајк. Младотурците ветиле дека ќе ги разрешат и аграрното и националното прашање;

18. Како врвен дострел на Младотурската револуција била организирањето на првите парламентарни избори есента 1908 година. На нив учествувале сите народи на Империјата. Од нетурските народи биле избрани 133 пратеници меѓу кои имало и 4 Македонци;

19. По победата на Младотурската револуција уште повеќе дошле до израз добрите и пријателските односи меѓу младотурците и МОРО и Ј.Сандански. Тие односи биле засновани на програмските основи на МП "Единство и напредок" и Декларацијата и Проект-Програмата на МОРО и Ј.Сандански. Од револуционерните организации на нетурските народи и нивните лидери единствено МОРО и Ј.Сандански се бореле за сочување на територијалната целост на Османската империја, а во нејзините граници и на Македонија и не искажувале никакви сепаратистички барања;

2о. Веднаш по победата на Младотурската револуција во општествениот живот на Османската империја се активирале ста-

рите идеолошки струења - османизмот и панисламизмот, потоа струењата:турцизам, огузизам, пантурцизам и на крајот пантуранизам. Османизмот станал нескриена и официјална идеологија на младотурскиот режим. Според итихадциите немало Турци, "Бугари", Срби, Грци, Ерменци, Араби, Албанци, Власи, Евреи и др., немало муслимани или христијани, туку имало само сотатковници кои биле рамноправни пред Уставот и Султанот. По "Балканската анексионистичка криза собено по Турско-италијанската војна за Либија во 1911 г. идеологијата на османизам била заменета со идеологијата на турскиот национализам која се појавила како мошне прогресивна појава, бидејќи дотогаш не постоело некое име кое турскиот народ можел да биде именуван како турска нација. Додека нетурските народи во рамките на зборот "Османлии" или "османство" можеле да ги употребуваат своите национални имиња и се бореле за своите нации, Турците немале некои такви основи. Турцизмот кај Турците доаѓал до израз единствено при именувањето од страна на странците со зборот "Турчин". Во тоа време интелигенцијата и претставниците на владејачката османска класа сé уште не се именувале како Турци, туку како Османлии;

21. По споменатите два настана идеологијата на турскиот национализам била трансформирана во пантурцизам односно пантуранизам кој се стремел за обединување на сите турски народи во Азија односно да ги обедини сите народи од фино-угорската јазична група. Политичката идеологија на пантуранизмот била потчинување на турко-азиските народи под власта на Турција. Споменатите утопистички тенденции на младотурските лидери биле поддржани од поборниците на панисламизмот и од империјалистичките кругови на Германија;

22. Како краен резултат на конфликтот меѓу младотурците и обединетите клерикално-либерални сили, дошло до изб бувнувањето на военото востание во Истанбул во април 1909 г. Во задушувањето на тоа востание под командата на ген.Шефкет Махмуд-паша била формирана "Оперативна армија" во чиишто единици учествувале околу 2 ооо македонски доброволци-командувани од Ј.Сандански, Хр.Чернопеев, Т.Паница и др.;

23. И по задушувањето на споменатото воено востание младотурците не успеале да ја преземат владата во свои раце.

Меѓутоа, ползувајќи го своето пратеничко мнозинство во парламентот, тие издејствувале да се изгласаат низа закони со кои им биле дадени големи овластувања на Високата порта за интервенција во ситуации кога нетурските народи ќе организирале побуни и востанија. Тие закони истовремено значеле и правно санкционирање на новиот режим. Некои од нив ги стеснувале или ги ограничувале политичките права на нетурските народи што значело отстапување од ветувањата дадени пред и за време на Револуцијата;

24. Со извршените уставни промени од август 1909 г. на стариот Устав му била дадена современа и демократска физиономија. Биле ревидирани многу негови членови од кои секако најзначајно било ревидирањето на чл.113. Меѓутоа, и по извршените промени, османската држава останала теократска творевина со уставна монархија како модел за управување со земјата во чиј систем биле вградени многу елементи од уставната демократија;

25. Во периодот на "својата доминација" младотурците ја замешале војската во политиката на Империјата. Со тоа направиле најсериозна и најголема грешка. Тоа ги компромитирало сите нивни дотогашни иницијативи и мерки. Со замешувањето на војската било забрзано процесот на пропаѓањето и распаѓањето на Османската империја. Младотурците не се бореле за споменатото, туку за реформирање на османската држава.И наместо тоа, тие им дозволиле на војската да управува со воведување вонредни состојби и со издавање наредби;

26. По неуспехот во решавањето на "македонското прашање", итихадџиите се обиделе тоа прашање да го решат со населување на неколку илјади турски и муслимански преселници во Македонија од Босна и Херцеговина, Србија, Бугарија, Грција, Крит, Добруџа и др. и да го изменат етничкиот состав на населението во Македонија во своја полза;

27. Востанијата на Албанците, Друзите, Арапите, уфрлувањето на оружените чети од соседните балкански држави во Македонија, терористичките акции на Ерменците во Источна Анадолија, создале страв кај властите од избувнување на некое масовно востание во споменатите области. Од тие причини властите почнале со операцијата за обезоружување на населението на Косово, Македонија, Тракија, Истанбул и Анадолија при

што само на Косово и во Македонија собрале повеќе од 11о ооо пушки, околу 9 ооо револвери, 42о ооо патрони и др. оружје;

180. Mechin Benoist, Kaplan ve Pars Mustafa Kemal. Cilt I. Türkçeye Çevirenler: Zahir Güvenli, M.Râsim Özgen. İstanbul, Nurgök Matbaası 1955

181. Mehmed Emin Yurdakul'un Eserleri - I. Şiirler. Tenkidli Basım. Hazırlayan: Fevziye Abdullah Tansel. Ankara, TTKB 1969

182. Микић Торбе, Аустро-Угарска и младотурци (1908-1912). Бањалука, Институт за историју у Бањалуци 1983

183. Милетичь Л.,Младотурската политика спрьма българитѣ вь Македония прѣзь изтеклата 1910 година (Рѣчь, произнесена вь публична събрание вь университета на 2.януари 1911 г.). София, Печатница на С.М.Стаиковь 1911

184. Миноски Михајло, Федеративната идеја во македонската политичка мисла (1887-1910). Скопје, НИО "Студентски збор" 1985

185. Мисирков-Петков, Крсте, За македонските работи.Приредил: Блаже Ристовски. Битола, БИД "Мисирков" 1983

186. Mourad Mehmet, Le Palais de Yıldız et la Sublime Porte. Le Véritable Mal d'Orient. Paris, Imprimérie Centrale 1895

187. Müftüoğlu Mustafa, Yakın Tarihimizde Siyasî Cinayetler (Meşrutiyet Devri). Birinci Cilt. İlâveli İkinci Baskı. İstanbul, Yağmur Yayınları 1970

188. Müftüoğlu M.,Yakın Tarihimizde Siyasî Cinayetler.İkinci Cilt. Meşrutiyet Devri. İkinci Baskı. İstanbul, Yağmur Yayınları 1977

189. Naci Ali, Ya Hürriyet, Ya Ölüm. (S.l.), Muallim Ahmet Halit Kitaphanesi (S.a.)

190. Nadi Yunus, İhtilâl ve İnkılâbı Osmanî. İstanbul,Matbaa-ı Cihan 1325

191. Новичев, Арон Давидович, Турция — кратка история. Москва, Издательство "Наука" 1965

192. Ortaylı İlber, İmparatorluğun En Uzun Yüzyılı.İstanbul 1983

193. Oružane borbe makedonskog naroda od VI do XX vek. Pregled. Redakcija: M.Apostolski, F.Trgo i drugi. Beograd, Vojnoistorijski institut, Skopjle, Institut za nacionalnu istoriju. Beograd 1975

194. Охрид и Охридско низ историјата. Книга втора. Скопје 1978

195. Öztuna Yılmaz, Başlangıçtan Zamanımıza Kadar Türkiye Tarihi. Cilt 12. İstanbul, Hayat Yayınları 1967

196. Пандевски Манол, Јане Сандански. Скопје 198o

197. Пандевски М.,Македонското ослободително дело во XIX и XX век. Том четврти. Скопје, Мисла 1987

198. Пандевски М.,Македонското ослободително дело во XIX и XX век. Том петти. Скопје, Мисла 1987

199. Пандевски М.,Младотурската револуција и Македонија. Библиотека "Светлини на минатото". Прво коло.Скопје РТВ 1968

2oo. Пандевски М.,Политички партии и организации во Македонија (19o8-1912). Скопје, Култура 1965

2o1. Пандевски М.,Учителското движење во Македонија(1893-1912). Скопје, Култура 1962

2o2. Пандевски М.,Стоев-Трнката Ѓорги, Струмица и Струмичко низ историјата. Струмица 1969

2o3. Петров Ѓорче, Македонското ослободително дело. Приредил: Гане Тодоровски. Скопје, Мисла 1971

2o4. Петросян Ю.А.,Младотурецкое движение (вторая половина XIX - начало XX век). Москва, Издательство "Наука" 1971

2o5. Pinon René, L'Europe et la Turquie, Les aspects Nouveau de la question d'Orient. Paris, Perrin 1911

2o6. Поплазаров Ристо, Грчката политика спрема Македонија во втората половина на XIX и почетокот на XX век. Скопје, ИНИ 1973

207. Поплазаров Ристо, Санстефанска криција и посебноста на Македонија. Скопје, Култура 1978

208. Popović Vasilj, Istočno pitanje - istorijski pregled borbe oko opstanka Osmanske carevine u Levantu i na Balkanu. Drugo izdanje. Sarajevo, ZIU, 1965

209. Прилози за Илинден 1976-1977. Крушево 1978

210. Прилози за Илинден (III). Скопје 1983

211. Ramsaur, Ernest Edmondson Jr, Jön Türkler ve 1908 İhtilâli. Çeviren, Nuran Ülker. İstanbul, Sander Yayınları 1972

212. Ратковић Борислав, Туришић Митар, Скоко Саво, Србија и Црна Гора у балканским ратовима 1912-1913. Београд, Београдски издавачко-графички завод 1972

213. Resimli-Haritalı Mufassal Osmanlı Tarihi. Cilt.VI.İstanbul, Güven Yayınevi 1963

214. Risal P.,La Ville Convoitée Salonique. Paris, Librerie Academique 1917

215. Rifat Haydar, Farmasonluk. İstanbul, Tefeyyüz Kitaphanesi 1934

216. Ристовски Блаже, Крсте П.Мисирков. Прилог: одбрани текстови. Битола, БИД "Мисирков" 1983

217. Силяновъ Христо, Освободителнитѣ борби на Македония. Томъ първи. Илинденското въстание. Издание на Илинденската организация. София, Държавна печатница 1933

218. Силяновъ Х.,Освободителнитѣ борби на Македония. Томъ втори. Следъ Илинденското въстание. Издание на Илинденската организация. София, Държавна печатница 1943

219. Сониксен Алберт, Изповедта на един македонски четник 1905. (S.l.). Издательство на националния съвет на Отечествения фронт 1968

220. Стојанов Петар, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912-1918). Скопје, ИНИ 1969

221. Стојанов П.,Македонија во политиката на големите европски сили во времето на балканските војни 1912-1913. Скопје, ИНИ 1979

222. Сфорца Карло, Неимари савремене Европе. Друго издање. Београд, Космос 1933

223. Tekeli İlhan, İlkin Selim, Türkiye'nin Sosyal ve Ekonimik Tarihi 1071-1920. Birinci Uluslararası Türkiye'nin Sosyal ve Ekonomik Tarih Kongresi. Tebliğler. Ankara, Hacettepe Üniversitesi. Editörler: Osman Okyar ve Halil İnalcık. Ankara 1980

224. Теменугов-Железни, Мито, Дојран и Дојранско во минатото и денес. Скопје 1972

225. Tevfik Fikret-Hayatı, Sanatı, Şiirleri. Hazırlayan: Yaşar Nabi. Beşinci Basılış. İstanbul, Varlık Yayınları 1964

226. Тодоровски Глигор, Реформите на големите европски сили во Македонија(1829-1909).Т.I.Скопје, НИО Студентски збор" 1984

227. Тодоровски Гл.,Реформите на големите европски сили во Македонија (1829-1909). Т.III. Скопје, НИО "Студентски збор" 1984

228. Тодоровски Гл.,Српско-македонските односи во минатото. Скопје, НИО "Студентски збор" 1987

229. Тошев Светозар, По кървав път. Очерк за живота и дейността на Пере Тошев. Пловдив, Издателство "Христо Г. Данов" 1969

230. Трајановски Александар, Бугарската Егзархија и македонското ослободително движење (1893-1908). Скопје, Култура 1982

231. Tunaya, Tarık Zafer, Türkiye'de Siyasal Partiler.Cilt I. İkinci Meşrutiyet Dönemi 1908-1918. Genişletilmiş İkinci Baskı. İstanbul, Hürriyet Vakfı Yayınları 1984

232. Tunaya, T.Z.,Türkiye'de Siyasi Partiler. İstanbul,Doğan Kardeş Basımevi 1952

233. Tuncay Hasan, Ziya Gökalp. 2. Baskı. İstanbul, Toker Yayınları 1975

234. Тыркова Ариадна, Старая Турция и младотурки. Годъ въ Константинополь.Петроградь,Типографія Б.М.Вольфа 1916

235. Türkgeldi, Ali Fuat, Görüp İşittiklerim. Ankara, TTKB 1949

236. Tütengil, Cavit Orhan, Yeni Osmanlılardan Bu Yana İngiltere'de Türk Gazeteciliği (1867-1967). İkinci Baskı. İstanbul, Belge Yayınları 1985

237. Ulubelen Erol, İngiliz Gizli Belgelerinde Türkiye. Birinci Kısım. İstanbul, Yaylacılık Matbaası 1967
238. Upward Allen, The East end of Europe. London,John Murray 19o8
239. Ünal Tahsin, Türk Siyaî Tarihi (17oo den - 1958 e Kadar). İkinci Baskı, Ankara, Yıldız Matbaası 1958
24o. Fahri Ali, Cogres de la Jeune Turquie. Gèneve, J. Mouille 19o1
241. Fesch Paul, Constantinople aux derniers Jours d'Abdul-Hamid. Paris, Marcel Rivière 19o7
242. Fua Albert, Le Comité Union et Progrés Contre la Constitution. Paris, Emile Noury 19o9
243. Хамза Јусуф, Турско-македонските односи во периодот 185o-1912. Скопје, НИО "Студентски збор" 1988
244. Hanioğlu, M. Şükrü, Bir Siyasal Örgüt Olarak Osmanlı İttihat ve Terakki Cemiyeti ve Jöntürklük. Cilt I (1889-19o2). İstanbul, İletişim Yayınları 1985
245. Haupte George, Dumont Paul, Osmanlı İmparatorluğunda Sosyalist Hareketler. İstanbul, Gözlem Yayınları 1977
246. Хаџидимов Димо, Одбрани дела. Книга прва. Избор,предговор и редакција: М.Пандевски. Скопје, Култура 1984
247. Хаџидимов Д.,Одбрани дела. Книга втора. Избор, предговор и редакција: М.Пандевски. Скопје, Култура 1984
248. Hilmi Tunalı, Risale (Hütbe). (S.l.), (S.a.)
249. Христов Александар, Прилози за историјата на македонската политичка мисла (1878-1919). Скопје, НИО "Студентски збор" 1982
25o. Христов А.,Создавање на македонската држава 1878-1978 Том први. Скопје, Мисла 1985
251. Çavdar Tevfik, Osmanlıların Yarı-Sömürge Oluşu. Ankara, Ayça Yayınları 1979
252. Çavdar T.,Özgürlük Kavgasında Yaşayan Geçmiş 186o-1918. Ankara, Ayça Yayınları 1982
253. Cevat Bey, Ali, İkinci Meşrutiyetin İlânı ve Otuzbir Mart Hadisesi. Yayına Hazırlayan: F.R.Unat. Ankara, TTKB 1985
254. Cumalı Necati, Makedonya 19oo. Birinci Kitap.(S.l.), 1976

255. Şapolyo, Enver Behnan, Ziya Gökalp. İstanbul 1943
256. Şapolyo, E.B.,Mezhepler ve Tarikatlar Tarihi. İstanbul, Türkiye Yayınevi 1964
257. Шпилькова Вера Ивановна, Из истории младотурецкой революции (контрреволюционньи мятеж 1909 г. и его разгром). - Проблемь освободительного движения и и международных отношении в новое и новейшее время. Сборник трудов. Москва, Министерство просвешения РСФРС 1973
258. Шпилькова В.И.,Младотурецкая революция 1908-1909 гг. Москва, Издательство "Наука" 1977

V. ПЕРИОДИКА

А. Весници

259. Akşam (İstanbul), 1935
260. Asır (İstanbul), 1955
261. Birlik (Üsküp), 1959, 1969, 1985
262. Вардар (Скопље), 1909
263. Вечер (Скопје), 1985
264. Дневникь (София), 1908
265. Süngü (Manastır), 1911
266. Yeni İkdam (İstanbul), 1910
267. Камбана (София), 1908
268. Конституция (София), 1908
269. Конституционна заря (Солунь), 1908
270. Mechveret - Organ de la Jeune Turquie. - Supléments Français. Publié Sous la Direction de Ahmed Rıza (Paris), 1895, 1896, 1897, 1899, 1900, 1902
271. Meşveret (Paris), 1896, 1898
272. Mizan (Paris), 1897
273. Нова Македонија (Скопје), 1985
274. Osmanlı (Genève), 1889, 1897, 1898, 1899, 1901
275. Pro Armenia (Paris), 1900
276. Работническа искра (Битоля), 1909, 1910, 1911
277. Рѣчь (София), 1908
278. Tanin (İstanbul), 1908, 1909, 1910, 1911, 1913

279. Cumhuriyet (İstanbul), 1948, 195o, 1951, 1968
28o. Şura-i Ümmet (Kahire), 19o6

Б. Енциклопедии

281. Atatürk Ansiklopedisi 1881-19o8. Cilt 1. Hazırlayan: Ömer Sami Coşer. İstanbul, Doğan Kardeş Matbaacılık Sanayii A.Ş.,1973
282. Atatürk Ansiklopedisi 19o8-19o9. Cilt 2. Hazırlayan: Ömer Sami Coşer. İstanbul, Reklâm Ltd.Şti.,1974
283. Enciklopedija leksikografskog zavoda. T.2. Zagreb, Jugoslovenski leksikografski zavod MCMLXVII
284. Türk Ansiklopedisi. Cilt XVIII. Ankara, Milli Eğitim Basımevi 197o

В. Списанија

285. Belleten (Ankara), 1937, 1956
286. Ьратство (Београд), 1933
287. Бьлгарска сбирка (София), 19o9
288. Гласник на Институтот за национална историја (ГИНИ-Скопје), 196o, 1963, 1965, 1968, 1972, 1982
289. Годишен сборник на Софиискиот университет, 1965
29o. Sosyal Hukuk ve İktisat Mecmuası (İstanbul), 1948
291. Известия-Академия наук Армянской ССР (Ереван),1955
292. Илюстрация Илиндень (София), 1927, 1928,1932, 1933
293. Историја (Скопје), 1977
294. Историски гласник (Београд) 1949
295. Крушевски манифест (Скопје), 1948
295a. Млад Ьорец (Скопје), 1988
296. Народы Азии и Африки (Москва), 1963, 1967, 1975
297. Новая Новейшая история (Москва), 1971
298. Революционнен лист (София), 19o4, 19o5
299. Советское востоковедение (Москва), 1955
3oo. Современый мирь (Москва), 19o8, 1912
3o1. Sosyoloji Dergisi (İstanbul), 1945
3o2. Takvim-i Vekâyi (İstanbul), 19o9, 1912
3o3. Турецкий сборник. История. Экономика. Литература.Язик. Москва, 1958

304. Türk Dünyası Tarih Dergisi (İstanbul), 1987
305. Укра нськии сторичнии журнал (Київ), 1958
306. Hayat Tarih Mecmuası (İstanbul), 1969

П Р И Л О З И

ПРИЛОГ бр.1

П Р Е Г Л Е Д

на најважни младотурски весници издадени на крајот на XIX и почетокот на XX век

Град 1	Име на весникот 2	Година на издавање 3	на кој јазик се издавал 4
Александрија	- "Nasihat"	1898	осм.-турски
	- "Yeni Fikir"	1905	"
Атина	- "İcmâ-i Ümmet"	S.a.	"
	- "Yıldız"	1892	"
	- "Vatan"	1895	"
Атина(Пиреја)	- "Yıldırım"	1901	"
	- "İslâhat"	1903	"
	- "Seyf-i Hakikat"	S.a.	"
Битола	- "Heyyîr-i Hakikat"	S.a.	"
Брисел	- "Selamet"	1901	"
	- "Meşveret"	S.a.	"
	- "Tabl"	S.a.	"
Букурешт	- "Hareket"	1896	"
	- "Sadây-ı Millet"	1898	"
	- "Sadakat"	1897	"
	- "Şark"	1898	"
Виена	- "Freie Osmanisch Post"	S.a.	германски
Женева	- "Meşveret"	1895-1898	осм.-турски
	- "Mechveret"	1895-1908	Supplément Fr.
	- "Hakikat"	1896	осм.-турски
	- "Mizan"	1897	"
	- "Girit"	1897"	"
	- "İntikam"	1900	"
	- "Kürdistan"	1899	"

1	2	3	4
Женева	- "Tokmak"	19o1	осм.-тур.
	- "Osmanlı"	1897	Supplém.Fr.
	- "Osmanlı"	1897-19o2	осм.-тур.
	- "Pinti"	1898	"
	- "İttihad-ı Osmani"	19o3	Suppl.Fr.
	- "Ezan"	19o3	осм.-тур.
	- "İctihad"	19o4-19o8	Suppl.Fr.
	- "Kanun-i Esasi"	1896-1898	осм.-тур.
Истанбул	- "Mizan"	19o8-19o9	"
	- "Muvazene"	19o8-1911	"
	- "Tercüman"	19o7	"
	-		
	-		
Каиро	- "Anadolu"	19o2	"
	- "Doğru Söz"	19o6	"
	- "Emel"	19oo	"
	- "Feryad"	1899	"
	- "Hak"	1899-19oo	"
	- "Havatır"	1898-1899	"
	- "İntibah"	1899	"
	- "İttihad"	1899	"
	- "İttihad-ı Osmani"	1897	"
	- "Kanun-i Esasi"	1897	"
	- "La Justice"	19o7	французски
	- "Lâklâk"	19o7	осм.-тур.
	- "Şuray-ı Osmani"	19o7	Suppl.Fr.
	- "Türk"	19o3-19o5	осм.-тур.
	- "Ümit"	19oo	арапски
	- "Zururî"	S.a.	осм.-тур.
	- "Şuray-ı Ümmet"	19o2-19o7	"
	- "Terakki"	19o6-19o7	"
	- "Lâvara"	S.a.	"
	-		
	-		

1	2	3	4
Карасу(Крим)	- "Vatan Hâdinî"	19o6	турски
Костанца	- "Dobruca"	1888-19o1	"
	- "Doğru Yol"	S.a.	"
	- "Emel"	1898	тур.-романс.
	- "Saday-ı Millet"	1898	"
Лондон	- "Hürriyet"	1894-1897	осм.-тур.
	- "Hilâfet"	1899	тур.-арап.
	- "İstikbal"	1895	осм.-тур.
	- "İstirdat"	19o1	"
	- "Hayal"	1895	"
	- "Abdülhamid"	19o1	тур.-арап.
Манчестер	- "Sadakat"	19o2	осм.тур.
Никозија	- "Akbaba"	1899	осм.-тур.
	- "Feryad"	1899	"
	- "Kıbrıs"	1892	"
	- "Kokonos"	19o1	"
	- "Mir`at-ı Zaman"	19o1	"
	- "Zaman"	1899	"
Њујорк	- "Al Eyyam"	1899-19oo	"
Париз	- "Meşveret"	1895-1898	"
	- "Mechveret"	1895-19o8	Supplém. Fr.
	- "Mizan"	1896	осм.-тур.
	- "Şuray-ı Ümmet"	19o2-19o7	"
	- "Terakki"	19o6_19o7	"
	- "La Tuouie Contem-poraine"	1891	фр.
	- "Moniteur Ottoman"	19o1	"
	- "Hilâl"	1893-1894	тур.
	- "İncili Çavuş"	1897	"
	"Şark ve Garb"	1896	"

1	2	3	4
Пловдив	- "Balkan"	S.a.	тур.
	- "Emniyet"	S.a.	"
	- "Gayret"	1894-1908	"
	- "Muvazene"	1891-1901	"
	- "Uhuvet"	1904	"
Рим	- "Arnavutluk"	1901	тур.-алб.
Рио де Жанеиро	- "Al Rakib"	S.a.	ар.
	- "L'Observateur"	S.a.	"
Русе(Бугарија)	- "Balkan"	1898	тур.-буг.
	- "Uhuvvet"	1904	тур.
	- "Tuna"		тур.
Сарајево	- "Sanska Bosna"	1897	српско-хрв.
Силистрија	- "Hak Söz"	S.a.	тур.
Софија	- "Ahali"	S.a.	"
	- "efkâr-ı Umûmiye"	S.a.	"
	- "Feryad"	1906	"
	- "Şark"	1905	Suppl.Fr.
	- "Islah"	1899	тур.
Фолкестон	- "Osmanlı"	1902	осм.-тур.
	- "Dolap"	1900	"

ЛЕТАК бр. 2

Сотатковници!

Татковината се уништува, таа станува жртва на личната желба на еден човек. Имотот и животот ни се во опасност. Апсолутистичкиот зулум ја разрушува и ја уништува татковината. Султанот им ги зема сите средства за производство на гладните и босите селани. Тој го обесправува народот, ја гази неговата чест. Противниците на апсолутизмот оковано ги убива во затворите. Борците за среќа, спас и слобода на татковината и за воведување на уставно-парламентарен режим ги уништува или ги прогонува...

Уште ли ќе ги почитуваме луѓето кои дозволија да се откинуваат делови од татковината? Уште ли ќе им се потчинеме на луѓе кои ја пијат крвта на народот? Уште ли ќе ги бркаме луѓето кои ја сакаат татковината, се борат за реформирање на општествено-политичкиот систем?...

...Наместо вакво мачење, понижување и мизерен живот ние треба да се обединиме. Од интелигенцијата, од војниците и државните службеници, без разлика на нивната етничка и конфесионална припадност, од патриоти и чесни Османлии да создадеме друштва. Да испратиме делегации до валиите на вилаетите и до Високата порта. Преку делегациите да ги запознаеме нив со положбата, целите и надежите на Османлиите. Да го принудиме султанот да ги применува шеријатот и законот. Нашите најголеми управители ќе бидат законот и правдата. Да се подготви народот за револуција. Ние не сме за никаква поделба меѓу христијаните и муслиманите...Впрочем, ако се обединуваме не ќе може да ни се спротивстави ниедна влада. Војската не е џелад. Не може да пука во својот сотатковник и брат. Овој свиреп господар никогаш нема доброволно да им даде слобода на своите поданици. Слободата е наше право. Да го бараме тоа право. Да се бориме за бришење на дамката што ни ја фрли султанот кој се одржува на власт со поддршката на странците...Нашата парола е единство, непоколебливост и храброст.

Потпис

Османско друштво за единство и напредок

За овој манифест проширно види: Şehremaneti Yazısı, 19 Cemaziy`ülahir 1313 ve Eki Beyannâme. - BBA-Yıldız Perâkende, No.66; Исто: B.II.-M. Hanioğlu, Op.cit., 398-399

ПРИЛОГ бр. 3

ПРОКЛАМАЦИЈАТА НА НИЈАЗИ-БЕЈ ДО ХРИСТИЈАНСКИТЕ СЕЛАНИ ВО ДЕБАР, ПРЕСПА, СТРУГА, РЕСЕН И ОХРИД

"Од српскиот учител на бугарски јазик преведената Прокламација ја објавив на христијанските селани. Со цел да се подели по христијанските села, примероци од долудадената Прокламација испратив до раководните тела на "Османското друштво за единство и напредок" во Дебар, Преспа, Струга, Ресен и Охрид".

5 јули 1908

"Сакам да ги известам моите христијански и османски браќа дека дојде време да им се стави конечен крај на сите направени повеќевековни лошотии во нашата земја. Слушајќи ги големите европски сили и нивните лаги направени под маската на наводната цивилизација и помош и слушајќи ги желбите на малите соседни држави Бугарија, Србија и Грција се доведовме во оваа лоша ситуација.

Има четврт век што Бугарија, Грција, а во последно време и Србија работаат наводно да ви помогнат, на вас населението во Македонија, ви ветуваат дека наводно ќе ве ослободат, но, бидејќи не успеаја тоа да го сторат, сакајќи да ве потчинат, т споменатите држави ве скараа меѓусебно. Тие го посадија семето на раздорот и распарчувањето кое ја обои земјата со крв. Драги сотатковници! Драги христијански османски сотатковници! Не гледате ли дека соседните државички не работат за вашите интереси, дека не пролеваат крв за вас, дека работат само за ~~своите~~ сопствени интереси и за вашето поробување.

Од вашето горко искуство, не знаете ли кои се тие луѓе на кои ги отворате рацете за прегрлување. Уште ли не сватите дека ползувајќи ја состојбата на Османската влада во Румелија, соседните држави преку формирање на комити и преку вршење на пропаганда се стремат да ги реализираат само своите интереси? Нивните стремежи се да ја распаршат оваа земја на која ние веќе со векови живееме. Крајот на споменатите стремежи е поробувањето.

Драги сотатковници! Бугари ! Не само тридесет, туку и шесдесет години да работат вака Бугарија, Србија и Грција нема да ги постигнат своите цели и замисли. Оваа земја е наша и ќе биде наша. Ќе се покаите ако бидете нивни соучесници. Ние сме решени за оваа земја да умреме до последниот човек. Поради тоа, немојте да одите по некоја неостварлива цел, нема тоа да ви дозволиме. На ова нас не принуди сознанието за целите на политичките поттикнувања на големите и малите држави, туку дополнителната причина за ова е лошото управување и режимот на притисок на нашата влада. Впрочем, причините кои им дозволија на големите држави да ни се мешаат во работите, да ги предизвикат малите соседни држави, се наоѓаат во лошата внатрешна и надворешна политика, лошото управување, во неправилностите, незаконитостите и злоупотребите на нашата влада.

Драги христијански сотатковници, и ние не сме задоволни од денешното несправедливо управување. Гледате дека не сте само вие незадоволни од денешното управување. Ние досега не го дигнавме нашиот глас против стремежите на европејците кои сакаат да ни ја одземат татковината, да ни се мешаат во работите и на лошиот живот на народот. Гледајќи дека стариот режим од ден на ден се повеќе се зајакнува и дека е на пат да ги уништи нашите сотатковници Турците, Бугарите, Власите, Грците, Албанците, ние се бориме за формирање на еден управен систем кој на целата земја ќе ѝ го донесе сонцето на слободата и ќе ја прошири светлината на слободата. Ёве ние Турците, кои видовме дека со денешниот апсолутистички режим ќе се изгасне иднината на земјата, се бориме Османската империја и националните малцинства кои живеат во неа да ги собереме под еден ист кров. Со таква цел ние ја создадовме и "Османското друштво за единство и напредок".

За оваа света цел создаденото Друштво, општо земено е составено од офицери со високи и ниски чинови, од државни ~~чи~~ службеници, од месни, градски и селски образовани и чесни луѓе. Овие луѓе се подготвени да работат за оваа света татковина душевно и материјално. Вистинската цел на Друштвото е на сите национални малцинства во земјата да им ги гарантира честа, личната безбедност и безбедноста на имотот, да обезбеди братски живот што може да се оствари само со обезбедување на слобода, рамноправност, братство и правда.

Целта на нашата програма е наместо лошите луѓе да се ликвидираат лошите системи. Нашата цел е од лошите луѓе повеќе да ги ликвидираме злата и да го менуваме апсолутистичкиот режим кој е извор на сите зла. Ова значи, давање еден општествен доверлив правец за слобода на државата , односно воведување уставен систем во земјата. Тоа можам да го потврдам со тоа што кога нашава чета од двестотини луѓе излезе од Ресен, можеше да ги пофати сите лоши луѓе и да ги ликвидира, бидејќи добро ги познаваше, но ние на никого не му се осветивме. Нашата задача е да ја афирмираме и пропагираме целта на Друштвото "Единство и напредок" по градови, села, обезбедување на единство во надминувањето на ситуацијата која е создадена од извршените лошотии од националните малцинства и обезбедување на единство на народот. Нема никаква разлика меѓу нас. Ние, сите сме Османлии. Конфесијата е работа која ги поврзува луѓето со Господ. Нема врска со татковината. Тие кои се наоѓаат по градовите и селата, знаејќи дека нашите чети се одметнати за народот, за обезбедување на слобода, рамноправност и правда, треба да ги растурат своите чети. Нека се приклучат кон нашата чета која се бори за ослободување на татковината од сегашниот апсолутистички режим. Ве повикувам како сотатковници, овие мои зборови да им ги пренесете на вашите одговорни и да им кажете дека ги повикувам на создавање на единство меѓу сите нас.

Да ги оставиме старите лоши и сепаратистички мисли и да се обединиме за обезбедување на посветла и подобра иднина на сите народи во границите на нашата земја. Гледајќи ги со исто око сите народи кои живеат во османското општество, да бидеме браќа. Оваа моја прокламација кога ќе падне во рака, читајте ја и слушајте ја заеднички. Советувајте ги вашите чети да се однесуваат според моите дадени упатства. Од денес да се откажат од глупавото служење на Бугарија и на другите државички. Да работат за османството кое на нив ќе им обезбе-

ди рамноправност и слобода. На сите национални малцинства им се гарантира слобода на верска и национална мисла. Како Бугарите, Грците, Србите, Власите...така и секој ќе може да ја сочува својата национална самобитност, ќе го употреби својот мајчин јазик и неговата слобода ќе биде под заштитата на ~~др~~ државата. Со обединувањето на многубројните национални малцинства создадената Османска нација ќе стане една голема сила и ќе го заштити уставно-парламентарниот систем. За сочувањето на слободата која наскоро ќе биде обезбедена, со гордост ве потсетувам дека вашите чети треба да се приклучат кон нашите. По доставувањето на оваа прокламација, ние и натаму ќе ги обиколуваме градовите и селата и каде ќе забележиме дека нашата програма не се реализира, сопирачите за нејзиното реализирање ќе ги повикаме, а нивните села ќе ги уништиме. По добивање на оваа прокламација, ако некоја чета влегува во некое село, селското население е должно веднаш за тоа да го извести најблиското муслиманско село и војската. Ако ова не го направите, ќе бидат обесени првенците на вашето село. Ова е основата на нашиот план и програма. Повторно ве потсетувам дека треба да се откажете од идеите за поделба и сепаратизам. Во колку некој се обиде да се спротивстави на ова, без разлика дали е муслиман или христијанин, и без разлика од кое национално малцинство или верска припадност потекнува ќе биде најстрого казнет. Дејствувајќи сите заедно повторно ќе го ставиме во употреба прво воведениот, а потоа суспендираниот устав. За оваа цел мора да работи секој сотатковник."

Командант на ресенскиот национален баталјон

Вицемајот

Нијази

ПРИЛОГ бр. 4

Проглас до мухамеданскиот народ

О, деца на Татковината! О, отомански браќа! О, храбри румелиски народе, најпосле пристигна моментот да ја покажете вашата храброст. Дојде време да се обединиме и да работиме за спасување на вашата земја од притисокот што ја опседнал. Ако ние не си помогнеме едни на други, од кого да бараме помош, дали од земјата или од песокта? Татковината е во опасност: нашите села и нашите селани се во урнатини. Нашите многусакани синови (светлоста на нацијата) беа мачени во пустината Јемен и по планините на Румелија. Нашите огништа останаа без оџаци, нашите срца без доверба, нашите полиња без плодови, нашите рала без волови, нашите жени без мажи, нашите мајки и татковци без синови. Секоја куќа е во црно и секое срце е болно и рането. Убијците и џелатите беа унапредени во валии, во алај-бегови (жандармериски полкови) давајќи им злато со полни раце и облекувајќи ги во униформи прошиени со злато. Нашите глави ги доверија во рацете на овие змии, на овие перфидни диви животни, на овие смртници издвоени од народот, на овие убијци на Румелија. Затворите се исполнија со оние што ја кажаа, признаа и откриј вистината. Се уништија нашите куќи со безпраничните даноци. Тие го фрлија нивниот поглед врз нашата корка леб и врз нашите пет или десет гроша што ги имаме. Тие не нè сметаат за човечки суштества, како спрема животни, тие применуваа тортури и како на волови ни го ставија јаремот на вратот. Нашите краеви Крит, Батум, Карс, Источна Румелија (која не се разликува од рајот) ги дадоа на нашите непријатели. Нашите браќа од овие земји беа газени под нозете на непријателот. Тие нè понижија, издавајќи ја честа на нашите сестри во канџите на нашите непријатели, честа за која единствено живееме. О, драги браќа! Се понижија отоманците и името на нивниот народ. Се пороби освојувачката нација (позната по својата храброст) од чија сабја се тресеше целата земја. Како лисица ја направија плашлива, а незнајалка како дете. Се отруј нашата нација, нашата земја, нашата чест, нашата религија, нашата верба. Затруено е сè, сè! Ако не се разбудиме да ги скротиме и казниме овие перфидни понижувачи, причинителите на сите притисоци и зла, ако не ја згмечиме под нашите нозе нивната глава на отровна змија, ќе се понижиме тогаш пред целата земја и светот ќе помисли дека сите грешки потекнуваат од исламот. Не, не, тие не потекнуваат од исламот! Вие знаете дека Бугарите, Србите и Власите не се ваши непријатели; напротив, тие ни се доверени, тие се наши браќа. Според тоа, наша света должност е да го браниме нивниот живот, нивната чест и нивниот имот. Нашиот Господ и нашиот Пророк ни ги заложија. Сакајте ги и почитувајте ги, бидејќи тие имаат пролеано за слободата повеќе крв отколку ние. Тие останаа сираци. Само нашето непознавање ги прави непријатели. Не, тие се наши пријатели и браќа. Сонот на непознавањето не ни остава да разликуваме кои се наши пријатели, а кои наши непријатели. Еве, нашиот непријател е денешната влада која ни ги затемнува очите како што го прави тоа нокта, како отровна шкорпија што ја сиса крвта, а која се покажува пред светот како

ангел. Тоа се подмолните привржаници на денешната влада, кои не работат ништо друго освен да ги урнат огништата, да ги опустошат куќите. да го уништат животот држејќи се на чело на непросветен народ, да биде таков каков што го посакуваат чудовиштата на пеколот. Ерменците во Ван, и Диарбекир, Бугарите во Румелија и Србите, Арапите во Јемен, Турците во Трапезунд...[78]) се побунија не можејќи повеќе да ја издржат оваа тиранија. Таканаречената влада, за да ги казни ги закопа во пеколната арапска пустиња и во планините покриени со снег на Румелија синовите (еднакви на лавови) на сиромашната Анадолија и Румелија (одгледувани 20 до 30 години со мајчинска и татковска прижа): тие станаа жртви на топлината, на гладот, на болестите, на недоволната нега, на лекарствата, на облеката итн. Постои ли денес куќа која не е натопена со смртоносни солзи, пролеани за маченият син во Јемен или во Румелија? Немате ли сожаление за нашите христијански граѓани чии куќи се урнати, а синовите изгубени? Да ги исправиме досега направените грешки поради нашето незнаење и поради недоволното внимание. Да се прегрнеме взаемно. Да ги заборавиме приватните работи, а да го манифестираме нашето братство пред целиот свет. Ох, народе, отворете ги очите бидејќи времето не е за спиење: Татковината страда, а нашите соседи-непријатели, убивајќи нè, сакаат да ја наследат нашата земја! Да не дозволиме да не влечат со нивното присвојување, бидејќи крајот на нашата земја е црнило за сите нас. Причината за несреќите е нашето разединување. Да се обединиме! Како пример ги наведуваме персиските народи, мароканскиот, португалскиот и дури рускиот кои со оружје извојуваа среќа; се спасија од рацете на шаховите и царевите кои го уништуваа својот народ од каприц. Согласни, тие се кренаа со оружје во рака велејќи дека правото на народот не може да биде жртвувано за доброто задоволство на владетелот, а крвта на народот за задоволството на владата. Тие побараа и со сила ја извојуваа својата слобода. Господ рекол во својот свети Коран: Запознајте се во работите! Е, добро, знаете ли што значи тоа! Тоа значи: вршете ги работите во управувањето по советите на народните мудреци. Нашата религија не ќе настрадаше никогаш ако работите на Нацијата не беа кроени според каприцот на Падишахот! Порано нашите предци го фрлаа пред диво животно секој Падишах симнат од престолот затоа што го потрошил народното злато поради неговиот каприц и затоа што го навредил својот народ. Суверенитетот е голем, но одговорноста е уште поголема. Господ бара од човекот што сторил: добро или лошо, тој бара исто така од падишаховите сметки за сите права на народот, за неговата крв и за неговиот данок. Ох, народе, токму сегашната влада ти убива нашите деца со глад, таа ја претвора нашата татковина во засолниште на разбојници и убијци, што ти именува валии (вакури), убивачи (функционери), ја одзема жетвата на нашите полиња, не лишува од безбедноста, од спокојството, од училишта, од семинари и најпосле ги одделува браќата од браќа. А уште, сегашната влада ја убива рајата (христијанските поданици) од кои прави наши непријатели, нè направи робови затворајќи го Асем, отворен веќе 30 години според религиозните правила. Треба

---

[78]) Испуштените зборови се нечитливи во текотот.

да се бара правото од Падишахот и правото на народот од владата, од оваа влада, опкружена со предавници, народни непријатели и најпосле од оваа влада што го смета народот животно и вели дека треба да го уништи со тупаници. Не верувајте им на некаквите незнајковци, кои едноставно, поради тоа што учеле во некои книги на арапски јазик се претставуваат со турбан обмотани околу главата, велејќи ви дека се научници (тоа е за да не служат војска). Нашиот Пророк, кој пред својата смрт се искачи на говорницата и рече: Ох, мој сакан народе, ако сторив нешто лошо на еден од вас, без да по сака тоа, нека тој се крене и нека го побара своето право. Ние не би биле чесни ако не се плашевме од издржување на казна за оваа малодушност и да се заградите од сите луѓе на овој свет. Нашите непријатели, гледајќи нè во ваква положба не ќе настојуваат ли да ја заземат нашата Татковина? До кога ќе дозволиме да бидеме газени под нозете на непријателите како кучиња? До кога ќе се плашиме од осветата? Господ рекол: „Верниците се браќа“, а нашиот Пророк ни ја довери рајата. Да се обединиме значи, да постанеме браќа и да си помогнеме! Да бидеме среќни, укинувајќи ја оваа свирепа влада и да ја довериме на чесни луѓе, избрани од народот! Ајде херои, времето за спасување на нашата Татковина пристигна! Железата не се коваат со намена да се стават на вратот на лавовите! Мнозина е срамно за нив да бидат измамени од лисиците. Да ја направиме среќна нашата Татковина доведувајќи ја во ред. Ајде херои, бидете она што Господ вели во својот Коран: „Без секакво сомнение. Тој не ги сака крвожедните“. Господ не ги сака крвожедните. Тој ги заштитува угнетените.

Од нас преданост, од Господ успех.

Отомански комитет за обединување и напредок

Преземено од: Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1907-1908. Т. II, 150-152

ПРИЛОГ бр. 5

РЕВОЛУЦИОНЕРЕН ПРОГЛАС НА ЕНВЕР-БЕЈ ДО НАРОДОТ



Преземено од: Ş.S.Aydemir, Makedonya`dan Ortaasya`ya Enver Paşa. 2.Baskı. C.I, 529

ПРИЛОГ бр. 6

МАНИФЕСТОТ НА Ј.САНДАНСКИ ДО СИТЕ НАРОДНОСТИ НА ОСМАНСКАТА ИМПЕРИЈА

ДРАГИ СОНАРОДНИЦИ!

Толку очекуваниот зрак на слободата изгреа. Нашата измачена татковина е прероденa. Срамниот апсолутизам е во агонија. Против него востана целиот народ во лицето на сите нации што го составуваат. Револуционерниот повик на нашата братска младотурска револуционерна организација наиде на радосен одзив во душите на толку измачениот народ. И народот роб стана господар и неговата света пресуда е:

Смрт на апсолутизмот!
Смрт на угнетувачите!

ДРАГИ СОНАРОДНИЦИ!

Денешниот момент е голем. Во него ќе се реши големото прашање: нашиот народ ќе биде или не? Кој ќе биде победник! – тоа зависи исклучиво од вас, од вашата волја и готовност да умрете за слободата. И зарем вие, граѓани, што ги пробавте веќе слатките плодови на слободата ќе се поколебате да ја исполните својата пресуда и да го закопате престапниот апсолутизам?

СОНАРОДНИЦИ ТУРЦИ,

Вие претставувате големо мнозинство од народот, но заедно со тоа и вие најмногу ги почувствувавте лошотиите на општите непријатели. Во своето „турско царство“ вие бевте не помалку робови од нашите соотечественици христијани. Вашите управници лажеа досега дека христијаните се ваши непријатели. Сега вие разбравте кои се непријателите и кои се вашите браќа. Вие први влеговте во борбата за слобода и рамноправност. Заедно со вас се сите со сите. Вашиот извик: „Народите се браќа и како такви треба да живеат“ ги огреа срцата на христијанското население и му го одесни нему тешкото прашање: по кој пат може да се отиде кон слободата? И така, да живее подигнатата борба против тиранијата за да живее слободно целокупниот народ.

ДРАГИ СОНАРОДНИЦИ ХРИСТИЈАНИ,

И вие не помалку бевте заблудувани и верувавте дека вашите маки произлегуваат од тиранијата на целиот турски народ, и таа заблуда падна. Турскиот народ немал никаков интерес да му бидете робови. Сега вие сте си подале братска рака и само преку тој сојуз вие ја извојувавте толку саканата и така скапо платената досега слобода. Зацврснувајте го тој сојуз. Да ги закопаме заедно со апсолутизмот и создадените од него национални самоистребувачки борби.

СОНАРОДНИЦИ,

Вие, што дадовте толку скапи жртви пред олтарот на слободата, можете радосно да издивнете. Сега вие не сте сами – ете зошто сега вашата борба станува понадежна и полесна. Со општи усилби на сите народности, ние ќе ја извојуваме нашата слобода. Не поддавајте се на престапните агитации што можеби ќе се поведат од официјалните власти во Бугарија против нашата заедничка борба со турскиот народ и неговата интелигенција, која се стреми кон слобода.

ДРАГИ СОНАРОДНИЦИ,

Ждребето е веќе фрлено. Враќање назад нема, та кој од вас би посакал да се врати одново кон смрдливата атмосфера на бесправието и развратот на бившата тиранија? Да си дадеме сите збор дека ја претпочитаме смртта за светата слобода пред гнасниот јарем на ропскиот живот. Бодрост, самопожртвуваност и постојана готовност за борба – ете што треба да нè воодушевува во овој голем момент.

Смрт на тиранијата!
Да живее народот!
Да живее солидарноста на народот!
Да живее големата народна борба!
Да живее народот!

Солун 18 јули 1908 година *Сандански*[75]

Преземено од: А.Динев, Илинденска епопеја. Книга втора. Приредил: Владимир Картов. Скопје, Мисла 1987, 438-440

ПРИЛОГ бр.7

ПОЛИТИЧКАТА ПРОГРАМА НА МТ"ЕДИНСТВО И НАПРЕДОК" ОД СЕПТЕМВРИ 1908 ГОДИНА

Правата коишто не се косат со Уставот од 1293 (1876)г. и со Хат'хумајунот од 4 рецеп 1326 (1908 г.), ќе се почитуваат се додека нив не ги стави вон сила Народното собрание.

1. Изразот на народната волја ќе ја сочинува основата на Уставот. Владата ќе биде одговорна пред Народното собрание, а кога таа ќе остане во малцинство во Народното собрание, ќе се смета дека е соборена;

2. Бројот на сенаторите не може да биде поголем од 1/3 од пратениците на Собранието. 1/3 од сенаторите ќе ја назначува султанот, а 2/3 од нив ќе ги избере народот. Сенаторите се избираат на определено време;

3. Ќе се издејствува Народното собрание да изгласа закон со кој на сите османски сотатковници на возраст од 20 г. ќе им се даде право за гласање без разлика дали имаат имот и богатство. Од граѓанските права лишените сотатковници не ќе можат да го ползуваат правото за гласање;

4. Ќе се издејствува Народното собрание согласно чл.1 од Уставот да изгласа закон за правата на слободно формирање на политички организации;

5. Без да му се нанесе било каква штета на сегашниот начин на управување, врз основа на чл.108 од Уставот, ќе се побара проширување на правата на управителите на вилаетите;

6. Евентуалните промени во сегашните административни структури на вилаетите, ќе зависат од тоа, до која степен тие ќе ги олеснуваат државните функции без да се испуштат предвид месните услови и потреби, и поголемите и помалите растојанија меѓу селата и нахиите;

7. Официјалниот јазик на државата и натаму ќе остане турскиот јазик. Официјалната кореспонденција ќе се врши на турски јазик;

8. Пратеничката група составена од 10 пратеници ќе има право да му предложи на Собранието да изгласа некој закон или да му предложи некој нацрт-закон;

9. Без разлика на расна и конфесионална припадност, сите сотатковници се рамноправни пред законите, имаат исти права и должности и подеднакво и целосно ја ползуваат слободата. Сите сотатковници според своите способности имаат право на вработување во државните институции. Воената обврска е задолжителна и за немуслиманските сотатковници;

10. Ќе бидат целосно гарантирани обезбедените основни права на различни конфесионални институции и слободите на конфесионалните убедувања;

11. Со цел за сочување на местото на Османската империја во друштвото на европските народи, повторно ќе бидат организирани сувоземните и поморските сили. Без да се намали способноста на воените сили, ќе се скрати воениот рок;

12. Ќе се избрише последната алинеа од чл.113 на Уставот од 1293 (1876 г.) кој член ги ограничува личните слободи на луѓето;

13. Ќе се предложи закон за регулирање на заемните права и должности меѓу работниците и работодавателите;

14. Без да се засегнат законските права на земјопоседниците, ќе се бараат патишта и решенија за обезбедување земја и на селаните-безземјаши. Ќе се предложи доделување на кредити по ниски камати;

15. Засега ќе се примени досегашниот начин на собирање на данокот "ашар" кој ќе се постави на здрави основи. Ќе се работи за постепено воведување на катартарски начин на работење;

16. Образованието ќе биде слободно. Врз основа на одредбите на Уставот секој османски сотатковник има право да отвори приватно училиште;

17. Сите училишта ќе бидат под контрола на државата. На тој начин ќе се обезбеди единствен систем на образование во земјата. Државата ќе отвори училишта за сите слоеви на општеството. Во основните училишта наставата ќе се изведува на мајчин јазик. Во државните училишта основното образование ќе биде бесплатно. Ќе се преземаат мерки за создавање на учителски кадри. За економското зајакнување на земјата ќе се отвораат земјоделски, трговски и занатски училишта. Верските институции остануваат надвор од споменатите уставни одредби;

18. Ќе му се даде посебно значење на унапредувањето на земјоделството. Ќе се обрне внимание на праша̲њата кои ќе придонесат за економското издигнување и зајакнување на земјата;

19. Ќе се реформира законот за избори кој ќе се прилагоди на оваа програма. Ќе се настојува изборите да се спроведуваат во услови на целосна слобода;

2о. Ќе се предложи да му се обезбедат услови и можности на секој сотатковник да ја истакне својата кандидатура во оној изборен округ во кој тој самиот ќе сака и за кој тој самиот ќе се определи;

21. Со одлука на Народното собрание оваа програма може да се измени, да се дополни со нови членови или да се исфрлат некои нејзини членови.

Преземено од: T.Z.Tunaya, Türkiye`de Siyasal Partiler,65-67

К Р А Т Е Н К И

A.Ş.	-	Anonim Şirketi
ар.	-	арапски
ар.корп.	-	армиски корпус
АС	-	Архив Србије
B.	-	Belge
BBA	-	Başbakanlık Arşivi
BEO	-	Belgeler Odası
бр.	-	број
в.	-	век
в.	-	весник
ВМОРО	-	Внатрешна македонско-одринска револуционерна организација
г.	-	година
ген.	-	генерал
ГИНИ	-	Гласник на Институтот за национална историја
ДА ДСИП	-	Дипломатски архив Државног секретаријата за иностране послове
др.	-	друго(и)
İb.	-	İbidem
Ил.	-	Илюстрация
ИНИ	-	Институт за национална историја
K.	-	Kısım
К-	-	кутија
KD	-	Koruа Defteri
кн.	-	книга
МАНУ	-	Македонска академија на науките и уметностите
МИД	-	Министарство иностраних дела
МП	-	Младотурска партија
МРО	-	Македонска револуционерна организација
МОРО	-	Македонско-одринска револуционерна организација
МТРК	-	Македонски таен револуционерен комитет
НИО	-	Новинско-издавачка организација
НИП	-	Новинско-издавачко претпријатие
НФП	-	Народна федеративна партија
НУБ	-	Народна универзитетска библиотека

ОДБ	-	Одделение за документација и библиографија
Op.cit.	-	Opus citatum
p.	-	page
пер.	-	персиски
п.полк.	-	потполковник
пов.	-	поверливо
ПП	-	Политичко просветно
ПО	-	Политичко оделење
ПС	-	Посланство у Софија
САД	-	Соединети американски држави
ст.стил.	-	стар стил
сул.	-	султан
s.	-	sayfa
S.a.	-	Sine anno
Т.	-	Том
т.	-	точка
т.е.	-	то ест
т.н.	-	таканаречен
тур.	-	турски
ТТКВ	-	Türk Tarih Kurumu Basımevi
Ф.	-	Фонд
ФК.	-	Фасцикла
чл.	-	член
C.	-	Cilt
S.l.	-	Sine loco
Ş.	-	Şubat

С О Д Р Ж И Н А

Вовед _____ 3

П Р В Д Е Л

Османската империја на крајот на XIX и почетокот на XX век-економско-политичката положба _____ 1о

1. Формирање на Младотурската партија "Единство и напредок" и нејзиниот развој во периодот 1889-19о2 г._ _ 21

2. Идејните погледи и политичките програми на Младотурската партија "Единство и напредок" во периодот од нејзиното формирање(1889) до I.Младотурски конгрес (19о2 г.)_ _____ 31

3. Односот на МП "Единство и напредок" спрема македонското националноослободително движење во периодот до одржувањето на I.Младотурски конгрес _____ 49

4. I.Младотурски конгрес(19о2). Раздорот во младотурското движење и формирањето на нови младотурски организации _____ 67

   а. Идејните погледи и политичките програми на МП "Единство и напредок" во периодот по I.Младотурски конгрес_ _____ 70

   б. Идејните погледи и политичките програми на "Лигата за лична.иницијатива и месна самоуправа" во периодот по I.Младотурски.конгрес_ _____ 73

   в. Појавувањето на други младотурски организации во периодот по I.Младотурски конгрес _____ 82

5. Формирање на "Османското друштво за слобода"(Солун, септември 19о6 г.) _____ 85

6. II. Младотурски конгрес и македонското националноослободително движење. _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ 94

7. Заоштрувањето на македонското прашање (19о7-19о8 г.) и одржувањето на Ревалската средба меѓу англискиот крал Едвард II и рускиот цар Николај II (9 и 1о јули 19о8) 1о6

8. Односот и соработката на МП "Единство и напредок" со МРО во периодот од I.Младотурски конгрес до избувнувањето на Младотурската револуција (19о2-19о8) _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ 118

а. Односот на МП "Единство и напредок" спрема МРО до одржувањето на II.Младотурски конгрес (19о2-19о7) _ _ _ _ 118

б. Влијанието на Илинденското востание и МРО на МП "Единство и напредок" во Македонија _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ 124

в. Односот и соработката на МП "Единство и напредок" со МРО во периодот од создавањето на солунското "Османско друштво за слобода" до избувнувањето на Младотурската револуција (19о6-19о8) _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ 13о

В Т О Р Д Е Л

Младотурската револуција во 19о8 г. во Османската империја _ _ 14о

1. Избувнувањето, текот и победата на Револуцијата _ _ _ _ _ _14о

2. Односот на МП "Единство и напредок" спрема македонското население и МРО за време на Младотурската револуција и одгласот на таа револуција кај македонското население и МРО _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

6. Положбата на Османската империја во периодот по задушувањето на Военото востание во 1909 г. _____ 290

а. Обидите на МП "Единство и напредок" за приграбување на власта во земјата и донесување на законски акти за правно санкционирање на уставно-парламентарниот режим _____ 290

б. Уставните промени од 8/21 август 1909 г. _____ 324

в. Населување на турско и муслиманско население во Македонија (1908-1912) _____ 330

г. Акција за обезоружување на населението во Македонија (1909-1910 г.) _____ 340

д. Заоштрувањето на "македонското прашање" во 1911 г. - повод за избувнување на Првата балканска војна _____ 347

Ч Е Т В Р Т И Д Е Л

Одразот на Младотурската револуција во турската и македонската литература _____

Заклучоци _____

Белешки _____ 389

Извори _____ 527

Прилози _____ 547

Кратенки _____ 563